УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ

ИНСТУТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# СТРАТЕГИИ И ТЕХНИКИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОЗИТИВНА ДИСЦИПЛИНА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**-Докторска дисертација -**

**Ментор:**

**Проф. д-р Снежана Адамческа**

**Кандидат:**

**М-р Гарип Картал**

**Скопје, 2013 година**

**СОДРЖИНА**

ПРЕДГОВОР ----------------------------------------------------------------------------------------6

ВОВЕД ---------------------------------------------------------------------------------------------7

I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ---------------10

1. Дефинирање на проблемот и основните поими ------------------------------------------10

1.1. Поим за стратегиите на дисциплината ---------------------------------------------------16

1.2. Поим за техниките на дисциплината -----------------------------------------------------17

1.3. Поим за позитивна дисциплина -----------------------------------------------------------20

1.3.1. Што е дисциплина? -----------------------------------------------------------------------20

1.3.2. Фази на дисциплината --------------------------------------------------------------------25

1.3.3. Техника за позитивната дисциплина и обезбедување на самоконтрола кај децата -----------------------------------------------------------------------------------------------30

1.3.4. Што е позитивна дисциплина? ----------------------------------------------------------31

1.3.5. Цели на дисциплината --------------------------------------------------------------------39

2. Дисциплината на детето ----------------------------------------------------------------------41

2.1. Видови негативна дисциплина поврзана со родителските казни за своите деца--47

3. Дисциплината во основното образование ------------------------------------------------48

3.1. Дисциплината во училиштето -------------------------------------------------------------51

3.1.1. Примена на различни видови дисциплина во училиштето --------------------------53

3.1.2. Процесот на дисциплината во училиштето --------------------------------------------55

3.1.3. Степени на дисциплинскиот процес ----------------------------------------------------56

3.1.4.Фактори што влијаат за создавање позитивна дисциплина во училиштето --------57

3.2. Дисциплината во училиштата -------------------------------------------------------------59

3.2.1. Авторитетот на наставникот во училницата --------------------------------------------61

3.2.2. Класификација на несаканото однесување на учениците и причините за нивната појава во училницата ------------------------------------------------------------------------63

3.2.3. Фактори што влијаат за појава на непожелно однесување на учениците во училницата ------------------------------------------------------------------------------------65

3.2.4. Стратегии и техники (активности) за спречување на појавата на несакано (проблематично) однесување на учениците во училницата ----------------------------------70

3.2.4.1. Стратегии и техники што може да му помогнат на наставникот во справувањето со дисциплинските проблеми на учениците во училницата------71

3.2.4.2. Стратегии и техники за подобра дисциплина во училницата --------------74

3.3. Методи за менување на непожелното однесување на учениците ---------------------79

3.3.1. Управување на однесувањето ------------------------------------------------------79

3.3.2.Поим за посакувано однесување ---------------------------------------------------80

3.3.3. Поуки за наставникот во управувањето на однесувањата ---------------------------81

3.3.4. Приоди насочени за превенирање на несаканите однесувања ----------------------82

3.3.5. Мерки против несакани однесувања ----------------------------------------------83

3.3.6. Препораки на наставникот во управувањето со несаканите однесувања на учениците ------------------------------------------------------------------------------83

4. Методи на дисциплината во воспитувањето на детето ------------------------------85

4.1. Методи за создавање дисциплина во одделението ---------------------------------86

4.1.1.Превентивни методи за дисциплинските проблеми --------------------------------86

4.1.2.Интервентни методи на дисциплинските проблеми --------------------------------89

4.2. Методот на позитивното наградување --------------------------------------------94

4.3. Наградата и казната како дисциплински методи ----------------------------------95

4.4.Техника на споделување ----------------------------------------------------------102

4.5. Реституција ---------------------------------------------------------------------------------102

4.5.1. Карактеристики на реституцијата -----------------------------------------------------103

5. Раководење на одделението--------------------------------------------------------------------104

5.1. Видови стилови на раководење со наставата ---------------------------------------------109

6. Училнички-одделенски правила ------------------------------------------------------------112

7. Модели на дисциплината во образованието -------------------------------------------------114

7.1. Наметлива дисциплина – (L. Canter) ------------------------------------------------------115

7.2. Модел на менување на однесувањето (B.F. Skinner) ---------------------------------117

7.3. Модел на наставниковата воспитна влијателност (T.Gordon) ---------------------117

7.4. Модел на социјална дисциплина (R. Dreikurs ) --------------------------------------118

7.5. Терапија на реалноста /Контролна терапија(W. Glasser ) ---------------------------120

7.6. Модел на решавање на меѓучовечките врски (E. Berne – T. Harris) ---------------121

7.7. Моделот на Жино (H. Ginott)---------------------------------------------------------------122

7.8. Моделот на Добсон (J. Dobson) ------------------------------------------------------------123

7.9. Моделот на Редл и Ватенбург (Redl & Wattenburg) ---------------------------------124

7.10. Моделот на Кунин (Kounin) --------------------------------------------------------------125

7.11. Моделот на Џонс (Jones)-------------------------------------------------------------------125

7.12. Моделот „јас можам да решавам проблем“-------------------------------------------126

7.13. Модел на дисциплина кој се потпира на одговорноста во управувањето со одделението -------------------------------------------------------------------------------------127

8. Начини на разбирање на дисциплината -----------------------------------------------------128

8.1. Како се создава дисциплината во одделението----------------------------------------133

8.2. Наставниковата реакција кон проблематичното однесување на учениците ----138

8.3.Причини за недисциплината – проблематичноста и совети------------------------------142

9. „Советодавната програма“ како фактор за создавање позитивна дисциплина во основното образование -------------------------------------------------------------------------144

9.1. Улогата на педагогот во спроведувањето на „Советодавната програма“ -----------144

9.2. Улогата на одделенскиот/ класниот раководител во спроведувањето на „Советодавната програма “---------------------------------------------------------------------145

9.3. Улогата на родителите во спроведувањето на „Советодавната програма“ ---------146

9.4. Улогата на другите соработници во спроведувањето на „Советодавната програма" ----------146

10. Основни стандарди за заштита од насилства во училиштето ----------147
10.1. Насилството меѓу учениците како пречка за нормалното градење на позитивната дисциплина во училиштата ----------148

10.2. Како да го спречиме насилството ----------151

10.3. Улогата на наставникот при отстранување на агресивното однесување кај учениците ----------152

10.3.1 Мерки против агресивните форми на однесување во училницата ----------153

11. Кратки предлози за воспоставување дисциплина ----------156

12. Законски одредби што помагаат за градење позитивна дисциплина во основното образование во Република Македонија ----------158

12.1.Концепција ----------158

12.1.1. Концепција – (Надлежности, права и одговорности) ----------161

12.2. Статутот на училиштето (Права и обврски на учениците) ----------164

12.3. Кодекси ----------169
12.3.1. Кодекс на учениците ----------169

12.3.2. Кодекс на родителите ----------172

12.3.3. Кодекс на наставниците ----------172

12.3.4. Кодекс на другите вработени во училиштето ----------173

12.4. Куќен ред ----------175

13. Релевантни истражувања ----------177

14. Заклучни согледувања за теоретскиот дел од трудот ----------182

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ----------192

1. Формулација на проблемот на истражувањето ----------192

1.1. Дефинирање на основните поими на предметот на истражување -------------------194
2. Цел на истражувањето -------------------------------------------------------------------196
3. Научна, општествена и практична цел на трудот -------------------------------------196
4. Задачи на истражувањето ---------------------------------------------------------------198
5. Генерална (општа) хипотеза -----------------------------------------------------------199
5. 1. Посебни хипотези -------------------------------------------------------------------199
6. Варијабли на истражувањето -----------------------------------------------------------200
7. Методи, техники и инструменти на истражувањето ----------------------------------201
8. Популација и примерок -----------------------------------------------------------------206
9. Организацијата и текот на истражувањето ----------------------------------------------209
10. Очекувани резултати од истражувањето ----------------------------------------------212
III ЗАВРШЕН ОСВРТ ------------------------------------------------------------------------214
1. Анализа и интерпретација на резултатите од емпириското истражување -----------214
2. Дискусија ----------------------------------------------------------------------------------302
3. Заклучни согледувања и дискусија ----------------------------------------------------303
4. Предлози и препораки за понатамошно истражување на проблемот ------------------310
Л И Т Е Р А Т У Р А ---------------------------------------------------------------------315
П Р И Л О З И ----------------------------------------------------------------------------324

## ПРЕДГОВОР

На денешниот човек за да го фати чекорот со брзиот развој на светот може да му се помогне да ги добие потребните способности и знаења, само со сеопфатно и квалитетно образование и воспитание. За да се постигнат целите на образованието како еден од главните елементи на животот, училишното општество треба на најдобар начин да се раководи. Со едно ефективно раководење на одделението и со една ефективна дисциплина во училницата може на минумум да се намали ученичката непослушност и да се подобри успехот на учениците. Од ова истражување се гледа на кое ниво се наоѓаат дисциплинските проблеми на учениците во нашата држава. Во ова истражување на проблемот се гледа од аголот на применетите стратегии и техники за елиминирање на пројавените дисциплински проблеми на учениците. Со истражувањето се сака да се откријат разликите во погледот на наставниците, родителите и учениците за зачестеноста, причините и начините на елиминирање на појавените ученички проблеми во нашите основни училишта и применетите стратегии и техники за создавање на позитивна дисциплина во основното образование. Добиените резултати од истражувањето ќе бидат корисни на заинтересираните и за другите истражувања од оваа област.

Им се заблагодарувам на мојот ментор, проф. д-р Снежана Адамческа која незаморно ме упати, ме насочи и постојано ми помагаше во изработката на оваа дисертација. Исто така, многу им се заблагодарувам на мојата сопруга, на синовите и на ќерките, кои постојано ми даваа морална и материјална поддршка, а воедно им се заблагодарувам на сите добронамерни што ми помогнаа во реализирањето на овој труд.

м-р Гарип Картал

# ВОВЕД

*Воспитувањето на детето започнува дваесет години пред неговото раѓање.*

**Кинеска поговорка**

Проблематиката што е предмет на интерес во овој труд се однесува на стратегиите и техниките за градење позитивна дисциплина во основното образование.

Основната цел на овој труд е да понуди стручни сознанија и практични идеи како за активните, така и за идните наставници, а и за учениците – како главни учесници во воспитно-образовниот процес за создавање пријатна социо-емоционална клима во училишниот амбиент, што во голема мера зависи (и) од законските одредби за основното образование и од применетите стратегии и техники за градење позитивна дисциплина, т.е. креативна работна атмосфера во основното образование. Во поширока смисла на засегнати чинители на овој процес не треба да се запостави ни позицијата и улогата на родителите.

Досегашните теоретски, практични и емпириски сознанија посочуваат дека без позитивна дисциплина не може да се постигнат задоволителни резултати во едукативниот процес, како во образовните институции, така и во секојдневниот човеков живот. Оттаму произлегува и неспорниот факт дека дисциплината е мошне важен, суштествен сегмент во оваа општествена дејност. Успешноста во воспитно-образовниот процес, секако, во голема мера зависи и од флексибилните компетенции на наставниците, но не треба да се запостави ни придонесот на родителите. Како најчувствителен сегмент во ова структура, особена грижа и внимание треба да им се посвети на учениците, пред сè при примената на соодветни стратегии и техники за изградување позитивна дисциплина во училиштето.

Низ целиот свет повеќе од три децении проблемот на (не)дисциплината во училиштата е во центарот на вниманието, на стручните тела, на институциите, но и на пошироката општествена јавност. Поради зголемениот интерес за појавите што се однесуваат на овие аспекти, денес во светот се применуваат различни модели, пристапи и програми чија цел е да се воспостави подобра, соодветна и прифатлива дисциплина

на учениците за да се постигне (очекуваниот, посакуваниот) напредок во образовниот процес.

За наставниковата секојдневна наставна работа од посебна важност е примената на различни стратегии и техники со кои ќе постигне и превенција, но и корекција, т.е. ќе го отстрани несоодветното однесување на учениците. Голем број од стратегиите кои од наставникот не бараат „дополнителни" активности се покажале како мошне ефикасни, како во подобрувањето на поведението на децата, така и во нивниот севкупен успех.

Токму педагошкото дејствување е и услов и цел на дисциплината, а тоа претставува една од најпривлечните, најпредизвикувачки теми во науката за воспитанието.

Во првиот дел на трудот застапен е теоретскиот пристап кон проблемот на истражувањето, а тоа се стратегиите и техниките за изградување позитивна дисциплина во основното образование. Потоа се следи историскиот развиток на проблемот и се дефинираат основните поими, стратегии, техники за постигнување позитивна дисциплина во основното образование.

Во вториот дел од трудот е дадена методологијата на истражувањето која ги опфаќа: предметот на истражувањето, целите на истражувањето, потоа задачите, хипотезите, варијаблите, методите, техниките, инструментите. Систематично се претставени организацијата и текот на истражувањето.

Во третиот дел од трудот е извршена статистичка обработка на податоците од истражувањата. Тие се прикажани во различни табели и графикони, проследени со соодветни коментари и интерпретации.

Истражувањето беше од евалуациски тип и имаше практичен карактер: преку примена на методот *набљудување* се следеше согледувањата во поглед на меѓусебниот однос на наставниците, родителите, учениците, но и на други чинители (вработени) што се дел од наставниот процес во училиштето. Набљудувањето е реализирано со помош на фландерсов протокол и други различни протоколи, белешки и помошни техники од видот протокол. Поголемиот број податоци за ставот на наставниците, родителите и учениците за овој проблем се добиени со анкетирање на сите испитаници преку анкетен лист од типот скала за процена.

Целта на ова истражување е да се утврди меѓусебниот однос и соработката на наставникот, родителот и ученикот, како стожерни фактори во создавањето позитивна дисциплина во училиштето. Во фокусот на истражувањето беше да се утврди колку создадената работна атмосфера, т.е. пријатната дисциплина во училиштето ги подобрува ефикасноста и успешноста во наставата.

Во четвртиот дел од трудот се претставени заклучните согледувања што произлегоа од истражувањето. Во овој дел од трудот во кратки црти се изложени сознанијата за применетите стратегии и техники за градење позитивна дисциплина во основното образование.

Од истражувањето произлегува заклучокот дека без рамноправно и партнерско однесување во наставата (но) и надвор од неа, и без меѓусебно почитување, толерантен однос и доверба на наставниците, родителите, учениците (како) и другите вработени што се дел од воспитно-образовниот процес, не може (или е исклучително тешко) да се воспостави потребната позитивна дисциплина во училиштето. Како предуслов за успешна реализација на позитивната дисциплина во училиштето е наставникот во својата работа да биде демократски ориентиран, да биде партнер, насочувач, помагач, поттикнувач, односно да ги сака и да ги мотивира учениците. Негова клучна доблест е да умее да соработува: со учениците, со родителите, но и со другите вработени во училиштето; добро да го дизајнира и да го организира работниот амбиент (училницата) за да биде пријатна средина за учениците, а токму учениците да бидат во фокусот на неговиот интерес при планирањето и реализирањето на наставата.

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Дефинирање на проблемот и основните поими

Гледајќи на воспитанието како на интеракциско-комуникациски процес, тоа се става во полето на активните меѓучовечки односи. Максимата дека „воспитната активност е комуникациски процес во која субјектите меѓусебно влијаат, а основната задача се состои во тоа да влијаат врз развојот на воспитаникот", ја потврдува и искажаната реченица на авторите Ј. Малиќ и В. Мужиќ (1981: 34).[1]

Општоприфатен е фактот дека воспитното дејствување во меѓучовечките односи не може да се одвива доколку во тој однос нема интеракција која најчесто се воспоставува со комуникација меѓу носечките субјекти во процесот, односно дека успешното воспитно дејствување во голема мера зависи (посебно) од квалитетот на интеракцијата и од степенот на поврзаноста на интеракцијата со комуникацијата.

Секако, успешноста на интеракциската комуникација, а воедно и успехот во воспитно-образовната работа во голема мера зависи од воспоставените односи меѓу наставникот и ученикот, од нивната меѓусебна доверба и почитување, и од воспоставената позитивна атмосфера, од дисциплината меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес и воопшто, меѓу сите што се заинтересирани за успех во училиштето и надвор од него (Братаниќ, М. 1993: 99-103).[2]

Дисциплината како општ поим претставува збир од правила што се донесени (и прифатени, препорачани) од страна на општеството, а чија цел е заедничкиот живот на луѓето, кои треба да живеат во ред и мир. За да се воспостави тој ред пропишани се различни правила, прописи и мерки што треба да се почитуваат од страна на индивидуите на определена група во општеството.[3]

Дисциплината претставува примена на конзистентни и одлучувачки правила со цел да се спречи појава на непримерно однесување. Дисциплината е активност што се одвива во согласност со утврдени правила. Таа во својата суштина претставува спречување на појави на проблематично однесување, а воедно е и систем од постапки со кои се придонесува да се подобри однесувањето кое треба да биде насочено кон

[1] Malić, J. , Mužić, V. (Малиќ, Ј. , Мужиќ, В.) (1981), Pedagogija , Školska knjiga, Zagreb.

[2] Bratanić, M. (Братаниќ , M.) (1993), Mikropedagogija, Školska knjiga, Zagreb.

[3] Sarıtaş. M. (Сариташ, M.) (2000) "Sınıf yönetimi ve disiplin ile ilgili kurallar geliştirme ve uygulama", Nobel Yayıncılık, Ankara.

остварување на поставените цели преку осмислување на активности и креирање на наставни ситуации во кои може да се препознае посветеноста на учениците.

Во многу случаи дисциплината во образованието се поврзува со казнувањето, меѓутоа, таа не треба да се сфаќа само така туку како стратегиска дејност чијашто основна цел е да го промени погрешното однесување на детето.[4]

Според мислењата на повеќе стручњаци од односнава област, во дефинирањето на позитивната дисциплина се истакнува една мошне важна констатација што се однесува на поведението на детето: „не постои лошо дете, туку има добро и лошо однесување на детето".

Антонио С. Макаренко во книгата *Воспитанието на детето во семејството и во училиштето,* (2000) истакнува дека дисциплината е еден од главните фактори, но и еден од најзабележливите резултати на колективниот живот. Поединецот влијае на колективот и обратно, колективот има влијание врз поединецот. Тој вели дека дисциплината не е само средство за одржување на надворешниот ред во колективот туку е пред сè педагошки инструмент за постигнување на внатрешните промени кај луѓето и во нивните карактери.[5]

Аналогно на претходно изнесеното, треба да се нагласи дека и детето е дел од воспитанието и, следствено, воспитанието има голема, важна и решавачка улога во неговиот живот. Дисциплината кај детето се развива преку стекнатата љубов и доверба, и таа претставува темел и за самопочитувањето што ќе му биде потребно на идниот (возрасен) граѓанин во општеството, за разбирањето на другите и за почитувањето на другите личности.[6]

Дисциплината е **воспитание на однесувањето со означените правила** или **правилник** за правилно однесување и развивање на веќе стекнатите норми на однесување на поединецот. Во поширока смисла на поимот, дисциплината подразбира збир од правила и прописи кои обезбедуваат функционирање на одредена установа,

[4] Papesh, S. (Папеш, С.) (2001). Choosing classroom battles wisely. Education Digest, 66 (5), 29-32.
[5] portal.skola.ba/ppzsa/LinkClick.aspx?...), Anton, S. Makarenko (Антон, С. Макаренко) (2000). "Çocuk Eğitimi Ailede ve Okulda ", Sorun Yayınları, Istanbul.
[6] Halis, İ. (Халис , И.) (2001), Sınıf Yönetimi, Ceylan Yay., Konya s. 93.

организација, група или поединец во согласност со поставените цели и задачи (Спајиќ-Вркаш, Кукоч, Башиќ, 2001: 109).[7]

При самиот образовен процес во постигнувањето на целите во одредена воспитно-образовна организација понекогаш се јавуваат најразлични причини како пречки што го оневозможуваат нејзиното нормално работење, како што се: составот на организацијата, начинот на работата на единките во организацијата и други несакани причини што може да се јават ако не се постигнат предвидените цели. Наставниците и раководителите во организацијата се трудат да применат одредени дисциплински правила со цел да се решаат пројавените проблеми. Секоја организација, за да ги постигне своите поставени цели има поставено и свои специфични правила. Тие може да бидат напишани или непишани (односно, да се подразбираат). За да се одвива нормално работење во организацијата се формираат и дисциплински правила.[8]

Дисциплината како поим може да се сфати како превенција на погрешното однесување и подобрување на однесувањето.[9]

Колку што дисциплината влијае на успехот на ученикот, исто толкаво влијание има и за севкупниот успех на училиштето и, пошироко, на општеството. Дисциплината на детето може да биде корисна доколку се применува навреме, во определена мера, и на определено место. Не треба да се запостави фактот дека претераната дисциплина го оддалечува детето од училиштето и ја намалува неговата самодоверба. Кај наставниците постои свесност дека со помош на дисциплината се зголемува и ефективноста во наставата. Дисциплината во училиштето е насочена кон заштита на правата на обесправените ученици.[10]

Дисциплината како поим не треба да се сфати само како прифаќање на поставените правила; училишната дисциплина опфаќа и позитивна атмосфера во училницата, интегрирана другарска работа и самоконтрола кај учениците. Една од

---

[7] www.ffpu.hr/fileadmin/.../Disciplina_01.pp

[8] Ada ,S. Çetin, M. (Ада, С. Четин) (2002). Eğitim ve öğretim ortamında Disiplin nedir?, Nobel Yayıncılık, Ankara.

[9] Şişman, M. Turan , S. (Шишман, М. Туран , С) (2004), (edt). Sınıf Yönetimi: Teori ve uygulama, Öğreti-Pegem A Yayıncılık, Ankara.

[10] Özdem, E. (Оздем, Е.) (2003). "İlköğretim I. Kademesindeki Öğretmenlerin Sınıf Disiplinine İlişkin Görüşleri ve Uygulamaları", Yayınlanmamış Yüksek Lisans Tezi. Elazığ, Fırat Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü, s. 19.

клучните цели на дисциплината е ученикот да го усвои примерното однесување како дел од сопствениот карактер.[11]

Дисциплината наидува на различно сфаќање од различни наставници. Дел од нив очекуваат во училницата да има потполна тишина, а за друга категорија наставници, пак, тишината нема решавачка улога.[12]

Интересот и дисциплината се важни сегменти во образованието.

Секој воспитно-образовен систем ги опфаќа овие два сегмента. Дисциплината не е незаинтересираност, како што и интересот не е недисциплинираност.

Според Онур „дисциплината е организиран ред во процесот на развојот на детето поставен од страна на возрасните".[13] Аналогно на претходно изнесеното, дисциплината претставува поставување одредени правила и нивна успешна примена, каде што во ниту еден случај не е дозволиво понижување или омаловажување на одредена индивидуа. Дисциплината е подучување за правилата на животот на ученикот, а не потчинување на неговата личност. Дисциплината е процес на подготовка на детето за самоконтрола и за здрав живот кога ќе стане возрасен човек. Таа го оспособува детето да може да разликува праведно од неправедно однесување, т.е да разграничува добро од лошо. Таа, исто така, го оспособува ученикот на самоконтрола, да може да поставува граници во меѓучовечките врски, поттикнувајќи го развојот на чувството за заемно помагање и почитување.[14]

Што, всушност, значи дисциплината? Зборот дисциплина во нашиот јазик навлегол од францускиот јазик од зборот „discipline" што значи 'стегнат поредок'. Коренот на зборот дисциплина потекнува од латинскиот јазик од зборовите: „discere" што значи 'укажување', или „disciple" што значи 'да се следи некој', односно 'одење по нечија трага', како и од „discipulus", што значи 'учење'.[15] [16]

Накратко, поимот дисциплина во македонскиот јазик ги има следниве значења: 'поредок', 'ред', но и 'стега'.

---

[11] Özer, B. (Озер, Б.) (2001). Öğrenmeyi Öğretme, M. Gültekin (ed). Öğretimde Planlama ve Değerlendirme. (161-172), Eskişehir: Anadolu Üniversitesi Yayınları.
[12] www.belgeler.com/.../ilkogretim-i-kademede-gorevli-sinif-ogretmenl...
[13] Onur, Bekir (Онур, Бекир ) (1979). "*Disiplin Kavramı* ", Eğitim ve Bilim Ted, Ankara, s.25-28.
[14] Onur, Bekir (Онур, Бекир ) (1979). "*Disiplin Kavramı* ", Eğitim ve Bilim Ted, Ankara, s.25-28.
[15] public.cumhuriyet.edu.tr/etoprakci/turkishweb/webpup/disiplin.pdf
[16] Bu makale "İlköğretmen Dergisi ISSN: 1307-1238 Sayı: 23, Kasım 2008, ss.21-25" de yayınlanmıştır

Позитивната дисциплина во одделението е ред, кој во училницата се воведува како мерка за делотворно поучување и учење. Педагошки е оправдано да се зборува за дисциплината во смисла на самоконтрола на ученикот, што е претпоставка за посакуваната заедничка работа во одделението, групата или парот (Спајиќ-Вркаш, Кукоч, Башиќ, 2001: 109).[17]

Според обемното истражување на тема: дисциплината во училиштето, истражувачите Миљковиќ и Ријавец во книгата „Позитивна дисциплина во одделението"[18] заклучуваат дека: Дисциплината е врел костен (опасна работа), еден од најсложените параметри во процесот на образование. Има наставници што се премногу толерантни во однос на поведението на учениците и во голем број случаи децата (а неретко и родителите) ја злоупотребуваат попустливоста на наставниците. Од друга страна, има и наставници кои за (релативно) мал престап преземаат определени санкции спрема учениците; во некои случаи ги отстрануваат од наставата или ги праќаат кај директорот. Секако, во овој сегмент од образованието мошне важно е да се пронајде мерата во поглед на санкционирањето на појавените аномалии, при што и на учениците и на родителите треба да им се нагласи дека е неопходно да согледаат и да разберат дека постапките на наставникот се во функција на грижа за децата.[19]

Дисциплината во педагошка смисла значи дека треба ученикот, односно детето да се насочува во една позитивна смисла, да се искоригира неговото несоодветно однесување, за да може во иднина да се оспособи за самоконтрола на сопственото однесување, што всушност, претставува способност да научи и да знае како треба да се однесува и спрема другите и спрема себеси. Целта е да се оспособи самото да се управува за да може лесно да се приспособи на работната средина без да се конфронтира, односно да дава отпор на поставените правила; да не бара или да очекува средината нему да му се приспособува, што може да придонесе за појавување на одредени проблеми во таа средина. Согледувањата на авторот на овој труд се дека правилната дисциплина подразбира детето да се оспособи за самоконтрола на сопственото однесување, и во секое негово наредно однесување да е оспособено да го намалува степенот на несоодветно однесување, со постапно но сигурно зголемување на

[17] www.ffpu.hr/fileadmin/.../Disciplina_01.pp
[18] Miljković, Dubravka i Majda, Rijavec (Миљковиќ, Дубравка и Мајда, Ријавец) (2010). „Pozitivna disciplina u razredu" IEP d.o.o., Zagreb.
[19] Miljković, Dubravka i Majda, Rijavec (Миљковиќ, Дубравка и Мајда, Ријавец) (2010). „Pozitivna disciplina u razredu" IEP d.o.o., Zagreb.

степенот во позитивното однесување за определена активност, како и да може секогаш при секое повторување во определена работа, без да побара (или да му биде потребна) помош отстрана, т.е. да ги применува утврдените правила без да се наруши образовниот процес. Дисциплината го поучува детето дека е можна контрола на сопствените постапки. Со неа му се обезбедува на детето прво да размислува, а потоа да презема некоја акција, да може да ги одложува или да се воздржи за исполнувањето на неговите лични желби.

Дисциплината во буквална смисла значи и: 'поучување'. Ова, всушност, се однесува на поучувањето на детето или ученикот да се однесува во согласност со утврдените правила, како и стекнување свесност зошто не е прифатливо неговото непримерно однесување и кои се можните последици доколку се однесува непримерно. За да се поттикне детето да ги прифати овие општествени норми и правила како носечки темел на дисциплината, треба да му се укаже на позитивните аспекти од прифаќањето и применувањето на примерното однесување.

Дисциплината се остварува во позитивна и слободна атмосфера во која е можно да се изразуваат и да се бранат сопствените ставови при дијалог меѓу наставникот и ученикот. Ученикот треба да може слободно да ги изразува своите мисли и ставови, а не конверзацијата да биде проследена со страв. Доколку ученикот смета дека однесувањето или постапките на наставникот се контрадикторни, или се во спротивност со дисциплинските правила, треба да му биде овозможено слободно и без воздржување да му каже на наставникот дека неговиот однос спрема ученикот не се во склад со поставените правила во училиштето, а тоа може да придонесе наставникот да ги прифати сугестиите на својот ученик. Наставникот никогаш не би требало да зазема став дека е секогаш во право само затоа што е тој наставник и има надредена позиција во однос на учениците.

Дисциплината не подразбира „глува“ тишина, слепо потчинување или безусловна послушност; таа вклучува уреден разговор со заеднички правила, толерантен однос, конструктивна дискусија, од која, ако е потребно, може да дојде и до преиспитување на мислењата на авторитетите и сл.

Како што беше истакнато, позитивната дисциплина во основното образование има голема улога во успешноста на воспитно-образовната работа. Но, за да се изгради

позитивна дисциплина во училиштето се применуваат различни стратегии и техники, за кои подолу одделно ќе стане збор.

## 1.1 Поим за стратегиите на дисциплината

**Стратегија** доаѓа од старогрчкиот збор *Strategos* буквално значи *'водење на Армијата'* (на грчки *Stratos:* армија, и ago: 'водење', 'управување' или 'насочување', *Strategos:* воен лидер).[20] Стратегијата како поим најпрвин е употребена во армијата. Подоцна го има загубено изворното значење и се користи како поим за опишување на активностите насочени за постигнување одредена цел врз основа на однапред осмислено планирање.

Поимите стратегија и тактика се тесно поврзани. И двете индицираат на правилна употреба на одредени средства во времето и во просторот; многу едноставно кажано: стратегијата се однесува на целта, а тактиката е начин како да се постигнат овие цели.

Стратегијата како поим значи 'упатување', 'насочување', 'испраќање', 'водење' или 'носење'.

Денес, терминот *стратегија* се користи во многу различни видови на човековата активност.[21]

Стратегиите идентификуваат приоритетни подрачја каде што унапредувањето е можно на дисциплината; ги појаснуваат целите, ги дефинираат основните активности и одговорностите на сите релевантни партнери во областа на дисциплината.

Стратегиите на дисциплината се исполнување и поддршка на општествена грижа за дисциплината, обезбедување услови во кои индивидуите можат да бидат дисциплинирани и создаваат основа за донесување одлука во акциите за унапредување на дисциплината.

Стратегијата во модерната раководна (менаџерска) наука претставува: „давање насока во организацијата за обезбедување на конкурентска предност, редовно анализирајќи ја организацијата и околината да се одредат соодветни цели, планирање

[20] hr.wikipedia.org/wiki/Strategija

[21] hr.wikipedia.org/wiki/Strategija.

на активностите и процесот на повторното средување на потребните средства и извори".[22]

Целите на стратегијата ги дефинираат целите на образовната организација или на дисциплината во неа, до каде треба да се достигне во определен временски период. Тие даваат одговор на прашањето: „Што сакаме да постигнеме?" Стратегиските цели, општо укажуваат до кое ниво мисли да стаса училиштето или наставникот со дисциплината на своите ученици во определен временски период. Стратегиските цели на дисциплината во едно училиште треба да бидат насочени во правец на унапредување на дисциплината во училиштето до понапредна точка, но исто така, тие стратегии треба да содржат реални, можни и остварливи карактеристики, за да се достигне саканата цел.

Накратко, стратегиите на дисциплината укажуваат по кој пат учениците треба да се водат од страна на родителите, наставниците и другите надлежни служби за да се постигне очекуваното ниво. Со доследна и правилна примена на стратегиите на дисциплината учениците ќе се дисциплинираат постепено до целосно втемелување на позитивната дисциплина.

## 1.2. Поим за техниките на дисциплината

Техника на дисциплината претставува како и на кој начин и со кои средства може да се изградат позитивни дисциплински навики кај учениците и кај факторите што имаат влијание во изградувањето позитивна дисциплина во училиштето.

Техниката на дисциплината ги дефинира средствата, методите, начините и правилата со кои ќе се реализира планираната дисциплина кај учениците, со цел посакуваните визии и мислења да се конкретизираат и да бидат примсnливи за учениците и за нивните подучувачи, кои секојдневно се среќаваат со различни проблеми во односите со децата. Потребно е да се нагласи дека техниките имаат силен подучувачки карактер, но истовремено тие се и исправувачки и спречувачки за појавата и за суспендирањето на појавените дисциплински проблеми било во семејството или во училиштето.

[22] (http//www.belgeler.com/.../modern-ynetim-stratejileri-ile-askeri-stratejileri...s.4

Секој наставник/родител кој тежнее да биде успешен во справувањето со проблеметичното однесување на децата треба добро да ги познава стратегиите и техниките на позитивната дисциплина доколку сака да биде успешен во создавањето на позитивна дисциплина во основното образование.

Ако вршиме една анализа и компарација на овие три поими и тоа на стратегии, техники и позитивна дисциплина, ќе дојдеме до следниве заклучоци:

- Стратегиите на позитивната дисциплина се цели на дисциплината; тоа значи дека ни објаснува за каква дисциплина тежнееме да постигнеме во нашето основно образование. Стратегиите се патокази што нè насочуваат по кои патишта треба да се движиме при дисциплинирањето на децата за да стасаме до саканата цел, а тоа е: изградување позитивна дисциплина во основното образование. Стратегијата на дисциплината е визијата на дисциплината или визијата на училиштето од дисциплински аспект. Стратегијата со еден збор дава одговор на прашањето: Како можеме да изградиме позитивна дисциплина?

- Кога се зборува за техниките на дисциплината, се мисли на средствата и на начините на дисциплината. Доколку сакаме да градиме позитивна дисциплина во основното образование, тогаш тоа не можеме да го постигнеме само со предвидување на различни стратегии за позитивна дисциплина туку треба да мислиме и со кои средства ќе ги реализираме предвидените стратегии; мораме да размислиме и за кои техники, средства ќе можеме да примениме со цел да влијаеме врз децата, така што со текот на времето децата самите ќе можат да ги применат овие однесувања во својот живот. Со еден збор, можеме да кажеме дека стратегиите се теоретски објаснувања како можеме да градиме позитивна дисциплина, додека, техниките се: со што можеме практично да влијаеме за позитивното менување на однесувањето на децата. Тоа значи дека е стратегијата мртва без техниката, а техниката без стратегијата е слепа. Техниката дава одговор на прашањето: Со кои средства можеме да влијаеме на детето за да го промени своето негативно однесување во позитивна насока и да може потоа самостојно да ги применува во својот живот?

- Од горе назначените теории за позитивната дисциплина очигледно се гледа дека на сите автори им е заедничко дека: со дисциплината се тежнее детето да дојде до самодисциплина, да може самото да се контролира, да може успешно да ги решава секојдневните проблеми од својот живот, лесно да може да се адаптира на ситуациите и

на средината на живеењето, да може да најде заеднички јазик во комуникациските проблеми во општеството, да се подготви да биде дисциплиниран во својот иден живот, да може да врши правилен избор, да може да разликува лошо од добро, да се оспособи позитивните правила да ги применува во својот живот без помош од другите и самиот да се оспособи да создава позитивни правила за дисциплината во секојдневниот свој живот. Накратко, позитивната дисциплина не е пасивното слушање на децата и слепо покорување туку позитивно дисциплиниран ученик е оној ученик кој е активен на часот; секогаш е во интеракциска комуникација во одделението; кога има потреба е мирен. Тој не се коси со поставените правила во училиштето, во училницата и дома, брзо и без поголеми проблеми се адаптира на секакви услови, има почитување за секого; тој е внимателен во својата работа и во однесувањето итн.

- Позитивната дисциплина е производ од успешната примена на стратегиите и техниките на дисциплината во воспитно-образовниот процес и во севкупниот живот во училиштето, во семејството и во општествената средина. Квалитетот на позитивната дисциплина зависи од применетите стратегии и техники за дисциплината и од нивната меѓусебна испреплетеност и од меѓусебното надополнување на овие поими и активности.

- Како што веќе беше споменато, овие три поими меѓусебе се тесно поврзани, така што недостаток на едниот поим или едната активност го оневозможува целиот процес на позитивната дисциплина. Тоа значи дека техниката без стратегии не знае каде оди, додека стратегијата без техника не ќе може никако да влијае врз детето за да го промени погрешното однесување.

- Заеднички за сите е дека доколку сакаме да изградиме позитивна дисциплина во основното образование, тогаш непходно е учениците добро да се познаваат и спрема потребите на децата да се применат соодветни позитивни стратегии за дисциплината, потоа спрема стратегиите да се применат и соодветни позитивни техники адаптирани според психо-физичките можности на децата/учениците, почитувајќи ги и нивните меѓусебни развојни разлики во одделението, со почит и љубов од страна на наставникот / родителот кон секој ученик/дете и меѓусебна интеракциска комуникација во училишниот живот, надвор од училиштето и во семејството.

### 1.3. Поим за позитивна дисциплина

#### 1.3.1. Што е дисциплина?

Дисциплината како поим во секојдневниот живот се сфаќа и се применува како крута, нефлексибилна постапка, како казнување, или присилба на одредена активност. Меѓутоа, дисциплината како поим е далеку од тоа, таа не е присилување, ниту казнување, сосем спротивно од ова – дисциплината претставува образование, воспитание, способност да се научи одредена активност да се изврши во согласност со нормираните правила, со што наставата ќе добие и на квантитет и на квалитет и ќе овозможи поуспешно извршување на определена активност.

Секое одделение претставува посебна структура со свои правила, норми, очекувања, стремежи и атмосфера што упатува на тоа дека наставникот мора да посвети особено внимание за да се обезбеди мирна и непречена работа на секој ученик во одделението. Управувањето со одделението е мошне сложен процес, интегриран во сите наставни активности. Наставниците што ги почитуваат различностите на учениците, што ја почитуваат и градат доверлива учителско-ученичката врска, остваруваат најголеми успеси во надминувањето на дисциплинските проблеми. Добриот (успешниот) наставник се одликува со способност за управување со одделението. Темелот на поттикнатата желба за учење е во дисциплината во одделението. За управување со одделението се применуваат следниве теории:

1. Теорија на избор (Гласер, 1998), кој укажува на петте принципи врз кои се темели оваа теорија: 1) основни потреби неопходни за преживување; 2) љубов и припадност; 3) моќ; 4) слобода; 5) забава.

За да се задоволи потребата за љубов и чувството за припадност, наставниците треба да спроведуваат постојани одделенски часови со цел да се разрешуваат актуелните меѓусебни проблеми и релации. Срцевината на оваа теорија лежи токму во задоволувањето на основните потреби на ученикот, што придонесува за креирање на активно и за нив забавно опкружување (Ервин, 2003).

2. Жиновата конгруентна комуникација. Жино (Ginnot) предлага создавање на позитивно опкружување, како и комуникација со учениците, која е во корелација со нивната слика за самите себеси, поттикнување на соработката и неказнување. Тој се залага за критикување на однесувањето, а не на личноста,

избегнување на сарказам, употреба на „јас-пораки", како и секогаш да се пофали ученикот за добро сработениот труд.

3. Меѓусебна интеракција во одделението (Веслер, 2003.), според која се дефинира одделението како место каде што сите ученици треба да имаат чувство на сигурност и дека се почитувани. Наставникот мора да креира модел во одделението кој ќе поттикнува на почитување и меѓусебно вреднување. Добрите односи ученик-ученик, како и наставник-ученик се од исклучителна важност за развој на интеракцијата.[23]

Доколку направиме историски осврт на моделот на позитивна родителска дисциплина или на позитивното раководење на одделението, ќе дојдеме до заклучок дека овој модел на дисциплинирање се надоврзува на мислењата на Алфред Адлер и на Рудолф Дрејкурс од 1920 година. Д-р Адлер ја застапува тезата дека децата задолжително треба да се почитуваат. И двајцата стручњаци имаат ист став дека е потребно децата исклучиво на демократски начин да се дисциплинираат.

Според истражувањата на Алвин Н. Еден, М.Д. (Alvin N. Eden, M. D.) во книгата „Позитивно родителство" (Positive Parenting), која е објавена во 2007 година, од клучно значење се следниве две прашања:

**1. Што треба да направиме кога велиме позитивна дисциплина?**

- На детето треба да му покажеме дека го разбираме и дека ни се јасни причините за пројавената недисциплина.
- Треба да му ги објасниме на детето неприфатливите состојби.
- Да му понудиме различни решенија.
- Понекогаш по непримерното однесување на детето треба лично да му укажеме како треба правилно да се однесува.
- Кога му велиме „Не" на детето, бездруго, треба да му понудиме два избора.
- Треба да му дадеме на знаење дека ги почитуваме неговите чувства и ставови.

[23] http://pogledkrozprozor.wordpress.com/2009/11/28/razredna-disciplina-ili-kako-ucinkovito-upravljati-razredom

- Да го подучиме детето на споделување.[24]

2. **Што не треба да се прави кога се раководиме според принципите на позитивната дисциплина:**
   - Не треба да го критикуваме детето за да не ја разнишаме неговата волја.
   - Не треба да се исмејува детето и да се споредува со други деца.
   - Не треба да се однесуваме лошо спрема детето, за да не се наруши неговата самодоверба.
   - НИКАКО не е дозволиво физичко казнување на детето.
   - Не треба да го затвориме детето во соба или на друг начин да го изолираме од средината.[25]

Позитивна дисциплина е отстранување на негативното однесување на детето, без примена на физичко и вербално понижување; тоа значи детето со љубов, интерес, самоактивност и мотивација да ги прифаќа сугестиите на наставникот, а не од страв, за да се поттикне за понатамошно коригирање на сопственото погрешно однесување.

Позитивната дисциплина, според дефиницијата на Нелсон, Лот и Глен (Nelson, Lott ve Glenn), е поттикнување и развивање на децата да станат одговорни граѓани. Таа, исто така, претставува техника на раководење која го насочува детето правилно да ги решава своите проблеми (Nelson, Lott, Glenn, 2000: 8). Формирањето на едно позитивно одделение се изедначува со составувањето на деловите од еден загадочен мозаик. Овие делови е можно да се составaт само доколку се потпираме на обезбедена атмосфера во која има решителност и меѓусебно почитување. На овој начин преку позитивната дисциплина се обезбедува децата да развијат меѓусебна доверба, почитување, соработка и во решавањето на проблемите да си помагаат едни на други, без да се применуваат казнени и принудни мерки. (Nelson, Lott, Glenn, 2000: 14-175).[26]

[24] Alvin N. Eden, (Алвин Н. Еден) M. D. - Positive Parenting (October 9, 2007).

[25] Alvin N. Eden, (Алвин Н. Еден) M. D. - Positive Parenting (October 9, 2007).

[26](Etkili sınıf yönetimi için kurallar oluşturmada pozitif disipline dayalı bazı öneriler - home.uludag.edu.tr/users/ucmaz/PDF/egitim/htmpdf/.../M-23.pdf)

Како и возрасните, така и децата сакаат да ги знаат правилата во семејството и во општеството каде што живеат, односно, тие сакаат да знаат што се очекува од нив, кај кого е контролата во семејството, на кое рамниште се наоѓа, што треба а што не треба да прави. Доколку прави нешто што не треба да се прави, сака да открие со кои постапки ќе се соочи во таквите ситуации (сака да знае со какви противмерки ќе му се противстави од страна на возрасните или надлежните во таквите ситуации).

Ученикот треба да се следи, така што кога нема да се однесува во согласност со барањата на дисциплината (да се преземат соодветни превентивни или интервентни мерки), а пак кога е во согласност со барањата – да се наградува. Дисциплината е постапка, стил или начин на подучување на наставникот, но и на родителот како примарен фактор во животниот развој на едно дете за да се спречи појавата на несакано однесување и подоцнежните негативни ефекти од таквото однесување. Според погоре изнесеното, можеме да заклучиме дека дисциплината подучува како да се изврши одредена активност, било умствена или физичка, во согласност со поставените правила. Доследната примена на дисциплината со поуспешни и посовремени методи доведува до поголем успех.

Кога се воспитуваат децата, тие свесно се стекнуваат со самодоверба и способности за контролирање и развивање на сопственото однесување.

Семејствата како примарни воспитувачи на децата понекогаш поставувајќи разни правила за дисциплина и самите доаѓаат до големи тешкотии. Но, родителите, за да ги одбранат и да ги развијат социјалните способности на своите деца, се принудени да поставуваат правила на однесување. Посебно дисциплината придонесува децата да осознаваат кое однесување е прифатливо и во кои граници може да се движат нивните постапки.

Многу семејства и деца поимот „дисциплина“ го идентификуваат како „притисок“ или „казнување“ што го вршат наставниците или родителите врз своите ученици или деца при воспитувањето. Но, доколку правилно се применува дисциплината, тогаш таа е вистинскиот начин за правилно насочување на однесувањето на ученикот.

Дисциплината како поим различно се дефинира. Според Волфганг (Wolfgang, 1999:5), дисциплината е збир од правила и постапки кои однапред се создадени во

училиштето од страна на наставниците и вработените со цел да се исправи негативното однесување на учениците;

Според Бурден (Burden, 1999:5) дисциплината е метод за повторно враќање на прекршениот ред и мир во училиштето, за обезбедување безбедна работа; тоа е реакција кон ученикот-проблем.

Дисциплината можеме да ја дефинираме како возвраќање и спречување од несаканите постапки и од нивните негативности со помош на различни методи, техники и правила и повторно позитивно насочување на учениците (Чарлс / Charles, 1998: 3).

Во неколку истражувања е докажано дека со понижувањето и тепањето на детето не се постигнуваат целите. Луѓето често се доведуваат во заблуда дека со ваквите видови казни за кратко време се постигнува резултат. Сосем спротивно на оваа заблуда, од ваквото постапување со детето во иднина ќе произлезат неизбежни негативни последици. Физичките казни кај детето придонесуваат во иднина да израсне со силна доза на срамежливост, затвореност, немање надеж во себе и губење на сопствената почит.

Дисциплина не треба да претставува казнување кое би било применето кога детето не е послушно или не ги извршува своите задачи. Дисциплината е збир на правила. Поинаку речено, дисциплината претставува една од воспитните методи со чија помош кај детето се формираат посакувано однесување и се овозможува развивање на неговата самоконтрола.

Доколку наставниот кадар се стреми кон создавање на позитивната дисциплина во основното образование, тогаш казнувањата не би требало да имаат место при воспитувањето на децата/учениците, затоа што казнувањата оставаат негативни впечатоци кај децата/учениците и создаваат можности за развивање негативни чувства од страна на децата/учениците и спрема себеси и спрема своите родители/наставници и кон училиштето.

Најдобриот приод за позитивно дисциплинирање на децата/учениците се постигнува со заемно почитување, доверба и толеранција меѓу сите што се наоѓаат во оваа образовна врска. Партнерските односи (наставник-ученик) и меѓучовечките односи треба да се темелат на алтруистичка, а не на закануваčка основа. Секогаш треба да се изнајде некое позитивно однесување кај детето и тоа веднаш да се пофали или да се

награди и да му се стави на знаење на детето зошто се пофалува или зошто се наградува, што ќе придонесе детето повеќе да се труди во усвојувањето на правилата на позитивната дисциплина, и истите тие правила да му станат секојдневна навика. На овој начин детето/ученикот ќе може да дојде до сопствена самоконтрола и самодисциплина, што ќе овозможи подоцнежно правилно справување со секојдневните проблеми во животот.

### 1.3.2. Фази на дисциплината

Во ниту едно училиште никој не би се осмелил во една книга да го стави целиот материјал по математика или македонски јазик, со што би ги третирал сите ученици подеднакво. Доколку се случи ова, училишниот совет како и општината ќе бараат објаснување за ваквата постапка. Но тоа не е случај кога е во прашање дисциплинскиот систем којшто во училиштето е поставен така што сите ученици се третираат исто.

Сите ученици функционираат на различно ниво за читање или решавање на математички задачи, тие исто така функционираат на различни нивоа, или фази на дисциплината. Може да се воспостави конзистентен, односно, постојан систем за дисциплина во училницата кој ќе биде погоден за сите ученици што функционираат во сите фази и истовремено ќе ги поттикнува да работат на својот пат за искачување кон повисоки фази.

Многу стручни лица истражуваат за решавање на проблемите со дисциплината во училниците. Иако се стручни лица, нивните мислења не секогаш се согласуваат. Томас Гордон, кој е автор на делото *Усовршување на ефективноста на наставникот* се противставува на *Концептот за наметлива дисциплина* на Ли Кантер. Иако мислењата им се противставувале, сепак и двајцата имале голем успех низ цела Америка. Наместо да се одлучува кој е во право, треба да се претпостави дека и двајцата се во право, но дека зборуваат за различни ученици.

Истражувањата на Лоренс Колберг го наоѓаат делчето коешто ќе ја направи оваа сложувалка целосна. Со помош на долгогодишно проучување на фазите на морално и етичко резонирање на ученици од САД, Тајван, Мексико, Турција и Јукатан, Колберг дошол до еден многу важен податок во своето истражување дека сите ученици, без разлика на својата култура, раса или пол поминуваат низ одредени фази на дисциплина.

Иако напредувањето од фаза до фаза е со слична содржина, тоа варира од ученик до ученик. Учениците функционираат на различни развојни фази на патот кон самодисциплината. Тие фази се:

**Фаза 1. Непослушно однесување**

**Моќна фаза: „Би можело да е токму така"**

Учениците што се во фаза 1, најнискиот степен, обично се проблематични во однесувањето. Тие одбиваат да следат упатства, тврдоглави се и бараат голема количина на внимание. Нивниот морал е хетероген, т.е. имаат неколку нивни правила, но од страв може да ги следат и правилата на другите. Повеќето ученици напредуваат понатаму од оваа фаза (на возраст 4-5 години), но може и постари деца да функционираат на ова ниво. Ова е фаза на моќ. Функционалноста на оваа фаза е нерамнотежата на моќта меѓу детето и авторитативното лице. За детето на мала возраст, нерамнотежата на моќта меѓу него и неговите родители е мошне значајна.

За среќа, во нашите училници среќаваме мал број ученици што функционираат на ниво на оваа фаза. Таквите ученици ги следат правилата сè додека нерамнотежата на моќта не се заврти против нив. Наметливите наставници, ако постојано ги набљудуваат учениците, можат да ги држат во дисциплински рамки. Ако им се заврти грбот, тогаш тие ученици остануваат без контрола. Ваквите ученици ако сакаат нешто, сами го земаат, покажуваат многу малку грижа за чувствата на другите, бараат проширување на моќта, а моливите, ножиците и линијарите стануваат оружје во нивните раце.

**Фаза 2. Себично однесување**

**Фаза награда-казна: „Што добивам јас?"**

Со учениците што функционираат во оваа фаза полесно е справувањето. Тие исто така се застапени во помал процент. Колберг ги класифицира овие деца во оние што имаат индивидуален морал. Тие можат да бидат егоцентрични. Ова е фаза на награди и казни. Тие се однесуваат така како што се однесуваат, или затоа што ќе добијат некој вид награда (бонбона, слободно време и др.) или затоа што не им се допаѓа тоа што ќе им се случи кога не се однесуваат како што треба. Поголем број деца што се на возраст од 8-9 години се веќе над оваа фаза, но оние што на таа возраст и се во оваа фаза најдобро се однесуваат во училници со наметливи наставници. Во оваа

фаза постои многу малку самодисциплина. Како и кај учениците од првата фаза (фазата на моќ) и кај овие деца е потребен постојан надзор. Тие може да се однесуваат сосема добро во својата училница, а да бидат надвор од контрола во своето однесување кога се надвор од училницата.

**Фаза 3. Интерперсонална дисциплина**

**Заемна интерперсонална фаза: „Како да бидете задоволни од мене?“**

Поголемиот број ученици во нашите основни училишта се наоѓаат во оваа фаза 3. Овие ученици започнале да развиваат чувство за дисциплина, се однесуваат како што ќе побара наставникот, се грижат што мислат другите за нив и сакаат да бидат сакани. На овие ученици им е потребно нежно потсетување, ако се побара од нив да се смират тие ќе го направат тоа. Наметливата дисциплина функционира кај овие ученици затоа што ја разбираат и многу ретко е потребен тежок пристап за одржување на дисциплината во училницата. Во една училница мошне често се наоѓаат ученици што се во транзиција од фаза 2 во фаза 3. Честопати се сретнуваат ученици што запаѓаат во многу проблеми во другите училници, но не и во нивната. Овој ученик учи како да им верува на другите и гради меѓучовечки односи кои се почести со неговите соученици. Наставникот треба да им укаже дека нивното добро однесување е важно не само за наставникот и во нивната училница, туку и во другите. Ако добро се третираат, кај ваквите ученици ќе се забележи брз напредок, но ако наставникот е непотребно наметлив, тие ќе назадуваат кон фаза 2.

**Фаза 4. Самодисциплина**

**Фаза на општествен ред: „Така се однесувам, затоа што е исправно“**

Учениците што се наоѓаат во оваа фаза ретко запаѓаат во проблеми. Имаат развиено чувство за добро и лошо. Дел од овие ученици повремено функционираат на ова ниво, а некои се постојано на ова ниво. Ова се ученици со коишто е вистинско задоволство да се работи. Тие можат да бидат оставени сами да работат на некој проект 20 или 30 минути и подоцна, кога наставникот ќе се врати, тие сè уште работат на истиот проект. Така се однесуваат затоа што според нив тоа е вистинската работа. Овие ученици не ја сакаат наметливата дисциплина. Ним им пречи фактот што другите ученици ги принудуваат наставниците да трошат толку многу време од часот во справување со дисциплински проблеми. Иако многу од нашите ученици не

функционираат во оваа фаза, тие се доволно блиску за да ја разберат. Активностите за кооперативно учење ги охрабруваат и поттикнуваат учениците да функционираат на ова ниво.

**Работа низ фази**

Освен овие горенаведени 4 фази, Колберг понатаму истакнува дополнителни фази на морално и етичко резонирање кои одат многу подалеку од досега споменатите. Тие фази не се среќаваат кај ученици коишто одат на училиште, а и кај многу возрасни нема напредок подалеку од гореопишаната 4. фаза. Треба да се има на ум дека секој од нас го изминува овој развоен пат низ овие фази по овој редослед како што раснеме. Кога ќе се идентификува во која фаза на дисциплина функционира еден ученик, тогаш е можна помошта на ученикот да премине во следната фаза. Погрешна е тенденцијата за прескокнување одредена фаза на дисциплина. Ако некој ученик се наоѓа во фаза 1 или 2, а наставникот се однесува како со ученик од фаза 4, тогаш тој ќе биде многу разочаран затоа што тоа е неразумно очекување. Наместо тоа, наставникот треба да се однесува соодветно на фазата во којашто се наоѓа ученикот доколку посакува напредок и подобрување. Исто така, многу е важно да се знае дека како што може ученикот да оди напред во фазите, може и да има уназадување, односно враќање во пониска фаза на дисциплина. Во таков случај потребно е да се открие причината за регресијата којашто може да биде резултат на проблеми со членовите во семејството, пријателите, алкохол, дрога, замор или почеток на некоја болест. Што и да е причината, вреди да одвоиме дел од нашето време за да разговараме со таквиот ученик и да видиме што се случува и да му помогнеме.

**Собирање делчиња**

Наставникот може да почувствува дека нема време да ги спроведува учениците од една фаза на дисциплина во друга. Може да биде загрижен за тоа дали ќе може да го постигне целиот материјал, дали ќе дојде до своите цели. Но, наставникот треба да се запраша што всушност подучува: Англиски? Математика? Биологија? Таков одговор е за очекување, но всушност вистинскиот одговор е: „Јас ги учам учениците!“ Ваквиот изграден став на наставникот ќе придонесе за полесно изнаоѓање на време коешто е потребно да им се помогне на младите ученици што имаат проблеми со однесувањето. Учењето на самодисциплина (фаза 4) е исто како учење на што било друго. Учениците не можат секогаш од прв пат да научат сѐ како што треба. Наставникот ќе биде доведен

во ситуација да собира мали парчиња во знаењето и однесувањето на учениците. На пример, ако ученикот по математика не е сосема подготвен за делење на повеќецифрени броеви, тогаш повеќе време се поминува во одземање и множење. Ако ученикот не е подготвен за фаза 3 и фаза 4, треба да се одвои поголемо време во работа на фаза 2. Онаму каде што другите наставници гледаат ученик со дисциплински проблем, можеби друг наставник ќе види ученик којшто поттикнува напредок. Гледајќи го тој напредок, иако бавен, наставникот може да ужива во напредокот на тој ученик. [27]

Во училиштата низ светот наставниците се соочуваат со голем број дисциплински проблеми коишто се разликуваат според начинот на однесување на учениците и начинот на манифестирање на недисциплината на учениците, како и сериозноста и длабочината на овој проблем. Секој наставник не треба пред себе да има поставено цел да ги научи учениците само на материјалот што го предава, туку треба сите заедно (наставници, стручна служба, родители) како една целина да овозможат непречен пат во учењето на дисциплината на детето така што ќе му дозволат да ги проживее сите фази на однесување. И знаењето и дисциплината треба да се стекнуваат со текот на времето, со создавање на поттикнувачка средина за учење, но и со создавање на стимулативна средина за покажување на својата дисциплина, коригирање на неправилното и учење и усвојување на правилното однесување.

Од сето ова се заклучува дека ова истражување на Колберг е од големо значење и не треба да остане само на теориски докази од едно истражување, туку тоа треба да се искористи за постигнување на подобри ефекти во образованието и воспитанието, конкретно во дисциплинирањето на учениците.

[27](http://www.theteachersguide.com/classmanagement.htm http://www.honorlevel.com/x45.xml

### 1.3.3. Техника на позитивна дисциплина и обезбедување на самоконтролата кај децата

Децата, за да се научат на правилно однесување во најразлични ситуации во општеството, имаат потреба од сигурно и умешно водство. Водството од умешни и полни со љубов и разбирање возрасни индивидуи, сигурно ќе реализира подобри резултати доколку се направи во добра средина, каде што има можност децата да го искажат сопственото самоодлучување и независноста.[28]

Многу педагози од првата половина на 20 век развиле одделенски техники кои укажуваат дека наставникот мора да ја менува техниката за позитивна дисциплина, а не да се држи до одредена и да се управува по неа и на тој начин несоодветно да ги вреднува учениците (Гартрел, 2007).

Подолу наведените техники на дисциплина не се втемелени само на научни текстови, нивниот извор е и во современата практика.

1. Прифаќање на различностите. Учениците доаѓаат од различни средини со различни работни навики, општествени, културни и развојни норми, што упатува дека наставникот мора да ги земе предвид различностите при применувањето на одредена техника (Лоесер, Манинг и Бучер, 2005.).
2. Меѓусебни односи – ниту едно одделение не може да функционира доколку и учениците и наставникот не ги вреднуваат посебните квалитети што ги внесува секој поединец што учествува во оваа релација. Добар човечки однос со учениците е фактор што секој наставник мора да го испочитува и да го примени. Како што забележуваат МекКомбс и Вислер (1997), сите ученици особено го вреднуваат вниманието на своите наставници. Некои наставници истакнуваат дека немаат на располагање доволно време за посебен пристап кон учениците, но следните препорачани постапки не побаруваат многу од времето:

- Ученикот да се поздравува и надвор од училиштето.

- Секојдневно низ ходниците треба да се разговара со одредена група ученици (но не со исти секојдневно, туку да се менуваат, за да бидат опфатени сите ученици).

- Да се пофали ученикот за сите достигнувања, како училишни, така и надвор од училиштето.

---

[28] kisiselbasari.com/pozitif-disiplin-teknigi-ve-cocuklarda-oz-denetimi-s...-Çağlayan Dinçer (Чаглајан Динчер)

- Негување неформален разговор со учениците за нивните интереси.

- Да биде информиран за важните настани на ученикот (натпревари, вонучилишни активности) – и тие да се коментираат.

За активно вклучување на ученикот во наставата неопходно е позитивно опкружување полно со љубов и прифаќање. Програмата „Наставниковите очекувања и ученичките постигнувања", (Керман, Кимбал и Мартин, 1980) посочува неколку стратегии:

- Во текот на часот воспоставување очен контакт со секој ученик.
- Охрабрување на учениците сите заедно да учествуваат во дискусиите.
- Свесно приближување до секој ученик, со движење низ училницата, а не само да се седи на столчето.
- Овозможување на учениците да имаат доволно време за формулирање на бараниот одговор без оглед на резултатот, или стекната слика за него и неговите способности.[29]

### 1.3.4. Што е позитивна дисциплина?

Според дадениот поим од страна на Нелсон, Лот и Глен (Nelson, Lott, Glenn), позитивна дисциплина е метода која му помага на детето да може да изврши контрола над сопственото однесување и техника на раководење, која му помага при решавањето на сопствените проблеми.[30] На оваа теорија се надоврзува и следнава: позитивната дисциплина учејќи ги децата на општествените правила обезбедува можност тие деца да се чувствуваат важни за самите себеси.[31]

Позитивната дисциплина се состои од неколку важни сегменти. Таа им нуди на децата избори при учењето, ги оспособува да применуваат логички и природни резултати, да ги акумулираат сите потребни способности кои се применуваат при решавањето на животните проблеми.[32]

[29] http://pogledkrozprozor.wordpress.com/2009/11/28/razredna-disciplina-ili-kako-ucinkovito-upravljati-razredom/
[30] M. Eaton. (М. Итон) "Positive discipline:fostering the self-esteem of young children", Young Children, 52, 6, September 1997, стр. 44
[31] A.S. Honig, D. S. Wittmer, (А.С. Хониг , Д.С. Витмер) "Socialization and discipline for infants and young childen."Early Child Development and Care,66, 1991, стр. 65-73.
[32] Eaton, (Итон) a.g.e., стр. 44.

За да се зголеми и поттикне чувството на слобода и одговорност кај децата треба да им се даде можност за избор.[33] Добро средените училници во предучилишните институции придонесуваат децата слободно да одлучуваат за своите активности.[34] Ако се добро средени потребните материјали во училницата во отворени полици учениците да можат лесно да ги најдат потребните материјали, тогаш тоа влијае на охрабрувањето на децата да извршат избор.[35] Природните резултати се важни елементи на позитивната дисциплина. На детето што одбива да јаде, ако му се каже дека ќе остане гладно или на детето кое го истурило млекото, ако му се каже дека треба да го чисти подот, ова е просто (едноставно) однесување, но има многу ефективно влијание врз детето. Исто така, сфаќањето на последиците им обезбедува на децата априори да можат да ги предвидуваат работите. Учениците како што можат да научат одредени работи без да грешат, исто така и, грешејќи можат да се научат нешто и ова претставува мошне корисна стратегија која се применува во позитивната дисциплина. Можноста да можат да вршат предвидување, на децата им обезбедува однапред да ги предвидат последиците од непојавениот проблем. Малку се ефективни доколку се измешани логичките резултати. На пр.: на детето што не сака да облече палто на студено време не треба да му се забранува да излегува без палто. Примената на логичките последици – резултати му овозможува на детето да врши избор. На пр.: „Раде, ни пречиш на часот, или биди мирен, или оди си на своето место. Изборот направи го сам". Овде е важно да се промени неговото погрешно однесување. За позитивната дисциплина, мошне значајно е однесувањето и на наставникот и на ученикот. Тие претставуваат една компактна целина. Не треба да се заборави дека наставникот може да биде добар модел за ученикот, доколку при примената на дисциплинските правила наставникот внимава при зборувањето со детето – му се обраќа со неговото име, разговара на негово детско ниво и секако, да е фокусиран со сето свое внимание на разговорот.[36] Како прв чекор за успешно решавање на некој проблем е штом ќе се појави некој проблем наставникот смирено да се фокусира на проблемот. Вториот чекор е овозможување на секој учесник да го искаже сопственото мислење во врска со проблемот. Потоа, возрасните од објаснувањата на учениците треба да формираат мислење за проблемот и да им овозможат на учениците самите да се договорат околу појавениот проблем.

---

[33] K. Stephens. (К. Стефенс) "What's so positive discipline? And other mysteries of child guidance." Child Care Information Exchange. 87:1992, 30-33.

[34] Eaton, (Итон) a.g.e., стр. 44.

[35] C.S. Miller (К.С. Милер) "Building self-control. Discipline dor young children" Young Children. November, 1984. стр.15

[36] Eaton, (Итон) a.g.e., стр.45.

Наставниците кои на учениците им овозможуваат самите да се научат да ги решаваат проблемите, истовремено им овозможуваат на учениците да вршат и самоконтрола и повеќе да внимаваат на своето однесување. Со техниките за решавање на проблеми на учениците им се овозможува да ги вреднуваат сопствените и туѓите доживувања. Преку овие чекори тие ќе се научат да ги решаваат проблемите без да има насилство.[37] Дисциплината може да се дефинира како правило, кое подеднакво важи за сите негови учесници што се наоѓаат во некоја заедничка врска. Дисциплината, поинаку кажано, е овозможување на детето да го развива и да го усоврши посакуваното однесување.[38] Целта на дисциплината е да придонесе детето да ја развие потребната самоконтрола. Исто така, детето се стекнува со такво поведение и однесување кое ќе биде соодветно прифатено од страна на општеството.[39]

**Патиштата за самоконтрола кај децата:** За обезбедување на самоконтролата кај децата се дефинираат три типа потреби: да поседува добро чувство во врска со себе и со другите, да може да ги разграничува доброто и погрешното и да развива алтернативи при решавањето на проблемите.

Дадените стратегии им овозможуваат на учениците да ги развиваат потребните елементи на позитивната дисциплина. Некои стратегии се за превенирање на проблематичното однесување, некои се предвидени за подобрување, менување и за развивање; сите овие им овозможуваат на родителите позитивен и ефективен приод на дисциплината.[40] Значењето на овие стратегии е што не само што ги развиваат врските меѓу родителот и детето, туку истовремено и ги оспособуваат децата без да имаат поддршка од родителите, т.е. самите да можат себеси позитивно да се дисциплинираат.[41]

**Љубов и давање безусловна љубов:** Приодот на родителот со топол нежен глас и со топла прегратка да стапи во комуникација со детето е еден вид покажување на љубов спрема детето, а воедно претставува превенција за појава на проблематичното, односно несодветно однесување на детето.[42] За време на меѓусебната врска – комуникација со детето, не треба да му се дава условна љубов на детето; тоа треба да

[37] Eaton, (Итон) a.g.e., стр..46
[38] T. Ancak. (Т. Анџак) "Nasıl bir Disiplin?". Yaşadıkça Eğitim. 52, Mayıs-Haziran 1997, стр. 14.
[39] İ. Fındıkçı, (И. Финдикчи) "Aile içinde disiplin" Yaşadıkça Eğitim. 6, Ocak-Şubet-Mart 1989, стр. 14.
[40] T.Harms. (Т. Хармс) "The 12 building block of discipline." Parents. 64:8, August 1989,стр. 78.
[41] Harms, (Хармс) a.g.e., стр. 77.
[42] Harms, (Хармс)a.g.e., стр. 78.

чувствува дека љубовта секогаш му се дава без разлика на неговото однесување (без разлика дали се однесува добро или лошо). Не треба да се заборави дека условната љубов во текот на подолг период го засилува погрешното однесување на детето.[43]

Претходно наведената мисла важи само во односите родител–дете, а не може да се применува од страна на наставникот кон своите ученици, бидејќи денес на наставникот му е забранет секаков вид физички контакт со децата (поради можна злоупотреба и сл.).

**Конзистентно однесување**: Децата се развиваат многу здраво доколку се наоѓаат во позитивна конзистентна средина. Родителите и наставниците секогаш треба да се однесуваат конзистентно, доследно спрема децата, за да не се појави опасноста децата да се збунуваат. На пр.: ако еден ден се дозволува да се прави нешто, а друг ден тоа да не се дозволува, тогаш, децата ќе се збунат и не ќе знаат како треба навистина да се однесуваат во определени околности, било во училиштето, било во општеството во поширока смисла.[44]

**Отвореност во комуникацијата:** Употребените зборови, речениците и однесувањето на наставникот да имаат иста тежина, како за наставникот, така и за учениците; да постои меѓусебно разбирање во нивната комуникација.[45] Исто така, за да се откаже ученикот од проблематичното однесување – со проблематичниот ученик се воспоставува контакт со очите, но при обраќањето да се внимава на тонот на гласот; по можност треба да му се обраќа со пријатен тон на гласот и секако, ќе биде добро ако му се објасни и тоа: „Сакам да не го вознемируваш другарчето, гледаш дека многу се лути – се растажува, се вознемирува..." По можност, наставникот пореверзибилно би требало да комуницира со ученикот, тоа придонесува детето полесно да ги прифаќа забелешките на наставникот и да се однесува во согласност со барањата на наставникот.[46]

**Разбирање на проблематичното однесување**: Наставниците и родителите со внимателна и детална опсервација на однесувањето на децата ќе успеат да разберат што сакаат да им соопштат. Со неколкудневно следење на детето, може да се разбере неговото проблематично однесување, зошто се случува или каде, со кого, како и кога се

[43] Ancak, (Анџак) a.g.e., стр. 15
[44] Ancak, ( Анџак . ) a.g.e., стр.16
[45] Harms, ( Хармс )a.g.e., стр.78.
[46] G. Stenhouse, (Г. Стенхоусе ) Pratical parenting, Oxford University Press , Australia, 1996, стр. 66.

случува и тоа може да се направи уште пред да се појави проблемот. Особено можат да се разберат причините што стојат зад проблемот (глад, жед, ненаспаност или замор како физички фактори-причинители), или, пак, ќе се дојде до заклучок дека треба понатаму да се истражуваат и други причини, како што е неземањето предвид (игнорирањето) на лошото однесување на ученикот спрема другите, што исто така може да биде причина која се манифестира со несакано однесување на учениците.[47]

**Обезбедување на доброто чувство кај децата за самите себеси:** Лесно е да се прифати доброто однесување. Општо, некои родители или наставници го заборавaат или не го пофалуваат, се прават дека не го виделе – го игнорираат доброто однесување на децата и затоа не ги пофалуваат или не го вреднуваат таквото однесување. Многу често ваквата незаинтересираност на родителите и на наставниците ги поттикнува децата да се однесуваат проблематично со цел да го привлечат вниманието на своите наставници или родители. Децата, без разлика дали се однесуваат добро или лошо, секогаш ги повторуваат истите постапки, затоа што со нив го привлекле вниманието претходно, а сето ова создава негативна рамнотежа.[48] По пројавеното добро однесување детето треба да биде пофалено, со насмевка на лицето да му се објасни дека направеното однесување е за почит и е мошне добредојдено. Со укажување на репетиција на пројавеното позитивно однесување кај детето се поттикнува самопочитта и самодовербата што, пак, придонесува тоа да се чувствува добро.[49] Спротивно на ова, по пројавеното проблематично однесување на детето наставникот или родителот треба да се прави дека не го забележал таквото однесување, постојано да го игнорира „вооружен" со силна трпеливост. Токму ваквото однесување на наставникот ќе му помогне на детето да сфати дека со несоодветно однесување нема да привлече внимание, што ќе го принуди да се откаже од таквото однесување, а пак тоа ќе резултира со осознаеност дека ништо позитивно нема да добие со таквото однесување.[50]

**Обезбедување доверлива средина:** Не е зачудувачки ако детето ги преместува работите, ако ги менува местата на алиштата, бидејќи во природата на детето е нагонот за истражување. При таква раздвиженост на децата, родителите повеќе треба да внимаваат на средината каде што се наоѓа детето, да ги отстранат опасните предмети за

---

[47] Harms (Xармс) a.g.e., стр.78.
[48] Harms (Xармс) a.g.e., стр. 81.
[49] Harms (Xармс) a.g.e., стр. 81.
[50] Miller (К.С. Милер) a.g.e., стр.18.

да можат децата слободно, без никаква опасност да го истражуваат просторот во кој се наоѓаат. Всушност, средината е таа која треба да се адаптира на детето, а не детето да се присилува да се приспособува на средината, што е сосем погрешно, затоа што во таков амбиент очекувањата од детето не се да се однесува како зрела возрасна личност, туку од детето во таков случај се создава робот, кој ќе работи според диктат (според нашите наредби или очекувања). Детето, откако ќе открие нешто, почнува помалку да ја меша средината (помалку да ја истражува средината), бидејќи средината веќе за него станува позната и нема потреба од бесмислени поместувања на местата на постојните предмети во таа средина, што значи дека тоа почнува да се адаптира на таа средина.[51] Наставникот или родителот, треба да истражат дали постои некој фактор што го поттикнува детето да се однесува несоодветно.[52]

Понекогаш, за да се поврати изгубениот интерес на детето за некоја играчка, една од можните алтернативи е играчките на детето да се скријат, за по извесно време повторно да му се дадат на детето. Повторното давање на играчката кај детето предизвикува појава на нов интерес – исто како за нова играчка.

**Поставување граници:** И учениците и наставниците не сакаат да бидат во интеракција во средина во која има поставени тешки правила што потсетуваат на полициски режим. Правилата, по можност, треба да се кратки, составени од неколку збора, на учениците да им се објасни што треба да се прави и што не треба да се прави и секогаш да им се понуди објаснување зошто одредени активности се дозволени, а други, пак, не. Исто, наставникот и родителите треба да бидат реални при сопствените очекувања од однесувањето на децата од различни возрасти, односно да не се очекуваат поголеми капацитети (задачи, знаења или однесувања од нивните можности) или прелесни задачи и активности од постојните можности на детето/ученикот. Очекувањата мора да бидат во согласност со реалните психофизички можности на децата.[53] Конзистентните и соодветните граници им помагаат на децата да можат да го контролираат сопственото однесување. Поставените правила од страна на возрасните, повторно треба да се разгледуваат со цел да се увиди дали поставените правила се во согласност со ученичките потреби и да се провери дали се воопшто потребни тие правила, и според тоа наставниците/родителите да одлучат за нивното поставување или

[51] Harms (Хармс) a.g.e., стр. 81.
[52] Miller (К.С. Милер) a.g.e., стр.15
[53] N.C. Paige & D.E. Levin. (Н. К. Паигe & Д. Е. Левин) "Making peace in violation times: A constructivist approach to conflict resolution" Young Children. 48, 1, November 1992, стр. 5.

не, затоа што многу од поставените правила се толку неважни и збунувачки за децата – што децата многу лесно ги заборавaат.[54]

**Претходно контролирање на настаните:** Наставниците треба да се активни контролори на состојбите во училницата за да можат благовремено да ги откријат и да ги превенираат за непојавените проблеми. За да се постигне самоконтрола кај децата, треба да се води сметка за фактот дека децата имаат потреба од наставниците и родителите како нивни водачи во успешното решавање на своите проблеми.[55]

**Оспособување за решавање проблеми:** Проблемите може да имаат и добри и лоши решенија. Меѓутоа, значајно прашање кое неминовно се наметнува е како децата ќе ги разликуваат овие решенија? Ако детето искажува одредено неприфатливо решение, треба отворено да му се каже за причината зошто не се прифаќа неговото решение. Доколку е применливо тоа решение, треба да му се објаснат последиците што ќе произлезат од него. Особено важно е на децата да им се објасни дека за решавање на дефиниран проблем има неколку можни решенија, и секое од нив дава различни резултати.[56]

Многу застапен начин за решавање на проблемите во училницата или во училиштето е да се оспособат учениците да знаат што треба да направат кога ќе се сретнат со некој проблем. Да знаат (да умеат) да направат план за решавање на проблемот.

**Многу да не се интервенира:** Доколку се увиди дека учениците се однесуваат несоодветно, наставникот не треба да интервенира повеќе од потребното. Наместо да се укори детето или, пак, да се казни, повлијателно ќе биде ако наставникот го отстрани проблематичниот ученик од некоја активност или игра и ако го посоветува да почека настрана некое време.[57] За малите деца од две или две ипол години одвојувањето од играта не е добро решение. Ова решение е функционално за децата од предучилишна возраст и за учениците од основното образование.[58]

---

[54] Harms (Хармс) a.g.e.стр. 8.
[55] Miller (К.С. Милер) a.g.e., стр.16
[56] Harms (Хармс) a.g.e.,стр.82.
[57] Harms (Хармс) a.g.e., s.82. M. Shure. I can solve problem: An interpersonal cognitive problem-solving program. Research Press, Illinois, 1992, стр.225-376
[58] Harms (Хармс) a.g.e., стр.82.

**Кога има потреба, да се побара помош од стручно лице:** Со несоодветното однесување за време на предучилишната возраст се справуваат трпеливите родители. Меѓутоа, за помал процент кај ваквото однесување во зависност од периодот на појавување на проблемот, како и од неговиот интензитет, потребна е дополнителна помош од стручно лице. Особено како превенција од можни проблеми што може да се појават во иднина кај децата по разводот на нивните родители или, по смртта на едниот родител, се бара стручна помош од надлежните.[59]

**Негување трпеливост кон детето и кон себеси:** Откако се применети сите горе наведени стратегии и методи, наставникот или родителот треба при примената на новите начини за врска (комуникација) да се научат да бидат трпеливи кон децата, но и кон себеси. Не треба да се заборави дека и покрај применетите стратегии и методи се уште е можна појава на непримерно однесување. Дисциплината за родителите/ наставниците и за децата има позитивно влијание, таа поставува правилни темели за психомоторниот и за когнитивниот развој. Дисциплината е процес на учење кој е непрекинат. Доколку во тој процес на учење наставниците/родителите редовно им кажуваат на децата што треба и што не требаат да прават, децата ќе бидат попречени во создавањето на сопствена самоконтрола и ќе им се оневозможи подготовката за вистински самостоен живот. Примената на предложеното алтернативно однесување ќе даде позитивни резултати во однос на дисциплината, така што децата не само што ќе бидат дисциплинирани туку истовремено ќе можат и да се самоконтролираат. Децата на овој начин се оспособуваат за воспоставување добри и здрави врски со луѓето, за одржување рамнотежа во поглед на своите потреби, изградба на позитивна слика за самите себе, што севкупно доведува до развој на независни индивидуи. Во однос на многу активните деца – ученици (хиперактивни), не треба да им се намалува енергијата во активностите, туку е потребно да се изнајде начин за насочување на нивната активност во позитивна насока. Љубовта, почитта и довербата која безрезервно им се оддава на децата со текот на времето ќе придонесе тие да бидат самоконтролирани и лица кои лесно ќе се адаптираат на животните околности, што ќе влијае позитивно и ќе предизвика задоволство од животот.[60]

Од сето изнесено се наметнува заклучокот дека позитивната дисциплина може да се создаде само со позитивни стратегии, техники и правила кои се темелат на љубов,

---

[59] Harms (Хармс) a.g.e., стр.82.
[60] kisiselbasari.com/pozitif-disiplin-teknigi-ve-cocuklarda-oz-denetimi-s...Çağlayan Dinçer (Чаглајан Динчер)

партнерство, заемно почитување, обезбедување на доверлива средина, конзистентност и отвореност во меѓусебните комуникациски врски, методи кои придонесуваат за зацврстување на самоконтролата и меѓусебна доверба меѓу наставникот/родителот и ученикот/детето.

Сите методи што ја омаловажуваат личноста на ученикот, го навредуваат ученикот/детето како што се различните физички, психички и социјални казни што се применуваат од некои наставници/родители за исправање на погрешното однесување на своите деца/ученици, никако не се прифатливи при позитивното дисциплинирање на децата/учениците.

Наместо казнување, во позитивното дисциплинирање треба да се примени пофалбата, наградата, изборот, да им се објаснат природните последици од таквото однесување, да има поттик за добро однесување, игнорирањето на несаканите однесувања (наставникот да се прави дека не го видел погрешното однесување на детето) или позитивното насочување и отвореното објаснување на децата зошто е прифатливо или не е прифатливо некое нивно однесување.

### 1.3.5. Цели на дисциплината

Целите на дисциплината во основното образование и општо во животот на ученикот е тој да стекне самодоверба и самоиницијатива за да може самостојно да ги применува повеќето позитивни правила од секојдневниот живот, без да има мешање однадвор. На пример, без да му се наредува, навреме да ги извршува своите задачи, да ги измие забите, навечер да легнува во одредено време, да ги средува своите алишта, а не да ги расфрлува каде било и сл.

Во целта на воспитната дисциплина мора да се имаат предвид потребите и својствата на воспитната група или на секоја генерација. Целта на дисциплината е ученикот да го поучи на очекуваното однесување.

Дури и да им се целосно познати овие правила на децата, сепак, нивната примена ќе се одвива и ќе се реализира етапно. Во првите години родителската контрола над детето е неопходна. Со текот на времето децата самите откриваат и учат што е правилно според местото, времето и условите, а што е неправилно. Понекогаш и

грешките на децата треба нормално да се прифатат од страна на родителите или наставниците.

Дисциплината што се создава во односот меѓу родителот и детето, како и меѓу наставникот и ученикот, која се темели на меѓусебна доверба и разбирање не треба да има застрашувачки карактер. Најважното правило кое не треба да се заборави при дисциплинирањето на детето е дека комуникацијата меѓу возрасниот и детето секогаш да е врз основа на љубов и приврзаност. Можните грешки кај децата и учениците можат да се поправат со благо-круто (топло-ладно, ефективно) приоѓање-доближување кон детето или ученикот, да доведе ученикот со задоволство да ги прифаќа нашите сугестии и интервенции, а не да се вознемирува од нашата дадена помош, бидејќи при усвојувањето на правилното однесување децата и учениците имаат голема потреба од помошта на родителите и на наставниците. Посебно треба да се знае дека нелогичните забрани од страна на родителите и наставниците не придонесуваат учениците позитивно да се дисциплинираат.

Дисциплината и редот на учениците во училницата се неопходни доколку сакаме да се реализира сето она што е испланирано. Голем дел од времето што е предвиден за поучување наставниците го губат за дисциплинирање на учениците за време на часот.

Недисциплината го оневозможува и го отежнува учењето и поучувањето во наставата. Една од главните цели на дисциплината во училиштето е да обезбеди непречено и нормално одвивање на образовниот процес, позитивно да се воспитува ученикот, и ученикот да се оспособи да се бори против штетните фактори што негативно влијаат на наставата и на неговото однесување.

Училишната дисциплина има две главни цели:

1. Создавање услови на безбедноста на учениците и на другите вработени.
2. Воспоставување на поволна средина за поучување. Според Гаустад, Јоан (Gaustad, Joan 1992), штом учениците не се чувствуваат безбедни, тогаш процесот на учење станува секундарен. Штом не се земаат предвид факторите што го спречуваат нормалното одвивање на наставата, тогаш природно е во училиштето да не може да се постигне планираниот успех.[61]

[61] https://scholarsbank.uoregon.edu/xmlui/handle/1794/3111

Човекот, како социјално битие, за да може нормално да живее, мора да ги почитува поставените правила на однесување во општеството. Онаму каде што нема правила на однесување, таму сигурно има анархија и безредие. Затоа луѓето бездруго мора да имаат правила на однесување и тие мора задолжително да се почитуваат.

Истражувањата имаат докажано дека најдобар успех постигнуваат оние правила што се донесени со заедничкото вложување меѓу ученикот, семејството, наставникот и раководниот орган во училиштето. Со овој начин на дисциплинирање, а тоа е без да има мешање однадвор, ученикот се поттикнува на самостојно применување на овие норми и правила во училиштето. За да бидат правилата појасни за учениците, по можност, од страна на наставникот, родителот и раководниот орган на училиштето треба да се напишат во „разбирлива" форма.

Следствено, целта на позитивната дисциплина е на ученикот/детето да му се обезбеди развивање на посакувано и редовно однесување.[62]

Овие цели на дисциплината го поттикнуваат оспособувањето на детето на самоконтрола без да бара помош отстрана, што подразбира дека тоа може самото да се координира и дека може успешно да ги решава секојдневните проблеми, при тоа раководејќи се според поставените правила од страна на надлежните во училиштето или во општеството.

## 2. Дисциплината на детето

Детето природно се раѓа со сите можни способности во него, но како ќе се реализира најмногу зависи од оформувањето на тие способности преку процесот на воспитание и дисциплинирање, преку односот со своите родители или во подоцнежниот период со наставниците.

Дилемата на родителите: како треба да се однесуваат кон недисциплинираното дете претставува значаен сегмент на родителството. Една од теориите укажува на потребата возрасниот (родител, наставник) да се навлезе во светот на детето, во начините на неговото размислување, начини на дејствување, расудување и сл. Чувствата и интересите на детето треба добро да се познаваат, доколку се тежнее да му се даде соодветна помош. Добро треба да се познаваат школските и игровните другари на

[62] www.cocukbakicisi.com.tr/Cocuk-Egitimi-ve-Disiplin_10168_10420

детето, како и луѓето со кои е во поблиска релација. Наставникот/родителот не треба да се однесува контролирачки спрема детето/ученикот при неговата комуникација со луѓето со кои стапува во контакт. За време на недисциплинираното однесување треба добро да се сослушаат причините на детето – зошто се однесува така, да го објасни тоа однесување, па потоа да се преземат соодветни мерки за нивно отстранување, или, ако е потребно, да се казни детето. Секако, доколку наставникот/родителот сака казната да биде ефективна, треба мошне внимателно да процени која мерка му соодветствува на прекршокот.

Од нашиот капацитет за разбирање и прифаќање на детето зависи колку ќе можеме да му помогнеме да се развие, односно, колку сме во можност да се поставиме на местото на детето, проблемот да го гледаме од неговиот агол, толку ќе бидеме и способни позитивно да го дисциплинираме детето, односно, емпатиското однесување со детето многу ќе помогне во процесот на дисциплинирање, а исто така и во поучувањето и тоа да се однесува емпатиски кон другите, затоа што емпатијата има голема улога во развивањето искрена соработка и здрави односи меѓу наставникот и ученикот.[63]

Треба да се прифатат сопствените чувства: штом ќе се увиди дека се губи контролата над сопствените чувства, потребно е оддалечување од ситуацијата. Доколку наставникот почувствува дека не може да се воздржи, подобро е да се тргне во некоја празна соба или просторија и таму да го исфрли гневот или нервозата (ако смета дека е потребно и) со силно викање на празните ѕидови, а не да му се развикува на ученикот веднаш откако му настапила лутината. Во таква искушувачка ситуација добро е ако наставникот или родителот се потсети на некоја од доблестите на ученикот-детето, со цел да помине одредено време за да ја смири својата нервоза.

Нормално е наставникот/родителот да му се налути на детето, но не е прифатливо да се манифестира гнев така што ќе се удри или ќе се понижи детето.[64]

**-Давање безусловна љубов на детето:** Помагајќи му на детето да стекне самопочитување, воедно му се дава помош во јакнењето на неговата способност за учење, како и способност за сакање (љубов) и творештво. Што и да прави детето, тоа треба да се почитува и да чувствува дека е сакано и прифатено.

---

[63] Братаник , М. ( Братаник , М. )(1993),стр.60-68.
[64] Yasemin Yusufoff (Јасемин Јусуфоф)- "Çocuk İşaret Dili"(2011)

- Кажете му на детето отворено што очекувате од него да направи, за да знае.

- Кога зборува детето, треба сериозно и активно да се слуша.

- Сериозно треба да се прифатат неговите коментари.

- Личните предмети на детето треба да се почитуваат.

-Почитување на детските мислења.

-Прифаќање на детските способности и чувства.

-Детето треба да има чувство на прифатеност.

-Да му се дозволи на детето да направи нешто самостојно.

-Почитување на детските афинитети или избори.

-Да му се помогне на детето да се отвори, доколку е интровертно.

-Физичко покажување на љубовта во односите родител–дете треба да биде застапено, тоа ќе го убеди дека навистина е сакано; прегратка, галење по главата има големо влијание врз прифаќањето на инсистираните позитивни однесувања што сакаме детето да ги усвои и да ги примени во својот иден живот. Претходнава мисла се однесува на родителите во нивниот однос спрема своите деца, а никако на наставникот.

- При зборување со детето треба да се остварува контакт со очите. Препорачливо е клекнување до детето (спуштање до неговата висина) со цел разговорот да биде послободен и спонтан.

-Како што се зборува, такво однесување да биде застапено спрема детето, неприфатливо е едно да се зборува, а поинаку да се постапува.

-Наставникот/родителот треба да споделуваат чувства со децата.[65]

Колку што е поширока комуникацијата, толку и можностите за решавање на проблемите се поголеми.

Детето секогаш врши рефлексија, ако се однесуваме кон него како кон вреден човек, тогаш по автоматизам и тоа самото ќе реагира на истиот начин.

---

[65] Yasemin Yusufoff (Јасемин Јусуфоф) "Çocuk İşaret Dili"(2011)

Емпатиското однесување го ослободува детето, така што во искрена комуникација тоа ќе може да каже што го мачи.

Родителите и наставниците мора да знаат дека некои методи на казнување не се прифатливи, а посебно физичкото казнување. Физичкото казнување последователно се шири, се наследува, се имитира, а специфичните индикатори од современото време и актуелниот начин на живот укажуваат на тоа дека се созреани условите за целосно отстранување на физичката казна.

Наместо физичко казнување, се предлага позитивна дисциплина. Крајно неприфатливо е и емоционалното, психичкото казнување – манипулирање со љубовниот исказ: „Не те сакам кога си такво", „Колку си глупав", „Ти си безобразно дете", потоа понижување, исмејување, игнорирање, изолација на детето и сл. Во основата на овој стил на казнување на детето лежи пораката дека детето не е во ред. Наведените постапки развиваат несигурност кај детето, чувство на маловредност, губење на самопочитта. Сето тоа претставува погодна основа за развој на различни непожелни манифестации во однесувањето на детето, како што се агресивност, насилност, повлеченост, неприспособеност и вознемиреност.

За да му се помогне на детето да усвојува одредени норми и правила на однесување за неговиот иден развој, потребно е наставникот и родителот да бидат истрајни, воздржани, подготвени да повторуваат инструкции и да го насочуваат однесувањето на детето, давајќи му голема љубов, нежност и внимание. Мошне битно за тој процес е детето/ученикот да ги разбере мотивите на возрасните, на тој начин нема да се противи на советите и настојувањата за промена во неговото однесување.

Наставникот не смее да заборави дека тој претставува модел за поведението на детето, затоа треба многу да внимава на сопственото однесување, бидејќи тој е огледалото на детето и неговото однесување директно се рефлектира врз однесувањето на детето. Децата до седмата година од животот директно ги копираат однесувањето, емотивните реакции и држењето на своите родители.

Како што веќе беше споменато, родителот секогаш треба да се труди да поминува што повеќе квалитетно време со сопственото дете: играње, цртање, слушање музика, шетање, разговарање, јадење заедно... се активности што треба да бидат постојано застапени во интеракцијата родител–дете.

Наставникот и родителот мора да дефинираат правила и да поставаат граници. Тие мора да му бидат добро објаснети на детето, да му се повторуваат, за да може тоа правилно да ги разбире. При поставувањето на одредени граници на однесувањето задолжително треба да се имаат на ум основните потреби на детето, а не да му се забранува или да му се ограничува движењето, и на тој начин да се присилува од дете да стане беспоговорен послушник. Според Сабиха Пактуна Кескин (Sabiha Paktuna Keskin)[66], на детето треба да му се забрануваат само штетните манифестации во повдението.

Правилата треба да бидат јасни и конкретни.

Наставникот и родителот треба да бидат свесни дека е поважно она што се прави, отколку она што се зборува, бидејќи детето не внимава толку на нивните зборови колку што внимава и ги копира нивните практични однесувања; родителите и наставниците, доколку сакаат да бидат позитивни модели на децата, многу треба да внимаваат на сопственото однесување во секојдневниот живот.

Наместо да му се издаваат наредби на детето, потребно е реверзибилно однесување спрема ученикот и да му се овозможи правото на избор. Реверзибилното однесување е такво однесување на наставникот кога ученикот со истите наставникови зборови или однесување директно му се обраќа на наставникот, а притоа да не се прекршува никакво меѓусебно достоинство, почитување или утврдено правило. На пр.: реверзибилно (замолувачко) однесување на наставникот е кога вели „Биди љубезен, па излези на табла да ми раскажеш", но тоа може да биде и иреверзибилно (наредбодавно) искажано, како на пр.: „Излези ти на табла!" Таквиот однос на наставникот го принудува ученикот да се оддалечи од наставникот и од училиштето, додека реверзибилното однесување придонесува за зближување на наставникот и ученикот, и се овозможува создавање на многу попријатна атмосфера во училницата (Братаниќ , М. (1993, стр.121-126).[67]

Секогаш за доброто однесување на детето поефикасни се мотивацијата и пофалувањето, отколку казнувањето.

Се критикува однесувањето на детето, а не личноста на детето.

[66] Sabiha, P. K. ( Сабиха , П. К.) (2005). "Çocuklarla Doğru İletişim" , Boyut Yayıncılık, İstanbul

[67] Bratanić, M. (Братаниќ , М.) (1993). Mikropedagogija, Skolska knjiga, Zagreb.

-Лошото и неприфатливо однесување треба да се смени со друго поприфатливо однесување, на пр.: менување на играчката – наместо со стаклена чаша да игра со некоја пластична чаша која е побезбедна и за детето и за другите околу него.

Сето тоа претставува погодна основа за развој на различни пројави на посакувано однесување, но ако сето ова не се запази како што беше назначено погоре, можно е кај детето да се појави непожелно однесување, како што е агресивност, насилност, повлеченост, неприспособеност и вознемиреност.

Позитивниот тип родителство полно со топлина, надгледување на активностите на децата, вклученост во нивниот живот и конзистентност во дисциплината има позитивно влијание, не само врз децата туку и врз тоа како тие во иднина ќе ги одгледуваат сопствените деца.

Се заклучува дека родителите имаат голема обврска спрема своите деца при нивното правилно и позитивно дисциплинирање. Родителите пред сè мораат да бидат самите позитивно дисциплинирани за да можат со своето однесување да бидат позитивни модели за своите деца, затоа што децата го копираат она што го гледаат од своите родители. Ако родителите позитивно се однесуваат и тие позитивно ќе се однесуваат, но ако има недоследност или изливи на агресивност при решавањето на проблемите, и децата ќе се потрудат со насилништво да ги решаваат секојдневните проблеми. Во позитивно дисциплинираните семејства преовладува позитивна атмосфера на живеење на сите членови од семејството, тоа е средина каде што владее љубов, почитување, емпатија, заемно помагање, доверба, отвореност и самоконтрола меѓу сите членови од семејството. Родителот (а и наставникот) пред да го дисциплинира детето треба добро да ги познава чувствата и интересите на детето и потоа, според детските чувства и интереси, да се потруди да го дисциплинира детето. Емпатиското однесување и реверзибилното комуницирање на родителот во голема мера го ослободува детето искрено да ги искажува сопствените чувства во различни ситуации.

## 2.1. Видови негативна дисциплина поврзана со родителските казни на своите деца

Негативната дисциплина применета од страна на родителите се дели на три вида:

**1.** Физичка интервенција која понекогаш преминува во насилство;

**2.** Вербално насилство и навреди;

**3.** Отсуство на љубов.

**1- Физичка интервенција-дисциплина (тепање):** За жал, овој тип интервенција-дисциплина многу често се практикува во нашата држава. Секако, научно е докажано дека овој тип дисциплина го нарушува однесувањето и емоционалната чувствителност на детето. Луѓето треба независно да мислат и да се флексибилни за да можат да се приспособат на секаква состојба и ситуација. Тоа е потребно за денешницата. Дете што расте и се развива под физичка дисциплина не е флексибилно туку станува грубо и агресивно.

**2- Вербално насилство и навреди (потценување):** За да ги воспитаат своите деца, некои родители применуваат вербално насилство или навреди. Овде се застапени различни понижувања, закани, викања, па дури и клетви, заплашување и други видови вербално насилство. Со ваквото однесување на родителите спрема своите деца уште повеќе се разгорува недисциплината, така што кај децата како последица се јавуваат: срамежливост, страв, уплашеност и затвореност.

**3- Недавање љубов (отсуство на љубов):** Физичката дисциплина има негативно влијание врз телото на детето, додека недавањето љубов на детето има негативно влијание врз чувствата и врз неговиот психички живот. Начини на оваа негативна дисциплина се: незборување со детето, лутење или кажување на детето „не те сакам тебе" и друго. Со ваквиот негаторски однос кај детето се развиваат и се поттикнуваат негативни и деструктивни чувства, омаловаженост, малодушност, гнев и лутина.[68]

Но, современите родители не би требало во ниту еден случај да ги применуваат ваквите казнени мерки на децата. Наместо казни, треба да се развива партнерски однос со децата, конзистентност во однесувањето, отвореност кон децата, весел и насмеан пристап кон децата за да можат слободно да се изјаснуваат за своите проблеми, воспитувањето да нема заканувачки карактер; наместо казна да има пофалби и награди, децата да се радуваат со своите родители, а не да имаат страв од нив.

[68] okulweb.meb.gov.tr/20/05/401906/rehberlik.../Disiplin%20Nedir.ht.

### 3. Дисциплината во основното образование

Воспитанието започнува со запознавањето и со сакањето на детето.

Една од конструктивните работи во системот на основното образование е дисциплината. Не е можно да се постигне успех во образованието, доколку недостасува дисциплина. Ослабениот или строгиот систем на дисциплината го намалува успехот на учениците. Како што имало проблеми во минатото, така и денес има проблеми со дисциплината.

Дисциплината е неодвоив дел на воспитанието и на образованието. Според тоа колку добро ќе биде воспоставена дисциплина во практиката, толку ќе има позитивно влијание врз воспитанието и образованието на ученикот. Доколку погрешно се применуваат дисциплинските правила, тогаш се нанесува голема штета на поединецот, а преку него и на општеството.

Дисциплината во образованието значи начин на приоѓање на возрасните кон учениците со цел да ги научат на одредени правила на однесување во животот.

Според Башаран (Başaran 1983) и Сариташ (Sarıtaş 2000) дисциплината во образованието значи укажување на ученикот кое однесување е добро и утврдување кое не е соодветно, за да се коригира. Откако ученикот ќе го подобри своето поведение, тој треба да се награди, а, пак, доколку го влоши однесувањето, соодветно да се санкционира.

Според Ибн Халдун (XIV век) крутото однесување и тепањето на детето, иако е со цел за воспитување на детето, не било никогаш прифатено. Тој се обидува да објасни дека тепањето е штетно за ученикот. Според него, во воспитно-образовната работа крутото однесување на наставникот има штетно влијание врз ученикот, особено врз малите деца, бидејќи наставата под притисок влијае ученикот да го изгуби својот елан и желба, а од друга страна ја поттикнува незаинтересираноста кај ученикот.[69]

Во книгата „Ослободителна дисциплина", напишана од С. Ахмет Узун (5/2001), авторот истакнува дека „дисциплината во воспитно-образовната работа се споредува со дрвото што расте; растејќи, тоа со некои свои гранки наштетува на некој дел од околната средина, затоа овие гранки треба да се скратуваат. Речиси истото се случува и

[69] www.belgeler.com/.../ilkogretim-birinci-kademede-gorev-yapan-sinif

со децата во училиштето и во општеството, поради чие несоодветно однесување треба да се дисциплинираат. За да се оддалечат од недисциплинираното поведение и да се научат на добро однесување што ќе биде прифатено од страна на општеството во кое живеат, учениците треба да се воспитуваат со љубов и трпение."[70]

„Задачата на наставникот во воспитно-образовната работа не е да ја намали или да ја угасне живата сила кај децата туку да ја дисциплинира таа жива сила во позитивна насока".[71]

Во решавањето на дисциплинските проблеми главно се применуваат два метода: „гаснење" и „притискање", а употребените средства се награда и казна. Од овие два метода наградата се прифаќа како метод за обезбедување дисциплина. Бидејќи казната не го разрешува проблемот, туку за кратко време го притиска, па по извесно време, откако ќе попушти притисокот, проблемот може повторно да се јави. Од друга страна, доколку ја тргнеме казната при решавањето на дисциплинските проблеми, тогаш наставниците, родителите и раководителите велат дека успехот на наставата ќе опадне.

Дисциплински проблем е и тоа што многумина мислат дека со дисциплината се спречуваат само штетните последици од погрешното однесување на учениците. Меѓутоа, и повлеченоста на ученикот, како и срамежливоста и несоработливоста на ученикот е специфичен дисциплински проблем.

Дисциплинскиот проблем не е само проблем на учениците, туку и на наставниците, на родителите и на другите возрасни.

Дисциплината, исто така, им помага на оние што имаат тешкотии при соработката со другите, кои се нападнати и/или ги напаѓаат другите. Таа ги заштитува правата на обесправените лица.

Како дисциплински проблеми кај учениците можеме да ги наброиме следниве: оштетување на средината и луѓето, арогантно зборување, недослушување на другите, пречење на другите, обвинување на другите за неуспесите, бегање од училиште, преизразена срамежливост, грицкање на ноктите, гадење од сешто, прекумерна родова-

---

[70] Seyit, A. Uzun (Сеит, А. Узун) (2001). "Özgürleştiren Disiplin" Istanbul

[71] Seyit, A. Uzun (Сеит, А. Узун) (2001). "Özgürleştiren Disiplin" Istanbul

полова заинтересираност (за теми врзани со момчињата и девојчињата), нихилизам и др. Доколку им се посвети внимание на овие проблеми, ќе се забележи дека тие настануваат повеќе поради незадоволени потреби на ученикот од страна на возрасните (родителот, наставникот, врсниците и од околината), поради чувството на сопствена небезбедност, односно поради недостаток на љубов, растење со условена љубов, недоволно вреднување на чувствата, ослепеност од интересот и желбата, немањето можност за некој позабележителен успех и сл.

За да има ефект во животот на ученикот, образованието треба да се индивидуализира и да се приспособи според брзината и психофизичките можности на напредувањето на ученикот и да се обезбеди внатрешна одделенска дисциплина.

Кога се споменува дисциплината во образованието во прв план доаѓа воспоставувањето контакт со детето, а тоа е училиштето како поширок амбиент, односно местото каде што се доаѓа до најнепосреден конткт лице в лице со ученикот, односно училницата.

Дисциплината не ги подразбира само мерките што се применуваат како реакција на прекршувањето на правилата од страна на учениците.

Првиот услов за создавање позитивна дисциплина е партнерскиот однос во неколку насоки: меѓу родителот и детето, меѓу наставникот и ученикот и меѓу наставникот и родителот. Секој од партнерите во меѓусебните односи треба да го знае својот статус и улога. Секоја дисциплина што се применува а е втемелена на приврзаност, во која не преовладува заканувачка или застрашувачка атмосфера, децата со драга волја ќе ја прифатат и со љубов ќе сакаат да станат нејзини активни креатори.

Од друга страна, пак, дисциплината со репресивни мерки ги оддалечува учениците од примерното поведение и ги поттикнува на (честопати) уште полошо, подевијантно однесување во основното образование.

### 3.1. Дисциплината во училиштето

Училиштето е учебна, воспитно-образовна институција-организација, што значи дека работата на училиштето се определува со закон, така што во реализирањето на примарните воспитно-образовни цели се применуваат и соодветни правила. Една од задачите на училиштето е ученикот да стекне сестран развиток, односно, да се подготви за активен, целесообразен општествен живот исполнет со прифатливи вредности.

Досега се напишани голем број книги во кои се третира дисциплината во училиштето, главно странски, а во најголемиот број од нив се нудат практични совети како да се надмине проблемот со недисциплината во училницата. Актуелната ситуација кај нас зборува дека на овој проблем сѐ уште не му се пристапува од научна перспектива, иако сериозноста на фактичката состојба ја наметнува потребата да му се посвети темелно стручно внимание. Имено, потпирајќи се на традиционалните сфаќања и на традиционалното училиште, меѓу мнозинството наставници кај нас превладува ставот дека се учениците послушни и дисциплинирани (макар што ова во многу случаи не кореспондира со реалноста, затоа што да се има мирни ученици на часот не значи дека се тие и дисциплинирани).

Речиси сите автори се согласуваат дека добриот начин на поучување од страна на наставникот е основа за воспоставување дисциплина на часот. Но, учениците на моменти сепак стануваат непослушни, дури и кај најискусниот наставник. Според ова, пројавениот проблем мора да се решава и тој е постојано актуелен.

Целта на училишната дисциплина е да им се укаже на учениците дека е потребно правилно (позитивно, прифатливо) да се однесуваат. Споредувајќи го своето однесување со позитивно прикажаните, да можат да ги искоригираат неприфатливите елементи во своето поведение.

Во надминувањето на дисциплинските проблеми училиштето добива голема помош од страна на родителите, што значи дека соработката меѓу училиштето и семејството треба да се одржува на високо ниво; во оваа врска, наместо страв треба да владее разбирање и почитување.

Коректното поведение што владее дома спрема детето и што се очекува од него е камен-темелник за училишната дисциплина. Училишната дисциплина треба да биде своевидно продолжение на домашната. Ако се манифестираат дисциплински проблеми

на ученикот во училиштето, потребно е да се решаваат меѓу ученикот, родителот и наставникот. И во рамките на семејството треба добро да бидат познати правилата на училиштето и, секако, да бидат поддржани. Според Башаран (Başaran), како што веќе беше споменато, крајната цел на дисциплината во училиштето е ученикот да се доведе во состојба да може самиот да се контролира, односно без да има надворешни влијанија да може да ја развива својата самоконтрола.

Накратко, дисциплината е активен и свесен процес, кој се одвива во согласност со воспоставените правила. Дисциплината во училиштето и во училницата повеќе се доживува како контрола на однесувањето на учениците од страна на наставниците. На тој начин дисциплината со текот на времето ќе се претвори во навика. Штом ќе се навикнат учениците да ја вршат потребната самоконтрола, тогаш ќе им се овозможи на наставниците поголемиот дел од времето да го посветат на воспитанието и на образованието на учениците. Наставникот кој ја знае вредноста на наставничката професија секогаш внимава на своето однесување и зборување, бидејќи знае дека е тој за учениците угледен образец и дека во голема мера извршува влијае на однесувањето на учениците.[72]

- Кога станува збор за дисциплината во образованието, еден од главните педагози Ј. Х. Песталоци истакнува: „Ниедно воспитание не може да не успее, ако во темелот постои љубов".[73]

Училиштата функционираат и се темелат врз силната структура на распоредување на телата преку најразлични активности сместени, сортирани, распоредени во најразлични простории, шеми, списоци со цел да има постојан надзор и увид во однесувањето на учениците, но и на вработените. Училишната зграда и училниците се организирани за полесно извршување на надзор на наставникот врз секој ученик. Наставникот постојано има преглед врз сите ученици, додека учениците гледаат во наставникот како централна фигура и во тиловите на соучениците. Современите технологии за надзор, камерите и безбедносните системи, како и агенциите за обезбедување се сè поприсутни и во нашите училишта.

[72] www.belgeler.com/.../ilkogretim-i-kademede-gorevli-sinif-ogretmenl

[73] www.veribaz.com/viewdoc.html?...olan-hicbir-egitim-basarisizliga

Педагошката хиерархија се создава и со рангирање на децата во однос на нивото на задачата како еден вид нормирачка санкција, што исто така спаѓа во механизмите на дисциплината. Распоредувањето според ранговите или степените има двојна улога: да ги обележи разликите, да ги хиерархизира квалитетите, способностите и склоностите, но и да казни или да награди.

### 3.1.1. Примена на различни видови дисциплина во училиштето

Според истражувањата на Бујуккарагоз (Büyükkaragöz) и Чиви (Çivi (1994)) во училиштата постојат три вида имплементација на дисциплината:

**А – Позитивна или создавачка дисциплина;**

**Б – Спречувачка дисциплина;**

**В – Корективна дисциплина.**

**А. Позитивна или создавачка дисциплина:** Полесно е да се реши проблемот доколку може да се открие пред да се појави, отколку да се решава откако ќе се создаде. За да се спречи појавата на проблемот предвид треба да ги имаме следниве постапки:

1. Наместо нагласувањето што да не прави, на детето треба да му се каже што треба да прави. Наместо на учениците да им се заповеда што да работат, треба да им се објаснува зошто треба да работат. Наместо: „молчете, не правете викотници!“, треба да се стои и да се дискутира за овие проблеми за да се уверат самите ученици во исправноста на наставниковите тврдења и барања. На пр.: наместо на детето да му се вели „отпадот не фрлај го на подот“, подобро е да му се вели „отпадот фрлај го во корпата“.

2. Наставникот треба да внимава ученикот да не остане без задача.

3. На часовите треба да се применуваат променливи методи и техники.

4. Ученикот треба да се почитува.

5. Да се посвети внимание повеќе на темите кои не се усвоени и да се бараат причините зошто ученикот не ја совладал односната содржина.

6. Ученикот треба да ја вкуси радоста што произлегува по успешно завршената работа, да му се даде можност и тој да биде успешен во некоја, макар и полесна работа.

**Б. Спречувачка дисциплина:** Спречувачката дисциплина е суспендирање на проблемите со помош на наставничките компетенции, кои не зависат од наставникот, а се проблеми во училницата.

Наставникот треба да внимава на следните работи: да ги знае имињата на учениците (по име да ги прозива и учтиво да им се обраќа); да внимава како се седнати во училницата (штом ќе забележи дека двајца недисциплинирани ученици седат во иста клупа, без театралност да ги одвои). За време на часот наставникот треба да биде сериозен и близок со учениците; со проблематичните деца треба да се разговара поединечно (пожелно е да се направи тоа во посебна просторија); наставникот пред учениците да е решителен; во проблемите со учениците треба да е неутрален како судија, а не да зазема нечија страна.

**В. Корективна (исправувачка) дисциплина:** Доколку по сите наставникови залагања повторно се појавува проблем, тогаш тој треба да вложи дополнителен напор со сопственото однесување да влијае кај ученикот да не се повтори проблемот.

Во врска со односот на наставникот со проблематичните деца, треба да се посвети посебно внимание на следниве аспекти:

- ученикот да не се казнува во присуство на соучениците;
- откако ќе му се објасни грешката на ученикот, тогаш може од него да се побара да му се извини на другарчето (во случај на меѓуученички конфликт);
- откако ќе се реши проблемот не треба да му се навраќа;
- наставникот не треба да си земе право да го отстранува ученикот од училницата или од училиштето;
- малите непријатни настани (проблеми) во училиштето не треба да се преувеличуваат. На пр.: не треба ученикот да се упатува на дисциплинска комисија доколку тој, играјќи топка, без намера го скршил стаклото од училиштето; во таков случај само се наплатува отштета од родителите на ученикот и проблемот тука се „гасне“ без да се зголеми.[74]

[74] ehmetyildirim.blogcu.com/okulda-disiplin/5092982

### 3.1.2. Процесот на дисциплината во училиштето

Дисциплината кај детето има цел да ги научи на саканото однесување и навики, да придонесе за нивната самоконтрола. Поради оваа улога на дисциплината во развојот на детето, според истражувањата на Доган Демиркан Оздемир (Doğan Demirkan Özdemir 25-08-2008), таа има три главни цели:

- Развивање врска (релација) втемелена на љубов, разбирање и доверба;
- Поставување камен-темелник на его-вредност;
- Развивање на моделот на разбирање на другите и покажување почит спрема другите.

Да се биде дисциплиниран е всушност разбирање и прифаќање на некоја состојба, способност да се одлучи според ситуацијата, без помош од возрасните. Тоа значи дека станува збор за долготраен и постапен процес кој постојано се гради и е условен од возраста на ученикот. Примената на ова однесување е незаобиколив дел од природното однесување на ученикот/детето во воспитно-образовниот процес. Ефективната дисциплина повеќе е продукт на позитивниот пристап во образованието, а не на казната. Казнувањето може да биде ефективно за надминување на некое непожелно однесување, меѓутоа со казнени мерки не секогаш се менува начинот на однесување.

Друга негативна страна на казнувањето е што казнетиот се поттикнува да биде агресивен, нервозен и гневен. Вршењето прекумерен притисок врз ученикот го нарушува развојот на неговата личност, ја попречува соработката и работењето во заедништво, со што се уништува креативноста кај него.

За создавање ефективна и доверлива дисциплина се применуваат неколку методи. За многумина како најлесна метода за да се постигне дисциплина се применува казнувањето. Во воспитно-образовниот процес казнувањето нема позитивно влијание, тоа треба да се применува само како последно (крајно) решение. Меѓутоа, примената на дисциплината и казната не треба да се изедначат. Дисциплината ги опфаќа методите што овозможуваат некое непожелно однесување да се промени кон позитивно, додека казната се применува како метода за намалување на несаканото однесување (Özmert, 2006).

## 3.1.3. Степени на дисциплинскиот процес

## Реакцијата на наставникот кој има проблем или е запознат со проблемот

**Превентивна интервенција:**

Многу од дисциплинските проблеми произлегуваат од крутото и авторитарно однесување и од „силата на јазикот" на наставникот, тврди Гордон (Gordon). Наставникот со својата ладнокрвност и емпатично однесување, претворувајќи го проблемот во шега може да го спречи нараснувањето на некој проблем.

**Доколку проблемот трае, тогаш треба да следува:**

**Средба со ученикот:** Клучот за коригирање на несаканото однесување е кај детето, детето треба добро да се запознае, неговите родители, и суштината на проблемот целосно да се запознава за да може потоа да се преземат соодветни превентивни мерки.

**Средба со родителот** на ученикот: со цел да се добие поддршка од родителот за решавање, т.е. надминување на настанатиот проблем.

**Средба со училишниот директор**: Доколку наставникот не може да го реши проблемот, тогаш надлежноста се пренасочува на директорот.

**Средба со училишната педагошка служба:** За проблемот што ескалира и нема забележливи знаци дека се смирува, наставникот треба да побара стручна помош и поддршка од педагошката служба составена од психолог, педагог и социјален работник, кои како стручен орган се должни да изнајдат решение.[75]

[75] (DOC) Okulda disiplin süreci = www.izmitram.com/index.php?ind=downloads&op...file

### 3.1.4.Фактори што влијаат за создавање позитивна дисциплина во училиштето

Како фактори за создавање позитивна дисциплина, според Кучукхамет (Küçükahmet, L., 1988) треба да се наведат следниве:

1. **Добра воспитно-образовна програма:** Добрата програма треба да биде подготвена и приспособена на ученичките предзнаења, на ученичките интереси и желби, бидејќи вака подготвената програма повеќе ќе ги заинтересира учениците и ќе придонесе за поконструктивна соработка во училиштето.

2. **Добар систем за водење – менаџирање:** Со добар систем на водење во училиштето може да се преземат мерки за спречување на сè уште непројавени проблеми. Ваквиот систем и ваквите мерки создаваат позитивна и доверлива атмосфера за ученикот, кој, откако ќе согледа дека надлежните се трудат да го подобрат неговото психофизичко здравје, и самиот ќе посака, ќе почувствува потреба да им помага на надлежните.

3. **Активна родителско-училишна соработка:** Увереноста дека добро и правилно се работи во училиштето, ги поттикнува родителите и учениците да им дадат поголема поддршка на вработените во училиштето.

4. **Активната употреба на училишната зграда:** Училишните објекти и нагледните средства во училиштето имаат големо влијание врз позитивноста или негативноста на дисциплината. На пр.: училиште со темни, лошо осветлени ходници може да биде место за сериозни дисциплински проблеми. Осветлените ходници, пак, пријатната боја на ѕидовите, подот и училишниот инвентар, може да придонесат за создавање услови за позитивна дисциплина.[76]

- Една од важните задачи на училиштето е да му понуди и индивидуален развој на ученикот. Задачата на наставникот е да им дава различни можности за избори и да им помага на учениците да можат да вршат здрави избори и претпочитувања.

Наставникот треба да е праведен спрема секој ученик. Кај наставниците не треба да има разликување на учениците по никаква основа.

- Пред да се одлучи какви дисциплински правила ќе постави меѓу учениците, наставникот прво самиот треба да размислува какво поведение сака да формира кај

[76] ehmetyildirim.blogcu.com/okulda-disiplin/5092982

учениците. На пр.: кога ќе му постави прашање на ученикот, некој наставник бара ученикот да стане од местото за да одговори. За некој друг наставник тоа не е најважно, туку му е важен точниот одговор, што значи дека ученикот може да одговори и седејќи, додека за трет наставник, пак, ваквите барања од ученикот ја отежнуваат меѓусебната комуникација, што значи дека и меѓу наставниците има одделни дисциплински барања за учениците.

Наставникот што има самодоверба, наместо да му определи казна на ученикот, ќе настојува ученикот да ги сфати негативните ефекти од сопственото неприфатливо поведение.

Наведените projави во однесувањето за наставникот се допонителна причина за зближување со ученикот и услов за создавање позитивна дисциплина во наставата: насмеан, добро облечен, избричен, посета на семејствата, преземање акција зависно од ученикот и неговиот проблем, познавање на личната економска состојба на ученикот и соопштување на ученикот за сознанијата, развиен приод на прифаќање на проблемите, честитање на родендените во семејството на учениците, развиена перцепција за добро-лошо; тажно-среќно дете со посветување дополнително внимание и интересирање за причините, споделување на радоста на ученикот, покривање на срамот на детето, давање надеж и доверба, навремено започнување на часот и завршување, емпатично однесување кон учениците, учтиви изрази полни со љубов, како на пример: И ти си како јас, имаме заеднички крактеристики, добро утро, повелете, зошто да не биде, ти се извинувам и др.

- Списокот на барањата за почитување на правилата за дисциплината опфаќа повеќе целни активности, пријатна средина, заемна работа, како и техники за самоконтрола на учениците.

### 3.2.Дисциплината во училницата

Училницата е местото каде што се одвиваат најинтензивните воспитно-образовни активности. Првото и основно скалило во низата на образовното раководење е училишното раководење. Училницата е место каде што наставникот и учениците доаѓаат во тет-а-тет позиција. Одовде започнува создавањето на позитивното однесување на ученикот што, впрочем, е и целта на образованието. Основните ресурси што се потребни за образованието, наставникот, учениците и наставната програма се наоѓаат во училницата. Квалитетот на образовното дејствување во голема мера зависи од квалитетот на раководењето во училницата (Başar, 2001; Sarıtaş, 2000).

Како прв чекор за успех во образованието е раководењето на одделението. За да се реализира успешно раководење во едно одделение, тоа во голема мера зависи од способноста на наставникот за раководење на одделението.

Факторите што влијаат врз раководењето на одделението се: личните својства и особини на наставникот, применетите стратегии, методите и техниките во наставата, приспособеноста на наставата на социјалната околина, блиската соработка на училиштето и семејството, физичките услови на училницата, карактеристиките и потребите на учениците, составот на училиштето, прифатените правила од страна на училиштето, како и создадената пријатна атмосфера во училницата (професионалните обележја на личноста на наставникот) (Ağaoğlu, 2002; Demirel, 2000).

Училницата треба да биде весела, сигурна, слободна и пријатна средина каде што учениците ќе можат среќно да живеат и да се развиваат.

Важни сегменти во управувањето со одделението се карактеристиките на учениците, физичкиот состав на одделението и оспособеноста на наставникот. Дисциплината во училницата не е само цел, таа е и средство со чија помош се постигнуваат наставните цели. Со помош на дисциплината се постигнува и социјалниот ред во училницата (Ada ve Çetin, 2002).

Дисциплината претставува само еден мал дел од одделенското раководење. Во одделението кое се раководи според поставените правила дисциплинските проблеми се на ниско ниво. Учениците треба либерално да се воспитуваат така што ако произлезениот проблем е поврзан со наставникот, тогаш при решавањето на проблемот учениците треба рамноправно да учествуваат. Учениците со должна почит и на

пристоен начин отворено можат да му укажат на наставникот, дека и тој погрешил. Сознанието дека при појавен проблем слободно можат да дискутираат со наставникот, за нив влијае мотивирачки. Наставникот е должен да внимава и на социјалниот живот на ученикот, доколку детето од која било причина не другарува, тој треба да изнајде начин да го внесе во друштвото.[77]

При решавањето на проблемите наставникот треба да се однесува смирено, тивко, со трпение и почит спрема учениците, на сериозен начин да ги води работите, што ќе придонесе да стекне почит и доверба од учениците. Негативното однесување со закануваwe и непочитување на учениците предизвикува нарушување на заемните врски. Како последица на ова се намалува ефективноста од реализацијата на образовната програма. Толеранцијата може да биде клуч за отворање на многу врати.

За да се постигне потребниот ред и мир, поважна е вештината за ефективно поучување на наставникот, отколку односот на наставникот спрема ученичката проблематичност.

Ако се наставните активности добро испланирани и подготвени, ако обработката на наставната единица го поттикнува и го одржува ученичкото внимание, интересот и учеството, односно ако активностите се предизвикувачки и овозможуваат реални изгледи за успешно совладување, тогаш успехот е неминовен. Успешното поучување е темел за воспоставување дисциплина.

Погрешно е да се гледа на дисциплината како на процес со кој се решава ученичката проблематичност одвоено од наставниковото поучување.

Уште поголема грешка е обидот како најважна цел да се воспостави доминација (примена на страв „во коските" како стратегија за задушување на проблематичноста). Ваквиот облик на дисциплина ќе го забави воспоставувањето на позитивната атмосфера во одделението за успешно учење и ќе го одврати наставниковото внимание како од квалитетното поучување да направи најефективно средство за да воспостави ред во одделението.

Клучот за воспоставување на добра дисциплина во одделението е ученикот да прифати дека наставникот има задача да го насочува неговото однесување и учење.

[77] www.belgeler.com/.../ilkogretim-i-kademede-gorevli-sinif-ogretmenl

### 3.2.1. Авторитетот на наставникот во училницата

Наставните активности не може успешно да се реализираат (со 30 и повеќе ученици во одделението) ако наставникот нема авторитет кој се забележува во управувањето и насочувањето на ученичките активности.

Според истражувањето на д-р Елви Пиршл (Dr. sc. Elvi Piršl) на Универзитетот Јурај Добрила од Сплит, наставникот има авторитет да го организира учењето на учениците, а не да се претставува како извор на моќност. Наставникот има најголемо влијание врз учениците ако манифестира невидлива моќ преку неговото професионално однесување, компетентност и споделена одговорност со секој ученик. За воспоставување авторитет и за надминување на ученичката проблематичност како најважни особини со кои може да се надмине проблематичноста се наведуваат следниве четири најважни особини и тоа:

- Искажување на наставничкиот статус;
- Компетентно поучување;
- Организациска контрола;
- Успешно решавање на ученичката проблематичност.

**- Искажување на наставничкиот статус:** Голем дел на авторитетот на наставникот потекнува од статусот што го има оваа функција и од вкоренетото општествено почитување. Но најважно за статусот не е дали наставникот го има или го нема, туку секогаш да се однесува како да го има.

Врз учениците, наставникот го покажува својот статус доколку се однесува опуштено, сигурно и самосвесно, а тоа ќе го постигне со гласот, држењето на телото, изразот на лицето и со директен очен контакт.

Упатствата што им ги соопштува наставникот на учениците треба да бидат искажани со нормален, смирен тон кој сугерира дека се очекува послушност и извршување без приговор. Наставникот треба да знае како да започне разговор, да го насочува и да го заврши, да одлучува кога ќе започне, односно, кога ќе заврши со одредени активности, всушност, да владее со ситуацијата.

- **Компетентно поучување:** Вториот најважен извор на наставниковиот авторитет е компетентното поучување. Пред учениците наставникот мора да покаже дека целосно ја знае материјата за конкретната тема од одредена област, да ги заинтересира и при тоа стручно да може да ги организира наставните активности. Неговата изразена компетентност ќе предизвика почит кај учениците. На овој начин се потврдува дека наставникот е способен да управува со однесувањето на учениците.

- **Организациска контрола:** Третиот, најважен извор на наставничкиот авторитет, е неговата организациска контрола во училницата. За да се одвиваат успешно активностите, наставата мора да започне навреме, учениците треба да бидат вклучени во активностите, а премините од една на друга активност да се неосетни.

Најважниот аспект на организациската контрола вклучува поставување јасни правила на однесување и очекувања во врска со однесувањето на учениците, што всушност претставува наметнување на наставничкиот став во ситуациите кога се појавува каква било конфликтна ситуација.

**- Како успешно да се реши ученичката проблематичност?**

Најкорисни мерки за решавање на ученичката проблематичност се:

- **Со погледот да се шета по одделението** со цел да се забележи дали некој ученик има проблем, и доколку има, неопходно е наставникот да се приближи до ученикот и да провери во што е проблемот за да може потоа да продолжи зададената активност.
- **Да му се даде помош** на ученикот како да изврши одредени активности или да се поттикне на работа доколку нешто не му е јасно.
- **Поединечно да се испитуваат** – прашањата да се поставуваат рамномерно на целото одделение, а не само на неколку ученици, односно, сите ученици да бидат активни и внимателни на часот.
- Наставникот со **менувањето на брзината и активностите** на работата на часот може да придонесе за поголема активност на учениците во извршувањето на задачите.
- Недисциплинираниот ученик само со кратко застанување при излагањето или

со остар поглед да му се сигнализира, ќе ја прими пораката.[78]

### 3.2.2. Класификација на несаканото однесување на учениците и причините за нивната појава во училницата

Според степенот на тежината на создадените манифестации на непримерно однесување на учениците во училницата може да се појават следниве три категории дисциплински проблеми:

1. **Непроблемски (непроблематични) однесувања**. Како проблеми во училницата може да се наведат следните однесувања на учениците: ученик што ги вознемирува другите, што ги нарушува, т.е. ги попречува училишните активности, што се однесува спротивно на училишните и наставничките барања или ученик што создава безредија и мешаница во училницата (гледање настрана, свиркање, тропање на клупите или туркање).

2. **Мали проблеми**: прекумерно вонннаставно однесување, на пр.: викање со висок тон на глас, лажење, имитирање, меѓусебно допишување во училницата, како и забележлива мисловна отсутност, т.е. незаинтересираност за наставата.

3. **Важни проблеми**: однесувањето на учениците што ја спречуваат наставничката и ученичката работа подразбира: непочитување на наставничките и барањата на училиштето, удирање, постојано создавање викотници, расправија со другите ученици, зборување за да се наруши вниманието на другите, физичко напаѓање, оневозможување на другите ученици да ја вршат работата и да учествуваат во училишните активности, оштетување на училишниот инвентар и др. Однесувањата во оваа група се сериозни, но со училишните правила и притисоци може да се изолираат.[79]

**Најважни причини за проблематичноста се:**

- **Здодевност:** доколку активностите се организирани така што не успеваат да го побудат и да го одржат вниманието на учениците, или ако се предолги и не се поттикнувачки, односно ако се прелесни или неважни, тогаш на учениците сигурно ќе им биде здодевно.

[78] www.ffpu.hr/fileadmin/.../Disciplina_01.pp

[79] Aydın, Ayhan (Ајдин, Ајхан) *Sınıf Yönetimi*, Anı Yayıncılık, Ankara, 1998, s. 138.

- **Долготраен умствен напор:** повеќето од училишните активности бараат континуирани умствени напори и тоа ги исцрпува учениците. Понекогаш тоа секому му претставува сериозна тешкотија и потребен е голем напор за да се одржи концентрацијата.

- **Неможност да се изврши некое задолжение:** можно е учениците да не успеваат да го направат тоа што се бара од нив, било поради преголемата тежина на поставената задача, или ако не им е разјаснето што точно треба да се прави.

- **Дружељубивост – другарство:** учениците во училиштето живеат сложен општествен живот: се спријателуваат, но се појавуваат и конфликти, се создаваат заеднички интереси. Овие аспекти од општествените односи меѓу учениците честопати се одразуваат и врз наставата;

- **Ниска училишна самосвест:** на некои ученици им недостига самодоверба, како на учениците кои во минатото доживувале чести неуспеси и потоа без посебен интерес се вклучуваат во работата, затоа што се плашат од нови неуспеси. Таквите ученици можат потполно да се откажат од училишните очекувања кои се дел од позитивната одделенска атмосфера.

- **Емоционални проблеми:** некои ученици можеби имаат емоционални проблеми. Тоа им го отежнува приспособувањето на барањата на животот во училиштето и во текот на наставата, а се јавува како последица на застрашувањето во училиште или поради запоставеноста и игнорирањето во домот. Таквите ученици често сакаат да привлекуваат внимание, поправо, тие уживаат кога со својата проблематичност–недисциплина го привлекуваат наставниковото внимание или вниманието на своите другари.

- **Негативен однос:** Некои ученици едноставно можеби не го ценат добриот успех во училиштето и кога работата им е предосадна или претешка, тие се исклучуваат од неа. Некои ученици намерно се задеваат за да создадат извесна тензична атмосфера.

- **Недостатокот на негативни последици:** Кога ученикот има лошо поведение, наставникот мора секогаш навремено да интервенира за да може ученикот повторно да почне да работи. Доколку интервенциите од наставникот се правовремени, постојани и доследни, недисциплината на ученикот ќе се намалува.[80]

[80] www.ffpu.hr/fileadmin/.../Disciplina_01.pp

### 3.2.3. Фактори што влијаат за појавата на непожелно однесување на учениците во училницата

И најкомпетентните наставници во одделенијата се сретнуваат со различни проблеми.

Несаканите однесувања што се случуваат во воспитно-образовната работа на наставникот во основните училишта се важни дисциплински проблеми во спроведувањето на образованието. Сите однесувања на учениците што го нарушуваат нормалното одвивање на наставата во училиштето се именуваат како непожелно однесување. Со несоодветно однесување во училиштето недисциплинираните ученици не ја попречуваат само воспитно-образовната работа, туку придонесуваат за појава на вознемиреност во училницата.

Несаканите однесувања на учениците зависат од возраста, полот, социо-економските состојби и од психолошките карактеристики, а тие различно се манифестираат во средината. Однесувањето зависи и од времето, од местото и од условите во кои се манифестира и во зависност од нив добива позитивни или негативни карактеристики.

Доколку има некое несакано однесување во училницата, тоа значи дека има некоја причина. Таа може да потекнува од наставникот, од некој ученик, од физичкиот состав на училницата (од бројот на учениците, од осветленоста, од топлината, од инвентарот во училницата), или од училиштето во кое се наоѓа училницата или од блиската околина на училиштето. За успешно справување со ваквите несакани однесувања, задолжително треба да се знаат/дознаат причините за појава на овие однесувања.[81]

**Вонучилнички фактори**. Голем дел од проблемите што настануваат во училницата се производ од некои настани што се случиле надвор од училницата. Изворите на главните училишни однесувања на учениците потекнуваат од околината во која живее ученикот, од семејната средина и од училиштето. Степенот на воспитаност на луѓето во опкружувањето има големо влијание врз воспитувањето и врз однесувањето на учениците. Доколку наставникот ги земе предвид само внатрешните

[81] İlgar, Lütfü (Илгар, Лутфу) *Eğitim Yönetimi, Okul Yönetimi, Sınıf Yönetimi*, Beta Yayıncılık, İstanbul, 2000, s. 167 Başar, Hüseyin, (Башар, Хусеин) *Sınıf Yönetimi*, Milli Eğitim Basımevi, İstanbul,1999, s. 95

фактори на однесувањето, а ги занемарува надворешните фактори, тогаш нема да постигне успех, а доколку се постигне одреден успех, тоа нема да биде коренито решавање на проблемот, така што тој ќе се појави пак во иднина.

**Надворешните фактори** се: училиштето, околината и семејството.

**Училиште:** некои дисциплински проблеми што потекнуваат од самото училиште се голем број ученици во одделението, физичките својства на училиштето, поставените правила, неземање предвид, т.е. игнорирање на интересот и желбата на учениците, слабо раководство, непосакувани одлуки, слаба комуникација на родителите со училиштето, недоволна поврзаност на вработените, намалена мотивација, недостаток на наставен кадар, неинтересни програми и средина за поучување и сл. се неколку променливи индикатори кои, рефлектирајќи се во внатрешноста на училницата, имаат големо влијание врз поведението на учениците. Исто така, немањето материјали што се потребни за воспитно-образовната работа негативно влијае на училишната дисциплина. И различното толкување на истиот дисциплински проблем од различни наставници и од раководството на училиштето нема продуктивно влијание врз дисциплината.

**Околина:** најголем фактор за недисциплината е социјалната околина на училиштето. Физичката, културната и социјалната средина на училиштето имаат големо влијание врз однесувањето на ученикот. За да има позитивно влијание врз несаканите однесувања на учениците, наставникот треба добро да ја познава училишната околина, економското и социјалното минато на околината. Околината има големо влијание врз однесувањето на ученикот. Понекогаш не е можно да се менува однесувањето на ученикот без да се менува средината.

**Семејство:** семејството е примарно место каде што детето почнува да ги стекнува основните навики во однесувањето. Голем дел од времето учениците го поминуваат со своите најблиски. Првите социјални контакти и првите несакани појави во однесувањето тие ги стекнуваат во своите семејства. Јадрата на проблематичните однесувања, исто така, се поставуваат во семејствата. Членовите и образовното ниво на семејството се влијателни фактори за однесувањето на учениците. Некои дисциплински проблеми што се јавуваат во училницата се предизвикани од неконзистентното однесување на родителите во семејството. Затоа, за да реши или да спречи некои од

дисциплинските проблеми, наставникот треба добро да го познава семејството и да има добра соработка со родителите.

Проблеми за недисциплинираноста на децата што потекнуваат од неправилното однесување на родителите се: викање по децата, издавање наредби, понижување, насилство, прекумерна контрола, давање условена љубов, споредба меѓу браќата, неблагодарност, неизвинување, лутење или повлекување, давање прекумерно задоволство, неодобрување на децата за самоконтролирање, неодвојување посебно време за децата, избегнување од конфронтирање, давање помалку отколку што му е потребно, барање повеќе отколку што му се можностите на детето, слаби брачни врски и др.[82]

**Внатрешни фактори во училницата**: колку што надворешните фактори имаат влијание врз недисциплината, толку и некои внатрешни фактори ја поттикнуваат недисциплината. Носечки внатрешни фактори се: **наставникот, ученикот** и **физичката средина во училницата.**

**Причини што потекнуваат од наставникот:** квалификацијата на наставникот и квалитетот на раководењето на одделението имаат големо влијание врз успехот. Еден од првите услови во активното раководење на одделението е наставникот добро да ги познава своите ученици. Наставникот треба да им кажува на учениците кое однесување и каде е прифатливо, а кое не е, и да даде образложение зошто е неприфатливо. Неспособните наставници имаат голем удел во создавањето на несаканите однесувања кај учениците. Редовно активниот наставник не дозволува да има пасивен ученик на час, или, пак, да биде расеан. Наставниковото исмејување, арогантно зборување, разликување меѓу учениците, недоволната комуникација со учениците, како и слабата општествена оспособеност на наставникот можат да бидат фактори за појава на недисциплинирано однесување на ученикот. Исто така и наставниковите карактерни особини на личноста, слабата самодоверба, потрошеноста, стравот од неуспех, личните проблеми и слабата љубов спрема децата можат да бидат причини за недисциплинирано поведение во училницата. (Како причини за недисциплината што

[82] Aktaran: BAŞAR, s. 106 (Актаран: Башар)
Apuhan, Recep Şükrü (Апухан. Реџеп Шукру) *Etkili Öğretmenin Temel Davranışları*, Timaş Yayıncılık, İstanbul, 2002, s. 128.
Türnüklü, Abbas, ZORALOĞLU, Yunus, GEMİCİ, Yusuf, *(Турнуклу, Аббас, Зоралоглу, Јунус, Гемиџи, Јусуф)* "İlköğretim Okullarında Okul Yönetimine Yansıyan Disiplin Sorunları", *Eğitim Yönetimi*, Cilt 7, Sayı 27, yaz 2001, s. 436.

потекнуваат од односот на наставникот можеме да ги наброиме следниве: наставниковото неконзистентно однесување спрема учениците, неговата неподготвеност, т.е. доаѓање на час без подготвен план за работа, неприспособено предавање за ученичките способности, изложување на лични проблеми во училницата, обраќање кон учениците на висок тон, понижување, навредување и физичко малтретирање, немање доволна емпатија спрема учениците, правење дискриминација меѓу учениците, неблагодарност, преголема вознемиреност, задоцнување на час, ненаградување, очекување повисок успех од капацитетот на учениците и др.).

Во долуприкажаната **табела бр.1** се дадени несаканите однесувања на учениците кои се јавуваат како последица од несоодветното однесување на наставниците, која е преземена од www.rehberlik.biz/ogretmenlere-disiplin-saglama-konusunda-oneriler/, zeynepdarcin.blogspot.com/.../sinifta-istenmeyen-davranislarin.html:

ТАБЕЛА Бр. 1

| **Наставнички однесувања** | **Несакани ученички однесувања** |
|---|---|
| 1-Закана со оценка | 1-Страв, учење за оценка, почитување авторитет |
| 2-Давање задачи поради казна | 2-„Оладување" "Оддалечување" "демотивација" од час, бунт |
| 3-На часот примена само на методот на предавање, неохрабрување, немотивација, недолично однесување | 3-Мечтаење, интерес за други нешта, неследење на часот и расеан интерес |
| 4-Неконтролирање на задачите | 4-Нерешавање на задачите, недоволно решавање на задачите, незаинтересираност |
| 5-Вртење со грб кон одделението | 5- Насочување на друго нешто |
| 6-Неисправење на погрешните однесувања | 6-Продолжување на несаканото однесување |
| 7-Давање збор само на успешните ученици | 7- Поттикнување на некомуницирање |
| 8-Претераното критикување на погрешното однесување или на одговорот | 8- Молчење, недоаѓање на училиште |
| 9-Испитување на непоучени теми | 9-Насочување кон вршење активности како препишување од другите |
| 10-Лошо планирање, оставање на учениците без задача | 10-Ориентирање на негативни вонннаставни однесувања |
| 11-Создавање дисциплина со притисок | 11-Оштетување на училишниот мебел |
| 12-Стоење на несоодветно место, од каде што не може да ги гледа сите ученици | 12- Насочување на оние ученици кои не се гледаат на вонаставни активности |
| 13-Посакување средства од учениците без да се гледа на нивната економска состојба | 13-Затворање на ученикот во себе, крадење, неодење на училиште |

| | |
|---|---|
| 14-Неинформирање за саканите однесувања | 14-Неоспособеност за определување на саканото и несаканото однесување |
| 15-Ученикот наместо за однесувањето, да биде критикуван за својата личност | 15-Ученикот станува повлечен, затворен, се засилува некомуницирањето |
| 16-Несоздавање погодна средина за саканото однесување | 16-Продолжување на несаканото однесување |
| 17-Ненавремено стимулирање за саканото однесување | 17-Неможност за покажување на саканото однесување |
| 18-Неоспособеност за определување на правиот и виновниот ученик | 18-Несакано однесување спрема наставникот |
| 19-Наставникот во наставата работи ладнокрвно, не создава пријатна атмосфера | 19-Негативно однесување спрема наставникот и часот |
| 20-На некои ученици им се обраќа по името, а на некои не | 20-Љубомора, оладување од часот и наставникот |
| 21-Субјективна употреба на наградата и казната | 21-Љубомора, „оладување", оддалечување, демотивација од часот и од наставникот |
| 22-Неприменување добар мајчин јазик | 22-Арогантно зборување |
| 23-Неоспособеност да се разликува успешниот од неуспешниот ученик (давање исти оценки) | 23-Незаинтересираност на часот, несакање на наставникот, развивање протест |
| 24-Примена на физичка казна | 24- Проблемите ги решава препирајќи се со своите другари, лажење, прекумерен сомнеж, противставување |

**Причини што потекнуваат од учениците:** ученици што имаат емоционални проблеми, доколку не можат да се справат со поставените одговорности од страна на училиштето, тешко ќе можат да се адаптираат на училиштето и на училницата. Некои ученици поради неуспехот во наставата честопати се трудат да ја расипат атмосферата во училницата. Слабата комуникација и интеракција на ученикот со наставникот и со другарите во училницата, немањето љубов кон училиштето, немањето другари во училиштето се причини кои го поттикнуваат ученикот да биде проблематичен во училницата.

Според Дреикурс и Нелсон (Dreikurs & Nelson), во основата на недисциплинираното однесување на ученикот се четири основни причини и цели:

- Да се привлече вниманието на другите.

- Собирање сила – да се дојде до сила. (Ученикот да се засили)

- Да се одмазди некому.

-Покажување немоќ.[83]

**Причини што потекнуваат од физичката средина:** физичките услови на училницата, многубројноста на учениците, бучавата, недоволната осветленост, несоодветната температура или непријатната боја на амбиентот во училницата имаат големо влијание врз однесувањето на учениците. Како што е важен редот во училницата, исто така и распоредот на седење на учениците има влијание врз дисциплината и успешноста на наставата во училницата.[84]

### 3.2.4. Стратегии и техники (активности) за спречување на појавата на несаканите – проблематични ученички однесувања во училницата

Ученичкото неконтролирано останување во училницата има големо влијание врз појавата на недисциплинирано однесување на детето. Ученичката недисциплина потекнува или од наставникот, или од неговата неспособност да ја контролира работата.

Како стратегии и техники за спречување на појавата на недисциплинираното однесување се:

1. **Редовно следење на учениците**: наставникот за време на часот редовно треба да ги следи своите ученици. Местото на наставникот треба да биде позиционирано така што ќе може непречено да ги гледа сите ученици.

2. **Мотивација на учениците:** мотивацијата да трае до крајот на часот. Во наставата ученикот да е во центарот на наставата, а не наставникот. Да се отфрлат методите на работа кои го ставаат наставникот во центарот на наставата, ученикот да има можност повеќе да е активен за време на наставниот час. Не е препорачлива врската наставникот активен – ученикот пасивен, туку наставникот да има улога на водач, помагач и насочувач на активностите на учениците.

3. **Познавање на интересите на учениците:** Наставникот мора да води сметка за степенот на заинтересираноста на учениците за часот. Ако забележи дека се јавува

[83] Celep (Џелеп) 2002, стр.194-197.
[84] Tertemiz, Neşe (Тертемиз, Неше) "Sınıf Yönetimi ve Disiplin", *Sınıf Yönetimi,* Editör Leyla Küçükahmet (Лејла Кучукахмет), Nobel Yayıncılık, Ankara, 2001 s. 58; (www.egitim.aku.edu.tr/davranis.doc)

здодевност кај учениците, тоа треба да се надмине со примена на различни методи, средства, форми и друго. Развивање на различни дискусии за некој дневен настан, играње некоја логичка игра или некоја слободна активност на учениците се дел од активностите со кои се поттикнува заинтересираноста.

4. **Поставување на училнички правила**: Наставникот уште на почетокот на учебната година треба да им ги објасни правилата на однесување на учениците, воедно треба да им објасни на учениците зошто треба да се почитуваат тие правила, па дури и на родителите треба да им бидат познати правилата, така што е пожелно тие да им бидат испратени во писмена форма. Општо, учениците не се противат на поставените правила, туку тие се противат на начинот на применувањето на тие правила од страна на некои наставници.

Комплетната стручна подготвеност на наставниците, силната мотивираност и развиениот алтруизам се едни од факторите за спречување на недисциплинирано однесување. Силната мотивираност и заинтересираност на учениците за часот ги намалуваат можностите за појава на непримерно однесување. Иако се добро мотивирани и заинтересирани, сепак понекогаш може да се случи одредено непримерно однесување на учениците кое може да се надмине ако редовно се следи и навремено се постават правилата на однесување.

### 3.2.4.1. Стратегии и техники што можат да му помогнат на наставникот во справувањето со дисциплинските проблеми на учениците во училницата

Дејв Фоли[85] предлага неколку практични совети за наставниците, кои може да им помогнат во справувањето со дисциплинските проблеми во училницата или да ги спречат да настанат, така што тие ќе можат да посветат повеќе време од часот на предавање.

1. **Бидете главни на вашиот час**

Свртете го вниманието на сите ученици накај вас уште пред почетокот на часот. Тоа значи дека лекцијата нема да биде започната, предавањето нема да започне и ништо нема да биде напишано на табла сè додека сите ученици не се седнати на своите

[85] www.nea.org/tools/51721.htm - ; *NEA* - 6 Classroom Management Tips Every Teacher Can Use

места и не го насочат вниманието. Не е потребно само да викнете „тишина" или „нема да почнам сè додека не сте спремни" за да го добиете потребното внимание. Ефект би имало доколку, едноставно, застанете на средина на училницата и започнете разговор со кој би ги заинтересирале, на пр.: „Дали го гледавте натпреварот вчера?" Или на некој друг начин. Часот да се започне со неколку вакви коментари кои ќе им го привлечат вниманието и да се продолжи со испланираниот тек откако сите ќе внимаваат. Треба да се запомни: предавањето не започнува сè додека сите очи не се насочени во наставникот.

**2. Фокусирајте се на немирните ученици**

Наставникот треба да биде сигурен дека го има вниманието на сите во училницата пред да почне со наставните содржини на часот. Наставникот не треба да се обидува да предава ако некои од учениците не му обрнуваат внимание и меѓусебно разговараат.

Некои неискусни наставници понекогаш мислат дека со започнувањето на часот класот ќе се смири. Учениците ќе увидат дека е предавањето во тек и дека е време за работа. Понекогаш тоа функционира, но учениците исто така може да помислат дека тој сака да се натпреварува со нив, дека не му пречи да зборува додека зборуваат и тие, или дека е тој подготвен да зборува погласно, па тие да можат да си го довршат разговорот и покрај тоа што е започната наставната единица.

Наставник кој зборува меко секогаш има смирена и тивка училница, за разлика од оној со силен глас. Неговите ученици седат мирни за да слушат што им зборува наставникот.

**3. Дозволете им на учениците да изберат каде ќе седат**

На почетокот на учебната година дозволете им на учениците да одберат каде сакаат да седат. По неколку дена кажете им дека треба да одберат место на кое ќе седат до крајот на учебната година. Кога учениците ги избираат местата, се чувствуваат како да ги поседуваат тие позиции и се стремат да се однесуваат убаво со цел да не бидат преместени од нивното место.

**4. Мотивирајте ги да се потрудат околу извршувањето на задачите**

Доколку задачите не се оценувани индивидуално, учениците можат да почувствуваат дека немаат причина да вложат напор за да ги извршат најдобро што

можат. Како пример може да биде активност за загревање која наставникот често ја користи за да го започне часот.

Применлива стратегија, за да се извлече добра изведба за задача која не се оценува е да им се каже на учениците дека по случаен избор ќе избирате една домашна задача и ќе ја поправате пред целиот клас. Доколку во таа домашна задача нема грешки, целиот клас ќе нема вежби за загревање за наредниот ден и доколку е домашната совршено изработена, тој ученик станува херој во класот. Доколку, пак, на ученикот задачата не му е точна, тогаш на тој ученик му се дава дополнителна домашна задача и доколку тој не ја изврши задачата, тогаш ќе биде негативно оценет.

Друга стратегија за да се мотивираат учениците да бидат фокусирани на работните задачи е оние ученици што не се сконцентрирани да останат неколку минути по часот. Доколку неработењето на часот не се казнува, учениците нема да имаат причина да работат.

**5. Гледајте ги вашите ученици**

Часот се одвива многу подобро доколку можете да ги гледате сите ученици. Свртете го грбот и можете да се изненадите. Застанете на позиција така што можете да го гледате поголемиот дел од класот. Внимавајте додека предавате или се движите во училницата, обидете се да ги гледате учениците во очи што е можно повеќе.

**6. Воспоставете последици за несоодветно однесување**

Добриот наставник започнува со првиот ден во училиште. Штом ќе се запознаат учениците со последиците од несоодветно однесување, тие вообичаено се однесуваат добро. Еве три чекори кои ќе ви помогнат да поставите правила за несоодветно однесување:

Одлучете кои последици ќе имаат ефект врз вашите ученици. Запрашајте се што не сакаат вашите ученици да им се случи – на пример, не сакаат да бидат преместени од местото, или да добијат негативни коментари од своите соученици. Овие работи направете ги како последици за утврденото несодветно однесување на учениците.

Кажете им на учениците дека ќе има последици за несоодветно однесување. Најпрво, кажете им дека ќе го напишете нивното име на табла. Кажете им дека во зависност од тоа колку време се немирни на часот, толку време ќе останат по часот, така што тие самите ќе си ја контролираат иднината. Доколку престанат да се однесуваат несоодветно, најверојатно, ќе останат кратко, но ако продолжат со лошо поведение, тогаш ќе останат подолго. Кажете им дека ако станат примерни ученици нивното име ќе биде избришано од таблата.

Држете се до својот став, покажете им на учениците дека сте сериозни за казните за несоодветното однесување и тие ќе ве сфатат сериозно.[86]

Наставникот во училницата го дефинира начинот на организирање, водење и функционирање на класот/часот. Наставниковата успешност во училницата е поврзана со мотивацијата, дисциплината и поучувањето. Успешниот наставник овозможува учениците да се чувствуваат успешни, среќни, весели и корисни во одделението. Наставникот во училницата другарски и партнерски се однесува без да применува сила при работата со учениците. Наставникот во наставниот час треба повеќе да се фокусира на невнимателните деца со цел благовремено да ги открие проблемите што треба да се спречат или да се поправат. Водејќи го одделението, наставникот треба многу да внимава на мотивацијата на учениците, затоа што ако учениците не се добро мотивирани на часот, тогаш како и да се работи пак ќе има различни дисциплински проблеми кои негативно ќе влијаат на успешноста на часот.

### 3.2.4.2. Стратегии и техники за подобра дисциплина во училницата

Во практиката се препорачуваат неколку стратегии и техники кои можат да се употребуваат во секоја училница за да се постигне ефективно раководење на одделението и негова контрола. Овие стратегии и техники се адаптирани од *Буквар на дисциплина во училницата* од Томас Р. Даниел, издадена во 1986 година:

**1. Директни инструкции**

Неизвесноста го крева нивото на возбуда во училницата. Оваа техника на директни инструкции се состои во започнување на часот со тоа што ќе им се каже на учениците што точно ќе се случува. Наставникот истакнува што ќе се работи на часот. Тој може и да определи рок за завршување на некоја задача.

Ефективен начин да се поврзе оваа техника со техниката фокусирањето на наставникот е да се остави време на крајот од часот за да може учениците да се активираат по нивни избор. Наставникот може да го заврши описот на активностите што ќе се извршуваат на часот со вакво образложение: *И јас мислам дека на крајот на*

---

[86] 6 Classroom Management Tips Every Teacher Can Use ) - (www.nea.org ›... › Articles & Resources).

*часот ќе ни остане време да поразговараме за вашите пријатели, да одите до библиотека или да завршите некои работи што ви се потребни за другите часови, односно предмети.*

Наставникот треба да има трпение да почека додека не го добие целосното внимание од одделението, знаејќи дека на крајот од часот ќе има дополнително време да ги исполни своите цели и задачи. Учениците на тој начин ќе сфатат дека колку повеќе наставникот го чека нивното внимание за да започне со часот, толку помалку слободно време ќе имаат на крајот од часот.

**2. Набљудување**

Клучното за овој принцип е наставникот да се движи. Наставникот треба да стане и да се движи низ училницата. Додека учениците работат, наставникот треба да кружи низ училницата. Неопходно е да се проверува нивниот напредок. Ефективниот наставник поминува низ целата училница за две минути откако учениците започнале да ја пишуваат својата задача. Тој проверува дали секој ученик почнал, дали е на правилната страница и др. Набљудувањето е важно. Пред да започне со набљудувањето, учениците треба да имаат веќе решено една или две од задачите, за да може да провери дали се одговорите соодветни. Ако е потребно, тој може да им дава индивидуални упатства на учениците.

Учениците што сè уште не се смириле, а часот е во тек, ќе мора да се смират кога ќе видат дека наставникот им пристапува. Оние што се расеани или побавно започнуваат со задачата може да бидат потсетени да започнат со работа.

**3. Моделирање**

Наставниците што се љубезни, брзи, ентузијастички, трпеливи, се контролираат и се организирани и со своето однесување претставуваат пример за учениците.

**4. Невербални сигнали**

Во категоријата невербални сигнали спаѓаат изразите на лицето на наставникот, држењето на телото и сигналите со рацете. Наставникот мора внимателно да избере какви невербални сигнали ќе употребува во училницата. Исто така, неопходно е да се одвои време за да им се објасни на учениците што треба да прават кога наставникот ќе ги употреби тие сигнали.

**5. Контрола на опкружувањето**

Училницата треба да биде топло и весело место. Учениците уживаат во опкружување кое се менува периодично. Училници со слики и бои поттикнуваат ентузијазам кај учениците за односниот предмет.

**6. Низок профил на интервенции**

Ефективниот наставник ќе внимава немирниот ученик да не стане фокус на внимание на останатите ученици. Наставникот ќе ги надгледува активностите во училницата со тоа што движејќи се низ неа го „покрива" сиот работен простор. Тој ги предвидува проблемите уште пред да се случат тие. Пристапот кон некој немирен ученик ќе биде незабележлив, без театралност, со цел да не се одвлече вниманието на останатите ученици.

Додека предава, наставникот ефективно ја користи и интонацијата при зборувањето. Ако види дека некој ученик зборува и е невнимателен на часот, едноставно го вметнува неговото име додека тој зборува, на пример: *И како што гледаш, Мирко, оваа колона ја носиме кај останатите десет.* Споменатиот ученик, кога ќе го слушне своето име веднаш престанува со разговорот и се враќа на задачата што се решава во тој момент, а при тоа ученикот нема да го посрамите пред одделението. Другите ученици дури и нема да го забележат сето тоа.

**7. Наметлива дисциплина**

Ова е традиционален начин на поставување на лимит и авторитет. Применувањето на оваа техника, онака како што го презентира Ли Кантер (кој ја има поставено оваа техника како една од најпознатите и најприменувани), ќе му обезбеди успех на наставникот. Оваа техника овозможува дисциплина на високо ниво. Наставникот е главен и ниту еден ученик нема право со недисциплинирано поведение да го попречува учењето на другите ученици. Поставени се јасни правила и тие се спроведуваат без какви било исклучоци.

Како што се гледа, ова техника придонесува во училницата да владее автократскиот стил на раководење со одделението, која не соодветствува со барањата на демократскиот стил на наставата, која придонесува потполно да се развива позитивната дисциплина која е и целта на овој труд и на денешното современо општество во целина.

**8. Наметнати Јас-пораки**

Овој вид пораки, кои се дел од наметнатата дисциплина ги користи наставникот за да се справи со немирните ученици. Најчесто тоа се јасни описи за тоа како треба да се однесува ученикот. Наставникот кој правилно ќе ја употреби оваа техника ќе успее да го фокусира вниманието на учениците и ќе го добие она однесување на учениците кое го посакува. Најчесто пораките се во форма на: *Јас сакам да... Јас очекувам да...* и др.

**9. Хуманистичка Јас-порака**

Овие лични пораки се израз на нечии чувства. Томас Гордон, креатор на книгата *Ефективен начин за обука на наставници* укажува дека овие лични пораки треба да се поделат на три дела, и тоа:

Првите вклучуваат опис на однесувањето на ученикот. *Кога зборуваш додека јас зборувам...*

Вториот дел е поврзан со ефектот што го има оваа ситуација врз наставникот: *Морам да го прекинам моето предавање...*

Во третиот дел му се дава до знаење на ученикот какви чувства предизвикува неговото непримерно однесување кај наставникот:*...Кое навистина ме вознемирува...*

Во еден случај кога наставникот бил попречен во своето предавање од страна на ученик кој постојано зборувал, тој многу моќно ги изразил овие чувства кажувајќи: *Не знам што имам направено за да не го заслужам твоето почитување, како што го имам од останатиот дел од одделението. Ако сум бил груб кон тебе или невнимателен на кој било начин, те молам кажи ми. Имам впечаток дека некако сум те навредил и затоа сега не сакаш да ме почитуваш.* По овој говор ученикот повеќе не зборувал на час додека наставникот предавал.

**10. Позитивна дисциплина**

Наставникот треба да применува правила во училницата кои ќе го опишуваат начинот на којшто тој сака да се однесуваат учениците, наместо да ги кажува работите што не смеат да ги прават. На пример, наместо *Не трчајте низ училницата* подобро е да се употреби: *Движете се низ училницата на уреден (добар, пристоен) начин*. Или, наместо: *забрането џвакање мастики – Оставете ги мастиките дома*. Наставникот

треба да направи правилата да ги искажуваат неговите очекувања. Со тоа ќе им даде на знаење на учениците какво поведение очекува од нив. Потребно е и да се искажуваат пофалби при добро однесување на учениците. Пофалбите може да се даваат и вербално и невербално. [87]

Има голем број техники што се применуваат со цел да се постигне дисциплина во училницата. Со примена на некои од нив забележливи се позитивни ефекти, но примената на некои од овие техники може да предизвика и негативни ефекти. Томас Р. Даниел образложува неколку техники со кои може да се постигне ефективна дисциплина во училницата, како што се: фокусирање, директни инструкции, набљудување, моделирање, невербални сигнали, контрола на опкружувањето, низок профил на интервенции, наметната дисциплина, наметнати „Јас-пораки", хуманистичка – „Јас-порака" и позитивна дисциплина.

Како да се справи наставникот со недисциплинираните ученици? Тоа треба да го направи незабележливо за другите ученици. Наставникот не треба директно да го опоменува ученикот да престане со зборување, туку да постапи на поинаков начин, како на пример, како што веќе беше кажано, со вметнување на името на ученикот во текот на предавањето. Кога ученикот ќе го слушне своето име, автоматски престанува со зборување, без да биде принуден наставникот да му упатува опомени кои би го привлекле и вниманието на останатите ученици. Од голема важност за поттикнување на доброто однесување на учениците е и пофалбата, која наставникот треба да ја ползува секогаш кога е тоа применливо.

Со примена на техниките што ги има дефинирано Томас Р. Даниел може да се постигне подобра дисциплина во училницата, а тоа ќе придонесе за постигнување подобри резултати во работата на наставникот и на учениците, како и формирање квалитетен однос меѓу наставникот и ученикот заснован на меѓусебна доверба и почитување.

---

[87] (http://www.honorlevel.com) - 11 Techniques for Better Classroom Discipline

### 3.3. Методи за менување на непожелното однесување на учениците

Управување со одделението значи организирање на изворите на знаења, ефективно средување на средината за учење, следење на ученичкото напредување, способност за предвидување на проблеми што може да се појават, односно, животот во одделението да се управува како добро организиран оркестар. Неефективното управување на одделението доведува до поголеми можности за појава на несакано однесување на ученикот, што резултира со послаб успех во одделението.

За успешно спроведување на воспитно-образовната работа наставникот треба да има способности, да креира ефективни управувачки стратегии во училницата и вештини за превенирање на непојавените несакани однесувања. При појава на непримерните однесувања да има на располагање стратегии за нивното надминување.[88]

#### 3.3.1. Управување на однесувањето

Управување на ученичките однесувања е акција која е во согласност со одделенските норми и правила. Според Озјурек (Özyürek) во организирањето ефективна средина за учење и обезбедување ред во училницата (управување на однесувањето), наставникот има две значајни задачи:

- Учениците во одделението да можат да покажат соодветно однесување со целите на часот и да се преземат соодветни превентивни мерки за редовноста на примерното поведение.
- Правење на можни исправувања за менување во позитивна насока на однесувањето на учениците кои не се во согласност со целите на одделението и наставата.

Наставникот е одговорен за однесувањето на учениците во училницата. Конзистентниот и решителен однос на наставникот позитивно ќе влијае на однесување во класот. Однесувањето на наставникот треба да се разбирливи и поучувачки за возраста на учениците.

[88] www.ozelegitimsitesi.com/.../davranis-degistirme-yontemleri.html

Демократската одделенска средина има големо влијание врз управувањето на однесувањето.[89]

### 3.3.2.Поим за посакувано однесување

Управувајќи со внатрешно одделенските однесувања, наставниците прво треба добро да ги одвојат саканите и несаканите однесувања на учениците. Наставникот е должен анализирајќи ги условите во кои се наоѓаат, да дефинира какви посакувани однесувања очекува од своите ученици.

За реализација на посакуваното однесување треба да се внимава на следниве принципи:

- Главните фактори и потреби, всушност, се насочувањата на ученичките однесувања.
- Наставникот треба да се труди учениците самостојно да се развиваат.
- Целта на образованието е да подигне среќни и продуктивни лица и знаења и способности кои ќе помагаат во реализацијата на примарна цел – продуктивно и култивирано општество. Учениците имаат потреба од такви наставници чии зборови се совпаѓаат со однесувањето и бараат наставник кој ќе биде пример за учениците.
- Животот во училиницата го подготвува ученикот за демократски живот.[90]

[89] www.ozelegitimsitesi.com/.../davranis-degistirme-yontemleri.html
[90] www.ozelegitimsitesi.com/.../davranis-degistirme-yontemleri.html

### 3.3.3. Поуки за наставникот во управувањето на однесувањата

- Употребувајте разбирлив и течен јазик.
- Почитувајте ги личните проблеми на учениците.
- Почитувајте ги учениците како личности и дајте им поддршка во стекнувањето самопочит.
- Вреднувајќи го успехот на учениците имајте ги предвид и нивните поединечни разлики.
- Не критикувајте ја личноста на ученикот, туку однесувањето.
- Создавајте услови учениците да можат да преземат одговорност и да бидат успешни во тоа.
- Бидете трпеливи во процесот на менување на однесувањето на учениците.
- Прикажете им разбирливи причини за посакуваните однесувања. Позитивните однесувања на учениците исфрлете ги на преден план и мотивирајте ги за покажување на посакувани однесувања.
- Наградувајте ги за доброто поведение.
- Бидете конзистентни при појава на несакано однесување.

Правилно и само за воспитни цели применувајте го наградувањето и казнувањето без заземање некоја страна.[91]

Наставникот при управувањето треба да е демократски ориентиран во работата со учениците, пред сè да има добра интеракциска, партнерска, со љубов и разбирање исполнета комуникација во управувањето на однесувањето на учениците. Наместо со казнување, корекцијата на погрешните однесувања да се врши со наградни методи, на таков начин да се настојува да се сменат однесувањата во позитивна насока. Секој мал успех на ученикот да се наградува сè додека не го прифати посоченото однесување како рутина во својот секојдневен живот. Грешките што се санкционираат со примена на казни може да се повторат. И наградувањето, доколку не се применува конзистентно и трпеливо кон секој ученик или кон секое однесување, може да резултира со негативен однос на ученикот.

[91] www.ozelegitimsitesi.com/.../davranis-degistirme-yontemleri.html

### 3.3.4. Приоди насочени за превенирање на несаканите однесувања

Општо, приодот на наставниците кон непримерното однесување се врши на три начина:

1. Хуман приод – (невмешаност однадвор). Во основата на овој начин на приоѓање е довербата и верувањето дека човекот правилно ќе постапи. Човекот, доколку греши, наместо да тежнее однадвор да се поправи, потребно е повеќе да му се помогне во разбирањето на неговиот сопствен внатрешен свет и да се поттикне и да се научи самиот себеси да се насочи кон правилно однесување.
2. Преговарачки приод – приод на пазарење. Во темелот на овој приод се формира разбирањето дека „сè има своја цена". Ако ученикот во училницата манифестира непримерно однесување, тогаш тој мора да ги прифати и последиците од тоа однесување.
3. Однесувачки приод. Овој приод се потпира на менување на однесувањето на учениците во училницата. Според начинот на создавање на несаканите однесувања се применуваат и различни стратегии за превенирање на истите несакани однесувања. Овие стратегии се следење на проблематичните однесувања, гаснење на несаканото однесување, согласување со учениците, прифаќање на приближно прифатливите однесувања.[92]

[92] www.ozelegitimsitesi.com/.../davranis-degistirme-yontemleri.html

### 3.3.5. Мерки против несакани однесувања

По сите заложби на наставникот за да се отстранат несаканите однесувања што негативно влијаат врз реализацијата на целта во наставата, во училницата, сепак, може да се најдат причини што ја попречуваат наставата. Наставниците можат да применат одредени мерки:

- Игнорирање – да се прави како да не видел;
- Предупредување;
- Невербално (употреба на мимики, гестови и симболи) предупредување;
- Вербално предупредување;
- Прекинување на часот – потсетување на правилата;
- Физичка интервенција;
- Правење промени во часот;
- Давање одговорност;
- Разговор со ученикот;
- Соработка со училишното раководство и со семејството;
- Применување на училишните дисциплински правила.[93]

### 3.3.6. Препораки за наставникот во управувањето со несаканите однесувања на учениците

За да се осигура усвојувањето на соодветни воспитни навики во едно одделение, наставникот треба да се раководи од следните препораки:

- За да се отстранат несаканите однесувања пред сè треба добро да се разбере проблемот. Треба да се одвои време за разбирање на проблемот и да се избегнуваат коментари.
- Неопходно е следење на зачестеноста и интензитетот на проблемот.

---

[93] www.ozelegitimsitesi.com/.../davranis-degistirme-yontemleri.html

- При проблематично однесување наставникот мора да биде и решителен и љубезен.
- Учениците и грешејќи учат. Не треба да се очекува тие да се непогрешливи.
- Учениците треба да се поддржат при искажувањето на желбата дека сакаат да бидат почитувани и да заземат поактивна позиција во одделението.
- Учениците треба да ја почувствуваат добрата намера на наставникот во нивното развивање во позитивна насока.
- Акцентирајќи ги позитивните својства на учениците, учениците да се мотивираат на позитивно однесување.
- Секој вид воспитно-образовна активност на часот да е насочена кон потребите и очекувањата на учениците.
- Наместо да се забрануваат несаканите однесувања, на учениците треба да им се даде избор од алтернативни однесувања.

При раководењето со непримерните однесувања, препорачливо е да се воспостават позитивни врски со семејствата.[94]

Наведените препораки истакнуваат дека при решавањето на проблемите во одделението од наставникот се бара да поседува големи способности и компетенции за успешно надминување на појавените проблеми. Тоа значи дека наставникот треба да се заинтересира за сите сегменти на појавениот проблем, да се разбере точно во што е проблемот, зошто се појавил или се појавува проблемот, колку често се случува истиот проблем во училницата или кај одреден ученик, кои причини стојат зад проблемот. Откако ќе се извршат сите можни анализи, да се преземат мерки што ќе бидат соодветни на прекршокот, но прввин да му се даде можност на ученикот да изврши избор со алтернација. Наставникот е должен да се потруди да ги истакне на преден план добрите однесувања на проблематичниот ученик и при решавањето на проблемот наставникот партнерски и емпатиски да се однесува со ученикот. Преземените мерки ќе зависат од зачестеноста на проблемот, ученикот кај кого се случил проблемот, местото и времето на појавениот проблем. Преземената мерка против проблемот треба да биде соодветна со тежината на сторениот проблем.

[94] www.ozelegitimsitesi.com/.../davranis-degistirme-yontemleri.html

## 4. Методи на дисциплината во воспитувањето на детето

Детето не треба да има страв да ни соопшти некоја своја потреба и кога посакува нешто треба внимателно да се ислуша и внимателно да му се објасни во случај да не може да се исполни желбата. На пр.: доколку тоа сака да му се купи велосипед, тогаш не треба веднаш да му се вели не, туку учтиво да му се објасни зошто нема да му се купи. Детето треба да биде убедено дека е слушнато и разбрано. Даденото ветување секогаш треба да се одржи. Неодржаното ветување нè прави недоверливи луѓе пред детето - Митхат Полат (Mithat Polat (2010))

Родителите треба да бидат конзистентни пред децата, ако едниот родител вели да, тогаш другиот родител не би требало да вели не.

Децата не би требало да се критикуваат пред другите деца.

Во кругот на семејството, кога се презема некоја одлука треба да се вклучени и децата во донесувањето на таа одлука. Домашните правила не се обврзувачки само за децата, туку тие треба да важат и за родителите и доколку не се почитуваат од страна на родителите и за нив треба да важат истите казнени мерки.

Животот и неговите правила не треба да му бидат сервирани на детето како рецепт. Детето со текот на времето треба самото да научи како треба да се однесува, да одбира другари, пријатели и др.

При градењето самодоверба кај детето наставникот/родителот треба да му даде поддршка на детето, а не да донесува одлука наместо него. При пресретнување со некој проблем, на детето треба да му се даде можност да го реши проблемот и доколку тој не може да го реши, во тој случај неопходно е насочување за ефективно решавање на проблемот. Доколку и насочувањето не го реши проблемот, тогаш во соработка со детето треба да се преземе активност за да се реши проблемот.

Во воспитувањето за менување на погрешното однесување на ученикот се применува еден друг метод, а тоа е насочувањето, скршнувањето на интересот на детето на друга страна. На пр.: ако двајца браќа се караат за иста играчка тогаш без да се нервираме можеме на едниот да му дадеме некоја друга слична играчка и на тој начин би ја надминале настанатата состојба.

Децата уште со самото раѓање, без да бидат свесни, се носители на одредени несакани однесувања, како што се лажењето, крадењето. На многу од овие несакани

однесувања родителите без да знаат ги учат своите деца. Родителите се одговорни за сите позитивни и негативни однесувања на своите деца. [95]

### 4.1. Методи за создавање дисциплина во одделението

Првиот услов за да се развива активна дисциплина е да има добра соработка и слога меѓу родителот или наставникот и детето-ученик. Секој треба да го знае своето место, улога и статус. За да се создаде успешна дисциплина во одделението се применуваат следниве два метода:

а. Превентивни методи за дисциплинските проблеми;

б. Интервентни методи за дисциплинските проблеми.

(Кучукахмет, Л. (Küçükahmet, L. (1998))

#### 4.1.1. Превентивни методи за дисциплинските проблеми

Мерките што ги преземаат наставниците пред да се појават проблематични однесувања со цел да се создаде позитивна дисциплина во училницата се класифицираат на:

**1. Планско работење за време на часот.** Со планското работење на наставникот, можат да се превенираат можните проблеми во училницата и поефективно да се искористи времето. Наставните средства навреме се подготвуваат, учениците во наставниот процес знаат што, каде, кога, како и колку ќе прават.

**2. Течна и континуирана активност:** за време на активностите не треба да има чести прекини, за да не се расее вниманието на учениците. Наставникот по влегувањето во училницата, веднаш може да настапи со презентација на некој проблем и без да вели „молчете, почнуваме со часот“ може да продолжи со работата со учениците. За да се обезбеди непрекинат премин, треба да се зачува живоста на часот, да не се влегува со брзи чекори или да не се забавува предавањето, директно и отворено да им се предаваат знаењата, работејќи на проектите да се информираат за сè што е во корелација со проектот.

[95] www.turkpdr.com/corner-post.php?ss...cocukta...disiplin-yontemleri; Serdal Gür (Сердал Гур), (2010)

**3. Конзистентност, доследно однесување според правилата:** Однесувањата што се очекуваат од учениците да ги манифестираат доколку наставникот е конзистентен се неминовни; тогаш шансите да се постигне дисциплина се големи. Ако наставникот понекогаш реагира, а понекогаш не реагира на ученичките зборувања и шетања во училницата, тоа укажува на наставниковата неконзистентност и во тој случај учениците нема да ги прифатат сериозно сугестиите на наставникот, така што се ослабува можноста да се создаде ефективна позитивна дисциплина во одделението.

**4. Наставникова контрола:** целото одделение би требало да биде под контрола. За превенирањето многу е важно да се знае што се случува во одделението. Внимателниот наставник брзо ги забележува учениците што имаат потреба за помош и им помага. Насочувајќи ги нив се избегнува појавата на несакано однесување. Контролирајќи ги учениците, наставникот воедно ги осознава нивните напредувања.

**5. Значењето на зборувањето на наставникот:** За време на наставниот час ништо толку повеќе не придонесува за невнимание, колку што влијае наставниковото монотоно зборување и монотониот глас. Добрите раскажувачи имаат и добри знаења и добро знаат како ќе ги пренесат на учениците и тие внимателно ги слушаат. Гласот се покачува или се намалува според потребата на часот. За да влијаат драматично, наставниците го менуваат гласот.

**6. Контролирање на ученичките задачи:** Свесноста на учениците дека секоја направена задача ќе биде контролирана од страна на наставникот придонесува учениците дисциплинирано да работат. Друг начин на обезбедување на дисциплината е упатување на учениците на доброволна работа на воннаставните активности во слободното време.

**7. Употребата на училишната табла:** Наставникот задолжително треба да знае што ќе се пишува на таблата и да внимава брзо да се пишува. При пишување на табла прво правило е да се застане поблиску до таблата. Наставникот пишувајќи на табла никако не смее со лицето да биде свртен кон таблата. Наставникот кој многу пишува на табла и повеќе време троши за пишување, отколку за предавање, со тоа им дава повеќе можност на учениците проблематично да се однесуваат, бидејќи при пишувањето на табла не може доволно да ги контролира.

**8. Дефинирање на училишни правила:** За да се превенираат проблематичните однесувања во училницата се формираат превентивни правила. Учениците имаат

потреба од правилата, и сакаат да знаат зошто се очекуваат тие барања од нив. Наставниците што не сакаат да функционираат според правилата, во училницата се сретнуваат со чести проблеми. Доколку правилата се подготват однапред и честопати им се повторуваат на учениците, со сигурност може да се рече дека несаканите однесувања на учениците ќе се намалат.

Учениците што манифестираат примерни однесувања и ги почитуваат поставените училишни правила треба да се наградуваат на следниве начини:

01-) Се покажува ученичката работа на целото одделение;

02-) Графичко прикажување на напредокот на учениците;

03-) Давање додатни – дополнителни поени;

04-) Давање слободно време за саканите активности;

05-) Испраќање на родителите пофални забелешки;

06-) Посебно давање на слободно време на ученикот.

07-) Применување на пофални изрази. Како на пр.: „Многу ми се допаѓа однесувањето на Трајче, при секое кревање на раката, сè додека не добие збор, со трпение чека." Тоа значи дека го почитува правилото да не зборува дури не му се дозволи и затоа: „Браво, ти благодарам Трајче". Пофалување на учениковото однесување во училиштето пред одделението и др.

Одредувајќи ги правилата наставникот треба да биде модел, да соработува со семејството, да им се повторува на учениците дека се многу битни. (Кучукахмет, Л. ((Küçükahmet, L.(1998)).[96]

**9. Ставот на наставникот пред одделението**: Општото правило е: да стои на нозе пред одделението. Меѓутоа ова правило треба да се менува. Наставникот треба да биде интегриран дел од одделението, но контролата, сепак, треба да ја има во своите раце. Доколку наставникот ова не може да го воспостави во одделението, тогаш тој не може да раководи со одделението, да го привлече и да го задржи вниманието на учениците. За време на зборувањето гласот треба да му биде нормален – тивок, и знаците со рацете

[96] Küçükahmet, L. (Кучукахмет, Л.) (1998). Öğretim İlke ve Yöntemleri. İstanbul: Alkım Yayınları.

треба одмерено да ги употребува за да го привлече интересот на своите ученици. Наставникот понекогаш може да седне и во клупите со учениците или заедно со нив да седне во полукружна форма која е и најдобра позиција на наставникот.[97]

Како заклучок, може да се согледа дека во училиштето треба да има меѓусебна доверба на наставниците и наставниците со учениците и со управата на училиштето.

Ниедно дисциплинско разбирање не може да опстои доколку семејството не е вклучено во таа дисциплина.

Секое погрешно однесување на ученикот не треба да се казнува или доколку е можно наставникот треба сам да го реши проблемот, а не да го праќа ученикот кај педагогот или директорот.

За успешно решавање на проблемот од голема важност е да се превенира на непојавен проблем, отколку да се интервенира на појавениот проблем или да се реши.

Освен сопственото наставниково примерно однесување во одделението, многу е важно во спроведувањето на дисциплината да биде застапена јасна, конзистентна дисциплинска програма и соработка со родителите.

### 4.1.2.Интервентни методи на дисциплинските проблеми

Интервенцијата на наставниците кон проблематичните однесувања на учениците се краткотрајни невербални интервенции, кои дури не можат да се забележат од страна на некој неопитен набљудувач. Овие видови наставникови реакции се применуваат кога наставниците не сакаат да имаат прекини во наставата и кога учениците се невнимателни на часот.

За појавените дисциплински проблеми според Гордон, Т. (Gordon, T. 2001), наставникот ги применува следниве интервентни методи – стратегии и техники со цел создавање позитивна дисциплина во училницата:

**1. Игнорирање - Да се прави како да не го видел:** Ученикот за да го привлече вниманието на другите на почетокот на часот со моливот тропа на клупата. Во ваква ситуација наставникот се доближува до другарчето на проблематичниот ученик и

[97] ehmetyildirim.blogcu.com/okulda-disiplin/5092982

прашува што тропа толку, колку тоа однесување се совпаѓа со правилата, со што се испраќа индиректна порака на проблематичниот ученик; по ова проблематичниот ученик престанува со тропањето и чувствува потреба да се концентрира на часот.

**2. Физичка блискост:** Наставникот се доближува до ученикот кој манифестира непримерно однесување, ја применува моќта на физичката блискост.

**3. Контакт со очите и примена на невербални предупредувачи:** Ученикот, сè додека не увиди дека наставникот ја забележува неговата непослушност, ќе продолжи со таквото однесување. Наставникот во таков случај започнува погледот да го држи на тој ученик, и ученикот тогаш престанува непристојно да се однесува. Контактот со очите може да се оствари без наставникот да ја прекине започнатата акција/лекција во одделението. Наставникот треба да го држи контактот со очите сè додека ученикот не престане со несоодветното однесување. Според истражувањата на Крикшанк (Cruickshank), наставниците дури во 95% од времето за запирање на проблематичните однесувања на учениците ги применуваат невербалните методи, додека само во 5% од часот се применуваат вербалните методи за воспоставување на дисциплината во наставата.

**4. Повторно насочување:** Со примена на оваа метода детето се насочува што треба да направи. „Сега треба да привршуваме со препишувањето, бидејќи треба да ги отвориме книгите на стр. 40". Ученикот повторно се насочува на нова активност.

**5. Заповедни искази и примена на предупредувања:** „Стави го тоа настрана и гледај ваму", „Сега што би требало да правиш?" или „Дали зборуваме кога други зборуваат?" Наставникот со примена на овој метод го засрамува ученикот пред другарите. Најдобар начин е наставникот да се доближи до ученикот и тивко да предупредува.

**6. Оставање на ученикот сам или менување на неговото место:** Ученик што го нарушува редот во училницата треба да се однесе на друго место во училницата или во друго одделение каде што нема можности да го прекрши редот. Оваа метода многу често се применува доколку проблемот опфаќа повеќе ученици во одделението.

**7. Давање време за тишина:** Кога има голема врева алтернативно решение е да им се каже на учениците „Веднаш оставете сè што правите" и тишината може да трае две-три минути.

**8. Применување на заповедта откажи се:** Ова е исклучително акцентиран исказ. Како на пр.: „Ова однесување веднаш да го прекинеш".

**9. Индивидуален разговор со ученикот:** Реализацијата на индивидуалниот разговор пожелно е да се реализира надвор од училницата, во некоја посебна просторија, но може и за време на часот додека другите ученици работат, но по можност да биде тивко.

**10. Давање кратка пауза:** Како на пр.: „Не е убаво што ја удри Марија, тоа не е одраз на добро однесување. Според мене, имаш потреба од пауза од три минути. Оди седи на празната клупа. Ќе ти кажам кога ќе дојде време да се вратиш на истото место".

**11. Идентификација и решавање на проблемот:** Како треба да се постапи при меѓуученички проблеми или меѓу ученикот и наставникот?

1.Да се приберат информации во врска со проблемот (Што го нервира/растажува или радува ученикот, домашната состојба, состојбата на родителите, накратко: сè што може да влијае врз разрешавањето на проблемот).

Бараните информации – факти можат да се најдат кај: родителите, училишната педагошка служба, другите ученици, училишниот чувар, персоналот од кујната, другите наставници и на друго место.

2. Изготвување план за решавање на проблемот.

3. Понекогаш за решавање на проблемот неопходно е да се слушне мислењето на самите ученици. „Ти да беше наставник, како ќе го решеше овој проблем?", што ќе придонесе за развивање на нивната свест.

4. Разговор со искусните наставници.

5. Давање одлука.

Секој проблем може да се реши со поединечна средба. Пред да се донесе некоја одлука, треба и двете конфронтирани страни добро да се ислушаат.

Учениците пред своите другари не треба да се понижуваат или да се засрамат. Стимулирачки би дејствувало доколку на ученикот му се понуди алтернатива да изнајде начин во разрешувањето на проблемот.

Недозволиво е за наставникот да се обидува да го реши проблемот со викотница или насилно.

Наставникот треба многу да внимава при недисциплинските состојби, бидејќи во такви ситуации децата/учениците ги мерат/тестираат неговите реакции. Правилно решавајќи го проблемот, ќе се исполнат нивните очекувања за праведност и конзистентност. При изречувањето на казните, наставата не смее да заостане. Не треба да се прекинува часот за да се предупреди или да се опомене ученикот.

**Блиско следење**: Ученик што се однесува недисциплински се седнува поблиску до наставникот, или пак, постојано се држи под видна контрола. Понекогаш е потребно тие да се седнати во првите редови.

Имињата на примерните ученици треба да се истакнат.

Редовното предупредување на некој ученик сигнализира дека наставникот не е сериозен. Откако еднаш предупредениот ученик повторно се јави со иста грешка, треба да се примени некое од училничките правила, во спротивно, учениците ќе го преземат в рака одделенското раководење. Општо познато е дека во дејноста на наставникот најтешка работа е повторно да се преземе изгубеното раководење. Правилата што се доследно поврзани ќе придонесат за покорисни решенија.

Како средства на интервентните методи за проблематичните однесувања на учениците може да се применат **казната** и **наградата** како превентивни мерки за коригирање на погрешното однесување и за јакнење на добрите однесувања на ученикот.

• **Казна** - Казната треба да има поучувачки карактер.

Казната може да биде од два вида:

1. Првиот вид казна е: кога се вклучува некоја мерка во средината по некое направено непријатно однесување, и потоа се намалува тоа непријатно однесување. Тогаш за ова казнување велиме дека е од првиот вид казна.

2. Вториот вид казна е: поради лошото однесување на детето, не му се дозволува да го направи или му се одзема некое дадено право. Овој вид казна влегува во вториот вид казнување.

Наставникот, доколку не е принуден да ја примени казната заради решавање на некое лошо однесување, препорачливо е да ја избегне.

Еднаш казнето лошо однесување, повторно не би требало да се казнува со истата казнена мерка.

Ако се увиди дека детето се развива мошне бавно а сепак се труди, тогаш не треба да се казнува.

Наставникот е должен да избегнува примена на физичка казна.

**Награда** - Одредени примерни однесувања на детето треба да бидат наградени од страна на родителот или наставникот.

Има два вида награди:

Материјални (чоколадо, сладолед, играчка и други)

Духовни (пофалба, бакнување, прегратка и други).[98]

Споменатото бакнување и прегратка како видови награда важи само за родителите, додека за наставниците од вториот вид наградување е само пофалбата, а не и бакнувањето и прегратката, кои и законски не им се дозволени на наставниците.

Како заклучок од претходно наведената содржина се утврдува дека дисциплината во голема мера зависи од наставниковата компетенција и умешност за одржување на дисциплината во одделението. Наставникот со својата развиена компетентност во својата работа ќе ја намали можноста за создавање и манифестирање непримерно однесувања или обратно. Наместо со контролирање на ученичките однесувања во училницата, наставниците повеќе ќе придонесат да се создава дисциплина во паралелката доколку им овозможат да се развиват нивните природни амбиции и да овозможат да се создава една демократска атмосфера во училницата. Недисциплинираното однесување на учениците во голема мера зависи од личноста и

[98] ehmetyildirim.blogcu.com/okulda-disiplin/5092982

компетентноста на наставникот што е на часот и од неговиот флексибилен, емпатиски и партнерски однос во училницата.

### 4.2. Методот на позитивното наградување

Еден од најефективните методи во поучувањето на правилното однесување кај детето е методот на позитивното наградување. Меѓутоа, овој метод, за жал, е најмалку применуван.

Позитивното наградување се применува за „оние однесување на детето кои треба да се научат секогаш да се прикажат, но несаканите однесувања нема да се наградуваат, туку позитивните однесувања кај детето кои треба да се повторат". Доколку родителите сакаат позитивно да ги дисциплинираат своите деца, тие мораат и за најмалите позитивни однесувања на децата да ги наградуваат, бидејќи за мали грешки ги казнуваат децата, тогаш и за мали позитивни однесувања треба да се наградуваат.

Во книгата „Дисциплина со љубов" од Фицхју Додсон - Fitzhugh Dodson (1998)) се зборува за ваквите постапки на родителите со назначено „противење на законот на стопеното чоколадо". Доколку му се дава шанса на детето да направи избор меѓу стопеното и нестопеното чоколадо, детето сигурно ќе го земе нестопеното, но доколку нема нестопено чоколадо, тогаш детскиот разум ќе резонира „подобро нешто отколку ништо" и ќе настојува да го земе стопеното чоколадо. По овој пример детето го прави тоа и со неговите однесувања, штом ќе забележи дека родителите не обрнуваат внимание на неговите позитивни однесувања тоа се стекнува со мисла дека „подобро е нешто отколку ништо" и ќе се согласи да биде казнет со цел само да го привлече вниманието на родителите. Без оглед какво е однесувањето на детето, за него е многу важна заинтересираноста од страна на возрасните. Многу родители при воспитувањето на своите деца го прават спротивното, со ненаградување ги запираат позитивните постапки на своите деца, а казнувајќи ги поткрепуваат и им помагаат во негативните постапки.[99]

Најважно во наградувањето е да не се дава награда на детето или на ученикот затоа што тој сака така. Наградувањето е активност за која одлучува родителот или

[99] Dodson Fitzhugh, (Додсон , Фицхју) (1998). Sevgiyle Disiplin, Kaya Matbaacılık, İstanbul

наставникот, а не детето или ученикот, наградата за ученикот треба да претставува пријатно изненадување.[100]

### 4.3. Наградата и казната како дисциплински методи

Доколку казната и наградата се применуваат во воспитна смисла, тогаш постои низа услови кои треба да се исполнат за да бидат ефективни тие. Во педагошката теорија и практика казната е неприфатлив пристап кон учениците со проблематично однесување; истовремено и наградата, наградувањето поретко дава ефекти, особено во учењето. Во процесот на подобрување на дисциплината наградувањето може да има поголеми ефекти доколку сите ученици се добро упатени и запознаени со мотивите и причините за наградувањето. Казната и наградувањето претставуваат техники/методи на надворешна мотивација. Суштината на вистинското воспитание во личноста на ученикот е да се изградат механизми на внатрешна мотивација која се базира на разбирање на проблемот и поттикнување на волјата, желбата за (не)соодветното однесување. Користењето на овие две техники е условено од поставеноста на наставникот кон секој ученик и кон сите ученици во одделението. Сè зависи од тоа каков однос има воспоставено наставникот со ученикот. Добриот и пријателски однос на наставникот создава услови за позитивно дејствување. Пред сè, наставникот треба да биде заинтересиран за децата, добро да го познава, и детето, и неговото семејство. Должноста на наставникот е да направи сè што е можно за доброто на детето: ако има проблем со учењето, да најде начин за да му помогне на детето, ако е детето бавно, да му дава задачи во помал обем; ако е немирно да му дава задолженија кои ќе го заинтересираат и ќе овозможат да се движи, а движењата да бидат корисни (да ги полева цвеќињата, да ја брише таблата, да го донесе дневникот и друго). При тоа, многу е важно и она што особено децата многу добро умеат да го почувствуваат – дали е наставникот праведен. Само тогаш детето ќе биде спремно да ги уважи барањата, и да реагира на пофалба или на казна. Многу е важно да се познаваат психолошките потреби на детето, за да бидат ефикасни применетите дисциплински мерки. Во тој случај детето конструктивно би се однесувало и би ги почитувало правилата на групата, кажува за

[100] okulweb.meb.gov.tr/20/05/401906/rehberlik.../Disiplin%20Nedir.ht.

„Време" Слободанка Гашиќ-Павишиќ, авторка на книгата „Модели на одделенска дисциплина".[101]

Воспитението, образованието и дисциплината се меѓусебно тесно поврзани поими. Доколку еден од овие три поима не е застапен, тогаш изостанува целината, а со неа крајниот резултат – здраво развиена личност која поседува јасни и прифатливи вредности и модели на однесување. Поимот казнување претставува мошне мал дел од поимот дисциплинирање. Казната е реакција насочена кон нарушувачкото однесување. Дисциплината се применува како мерка за превенција против нарушувачкото однесување и реакциите што се раѓаат од неа. Дисциплината може да се постигне и без казна или со сосем мало казнување.[102]

Казната претставува крута дисциплинска метода со чија помош се тежнее да се поправи погрешното однесување на детето или да се насочи детето кон саканото однесување. Од извршените истражувања докажано е дека казната не е постојана практична метода која секогаш дава позитивни резултати. Поради краткото смирување на детето или заплашување понекогаш е сметана како вредна метода. Меѓутоа, последиците од казнувањето придонесуваат кај детето во иднина да се појави омраза, одмаздољубивост и други негативни емоции. (Јавузер (Yavuzer, 1995: 94)).[103]

Казната треба да е соодветна со проблемот за да го оневозможи неговото повторно појавување, и соодветна на педагошките принципи. Меѓу другото, ученикот, бездруго, треба да биде информиран зошто ја добил казната. Дадените казни во училницата може да бидат: задолжување на ученикот да изврши несакани и тешки задачи, неисполнување на некоја желба од проблематичниот ученик, одвојување од групата, одредено време седнување на ученикот со грбот свртен кон другите ученици и други можни казни. Балоглу, 2001, 193; Сабан, 2000, 54 (Baloğlu, 2001).[104]

---

[101] (Gašić-Pavišić, Slobodanka ( Гашиќ-Павишиќ , Слободанка) (2005), *Modeli razredne discipline*, Institut za pedagoška istraživanja, Beograd.

[102] Kuzgun, (Кузгун) 2000: 147; Turgut, (Тургут) 1998: 69); Преземено од: www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf s. 46

[103] www.islamiforum.info ›... › Aile Ve Çocuk › Çocuk Terbiyesi

[104] www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf s. 46

Според Аксој (Aksoy, 2000: 8),[105] еден од главните фактори што влијаат да се зголеми проблематичноста на ученикот во училницата е наставниковото претерано казнување. Еден од главните пристапи во училницата, наместо казнување, треба да биде наградувањето. Главен метод за засилување на добрите однесувања и намалување на погрешните однесувања е наградувањето. Добриот наставник казната ја применува во крајни случаи. Наставникот казнувајќи не треба да се радува, туку да чувствува тага во себе.

Казните може да се делат на две групи и тоа:

**-задавање на ученикот несакани активности** или

**-забрана за саканите активности на ученикот.**

Откако се применети другите методи против недисциплината и тие не покажале успех, тогаш како последен начин за промена на однесувањето може да се примени казна која мора да биде нормирана во соодветни акти и документи во училиштето. Наставникот повеќе треба да применува превентивни мерки, отколку да казнува, но не треба да се избегнува ни казнувањето, доколку се констатира дека однесувањето на ученикот го попречува нормалното одвивање на наставата (Башар (Başar, 2001).[106]

Казната понекогаш ја спречува појавата на проблематичното однесување, но понекогаш самата казна е причина за појава на проблематичноста. Негативните резултати на казнувањата се: попречување на поучувањето, расипување на врските во одделението, одбивност кон училиштето, чувство на плашливост и виновност, претворање на наставникот во негативен модел на другите ученици, бегање од училиште, претерано карање и девијантно однесување. Халис (Halis, 2001: 161).[107]

- Ниедна страна на казната не е воспитна, бидејќи така детето се учи што не треба да прави, а не што треба.

---

[105] Aksoy, N. (Аксој, Н.) (2000). Sınıf Disiplin Sorunlarını Azaltmada İzlenebilecek Temel Yaklaşımlar. Eğitim Araştırmaları Dergisi. s: 5-9. (www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf s. 47.)

[106] Başar, H. (Башар, Х.) (2001). Sınıf yönetimi. Ankara: Pegem A Yayınları.)). Преземено од: www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf s. 47.

[107] Halis, İ. (Халис, И.) (2001). Sınıf Yönetimi. Konya: Ceylan Yayınları.) Преземено од: www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf s. 47.

По секое недозволување на нешто, добро е на детето да му се дадат два избора. Како на пр.: ако детето сака да земе книга, тогаш му се вели: „таа книга не е за тебе, но, може да земеш една од овие две книги". Ваквото однесување спрема детето извршува позитивно влијание врз него.

- Потребни се применливи решенија, како што се: петминутна пауза од саканото место, играчка, телевизор, компјутер и слично со оддалечување во друга просторија или соба, а по пет минути родителот ладнокрвно да му каже на детето дека ќе го повика, (во тие пет минути ќе му биде многу здодевно и детето ќе се согласи во иднина да не ги повторува грешките). Истото може и наставникот да го примени во адекватни состојби. Најдоброто казнување на детето е да му се одземе правото што дотогаш го имало вели, Сабиха Пактуна Кескин (Sabiha Paktuna Keskin).

Ајдин (Aydın 2000),[108] ги дефинира позитивните и негативните страни на казнувањето:

**Позитивни страни на казнувањето:**

- Ефективното казнување може да ја спречи појавата на проблематичното однесување. Казната служи како надокнада за направената штета од проблематичното однесување.
- Казната, ако се применува рамномерно заедно со наградата, тогаш таа, всушност, претставува социјална контрола врз проблематичнте однесувања.
- Казната, посебно за намерно направените грешки, има големо влијание за оневозможување на вкоренување на истите грешки.
- Конзистентниот систем на казнувањето го развива чувството за праведност и чувството за одговорност кај учениците.

Јас, како автор на овој труд, никако не би се согласил со ставот на Ајдин кој има назначено дека казнувањето има и позитивни страни. И другите досегашни истражувања имаат докажано дека казната само негативно влијае врз детето, придонесува кај детето да се појави омраза, лутина, одбивност, омаловаженост,

[108] Aydın, A. (Ајдин, A.) (2000). Sınıf Yönetimi, İstanbul: Alfa Yayınları.) Преземено од: www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf s. 45-49.

малодушност и срамежливост. Сите овие набројани чувства се негативни карактеристики и непожелно е да се формираат кај децата. Деца со вакви чувства не се својствени позитивно да се дисциплинираат. Затоа ние како современи наставници и родители ќе мораме да избегнуваме употреба на казната, туку, наместо казнување по можност секоја добро направена работа или позитивно однесување на детето треба да се трудиме повеќе да ги пофалуваме и да го наградуваме со цел овие својства да се утврдуваат кај децата. Тоа се основа за развивање на позитивната дисциплина.

**Негативните страни на казнувањето:**

- Казната што не е соодветна на проблематичното однесување може да предизвикува појава на постојани проблематични однесувања кај детето.
- Казната кај децата предизвикува да се развиваат стравот и сомнежот, исто така, го зголемува сомнежот во училницата и го отежнува учењето на учениците.
- Редовното казнување придонесува ученикот да се навикне на казнувањето.
- Тешките казнувања кај детето придонесуваат за појава и развивање чувства на омраза и лутина.
- Казната негативно влијае и врз тој што ја применува казната.
- Редовното казнување го отежнува развивањето на егото и самоконтролата на детето.
- Дадената казна не влијае само на казнетиот, таа влијае на целото одделение.

Помеѓу другите методи во системот на казнувањето постои и физичкото казнување, кое понекогаш се применува од некои наставници и семејства. Многу од наставниците и семејствата за да ги променат лошите однесувања на децата го применуваат методот на физичкото казнување, иако физичкото казнување во училиштето, како и во семејството не би требало никако да се применува. (Халис (Halis, 2001: 161)).[109] Споредено со целите на воспитно-образовниот аспект се заклучува дека нема никаква корист од физичкото казнување.

[109] Halis, İ. ( Халис , И.) (2001). Sınıf Yönetimi , Konya: Ceylan Yayınları.

Наградата во образованието се применува како цел за поттикнување и помагање при манифестација на посакувано однесување. Наградувањето треба правилно, рамномерно и објективно да се примени врз претходно одредените правила. Наградата не е мито или подарок; ако се применува со таква цел, тогаш ефектот се намалува. Наградата треба задолжително да се применува за да се обезбеди поттикнување и мотивирање за поуспешна работа. Наградите треба да се даваат според возраста на ученикот. При наградување на детето задолжително треба да му се соопшти зошто е наградено. Наставниците при наградувањето на своите ученици треба да бидат конзистентни според возраста на учениците. Според Атаман (Ataman, 2003: 218).[110]

Една од должностите на наставникот е да ги наградува учениците што покажуваат примерно однесување. Ефективноста на методата зависи од мигот на наградувањето – при пројавеното примерно однесување ученикот треба веднаш да се награди. Недозволиво е да му се даде на ученикот награда за ветување дека ќе биде подобар, во ваков случај наградувањето нема да има никакво влијание во промената на неговото однесување.

Според Кучукахмет, Л. (Küçükahmet, L. 2000, 199-201), [111] за манифестирање на саканите однесувања кај ученикот големо влијание имаат следниве засилувачи (зацврстувачи):

**Социјален засилувач:** Направените интеракциско-комуникациски активности во одделението меѓу самите ученици и меѓу наставникот и учениците кај некои ученици во голема мера игра засилувачка улога. Кога се применува овој засилувач како награда тогаш на детето треба да му се каже зошто се наградува. Насмевката, погалувањето по главата или грбот е од оваа група засилувачи.

**Засилување со активност:** Секоја активност на детето во која се вклучува со амбиција или во која не се чувствува пријатно може да се примени како засилувач. На

---

[110] Ataman, A. (Атаман, А.) (2003). "Sınıfta iletişimde karşılaşılan davranış problemleri". Türk Eğitim Bilimleri Dergisi. 3.

[111] Küçükahmet, L. ve Diğerleri, (Кучукахмет, Л, и другите ) (2000). Sınıf Yönetimi, Ankara: Nobel Yayın Dağıtım. ) Преземено од: www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf - s. 51-53.

пр.: учениците, ако бидат мирни на часовите, ќе им се даде можност на последниот час да гледаат некој сакан филм во училиштето.

**Материјални засилувачи:** Како засилувачи кај децата може да се применат: играчки, пофалници, сертификати, училишни прибори и друго. Овие засилувачи задолжително треба да се применат со општествените засилувачи. Негативната страна на овие засилувачи е дека се материјално скапи и доколку често се применуваат ја губат својата ефективност.

**Засилување со јадење:** Доколку горенаведените засилувачи не се ефективни, се применуваат овие засилувачи. Ако се применуваат овие засилувачи, задолжително да се применат заедно со некој општествен засилувач.

**Негативни засилувачи:** Овие засилувачи не личат на другите засилувачи; нивната примена е различна. На пр.: поради неучењето на ученикот наставникот погледнува со остар поглед. Штом ќе почне ученикот да учи, наставникот веќе не го гледа така.

Наградувањето во образованието се применува како поттик, помош за искажување на саканото однесување кај ученикот. Местото и зачестеноста на засилувачите треба да се употребуваат според потребите на секој ученик. За да се застапи ефективноста треба да се земат предвид поединечните разлики на учениците при наградувањето или при казнувањето.

**Придобивки од наградувањето**

- Наградувањето за детето секогаш има поголемо влијание од казнувањето. Казнуваните однесувања имаат поголема можност за повторно појавување. Поради тоа, колку што е можно треба да се избегнува казнувањето. Малите казнувања имаат мотивациска улога, за да не се казни, го тера поединецот да го најде правиот пат. Поефективни наставници се оние што не применуваат сила и авторитет при обезбедувањето на дисциплината во училиштето. Штом наставникот ќе ја стекне љубовта на ученикот, тогаш кај ученикот почнува да се создава внатрешна дисциплина; тој започнува да се труди дисциплински да се однесува во училиштето со цел да не го разочара или да не го налути својот наставник. Добриот наставник казната ја

применува како последен спас во својата работа. Целта на казнувањето е учениците да се насочат кон саканите однесувања.[112]

### 4.4. Техника на споделување

Оваа техника му овозможува на детето да може отворено да зборува за сопствените негативни и позитивни чувства.

Техниката на споделување му овозможува на детето да сфати дека родителите и наставниците го почитуваат, дека се заинтересирани за неговите чувства, бидејќи внимателно го следат неговото изложување.[113]

### 4.5. Реституција

Реституцијата е постапка за поправање и надминување на последиците од направената грешка или штета (Госен (Gossen, 1994)). Реституцијата е креативен дел на самодисциплината, клуч за конструктивен, хуман пристап во воспитанието на децата. Детето може да се научи да ги поправи своите грешки. Наставникот и родителите треба да му помогнат во исправувањето на грешките.

Тежиштето не треба да биде ставено на вината. Наставникот треба секогаш да биде заинтригиран како да ја поправи грешката.

Преку реституцијата се овозможува детето со сопствен труд да ја исправи грешката при што не само што ќе се задржи самопочитта туку и ќе се зголемува, притоа развивајќи ги одговорностите на детето за личните одлуки.

Реституцијата произлегува од вредностите и довербата кон луѓето и училиштето.

Креативната реституција не води сметка само за негативните однесувања туку и за влијанието на тоа однесување врз оштетениот.

---

[112] www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf s. 53-54.
[113] okulweb.meb.gov.tr/20/05/401906/rehberlik.../Disiplin%20Nedir.ht..

При изборот на реституција мора да се води сметка за личноста врз која се спроведува таа.

Основните прашања на моделите на реституцијата се:

- Во што се верува?
- Што треба да се направи за да се поправи грешката?

За ефикасноста на реституцијата важно е: да се избегнат критиките, морализирањето и обвинувањата од страна на возрасните.[114]

### 4.5.1. Карактеристики на реституцијата

На концепцијата на реституција аналогни се следниве филозофски принципи: секој греши. Грешките се нормални, човечки е да се греши. Луѓето знаат кога погрешиле. Дури и детето разбира кога нешто греши или кога повредува некого. Вината и критиката придонесуваат за развивање одбранбени однесувања. Луѓето градат ѕидови околу себе и вложуваат голема енергија за рационализирање на минатите грешки за да ја задржат самопочитта. Луѓето можат да се научат да се однесуваат подобро, со настојување и упорност се зголемуваат изгледите за успех. Чувството дека се вреднуваат како способни, одговорни и спремни дури и кога грешат, ќе ги направи да бидат поприемливи за чекор напред. Реституцијата ги зацврстува луѓето. Способноста да се научи човек да ги поправа грешките е важна вештина. Доколку луѓето веруваат дека се способни да ја спроведат реституцијата и, ако е дадена можност за тоа, не ќе мораат да лажат или да ги прикриваат своите грешки. Процесот реституција е креативен процес за развивање вештина за решавање проблеми. Луѓето на кои им е допуштено во детството да ги исправаат грешките, се великодушни во разбирањето на грешките на другите, а кога ќе пораснат, тие луѓе не се одмаздољубиви.

Добрата реституција ги има следниве карактеристики:

---

[114] D. Chelsom Gossen ( Д. Челсом Госен) (1994) Restitucija preobrazba školske discipline, Alinea Zagreb. & (www.unizd.hr/LinkClick.aspx?...mid.)

- Произлегува од уверувањата на наставникот и на учениците и од вредностите што се негуваат во училишниот амбиент;

- Оштетениот е задоволен од добиената компензација со реституција;

- Неопходен е напор од оној што ја поправа грешката;

- На ниту еден начин не поттикнува на нова грешка;

- Релевантна е за цело подрачје во кое е направена грешката;

- Поврзана е со одредени високи вредности или со ставовите на детето да не мисли дека е изолиран настан, туку дел од пошироките поими (на пр.: „Во нашето училиште не правиме разлика меѓу верата или нацијата“); Го засилува детето (и детето кое е насилник и она кое претрпило насилство), Д. Челсом Госен.[115]

## 5. Раководење на одделението

При раководењето на одделението наставниците најпрвин треба да ги знаат и да ги разбираат потребите на своите ученици и однесувањата на учениците во врска со тие потреби. За да се задоволат индивидуалните потреби на учениците треба да се обезбеди добар систем на одделенско раководење. Имено, во училницата треба да има праведна врска меѓу раководењето и образованието. Наставникот, доколку губи од наставата повеќе време за воспоставување ред во училницата, тогаш во значителна мера ќе се намали времето што е одвоено за образование. Намаленоста на времето за образование воедно значи и неспособност на наставникот за раководење на одделението (Ајдин (Aydın, 1998)).[116]

Значајна стратегиска тема на одделенското раководење е поставувањето правила на однесувањето во училницата.

---

[115] D. Chelsom Gossen (Д. Челсом Госен) (1994). Restitucija preobrazba školske discipline, Alinea Zagreb. www.unizd.hr/LinkClick.aspx?...mid.

[116] Aydın, A. (Ајдин, А.) ( 1998) Sınıf Yönetimi, Ankara: Anı Yayıncılık.

Основна задача на наставникот е да придонесе за промена на однесувањето кај учениците и насочување во саканата насока. Меѓутоа, наставникот реализирајќи ги овие основни задачи, истовремено ги реализира и другите негови задолжителни задачи во одделението, како што се: пренесување на нови знаења на своите ученици, поттикнување на невнимателните ученици, проверка на училишните активности и задачи на учениците, организирање на наставните средства и материјали, развивање услови за работа во училницата и отстранување на факторите што влијаат негативно врз воспитно-образовната работа. За да се направат успешно овие работи, од наставникот, бездруго, се бара да има добри способности за раководење со одделението. За да се обезбеди ефективно и плодно образование, одделенското раководење мора да се заинтересира со потребните услови и активности во училиштето.

Успешното раководење на одделението во голема мера зависи од наставниковите приоди во одделението. Одделенското раководење е составено од училишната атмосфера за учењето и од вредностите на дисциплината. Наставникот, за да биде ефективен лидер во одделението, мора да има позитивно социјално однесување и способности за физичко средување на средината за учење. Покрај овие карактеристики, наставникот треба да биде и ефективен во комуникацијата за да ги мотивира учениците за наставата (Ајтекин (Aytekin, 2000: 92)).[117]

Значаен фактор на одделенското раководење е комуникацијата. Оспособеноста на наставникот за одделенско раководење во голема мера зависи од комуникациските способности на наставникот и од способноста да создава позитивна средина за учење (Ишпир (İşpir, 2002)). Комуникацијата со возрасните придонесува за формирање на однесувањата на децата. Децата се мошне чувствителни на фалбите што доаѓаат од страна на возрасните и посебно од наставниците. Наставникот, за да биде ефективен лидер во одделението, треба да поседува способности за воспоставување ефективна комуникација за доброто мотивирање на учениците. Една од главните задачи на наставникот во развивањето на скриените способности на учениците е примената на соодветните методи и техники во својата работа. Секој ученик во внатрешноста на својот скриен свет и со своите карактеристики е поединечна целост. Наставниковото

[117] Aytekin, Halil. (Ајтекин, Халил.) (2000) Sınıf Yönetimi ve Disiplinle İlgili Kurallar Geliştirme ve Uygulama.

запознавање на своите ученици му помага и нему и на учениците во подобрувањето на заедничките успеси. Темелот на образованието го формираат меѓусебните ученички и ученичко – наставнички интеракциско-комуникациски активности. Ако во некоја средина постојат пречки за реализација на интеракцијата и комуникацијата, тогаш во таа средина не е можно да се врши образование (Güçlü, 2003;İşpir , 2002).

Мотивацијата на учениците се зголемува доколку наставникот им каже на учениците што се очекува од нив и кои се целите и задачите на одржаниот час. Наставникот пред себе има тешка задача – да ја стекне довербата на своите ученици. Наставникот треба да им ги објасни придобивките на учениците, доколку се однесуваат според упатствата на наставникот. Пожелно е да му се каже на ученикот – доколку се однесува според правилата, дека може да биде наградуван и почитуван од другите. (Güven, ( Гувен, ) 2004;Başar, (Башар) 2003).[118]

За да можат учениците да научат нешто, треба позитивно да гледаат на училиштето и на училницата. За зголемување на успешноста во совладувањето на образовните цели на наставата, средината (училницата) во која се учи треба да е пријатно дотерана, уредена средина. Ученикот во училницата треба да се чувствува безбедно, да му се обрне внимание на наставниковите насочувања, поголемиот дел од времето да го поминува во согласност со образовните активности и наставата да ја следи без да ја прекинува. Наставникот, пак, за да може ефективно да ги реализира овие свои задачи, треба да има здрава комуникациска врска со учениците и да им ги овозможи сите неопходни средства за настава. Процесот на одделенско раководење од наставникот бара да поседува неколку различни комбинирани активности (Башар (Başar, 2003, 80).[119]

Ефективното искористување на времето игра голема улога во одделенското раководење. Ефективното одделенско раководење има блиска врска со употребеното време во училницата. Во едно добро раководено одделение времето одвоено за образование е подолго и наставата не губи, ниту на квантитет, ниту на квалитет. Најефективен пат за да се спречи губењето на времето во училницата е да се намалат

[118] www.belgeler.com/.../ İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri, 10-18.

[119] (Başar, H. (Башар, X. ) (2003). Sınıf Yönetimi. Ankara: Anı Yayınları.

причините што влијаат за појава на проблематични однесувања. Ова е можно само со ефективно одделенско раководење (Аксој (Aksoy, 2000)).[120]

Според тоа, авторот на овој труд смета дека меѓу одделенското раководење и ефективното образование постојат две врски: ефективното одделенско раководење го зголемува квалитетот на образувањето, додека ефективното образование, пак, го олеснува одделенското раководење. Во училиштата каде што образовните квалитети се високи, воедно, им се дава позитивен одговор на ученичките потреби, така што и раководењето со одделението се олеснува.

Дисциплинските настани во училиштето им пречат и на наставниците, кои половината од наставното време треба да го поминат во смирување на состојбите што го оневозможуваат ефективното реализирање на наставата. Стилот на наставникот во училницата силно влијае на училишната атмосфера или на ученичките однесувања, а има врска и со претпочитаниот модел на раководењето. Во училниците каде што нема ефективно раководење, со појавената негативна атмосфера и учениците и наставниците се негативно вознемирени. Наставникот, поради неможноста да се справи со одделението или со некои ученици, или ќе премине во анксиозна невротична состојба или невротично ќе се однесува со учениците или часот ќе го одржува крајно непрофесионално – колку да помине часот.

Училницата во која се реализира воспитно-образовна работа како прво треба да е соодветна на физиолошките потреби и на потребите на образовните активности на учениците. Како елементи на физичката средина на училницата се наведуваат: бројот на учениците, естетскиот изглед на училницата, светлината, топлината, хигиената и степенот на бучавата во училницата. Вториот елемент на раководењето на одделението е поврзан со училишната атмосфера, со среденоста на училницата од физички и психички аспект и со дисциплината. Училишната средина има директно влијание врз ученичкото однесување. Привлечната училница го задржува вниманието на ученикот и полесно го насочува; воедно и на наставникот му овозможува од психолошки аспект да

[120] Aksoy, N. (Аксој, Н.) (2000). Sınıf Disiplin Sorunlarını Azaltmada İzlenebilecek Temel Yaklaşımlar. Eğitim Araştırmaları Dergisi, 5-9.

создава привлечна средина со доверба и дисциплина (Тертемиз, Н. (Tertemiz, N. 2003).[121]

Идеалната бројка на учениците во одделението е менлива категорија зависна од возраста на одделението, од темата на часот, од употребените наставни методи и од оспособеноста на наставникот. Меѓутоа, некои теоретичари тврдат дека во основното образование поради малата возраст на децата бројот на учениците може да биде од 20 до 25 ученици.(Башар (Başar, 1999).[122]

За да се создаде и реализира позитивна атмосфера во училницата, треба да постои споредување на ученичките потреби, подготвување и применување на ефективни училишни правила и насочување на проблематичните ученици во учењето. Наставниците треба позитивно да одговорат на ученичките однесувања во училницата. Задачата на наставникот е да му помогне на ученикот да постигне успех.

Не е можно да се постигне успех, ако во училницата се слуша бучава однадвор. Во таков случај наставникот е попречен да ги сослуша своите ученици и учениците не ќе можат да го слушнат предавањето на наставникот. Интензитетот на бучавата во училницата ја засилува можноста учениците проблематично да се однесуваат во училницата. Исто така и високата или ниската температура имаат големо влијание врз одделенското раководење и врз однесувањата на учениците.

Еден од важните фактори на успешното учење е бројот на учениците во одделението. Малите одделенија имаат позитивно влијание врз учењето. Во малите одделенија учениците полесно се здружуваат, но малите одделенија, пак, негативно влијаат за социјализацијата на учениците. Наставниците, раководејќи се од бројот на учениците, ги применуваат и наставните методи во својата работа.

Очекувањата на наставниците од своите ученици, исто така, имаат силно влијание врз учењето и врз однесувањата на учениците. Очекувањата на наставниците можат да бидат високи или ниски. Наставниковото различно однесување кон машките или кон женските ученици, исто така, има големо влијание врз учењето и однесувањата

---

[121] Tertemiz, N. (Тертемиз, Н.) (2003). Sınıf Yönetimi ve Disiplin. Sınıf Yönetiminde Yeni Yaklaşımlar. Editör: Leyla Küçükahmet (Лејла Кучукахмет )) Ankara: Nobel Yayıncılık.

[122] Başar, H. (Башар, Х.) (1999). *Sınıf Yönetimi.* İstanbul: Milli Eğitim Bakanlığı Yayınları. No: 3390.

на учениците. Значаен фактор кој негативно влијае на наставниковите очекувања е социо-економскиот статус на ученикот. Доколку наставникот кон овие обележја на своите ученици има различни предрасуди, тогаш ова однесување на наставникот сигурно раѓа други проблеми од областа на одделенското раководење. Наставникот не треба да прави диференција според полот, социјалната и економската состојба на ученикот. Тој треба да ги почитува нивните лични права и да им помага во надминувањето на ученичките потреби.

Наставникот пред да го познава своето одделение не може да ги дефинира дисциплинските правила и степенот на кој ќе ги применува во одделението. Наставниците при примената на дисциплинските методи треба да внимаваат на „двоаршинското" однесување спрема учениците. Во врска со дисциплинските проблеми учениците треба благовремено да се информирани од страна на наставниците. Понекогаш како причина за појава на дисциплинските проблеми во училницата може да биде прекумерната или слабата дисциплина.

Меѓу наставниците постои разлика во пристапот кон дисциплината. Секој наставник има свој начин на приоѓање кон дисциплинските проблеми и секое одделение е приказна за себе. Наставниците треба секогаш да се информирани за видовите дисциплински модели што ќе им помогнат при развивањето специфични пристапи кон недисциплинираните ученици.[123]

### 5.1. Видови стилови на раководење со наставата

Според изложувањето на авторот Киро Попоски (1998: 132-136) во книгата „Успешен наставник" се споменува дека во воспитно-образовната практика постојат три стила на наставно раководење и тоа:

А) - демократски стил на водење на наставата;

Б) - автократски стил на водење на наставата и

В) - либерален стил на водење на наставата.

[123] www.belgeler.com/.../ İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri, 10-18.

**А) Демократски стил на водење на наставата:** Компетентен наставник практикува демократски стил на водење на наставата, настојува да обезбеди оптимални услови за развој на секој ученик. Сите одлуки што се од суштинско значење за наставата и за работата на учениците во неа ги донесува во договор со нив. За таа цел тој ги поттикнува учениците да земат учество во сите етапи од наставниот процес: од утврдувањето на целта, преку планирањето на заедничката работа и реализацијата, па сè до утврдување на критериумите и вреднувањето на постигнувањата. Во современата настава наставникот ги почитува желбите, предлозите и интересите на учениците, покажува разбирање за нивните потреби и тешкотии, верува во способностите на учениците, секогаш е подготвен како рамноправен член на групата со нив да ја подели одговорноста за сè што се прави заеднички. Тој, за да ги дисциплинира своите ученици, не се служи со никакви средства на надворешна присила туку е вистински авторитет кого учениците го почитуваат поради стручните и личните квалитети, а не поради надредената положба што ја има.

Често може да се слушнат забелешки за демократскиот начин на водење на наставниот процес со тврдење дека таквата настава е неефикасна, дека во неа не владее ред туку своевиден волунтаризам и безредие. Сметаме дека повеќе станува збор за недоволно разбирање на суштината на демократската настава и за погрешно толкување на автономноста, субјективноста, односно, самостојноста на субјектите во неа – наставникот и ученикот, отколку за вистински слабости на оваа настава. Демократска атмосфера не е онаа во која секој има слобода што сака да прави, туку, атмосфера во која има слобода на активностите и изразувањето само во доменот на поставените граници што се дадени со поставените правила на однесување на учениците во училиштето или во училницата.

**Б) Автократски стил на водење на наставата:** Наставникот со автократско однесување е центар на сите активности во наставниот процес. Од него започнуваат сите акции и иницијативи. Сите одлуки за активностите и постапките во паралелката и за сè што ќе се работи за време на часот ги донесува тој и самиот управува со нивната реализација. Притоа никому не дава објаснување, ниту образложенија зошто постапува така. Не ги објаснува дури ни критериумите што ги утврдува и според кои се раководи при оценувањето на постигнувањата и однесувањето на учениците. Се разбира, и одговорноста за сè што прави ја има

самиот наставник. Тој е активен кога покажува нешто, кога донесува одлуки или дава задачи, а потоа како да се повлекува „се држи настрана" и бдее над групата која ги извршува поставените задачи или барања. Сè е потчинето на волјата и на сфаќањата на наставникот за воспитно-образовната работа. Со својот наметнат авторитет, тој бара од учениците безусловна послушност и безрезервна доверба. Ваквиот наставник често се опишува како моќник, со нагласено строго оценување, со остар глас кој врши притисок, го наметнува своето мислење и најмногу време од часот ангажира за своите монолози (предавања, објаснувања, морални совети и сл.). Често упатува укори, изрекува казни, навредливи зборови и намерно ги збунува учениците. Ваквото однесување на наставникот, освен автократско, се нарекува и директивно или доминантно.

Заклучно од краткиот опис, автократското однесување е круто, не ги уважува иницијативите, желбите и предлозите, ниту индивидуалните разлики на учениците. Тоа ја оневозможува нивната самостојност и придонесува во паралелката да се создадат хиерархиски односи во кои учениците се чувствуваат подредени и фрустрирани. Тоа е строго контролиран стил на работа во која ученикот не смее да направи ништо без одобрение на наставникот. Тие стануваат целосно зависни личности, а принудите со кои се користи наставникот кај учениците предизвикуваат чувство на неправичност, кое може да мине во незадоволство, апатија или, во активен отпор и агресивно однесување.

**В- Либерален стил на водење на наставата:** Познат е уште еден – трет стил на раководење наречен стил на потполна слобода. Тоа е стил во кој наставникот речиси и не е наставник, бидејќи има сосема пасивна улога. Тој на учениците во групата им дава целосна слобода. Сè им е препуштено на желбите и интересите на поединците. Наставникот дава само информации и неопходна помош. Тој не пројавува никакви иницијативи, не врши дури ни оценување на постигањата. Се разбира, овој стил на раководење не наоѓа поширока примена во образованието, освен во ретки експериментални ситуации или кај сосем неодговорни или неспособни наставници.

Од изнесените стилови на раководење во наставата се знае кој е претпочитаниот во современата настава. Меѓутоа, и покрај тоа во практиката сè уште доминира автократското или шефовско раководење. Гласер (1994) вели дека „веројатно никогаш нема да минеме од шефовско на водителско управување, ако

не ја прескокнеме пречката што ни стои на патот на промените. А пречката е во тоа што не сфаќаме колку е тешко успешно да се поучува. Тешко е да се совлада таа пречка, бидејќи повеќето луѓе, како и работниците во просветната служба, и не ја сметаат таква. А додека е така, мала е веројатноста дека ќе ја совладаме, па тоа и понатаму ќе нè спречува да го направиме она што мораме за да го промениме односот и кон учениците и кон наставниците“.[124]

### 6. Училнички-одделенски правила

Друг фактор што влијае за создавање на пријатна средина и дисциплина во училницата е поставувањето на различни училнички правила. Поставените правила во училницата се неодвоив дел на училишното раководење кој обезбедува да се воспостави ред и да се зголеми времето за поучување. Заради тоа наставникот треба да ги знае техниките за создавање дисциплина и нивното применување во училницата. Наставникот, за да ги мотивира учениците, секогаш треба да применува различни методи, средства и форми во наставата (Ердем (Erdem, 2005).[125]

Како во секоја организација, така и во образовните организации мора да постојат правила на однесување. Тие правила се задолжителни за сите без исклучок и сите треба да ги почитуваат. Во спротивно, не е можно да се зборува за некоја организација. Организацијата во која секој се однесува според сопствената волја не е можно да ги постигне поставените цели во организацијата (Илгар (Ilgar, 2000).[126] Дисциплината и редот во одделението се потпираат на поставените правила во училницата. Поставените училнички правила мора да се почитуваат од страна на учениците. Овие правила се менуваат според составот на одделението и според часот.

Како што не е можно да има општество без правила, исто така и одделението не може да се замисли без поставени правила на однесување. Дел од поставените правила се формални, кои доаѓаат од различните закони што важат во образованието и тие се напишани правила. Но во училницата има и ненапишани, информативни правила кои

---

[124] Попоски, К. (1998: 132-136), Успешен наставник, Просветен работник, Скопје.

[125] Erdem, A.R. (Ердем, А. Р.) (2005). Sınıfta güdüleme. Kıran, H. (Editör). Etkili Sınıf Yönetimi. Ankara: Anı Yayıncılık.

[126] Ilgar, L. (Илгар, Л.) (2000) Eğitim Yönetimi. İstanbul: Beta Basım Yayım.

исто така треба да се почитуваат заедно со формалните правила. Неформалните и формалните правила формираат една целина (Челик (Çelik, 2005).[127]

Во променувањето на ученичките несакани однесувања најголема поддршка на наставникот му даваат поставените правила за однесувањето во училницата. За зголемувањето на важноста на поставените правила од големо значење е правилата да им се претходно кажани на учениците и да се земат предвид нивните согледувања и предлози на тие поставени правила. Кога ќе се почувствува потребата од отфрлување на некое правило кое нема влијание, тогаш тоа треба да се отфрли или да се замени со друго правило.[128]

Училишните правила се објаснувања, често напишани прописи кои се наменети според составот, карактерот и развојот на одделението. Во одделението треба да се направи план за правила кои ќе се применат, а исто така во тој план треба да се вклучени и учениците. Направените правила треба да овозможат создавање на позитивна средина за учењето. Приодите на наставниците при планирањето на правилата меѓусебе можат да се разликуваат едни од други. Некои наставници при планирањето се потпираат повеќе на општите правила, додека другите повеќе се потпираат на посебните правила. Поставените правила треба да се применливи и прифатливи од страна на учениците (Ајдин(Aydın, 1998)).

Првите денови се критични за создавање на редот во училницата. За создавање на редот во училницата големо влијание имаат првите денови на меѓусебното запознавање на наставникот и учениците, тогаш учениците често не го покажуваат своето вистинско однесување, туку, во оваа фаза проверуваат што дозволуваат а што не дозволуваат наставниците. Затоа наставниците уште од првите денови треба отворено да соопштат какво однесување очекуваат од учениците (Озер (Özer, 2001)).

Правилата во училницата ги поставуваат границите на однесувањето. Правилата дефинираат кое однесување е прифатливо, а кое не е прифатливо од страна на наставникот. Според Аксој (Aksoy, 2001), за да биде едно правило ефективно би требало да ги содржи следниве елементи:

---

[127] Çelik, K. (Челик, K.) (2005) Disiplin olusturma ve kural gelistirme. Kıran, H. (Editör). Etkili SınıfYönetimi. Ankara: Anı Yayıncılık.

[128] Ök ,Göde ve Alkan (Ок, Годе и Алкан) (1999: 20-24) Преземено од: www.acikarsiv.gazi.edu.tr/dosya/gozde_ozcan_tez.pdf

1. Правилата треба да бидат разбирливо и отворено напишани.
2. Да бидат кратко и јасно да се напишани (7-8 правила, да не бидат многу во одделението).
3. При донесувањето на правилата да се вклучат сите ученици и да се создаде дискутирачка средина со учениците за правилата.
4. Правилата да се афирмативни, а не негативни. Бидејќи целта е да се истакне позитивното, а не негативното однесување.
5. Правилата да се напишани да одговарат на психофизичките можности на учениците и да се закачени на видно место.
6. Редовно треба да се следи дали се почитуваат или не се почитуваат правилата. Доколку се почитуваат, тогаш да се наградува примерниот ученик, или ако не се почитуваат, тогаш да се преземат назначените мерки против непримерниот ученик.

Училиштето како своевиден општествен систем го зема детето од општеството, го образува и воспитува и пак го враќа во општеството. Одделението е дел од училиштето. Училничките правила треба да се во согласност со училишните правила и со вредностите на општеството. Во развојот на ученичката личност голема улога има наставничкото конзистентно однесување.

### 7. Модели на дисциплината во образованието

Може да се зборува за неколку видови модели за воспоставување на дисциплината. Меѓутоа, не е можно да се зборува за некој чист модел со кој би се спречиле дисциплинските проблеми во секакви услови и средини. Подолу се прикажани дел од овие модели. Секој наставник, потпирајќи се на овие модели, може да го најде својот модел на дисциплинирањето (Пала, 2005).[129]

Со тоа можеме да заклучиме дека нема универзални техники за раководење на одделението, туку има некои модели, односно техники на управување кои во некои одделенија може добро да функционираат. Тоа не е гаранција дека истиот модел ќе може успешно да се примени и во друго одделение.

[129] İlköğretim birinci kademede görev yapan sınıf öğretmenlerinin karşılaştıkları disiplin problemleri ve bunlarla başetme yolları - ( www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-...s. 30.

### 7.1. Наметлива дисциплина – Л. Кантер (L. Canter)

Целта на наметливата дисциплина е конзистентноста на наставниците со учениците во училницата да создаде ред кој ќе помогне за создавање мирна и ефективна комуникација која ќе ги задоволува потребите на наставникот и на учениците, ќе го олесни реализирањето на воспитанието и образованието во саканата насока. Моделот ги поттикнува учениците да се развиваат во саканата насока. Според овој модел, учениците мораат да имаат граници и поставувањето и применувањето на овие граници е одговорност на наставникот. (Едвардс, 1993,Чарлс, 1996, Бурден, 1995, Волфганг, 1995 (Edwards, 1993; Charles, 1996; Burden, 1995; Wolfgang, 1995)) ; [130]

Според Зарески (1998), наметливост е облик на однесување во социјалните интеракции со која се бориме за свои права, со која го изразуваме своите желби и чувства а истовремено ги одбиваме неразумните барања на начин кој не предизвикува психолошки или физички повреди на другите. Наметливите луѓе знаат што сакаат и можат да бараат на таков начин да не ги повредуваат другите. Тие се способни да се контролираат. Важно им е да го решат проблемот, а не да победат.

Според овој модел на дисциплина учениците имаат право да знаат какви очекувања имаат наставниците од нив, да добијат специфични насочувања од наставникот за да знаат како да се однесуваат за време на процесот на воспитно-образовната работа, да добијат позитивно засилување, да бидат поддржувани и да го знаат исходот од своите однесувања.

Обврските на наставниците во училницата се: да создадат најприфатлив работен амбиент за учениците, од учениците да очекуваат и да помогнат при развојот на најприфатливо поведение, да побараат помош од раководството на училиштето и од родителите за создавање на дисциплината во училиштето. Кантер и Кантер (Canter &

[130] Edwards, C. H. ( Едвард, К. Х.) (1993). Classroom Discipline and Management, New York: Macmillan.

- Charles, C. M. (Шарл, К. М.) (1996). Building Classoom Discipline (5th Ed). Longman Publisher,USA.

- Burden, P. R. (Бурден, П. Р.) (1995). Classroom Management and Discipline: Methods to Facilitate Cooperation and Instruction, Longman Publishers, USA.

- Wolfgang, C. H. (Волфганг, К. Х.) & Glickman, C. D. (Гликман, К. Д.) (1995). Solving Discipline Problems: Strategies for Classroom Teachers, 3rd ed. Boston: Allyn & Bacon.); преземено од: www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-.s. 30..)

Canter (1992)[131] велат дека наставниците што имаат вакви способности можат да создадат пријатна и поттикнувачка средина за учење. Наметнувачкиот наставник отворено кажува и покажува какви очекувања има за своите ученици (Чарлс (Charles, 1996)).[132]

Прв чекор во решавањето на дисциплинските проблеми е да се открие пречката за недисциплината и таа веднаш да се отстрани од средината. Учениците да го научат и да го прифатат формираниот план за дисциплината, да им се објасни на учениците зошто се потребни поставените правила, да се провери дали се правилата разбирливи или не се, да им се објасни на учениците како ќе бидат наградувани доколку ги исполнуваат и друго. Моделот го поучува ученикот да се однесува одговорно.

Овој модел посебно бара наставникот да биде оддалечен од физичките и од психичките стресови и од вербалните конфликти, бидејќи во тој случај поголемиот дел од времето ќе може да го посвети на воспитно-образовната работа, а не да се занимава со дисциплинските проблеми.

Слаби страни на овој модел на дисциплинирање се: неможноста да се осознаат причините за несаканото однесување на ученикот, како што се емоционалните причини, болест и други причини кои може да предизвикаат непослушност. Иако се споменуваат наградувањето и пофалбата, во практиката сè помало место им се даваат на овие техники. Преземено од: Чарлс, 1996: стр. 47; Едвардс, 1993: 71-72 (Charles, 1996: 47; Edwards, 1993: 71-72.[133]

---

[131] Canter, L. & Canter, M. (Кантер, Л. и Кантер, М.) (1992) Assertive Discipline: Positive Discipline for Today's Classroms Santa Monica: Lee Canter Associates). www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 30.

[132] Charles, C. M. (Шарл, К. М.) (1996). Building Classoom Discipline (5th Ed). Longman Publisher,USA). www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-.s. 30.

[133] www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 31.

### 7.2. Модел на менување на однесувањето – Б.Ф. Скинер (B.F. Skinner))

Овој модел на дисциплина е формиран врз основа на учењата и мислењата на психолозите Вотсон, Торндик и Скинер (Watson, Thorndike и Skinner)[134] кои велат дека за промена на однесувањето на учениците големо влијание имаат надворешните влијанија во комбинација со казнувањето и наградувањето.

Според теоретичарите на овој модел на дисциплина, несаканите однесувања се манифестираат поради тоа што учениците репетитивно го практикуваат несаканото однесување или поради неможноста да се научат на примерно однесување. Овој модел прокламира прво да се анализира несаканото однесување, а потоа да се најде и соодветна техника за негова промена.

Теоретичарите на овој модел на дисциплина сметаат дека има и позитивни и негативни утврдувачи на дисциплината, во кои има и наградувачки и казнувачки постапки на наставниците, преземени од: (Едвардс, 1993, Бурден, 1995, Целеп, 2000, Атаман, 2000 (Edwards, 1993; Burden, 1995; Celep, 2000; Ataman, 2000)).[135]

### 7.3. Модел на наставниковата воспитна влијателност – Т. Гордон (T.Gordon)

Однесувањето на наставниците во училницата влијае кај учениците да се формираат два вида дисциплински однесувања.

-Внатрешна дисциплина: самоуправување и самоконтрола на индивидуата.

-Надворешна дисциплина: воведување на дисциплина со надворешни насочувања од други лица однадвор (Гордон - Gordon, 1993, стр. 7, 8, 30).

Луѓето што се фокусирани на надворешната дисциплина, внатрешниот развој и исходот на личноста го поврзуваат со сопствените вложувања, додека, одговорноста за неуспехот ја поврзуваат со некои надворешни фактори.

[134] C. George (К. Џорџ) - Revue française de pédagogie, 1985 – JSTOR) www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 32.

[135] İlköğretim birinci kademede görev yapan sınıf öğretmenlerinin karşılaştıkları disiplin problemleri ve bunlarla başetme yolları www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-...s. 32

Луѓето што се фокусирани на внатрешната дисциплина, не прават разлика меѓу надворешните или внатрешните причини на несаканите настани, туку одговорноста секогаш ја бараат во себе.

Наставникот како своевиден контролор, својата правичност ја црпи како од казнувањето, така и од наградувањето. Според Гордон, децата не треба многу често и тешко да се казнуваат, затоа што казнетиот ученик секогаш ја избегнува работата, поради слабите оценки и како резултат на нив му се намалува и интересот да игра со своите другари; тој сè почесто бега од училиште, а кога ќе потпорасне може да се случи и да избега од дома. Ова бегство неретко резултира со девијантно однесување на индивидуата, проследено со потешки форми на алкохолизам или на наркоманија. (Гордон - Gordon 1993: 61-66 ).[136]

### 7.4. Модел на социјална дисциплина –Р. Дреикурс (R. Dreikurs)

Овој модел се споменува и како модел на позитивна дисциплина кој се надоврзува на учењата на Рудолф Дреикурс и Џејн Нелсон (Rudolf Dreikurs, Jane Nelson) и на резултатите добиени од истражувањата на Алфред Адлер (Alfred Adler) за редот во училницата (Џелеп - Celep, 2002: 194).[137]

Според Рудолф Дреикурс, за да ги задоволат своите потреби, децата имаат порив да се однесуваат непримерно, со што го привлекуваат вниманието на околината, добиваат сила, манифестираат одмаздољубивост, но понекогаш и немоќ. (Pala, 2005: 174).[138] Доколку децата се чувствуваат важни и почитувани од страна на возрасните, тие стануваат поуспешни и повеќе ги развиваат своите способности и социјални интереси. Доколку е спротивно, тие ќе се почувствуваат несакани, непочитувани и неважни, така што се повлекуваат во себе и се однесуваат одбранбено; имено, во тој

---

[136] Gordon, T (Гордон, T.) (1993). Etkili öğretmenlik Eğitimi. Çev. E. Aksay ve B. Özkan). 1. baskı. İstanbul: Yapa Yayınları); www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 33-36.

[137] Celep, C. (Џелеп, Џ.) (2002). Sınıf Yönetimi ve Disiplini, 2. Baskı. Ankara: Anı Yayıncılık www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 37

[138] Pala, A. (Пала, A.) (2005). Sınıfta istenmeyen öğrenci davranışlarını önlemeye dönük disiplin modelleri. *Kırgızistan-Türkiye Manas Üniversitesi Sosyal Bilimler Dergisi, 13*,171-179; www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 37.

период почнуваат да се однесуваат непримерно тежнеејќи да го најдат патот кој води до почитување и уважување. Со тоа тие стануваат уште попроблематични индивидуи (Нелсон и други, 2002: 82).[139] Затоа наставникот во училницата треба да биде многу внимателен и навремено, следејќи го девијантното однесување на учениците, соодветно да интервенира, да сугерира и да влијае за нивно коригирање (Pala, 2005: 174).[140] Само децата израснати во демократски средини се во состојба позитивно да реагираат на своите наставници. Позитивната дисциплина, според Нелсон, Лот и Глен (Nelson, Lott & Glenn)[141] е техника која овозможува децата да се научат на самоконтрола и успешно да се справуваат со создадените проблеми, а исто така постои можност учејќи ги општествените правила да изградат позитивна слика за себе.

Според овој модел на дисциплина треба да им се даде можност на децата да можат да направат избор, да им се овозможи преку природни и логички исходи да се научат да ги решаваат проблемите со помош на позитивна дисциплина. Децата, како што правилно работејќи и однесувајќи се учат, исто така и неправилно работејќи или однесувајќи се учат поради тоа и ова е една од важните стратегии за развивање на позитивната дисциплина.[142]

---

[139] Nelson, J., Lott, L., (Нелсон, J., Лот, Л.) & Glenn, S. (Глен, С.) (2000). Çocuk eğitiminde A'dan Z'ye pozitif disiplin. İstanbul: Hayat Yayınları ; www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 38.

[140] Pala, A. (Пала, А.) (2005). Sınıfta istenmeyen öğrenci davranışlarını önlemeye dönük disiplin modelleri. *Kırgızistan-Türkiye Manas Üniversitesi Sosyal Bilimler Dergisi, 13,*171-179. ; www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 38.

[141] Nelson, J., Lott, L., (Нелсон, J., Лот, Л.) & Glenn, S. (Глен, С.) (2000). Çocuk eğitiminde A'dan Z'ye pozitif disiplin. İstanbul: Hayat Yayınları. www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 39.

[142] www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-.s. 39.

### 7.5. Терапија на реалноста /Контролна терапија – В. Гласер (W. Glasser)

Според Гласер (Glasser), наставниците не треба да ги присилуваат учениците во менувањето на своите однесувања, туку на учениците треба да им се даде можност за избор, осудување и менување на своите однесувања (Бурден, 1993, Едвардс, 1993, Волфганг 1995 (Burden,1995; Edwards, 1993; Wolfgang, 1995)).

Во темелот на овој дисциплински модел е дека погрешното однесување потекнува од погрешен избор, а правилното однесување потекнува од исправниот избор.

Ако нивните несакани однесувања им помагаат во задоволувањето на нивните потреби тогаш и нивните избори ќе бидат во таа погрешна насока. Поради тоа наставниковите однесувања треба да се во согласност со потребите на учениците, и активностите на раководниот кадар на училиштето треба да се насочени да им помагаат на учениците во нивните учења и во вреднувањето на самите себеси (Бурден, 1993, Едвардс, 1993, Волфганг 1995 ( Burden,1993; Edwards, 1993; Wolfgang, 1995)).

Според тоа, традиционалната примена на наградата и казната треба да се напушти. Наместо нив, да се поттикнат учениците да ги засакаат училишните активности да ги развијат кај себе концептите: прифаќање, контрола, слобода.[143]

[143] www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 40.

### 7.6. Модел на решавање на меѓучовечки врски – Е. Берн, Т. Харис (E. Berne, T. Harris)

Основата на овој модел се потпира на решавањето на меѓучовечките врски. Според моделот на решавањето на меѓучовечките врски, поединецот пред сè треба да се познава себеси. Заради ова поединецот треба да има одговор на прашањата: Кој сум јас? Зошто се однесувам вака? Како го избрав овој пат? - бидејќи, овие прашања се многу значајни за поединецот (Wolfgang,1995; Edwards, 1993; Jongeward & James, 1971).[144]

Родителска его состојба: детето најпрво се развива во сопственото семејство и затоа првите надворешни извори кои влијаат на однесувањето на детето се во семејната средина. Однесувањата, мимиките, речениците детето по пат на мимезис ги усвојува од своите родители и без да прави разлика дали се тие добри или не, продолжува да ги применува и во подоцнежниот период од својот живот.

Возрасно его состојба: оваа состојба нема врска со годините на личноста. Се тестира родителската состојба и ако треба се менува состојбата. Исказот возрасно его состојба помага при рационално проблемско решавање на појавените проблеми.

Детска его состојба: оваа состојба ги опфаќа сите природни стимулси кај детето. Исто така во оваа состојба се наоѓаат и чувствата за амбициозност и за творештво (Едвардс (Edwards), 1993: 106-108; Џелеп (Celep), 2002).[145]

---

[144] www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-s. 41.

[145] www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 42.

### 7.7. Моделот на Х. Жино (H. Ginott)

Според Жино, дисциплината е резултат од низа мали победи, а најважен фактор за создавање на дисциплината е наставникот. Наставникот најпрвин треба самиот да е добар модел за своите ученици, а потоа да бара и учениците да се однесуваат дисциплинирано.

Најправилна дисциплина, според овој автор, е секој да се дисциплинира себе. Заради ова причина, во својот модел на дисциплина вели: сите наставници треба на своите ученици да им дадат одговорности и знаења за дисциплината. Во темелот на оваа мисла лежи дека позитивен развој и учење со разбирање може да се постигне само со активна комуникација. Наставникот, почитувајќи ги чувствата и емоциите на учениците, воедно, создава услови и учениците да ги преземат своите обврски и да станат одговорни за сопствените однесувања. Наместо постојано сугерирање, укорување или казнување на ученикот подобро е да му се даде определена одговорност, така што тој самиот ќе се дисциплинира. Учениците не треба да се казнуваат, но ако има потреба (и) од тоа, подобро е казнената мерка да се спроведе во некоја посебна просторија, а не пред другите ученици, затоа што во присуство на другите ученици таа нема вистински дисциплински ефект туку пред сè го понижува ученикот. Како последица, тој почнува да се затвора во себе и да чувствува непријателство и кон училиштето и кон наставникот (Вебер (Weber), 1986; Едвардс (Edwards), 1993; Бурден (Burden), 1995).[146]

[146] Edwards, C. H. (Едвард , К. Х.) (1993). Classroom Discipline and Management , New York: Macmillan.;

- Burden, P. R. (Бурден, П. Р.) (1995). Classroom Management and Discipline: Methods to Facilitate Cooperation and Instruction, Longman Publishers, USA. ; www.belgeler.c(om/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 43

### 7.8. Моделот на Добсон (J. Dobson)

Моделот на Добсон (Dobson, 1995) тврди дека детските капацитети не се доволни за да можат секогаш да разликуваат соодветно и несоодветно однесување, или да најдат решение за пројавените проблеми. Затоа возрасните требаат отворено и јасно да ги определуваат границите на однесувањето на децата и да ги поучуваат да се однесуваат во согласност со утврдените правила. Ако по ова поучување децата не се однесуваат во согласност со поставените правила, тогаш да се преземе казнена мерка. Според овој модел, контролираното физичко казнување, во зависност од процената од страна на возрасните, ќе го заштити детето. Добсон вели дека применувањето на физичката казна до 8-9 годишна возраст има позитивно влијание врз дисциплината, додека по овие години врз повозрасните ученици никако не треба да се применува каква била физичка казна.

Според Добсон, по физичкото казнување детето, со сигурност, ќе се налути или ќе плаче, па наставникот без разлика дали е ученик или ученичка треба да покаже сочувство со ученикот и да му објасни дека во иднина треба да го отстрани пројавеното непримерно однесување за да нема потреба повторно да следува казна. Наставниците по физичката интервенција не треба да бидат нервозни и ладни туку да продолжат со природен неусилен однос кон учениците.[147]

Јас како автор на овој труд сметам дека физичкото казнување на учениците не е во никаква корелација со современите тенденции за успешен пристап кон разрешувањето на дисциплинскиот проблем. Секако, во полза на ова мислење се надоврзуваат и новите законски одредби за односнава област, според кои во нашата држава и правно е санкционирана физичката казна на учениците.

---

[147] Dobson, James C. (Добсон, Џејмс К.) (1996). *The New Dare to Discipline.* www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 44.

## 7.9. Моделот на Редл (Redl) и Ватенбург (Wattenburg)

Редл и Ватенбург откриле дека непримерното однесување на учениците многу брзо се шири во училницата, а согледале и дека на однесувањето на учениците големо влијание имаат редица психолошки и социјални фактори. Ако несаканото однесување е со голем интензитет или тежина, тогаш наставникот веднаш треба да реагира на пројавеното однесување. Во вакви ситуации тој треба да реагира со контакт на очите, или со нишање на главата накај непослушниот ученик, или да се доближи до него па да се обиде сталожено или шегобијно да искомуницира со ученикот. Ако е (релативно) мал интензитетот на несаканото однесување и, според процена на наставникот, нема опасност да ескалира, тогаш тој може да се преправа како да не го видел, да го игнорира однесувањето или директно да го исправи ученикот како треба правилно да се однесува. Штом ќе се појави некое несакано однесување во училницата, наставникот треба да се фокусира на преиспитување на сопствената работа, да анализира дали е наставата во доволна мера приспособена на психофизичките можности на учениците, дали се тие добро мотивирани, односно дали е наставата интересна за учениците и др.

Според овој модел, наставникот треба да практикува со секој ученик да држи исто растојание, затоа што ако се зближува со избрани ученици, а со другите не, сосем очекуван ќе биде реакција на создавање љубомора кај запоставените. Исто и наградата треба да им се дава на оние ученици кои навистина ја заслужуваат. Наставникот во училницата не треба да се однесува само според сопствените чувства, тој треба да се постави понекогаш и на местото на ученикот, со тоа би се создала позитивна атмосфера во училницата (Пала – Pala, 2005: 173)[148] Исто така, според овој модел наставниците уште на почетокот на учебната година или на почетокот на часот треба да им соопштат на учениците што се очекува од нив, како треба да се однесуваат и доколку не се однесуваат соодветно, какви мерки ќе бидат преземени.

[148] Pala, A. ( Пала, A.) (2005). Sınıfta istenmeyen öğrenci davranışlarını önlemeye dönük disiplin modelleri.) www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 45.

### 7.10. Моделот на Кунин (Kounin)

Во истражувањата за дисциплината од Kounin (Кунин) (1977), се зборува за теоријата на хаосот која има интензивно брановидно влијание. Според оваа теорија, наставникот исправувајќи го поединечното несоодветно, погрешно однесување на ученикот, воедно, влијае и на другите ученици да ги поправаат своите грешки. На пр.: кога наставникот предупредува некој ученик што се занимава со други работи за време на часот, истовремено извршува влијание и врз другите ученици да продолжат со работата и да се сконцентрираат на зададените наставни активности.

За да биде успешен во училницата, наставникот треба секогаш да биде активен со учениците и наставата да ја реализира со различни методи, форми и наставни средства (Пала / Pala: 173).[149]

### 7.11. Моделот на Џонс (Jones)

Според Џонс (Jones, 1979) дисциплината се формира со давање поддршка на ученикот да се самоконтролира. Во своите истражувања тој дошол до резултати дека наставниците во наставниот час 50% од времето наместо за настава го трошат за одржување на дисциплината во училницата.

За да не губи многу време за дисциплината во училницата, наставникот треба многу систематично и активно да го применува јазикот на телото, со цел да ги охрабри и да ги поттикне учениците на дисциплинирано поведение. Добрите однесувања на ученикот треба да се поттикнат и тој да се мотивира, за да се интензивира во работата и да се научи на добро однесување (Пала / Pala), 2005: 175).[150]

---

[149] Pala, A. (Пала, A.) (2005). Sınıfta istenmeyen öğrenci davranışlarını önlemeye dönük disiplin modelleri.) www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-.s. 45.

[150] Pala, A. (Пала, A.) (2005). Sınıfta istenmeyen öğrenci davranışlarını önlemeye dönük disiplin modelleri.) www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 46.

## 7.12. Моделот *„јас можам да решавам проблем"*

Моделот *јас можам да решавам проблем*, како дисциплински модел е развиен од страна на Давид Спивак (David Spivak) и Мајрна Б. Шур (Mayrna B. Shure) од средината на 1972 година и во 1992 година е објавен во одделна публикација. Потпирајќи се на научни докази претставува „Програма за решавање на меѓучовечките проблеми ".

Според овој модел, децата по четвртата година од животот стануваат свесни кои се причините на таквото однесување, што чувствуваат луѓето и знаат дека за решавањето на некој проблем постојат повеќе начини на решавање. Исто така, тие се способни да разберат дали една мисла е добра или лоша. Поради тоа целта на оваа програма не е да се научат децата што да размислуваат туку да се поучат како да размислуваат. Оваа програма не им дава совети на учениците што треба да прават ако настане конфликтна ситуација туку ги насочува да ги концентрираат мислите за односниот проблем, така што ќе можат да продуцираат различни свои видувања за да се реши настанатиот проблем.

Прво – запознавање на сопствените и чувствата на другите.

Второ – земање предвид, аголот на гледањето на другите за проблемот (Öğülmüş, 2004: 69-96).[151]

[151] Öğülmüş, Selahiddin. (Огутулмуш, Селахидин) (2004) **"Ben Sorun Çözebilirim"**, Nobel Yayın Dağıtım, Ankara); www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-...s. 47.

### 7.13. Модел на дисциплина кој се потпира на одговорноста во управувањето со одделението

Возрасните безусловно треба да даваат љубов, доверба и припадност на децата доколку сакаат децата здраво да пораснат и во иднина да бидат здрави зрели индивидуи. (Квин (Queen), Блеквелдет (Blackweldet), Мален (Mallen), 1997, Akt: Целеп-(Celep), 2002: 247).[152]

Основно начело во доброто оспособување на детето е да се најдат решенија на нивните животни проблеми. Наставниците во животот на учениците се личности со големи одговорности, поради тоа наставниците секогаш треба да се позитивни примери и модели на учениците и да им помагаат и да ги поттикнат учениците во преземањето на одредена одговорност.

Едната цел на овој модел е да ги оспособи учениците да можат да живеат одговорно, продуктивно во едно демократско и мултикултурно општество.

Целта на овој модел на дисциплина е ученикот да се научи на одговорно однесување. Наместо со надворешни наградувања би требало да се поттикне со внатрешни наградувања.

---

[152] Celep, C. (Целеп, Џ.) (2002). Sınıf Yönetimi ve Disiplini, 2. Baskı. Ankara:Anı Yayıncılık,). Сите горе наведени извори за различните модели се преземени од истава интернет адреса: **İlköğretim birinci kademede görev yapan sınıf öğretmenlerinin karşılaştıkları disiplin problemleri ve bunlarla başetme yolları** ( www.belgeler.com/.../lkretim-birinci-kademede-grev-yapan-sinif-..s. 48-50.

## 8. Начини на разбирање на дисциплината

Во последно време е изменето разбирањето за дисциплината и за дисциплинирано одделение. Порано во основата на дисциплината стоеше безгласноста во одделението (тишината), т.е. „летањето на мувата да се слуша во одделението“, а сега, оваа напната атмосфера во одделението отстапува место за „ненапната атмосфера“. Денес, во современиот начин на воспитување, на дисциплината веќе не се гледа така, туку тоа зависи од методот што се применува, сосем нормално им се дозволува тивко зборување меѓу учениците, дури и повремени прошетки во училницата со задоволство се прифаќаат. Секако, разбирањето на дисциплината е различно за учениците од основното и за средното образование.

Сферата на дисциплинските сфаќања постојано се менува и се развива. Од ова менување и развивање на сфаќањата за дисциплината денес можеме да зборуваме за својствата на традиционалното сфаќање и за модерното (современото) сфаќање (Ilgar, 2000: 165).[153]

Постои битна разлика меѓу традиционалната и современата дисциплина. **1. Традиционално (автократско, доминантно) сфаќање за дисциплината**

Ова сфаќање е карактеристично за „старото училиште“, се темели на слепа послушност, страв и авторитет на наставникот. Традиционаланата дисциплина претполага предавачко-испитувачка настава во која ученикот пасивно слуша и го запомнува излагањето на наставникот со евентуални демонстрирања на училишната табла. Во традиционалното значење дисциплината во училиштето се дефинира како **контрола** на однесувањето која е надворешно воведена. Така на учениците внатрешно им била наметнувана дисциплина и послушност.

Интересите и желбите на учениците се држат под контрола. Учениците со заплашување се контролираат. Контролирањето се применува со тврди ставови и мерки. Голема важност се придава на тишината и на казнувањето на несаканите однесувања. Се вреднува диктаторското контролирање на учениците од страна на наставникот. Во центарот се наоѓа наставникот и сите работи тој ги реализира, додека учениците само пасивно го слушаат наставникот.

[153] Ilgar, L. (Илгар, Л.) (2000) Eğitim Yönetimi. İstanbul: Beta Basım Yayım.

Традиционалниот воспитен систем повеќе е прифатен од страна на класичните училишта. Наставата, часовите, програмите во традиционалниот воспитен систем се реализираат без да се земат предвид ученичките желби и интереси (Кафадар - Kafadar, 1997: 49).[154] Во традицоналното воспитание наставната програма и наставникот се во преден план. Во класичните училишта владее традиционалното сфаќање за дисциплината кое се гледа од безусловното барање учениците соодветно да се однесуваат. Соодветното однесување на учениците се втемелува со притисок од страна на наставниците што понекогаш предизвикува појава на проблематично однесување на учениците.

Во класичните училишта каде што владее традиционалното сфаќање за дисцплината учениците немаат никаква врска со донесените одлуки во училиштето, комуникацијата меѓу наставникот и ученикот се одвива отежнато, поставените правила во училницата се крути и еднонасочни, а при донесувањето на правилата ученикот нема никаква улога. Донесените правила се од страна на наставникот и за тие правила учениците не можат и не смеат да развиваат никаква дискусија; како такви тие мора да се почитуваат од страна на учениците (Ајдин - Aydın, 1998: 3).[155] Во класичното училиште владее авторитарно сфаќање и во едно вакво училиште развивањето на ученикот не е можно.

Традиционалното сфаќање за дисциплината не може да воспостави врска со потребите на модерниот (современиот) живот. Наставникот е должен од една страна да воспостави мир со крутите правила во училницата, од друга страна, пак, принуден е да се расправа со појавените дисциплински проблеми. Во вакви околности ставот на наставникот е да ги обвинува, укорува или казнува проблематичните ученици. Ваквата состојба во воспитанието го принудува ученикот да се оддалечи од воспитанието и образованието (Ајдин - Aydın, 1998: 3).[156] Штом ученикот ќе се оддалечи од училиштето, тоа дете веќе станува проблем во училиштето и тој веќе не сака да

[154] Kafadar, Osman (Кафадар, Осман) (1997), Türk Eğitim Düşüncesinde Batılılaşma, Feryal Matb, İstanbul.

[155] Aydın, Ahmet. (Ајдин, Ахмет) (1998.), Sınıf Yönetimi, Anı yayınları, Ankara.

[156] Aydın, Ahmet. (Ајдин, Ахмет) (1998.), Sınıf Yönetimi, Anı yayınları, Ankara.

споделува никаков проблем со училиштето и постапно сосем се оддалечува од учлиштето.[157]

Халис (Halis (2001: 94)),[158] односот меѓу традиционалното и модерното сфаќање за дисциплината и пројавените карактеристики ги има анализирано и прикажано во следната табела:

ТАБЕЛА Бр. 2

| Старо | Ново |
|---|---|
| Под притисок се интересите и желбите | Се насочуваат интересите и желбите |
| Контрола се врши со заплашување | Проблемите и желбите се насочуваат |
| Значење им се дава на крутите правила | Значајни се прифатените норми на однесување |
| Се дава значење на тишината и на пасивноста | Значајна е работливоста, соработливоста и помошта |
| Се казнуваат лошите однесувања | Се охрабруваат добрите однесувања |
| Контрола со својот авторитет | Меѓусебна соработка ученик-наставник |

**2. Модерното (современото, позитивното) сфаќање за дисциплината**

Во овој модел на сфаќање се насочуваат интересите и желбите на учениците. Се анализираат и решаваат ученичките проблеми. Се дава предност на прифатените ученички однесувања. Се дава предност на соработливоста и на заемното помагање. Во модерното сфаќање на воспитанието детето е во центарот на наставата, сите работи се вртаат околу детето за да ги задоволат потребите на детето. Детето станува сонце во наставата, додека другите услови стануваат планети што се вртат околу сонцето.

Во раководењето на одделението има многу фактори кои влијаат врз дисциплината. Доколку не се преземат соодветни активности во однос на факторите, постои можност да се појави проблем. За да се создаде дисциплина во

[157] www.belgeler.com/.../ İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri 23-24.
[158] Halis, İ. (Халис, И.) (2001), Sınıf Yönetimi, Ceylan Yay., Konya.

раководењето на одделението подолу се дадени активностите што можат позитивно да придонесат за развојот на дисциплината (Ağaoğlu, 2002: 55-56).[159]

- **Физичката среденост на училницата** придонесува успешно да се реализираат целите на наставата и учениците активно да се вклучат во наставата што, придонесува да има голема улога во создавањето на дисциплината. Во училницата треба да се среди топлината, светлината, бојата и др.

- Пред да влезе во училницата, наставникот треба задолжително да има **план за работа**. Наставниците што влегуваат во училницата без план и програма за работа не можат да се снајдат, не знаат што да прават на часот и на тој начин се создаваат услови за создавање дисциплински проблеми.

- Наставникот треба **да ги почитува учениците** за време на часот и за време на одморите. Ефективното применување на наставното време од страна на наставникот придонесува успешно да се реализираат целите на часот и обезбедува учениците во своите животи ефикасно да ги применуваат временските рокови.

- Во училницата, за **да се превенираат непримерните однесувања**, постојат неколку стратегии кои може да се применат; тие се:

- Да се воспостави **контакт со очите** со непослушниот ученик, за да му се даде на знаење дека неговото однесување не се прифаќа.
- Воспоставување **поединечна средба** со непослушниот ученик.
- Во одделенските заедници **да се дискутира** повеќе за неприфатливите однесувања. Повеќе да се елаборираат теми поврзани со проблематичните однесувања и нивното решавање. Преземените одлуки без да се менуваат треба да се применуваат. Протоколот на состаноците на одделенските заедници главно треба да тече според следниве три процеси: дефинирање на

[159] Ağaoğlu. E. (Агаоглу, Е.) (2002). Sınıf yönetimiyle ilgili genel olgular. Sınıf Yönetimi, (Ed: Zeki Kaya) Ankara: Pegem A Yayıncılık.

поимот, дискусија за начините за решавање на проблемот и одбирање на решението (Челик - Çelik, 2001: 181).[160]

-Како основачи на позитивната дисциплина А. Адлер и Рудолф Дреикурс (A. Adler и Rudolf Dreikurs) темелено на своите истражувања ја застапуваат тезата „сите луѓе имаат рамноправно право за почит и чест" затоа сите методи на нивната позитивна дисциплина не дозволуваат учениците да бидат казнувани (Фајфер - Pfeiffer, 2005: 1).[161]

Денес дисциплината поинаку се третира.

- Учениците во наставниот процес се **активни**, самоиницијативни; низ тој процес дисциплината станува пофлексибилна, што повеќе одговара на самата природа на учениците.
- Воспитно-образовната работа денес не одговара на дисциплината заснована на стравот; ова е дисциплина во која владее **ред и работна атмосфера**, која во истовреме овозможува дијалог со наставникот и со другите ученици, слободно барање на дополнителни објаснувања, слободно изјаснување на мислењата и одбрана на сопствените ставови, користење на литература итн.
- Всушност, „позитивната" дисциплина е – владеење **над сопствената волја, чувствата и склоностите** со цел постигања во позитивна смисла. Улогата на семејствата е многу важна и затоа е неопходно да се инсистира и да се пронајдат најдобрите начини на соработка меѓу училиштето и родителот и вклучување на родителите во решавањето на дисциплинските прекршувања на учениците во основните училишта.
- Ефикасноста би била зголемена кога улогата на родителите би била повеќе **советодавна, а не наредбодавна**, кога учениците би слушале совети и сугестии на своите наставници и родители, во врска со нивното животно искуство.[162]

Како заклучок можеме да кажеме дека доколку сакаме детето да го поучиме позитивно да се однесува во секојдневниот живот, тоа може да се постигне со интерес и со љубов кон детето, а не со казнување на детето како што е во традиционалното

[160] Çelik, V. (Челик, В.) (2001). Geleceğin Okul Liderleri. 2000 Yılında Türk Millî Eğitim Örgütü ve Yönetimi Ulusal Sempozyumu. Ankara:Başkent Öğretmen Evi.

[161] http://dhgm.meb.gov.tr/yayimlar/dergiler/Milli_Egitim_Dergisi/166/index3-sengul.htm

[162] www.belgeler.com/.../ İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri ( s.24-26

сфаќање за дисциплината. Според тоа, секое воспитание кое се потпира на казнувањето, не е прифатливо. За да се подготват децата за претстојниот живот, треба да им се следат интересите и потребите, со што благовремено ќе бидат насочени во тој правец.

Целта на модерното (современото, позитивното) сфаќање за дисциплината е кај децата да се развива механизмот на самоконтролата уште од најрани години. Кај детето на овој начин ќе се развие значењето за демократскиот живот, за творештвото, за одговорноста, корисноста, со што ќе се развијат индивидуалните карактеристики на детето кои низ целиот негов живот ќе му помогнат ваквите однесувања уште повеќе да се развиваат. Со помош на ваквото воспитание детето ќе се оспособи да биде одговорно за сопствените однесувања и самото да биде во состојба да си поставува правила на однесување.

### 8.1. Како се создава дисциплината во одделението

Создадените дисциплински проблеми во одделението треба да се предвидат, да се решат и да се санираат. Многу од дисциплинските проблеми се јавуваат и се создаваат поради погрешната примена на некои дисциплински стратегии од страна на наставниците.

За намалување на дисциплинските проблеми и за создавање на поволна и поттикнувачка атмосфера за учење и соработка во одделението има доста прости и едноставни методи; добро оспособениот наставник треба да се раководи според долу напишаните десет правила:[163]

---

[163] Alıcıgüzel, İ. ( Алицигузел, И.)(1999). Çağdaş Okulda Eğitim ve Öğretim , Sistem Yay., İstanbul.

Ayhan, Ayhan (Ајхан, Ајхан) (1998). Sınıf Yönetimi, Anı Yay., Ankara.

Bottomore, T.B. (Ботоморе, Т. Б.) (1969). Sociology A Guide To Problems and Literature, Eighty İmp., England.

Dewey, John (Дјуи, Џон) (1996). Demokrasi ve Eğitim, (çev. Tahsin Yılmaz), Ege Üni. Yay., İzmir.

Shapiro, E. Lawrance (Шапиро, Е. Лоренс) (1999). Yüksek EQ'lu Bir Çocuk Yetiştirmek (How to Raise a Child with a High EQ), (çev. U. Kartal), (прев. У. Картал ), İstanbul.

1. **Од учениците наставникот треба да го очекува најдоброто:** Уште одамна е познато дека наставниковите очекувања играат важна улога во однесувањето на учениците. Наставникот секогаш треба да го очекува најдоброто од своите ученици. Ако им се даде шанса на децата, тие ќе го дадат својот максимум и ќе се однесуваат добро. Наставникот никогаш не треба да се откажува од своите очекувања, доколку детето, случајно, не успее од првиот обид.

2. **Наставникот треба да биде искрен и отворен:** Многу од наставниците грешат кога не им ги соопштуваат на учениците своите очекувања; со тоа самите предизвикуваат создавање дисциплински проблеми. Правилата на однесувањата треба да се отворени и јасни, на учениците да им бидат претставени на видно место на предниот ѕид од училницата. Доколку наставникот тежнее учениците повеќе да ги почитуваат овие правила, тогаш при дефинирањето на овие правила треба да земат учество и самите ученици.

3. **Награда - Да! Казна - Не!:** За појавата на дисциплинските проблеми во училницата голема улога играат честите казнувања на непослушните однесувања на учениците. Истражувачите дошле до резултати дека казнувањата се применуваат десет пати почесто од наградите.

Без разлика дали се казните големи или мали, најмалку четири последици предизвикани од нив придонесуваат да има непослушни однесувања во училницата:

1. Казната повеќе привлекува внимание. Факт е дека имињата на непослушните ученици побрзо се помнат, отколку имињата на послушните ученици.

2. Казните имаат негативни влијанија врз ученикот како што се, сомнеж, срам. За да ги намали овие негативни чувства, тој може да започне со агресивно однесување кон другите ученици.

3. Казната само за кратко време го смирува непослушното однесување на ученикот.

4. Казнувањето го нарушува континуитетот на наставата и го намалува времето за ефективно учење.

Имајќи ги предвид овие последици на казнувањето, треба да се претпочита приодот наградување. Наградувањето го насочува вниманието на добрите однесувања. Наградата и за наставникот и за училиштето придонесува учениците да имаат позитивни однесувања. Учениците со наградувањето се поттикнуваат на позитивно однесување, а воедно се подобрува текот на наставата.

4. **Ако се казнува ученикот, казната треба да биде соодветна на вината:** Многу од наставниците при казнувањето на децата, не мислејќи на последиците што може да настанат од непропорционалното казнување, предизвикуваат да се создаваат нови дисциплински проблеми. Најблизок пример до ова е кога се казнување целото одделение поради еден ученик. Ваквото однесување спрема учениците придонесува тие лошо да се чувствуваат и предизвикува создавање недисциплински однесувања. Од истражувањата е докажано дека логички поврзани казни со дисциплинските проблеми имаат добро влијание врз намалувањето на дисциплинските проблеми. На пр.: ако некој ученик скрши стакло, добро е да се казни со чистење на стаклата и со плаќање на стаклото. Таа казна ќе има позитивен ефект за намалување на дисциплинскиот проблем, но ако го казниме ученикот со давање задача да пишува 1000 пати „Уште еднаш нема да го скршам стаклото", тогаш казната нема да биде ефективна, бидејќи не е воспоставена никаква врска меѓу проблематичното однесување и казната.

5. **Ако се казнува ученикот, треба да му се одземат правата:** Кога се казнува ученикот, доколку не може да се најдат природните последици, тогаш со добар приод можат да им се одземат дадените права. Децата штом нема да ги извршуваат своите одговорности, нивните права и слободи треба да им бидат одземени или скратени. Условите за одземените права треба да им бидат соопштени на учениците однапред.

6. **Преправање како да не е забележено проблематичното однесување - игнорирање на проблематичното однесување:** Еден од ефективните патишта за создавање проблематични однесувања е наградување на непослушното однесување кое треба да се суспендира / надмине. Многу од наставниците од незнаење го прават токму ова, со посветување внимание на несаканите однесувања. На пр.: во едно предучилишно одделение детето го испуштило моливот на подот и при тоа употребило пцост. Наставниците, откако го

слушнале тоа веднаш се собрале околу детето и почнале со коментарите „многу лошо", „срамота", „уште еднаш да не те слушам да пцуеш" и др. Лесните прекршоци добро е да се игнорираат, а потоа со ученикот да се изврши поединечен разговор за прекршокот, а не пред присутните ученици.

7. **Конзистентноста е најдобра политика:** втора причина за создавање на дисциплински проблеми е неконзистентното однесување на наставникот кон применувањето на дисциплинските правила, задачи и казни. Недозволиво е наставникот еднаш да реагира, еднаш да не реагира на истите однесувања. Така тој ја губи довербата на учениците, учениците се поттикнуваат да ги одложат своите одговорности и да не го одржуваат дадениот збор. Неконзистентните казнувања придонесуваат за создавање проблематични однесувања кај учениците. На пр.: еднаш изречената опомена на непослушниот ученик треба да резултира со престанок на неговото непримерно однесување, но доколку ученикот повторно манифестира исто однесување, треба да се примени соодветна казнена мерка од дефинираните правила. Повторното опоменување го поттикнува детето на непослушно однесување, бидејќи неколкупатното повторување без казнување го уверува детето дека казната нема да биде толку голема, како што му е речено. Наставникот не смее да дозволи да падне во неконзистентна стапица; изречениот збор мора да го одржи.

8. **Секој ученик треба да се познава добро:** Еден од патиштата за намалување на дисциплинските проблеми е добро да се познаваат учениците, да се знае за нив што претставува казна, а што награда. Наставникот мора да внимава на наградите и казните, бидејќи ученикот може да ги сфати обратно од нивната намена. На пр.: ученикот што е казнет со отстранување од наставата, може да ужива шетајќи се надвор и наредниот час, тој или некој друг ученик ќе бараат повторно да бидат казнети со истата казна. Ваквото непромислено казнување од страна на наставникот го мотивира детето на поголема непослушност. Истата грешка е можна со наградувањето. На пр.: наградувајќи го ученикот поради добро однесување со давање на одредена должност во училницата, наставникот може да предизвика револт кај ученикот кој не ја смета таа должност како награда; напротив, таа за него означува казна што резултира со промена во неговото однесување со цел да ја отфрли „наградата", која за него претставува казна.

9. **Применување на училишната задача како награда:** Една од најголемите грешки на наставниците е давањето на учениците училишни задачи како казна. Наставниците применувајќи ги училишните задачи како награда можат да ги намалат создадените дисциплински проблеми во училиштето. На пр.: пишувањето на неколку задачи како казна го оддалечува детето од учењето или од училиштето и од наставникот, но задолжувањето на ученикот да сработи некоја задача, бидејќи бил добар по одреден предмет или однесување, ќе го мотивира ученикот и ќе предизвика чувство на задоволство и сигурност, со што ученикот повеќе ќе го засака училиштето, наставникот и предметот за кој се однесува задачата.

10. **Приод на учениците со љубов и почитување:** Приодот кон учениците полн со љубов и почит предизвикува намалување на дисциплинските проблеми. Во карактерот на луѓето е да реагираат реципроцитетно, односно, каков е односот кон нив, така и тие ќе реагираат. Ладниот пристап кон учениците, прави и тие да реагираат ладно, без посебен интерес за наставниковите емоции и реакции. Топлиот пристап предизвикува топло прифаќање и имитирање на позитивните чувства. Пријатните изненадувања им укажуваат на учениците за наставниковиот интерес. На пр.: по добро научената лекција, на учениците може да им се овозможи краткотраен 5-10 минутен забавен период. Изненадувањата, за да бидат вистински изненадувања со позитивен ефект, не треба да бидат предвидливи за учениците.[164 165]

Целосно суспендирање или надминување на дисциплинските проблеми не е можно, но крајна цел на наставникот е на секој ученик во одделението да му се помогне да го достигне својот максимум од потенцијалните можности.

Се заклучува дека поголемиот дел од ученичките проблеми произлегуваат поради слабото раководење на наставникот со наставниот процес и поради неговиот крут пристап во решавањето на проблемите со учениците. Тоа е знак дека доколку наставникот не е компетентен да се соочи со ученичките проблеми и адекватно да им помогне во решавањето на појавените проблеми, може да придонесе проблемите да се продлабочуваат. Од наведеново можеме да заклучиме: ако наставникот не се раководи

[164] www.boardturk.com/.../208818- & www.kigem.com/content.asp?bodyID=3310
[165] Kaleidoscope – Readings in Education Ryan Cooper Houghton Miffin Company, 1998.

според горенаведените својства, тој е еден од главните и најголемите фактори што придонесува да има проблеми во одделението. Наставникот со карактеристики што се контрадикторни не би требало да бара решение на проблемот на друго место освен во својата некомпетентна работа.

Честопати токму наставниците се причина за дисциплинските проблеми. Многу од денешните наставници при поучувањето на своите ученици ги применуваат истите наставни методи коишто ги применувале нивните наставници; исто така се однесуваат и при решавањето на создадените проблеми. Наставникот секогаш треба да внимава на својата доедукација, надградба на стекнатите вештини и техники со цел настава да биде поефективна и без дисциплински проблеми.

**8.2. Наставниковата реакција кон проблематичните однесувања на учениците**

**1. Разбирање на проблемот:** Прва задача на наставникот при проблематично однесување на ученикот е да ја разбере причината за појавувањето на проблемот, за да може компетентно да го реши.

**2. Игнорирање на проблематичното однесување - Да се прави како да не го видел:** Доколку однесувањето е краткотрајно, може да се направи како да не го видел, но истиот проблем не треба да се зацврстува (не треба често да се дозволува), бидејќи проблематичниот ученик ќе помисли дека неговото однесување се прифаќа и ќе продолжи така да се однесува. Доколку наставникот се прави дека не видел некој важен проблем, тогаш тешко ќе се отстрани тој проблем и само може да се влоши ситуацијата.

**3. Предупредување:** Со различни зборови се предупредува ученикот чии однесувања се неприфатливи и се објаснува зошто не се прифатливи. Наставникот со различни начини може да го предупреди ученикот и тоа: со мимика, со допирање, директно со зборови или индиректно со поставување на прашања, давајќи збор на ученикот или директно насочувајќи го разговорот на погрешното однесување.

**4. Да се направат промени во часот:** Не треба секогаш на ист начин да се работи, бидејќи часот може да премине во здодевност, затоа наставникот одвреме-навреме

треба да го менува начинот на својата работа, да применува полиметодизам во наставата. (Ајдин).[166]

**5. Давање одговорност на ученикот:** Поради отсуство на интерес, ученикот се насочува на недисциплински однесувања во училницата; поради тоа наставникот треба да внимава ученикот да не остане без задача или доколку задачата не му е интересна, да ја замени со некоја поинтересна задача. Наставникот, кој добро ги познава своите ученици им дава соодветни задачи според нивните психофизички можности и интереси. На одредени ученици може да им се дадат дополнителни задолженија. На пример: недисциплинираниот ученик може да се смири со давање дополнителни задолженија (претседател на одделението, да ги прегледува домашните задачи или да му помага на наставникот во подготвувањето на наставните средства за часот и др.). Концентрирајќи се на овие задолженија ученикот се оддалечува од недисциплинските однесувања.

**6. Зборување со ученикот:** Доколку по примената на наведените стратегии ученикот сè уште не го менува своето погрешно однесување, тогаш има потреба за директен разговор со ученикот за неговото погрешно однесување. Веднаш по направената грешка во училницата или надвор од неа, треба да се зборува со ученикот и да му се објаснат причините за спротивставувањето и последиците што произлегуваат од таквото однесување.

**7. Да има комуникација со училишното раководство, со стручната служба и со семејството:** Некои проблематични однесувања можат да бидат толку сложени и големи што наставникот не е во состојба сам да ги реши и затоа има потреба од помош од други субјекти и органи во училиштето.

**8. Казнување:** Доколку наставникот по сите горенаведени стратегии и техники сè уште го нема коригирано учениковото однесување, неопходно се применува последната реакција на наставникот, а тоа е стратегијата на казнување. За да се избегне повторувањето на грешката, казната треба да биде пропорционална со направениот прекршок на ученикот и отворено соопштена (Başar, стр. 142).[167] Казната не треба да

---

[166] Aydın, Ahmet. (Ајдин, Ахмет) (1998.), Sınıf Yönetimi, Anı yayınları, Ankara.

[167] Başar, H. (Башар, Х.) (2001). Sınıf yönetimi. 5. Baskı. Ankara: Pegem A Yayıncılık.

биде застапена во едно активно раководено одделение, бидејќи казната го ослабнува одделението. (Башаран - Başaran) (2000: 220).[168] Казната никогаш не може да има такво позитивно влијание какво што може да има наставниковото пријателство со учениците. Голем број од недисциплинските однесувања на учениците потекнуваат од слабата љубов кон наставниците. Казната не треба да биде првата техника која ќе се примени за коригирање на грешките на учениците; таа треба да биде последна техника, којашто треба да се применува колку што е можно поретко.

-Наставниците при казнувањето на учениците треба да внимаваат на: постојаноста на несаканото однесување, тежината на несаканото однесување, колку често се случува несаканото однесување, кога се случува, да се земат предвид карактеристиките на детскиот развој и под кои услови се јавуваат кај учениците.

- Казнувајќи го ученикот, наставникот секогаш треба да внимава:

- Казната да е еквивалентна со грешката, бидејќи само тогаш е ефективна.

- Доколку казната се прифаќа како казна, тогаш таа нема никакво влијание врз дисциплината на ученикот.

- Понекогаш казните можат да бидат прелесни и тогаш тие казни имаат поттикнувачко влијание врз недисциплината.

- Наставникот, ако сака да биде сигурен дека детето знае зошто е казнето и сака да се поправи, казната треба да ја даде веднаш по направената грешка.

- Не треба да се казнува одреден ученик за групни активности.

- Не треба да се даваат понижувачки, деморализаторски казни кои ја омаловажуваат личноста на ученикот.

- Соодветна казна да му се одреди на ученикот за да не се повтори истата грешка.

- При одредувањето на казната наставникот треба да е смирен, бидејќи тој претставува модел за ученикот.

- Казната има негативно влијание врз идниот успех на казнениот ученик.

[168] Başaran, İbrahim Ethem. (Башар, Ибрахим Етхем) (2000). Eğitim Yönetimi-Nitelikli Okul. Dördüncü Basım. Ankara: Feryal Matbaası.

- Казната, доколку се применува самостојно, не е ефективно средство или техника за дисциплината, не придонесува за дисциплинирање на ученикот.[169]

Наставниците можат да ги преземат следниве мерки кај учениците кај кои се повторуваат истите грешки: средба со ученикот или со родителот, давање одговорност на ученикот, укорување во училницата, одредување потешка казна, праќање кај педагогот или директорот, менување на училницата или училиштето за учениците од втор и трет период во основното образование.

Незамисливо е во една училница да нема проблеми, должност на наставникот е да се потруди да ги намали проблемите колку што е можно. Доколку навремено се спречи појавата на дисциплинските проблеми, тогаш учениците ќе можат повеќе да се вклучат во настава, наставникот ќе има повеќе време да се сконцентрира на наставата за време на часот.[170]

За да се намалат на минимум дисциплинските проблеми, треба да има добра комуникација и соработка меѓу наставникот, ученикот, родителот, училишното раководство и наставните програми кои се адаптирани на ученичките интереси, можности и мотивации и наместо казнени мерки да се применуваат повеќе наградувачки мерки на учениците.

[169] Emmer & Others - Емер и други, (1997: 128); Atwater & Lau - Атвотер и Лау (1997).

[170] Ergün, Mustafa,( Ергун , Мустафа ) www.egitim.aku.edu.tr/kuramsal02.ppt, (12.12.2005)
Türnüklü, Zoraloğlu, Gemici, (Турнуклу, Зоралоглу, Гемиџи) s. 438.
Türnüklü, Abbas (Турнуклу, Аббас) "Sınıf İçi Davranış Yönetimi", *Eğitim Yönetimi*, Cilt 6, Sayı 21, kış 2000, s.142.
Özdayı, Nurhayat, (Озлајн, Нурхајат)"Öğrenci ve Öğretmenlerin Gözüyle Sınıf Yönetimi Sorunlarına Genel Bir Bakış", *Gazi Üniversitesi Eğitim Bilimleri Enstitüsü XII. Eğitim Bilimleri Kongresi Bildiriler*, Cilt I, Ankara, 2004, s.375.

### 8.3. Причини за недисциплината – проблематичноста и совети

- Причините за недисциплината - проблематичноста треба да се испитаат за да се дознае природата на проблемот и да се дадат совети за начините со кои се постапува при пројавена недисциплина / проблематичност. Ученикот има право да побара објаснување „Во што е проблемот?", а наставникот е должен да истакне дека ја забележал неговата непослушност, при што треба што побрзо да го поттикне да се врати на својата задача и што помалку да пречи при наставната активност. Тонот и бојата на гласот на наставникот треба да бидат индикативни за ученикот дека наставникот го идентификувал неговото непримерно однесување на часот. Во такви околности, ученикот можно е да признае дека има проблем со учењето или пак, ќе оди во друга крајност, проблемот ќе го припишува на здодевноста.

Гласер (1969), [171] предлага седум чекори за решавање на проблемите со учениците:

- Употреба на комуникациските вештини за наставникот да ја акцентира грижата за ученикот.
- Ученикот да се поттикне на опишување на своите постапки, за да се продлабочи свесноста за направените грешки.
- Наставникот треба да му помогне на ученикот во неговото пресудување дали неговото однесување е пожелно и дали му помага некому или пак, нанесува штета.
- Наставникот треба да увиди која е причината за неодговорното однесување, и да изготви план за промена на однесувањето. Планот мора да биде специфичен, но едноставен.
- Потребна е проверка дали се разбираат наставникот и ученикот, и доколку се разбираат да се изготви план и договор за неговото спроведување.
- Следење на спроведувањето на планот.
- Изработка на нов план, ако првиот план не довел до промени.

Слични постапки за разрешување на проблемите предлага и Гордон (1974).[172] По прецизното одредување каде е коренот на проблемот, односно, кое однесување / постапување е извор на проблеми и кои цели треба да се постигнат, се продуцираат различни можни решенија и се планира нивната примена. По примената на одбраните

[171] Glasser, W. (Гласер, В.) (1969) Schools without failure. New York: Harper & Row, 236.

[172] Gordon, T. (Гордон, Т.) (1974) Etkili Öğretmenlik Eğitimi.(Çev. Emel Aksoy) İstanbul: Sistem Yayıncılık.

решенија се проценува нивната ефикасност и се одлучува дали треба да се промени нешто во решавањето.

- Наставникот може да им помага на учениците и при решавањето на нивните меѓусебни конфликти и проблеми. Улогата на наставникот е да поттикне вистинска комуникација меѓу конфликтираните страни. Тој треба да му овозможи на секој ученик да ги искаже своите гледишта за она што се случило, што чувствувал тогаш и што мисли дека може да се направи. Наставникот, исто така, треба да го обезбеди вниманието на другиот ученик за да биде сигурен дека ученикот слушнал што е речено, и по можност да го поттикне на парафразирање на слушнатото со цел и ученикот да се убеди дека наставникот ги слушал неговите изјави, а самиот тој факт за него би значел дека наставникот се интересира за него.[173]

Дисциплината е една од најзанимливите и контроверзните теми на воспитно-образовната работа, која не претставува само услов за постигнување успешно воспитание во основните училишта; таа е и цел и средство на воспитанието во училиштата. Покрај наставниковото сопствено примерно однесување, за постигнување дисциплина во училницата, многу е важно да има и јасна и конзистентна дисциплинска програма во училиштето како и добра соработка со родителите, а воедно да е присутно и почитување кон секој еден ученик во конфликтните состојби и секој од нив да добие можност да се искаже за односниот проблем. Наставникот по внимателното сослушување на нивните ставови треба да настапи со соодветна реакција кон заслужениот ученик, а не да се раководи од одредени свои предрасуди за одреден ученик во конкретниот проблем.

[173] www.ffpu.hr/fileadmin/.../Disciplina_01.pp

## 9. *Советодавната програма* - како фактор за создавање на позитивната дисциплина во основното образование

Еден од позитивните фактори со цел да се подигне успешноста на училиштето кој придонесува за градењето на позитивната дисциплина во нашите училишта е постоењето на советодавни тимови со сопствени програми кои функционираат во училштата. Целта на овие тимови е да помагаат во разрешувањето на постојните проблеми во училиштето. Успешноста на тимот во голема мера зависи од успешната соработка на неговите членови и од успешното партнерско однесување врз основа на меѓусебна доверба и почитување.

Училишниот советодавен тим за спроведување на советодавната програма се состои од следниве членови:

- Училишниот педагог;
- Одделенскиот / класниот раководител;
- Родителот на ученикот;
- Други соработници (директорот на ОУ, надворешни стручни соработници: психолози, психијатри и полициски службеници).

Задолженијата, правата и обврските на секој член што се наоѓа во советодавниот тим на училиштето ќе бидат образложени подолу.

### 9.1. Улогата на педагогот во спроведувањето на *Советодавната програма*

- Педагогот е лидер на *Училишниот советодавен тим* кој ги одредува стручните цели и исходот за развој на „советодавната програма"; ги утврдува причините за проблемите што предизвикуваат неприфатливи однесувања на учениците, одредува подрачје на социјално-емоционална компетенција која треба да се развива кај учениците, раководи во спроведувањето на советодавните активности, врши анализирање на остварените советодавни резултати, води целокупна евиденција на советодавниот процес.

- Педагогот го води овој процес со цел собирање информации за облиците и причините на неприфатливото однесување на ученикот, за да се унапредат социјално-емоционалните вредности, ставови, одговорности на детето. Педагогот врши повремени индивидуални советувања на родителите, предлага различни активности со

кои се обезбедува – осигурува голема поддршка на детето во семејството. Педагогот му помага на наставникот во развојот на советодавните активности внатре во одделението. Педагогот собира додатни стручни мислења од соработниците. Подготвува завршен стручен заклучок со кој го презентира спроведувањето на активностите, остварените резултати, односно, предлага идни / наредни советодавни мерки на *Училишниот советодавен тим* по завршувањето на спроведувањето на советодавната програма.

## 9.2. Улогата на одделенскиот/ класниот раководител во спроведувањето на *Советодавната програма*

- Одделенскиот раководител е дел од *Училишниот советодавен тим* кој спроведува советодавни активности во соработка со педагогот и родителот. Една од улогите на одделенскиот раководител е следењето и надгледувањето на промените во однесувањата на учениците. Оваа активност тој ја спроведува преку собирање податоци за учениците од другите членови на училишната заедница. Одделенскиот раководител врши и менторство на учениците (по пат на разговор во текот на часовите по одделенска заедница, во кратките информативни состаноци пред и по часот); така се изградува поддршката на одделението кон детето вклучено во советувањето. Тој презентира теми од областа на одделенската заедница со кои се градат социјалните вештини на децата, организира активности за развојот на социјалната вклученост и компетенциите на учениците (делегирање улоги во одделенската заедница), со тоа се развиваат врсничките активности (делегирање на ученици-ментори или во ученичката група за поддршка). Учествува во индивидуалните и во групните советодавни состаноци и работилници. Води евиденција на сите советодавни активности во одделението, и ги пренасочува на педагогот.

## 9.3. Улогата на родителите во спроведувањето на *Советодавната програма*

- Родителите се одговорни да го поддржат своето дете при совладувањето на проблемот и да му помогнат во неговиот развој. Следејќи ги овие принципи, родителот учествува во планирањето и спроведувањето на *Советодавната програма*, како членови во *Училишниот советодавен тим*. Родителите треба да му помагаат на *Училишниот советодавен тим* во собирањето на податоците за развојот на детето. Познавајќи ја личноста и особините на детето, родителот предлага советодавни активности. Во договор со педагогот, одделенскиот раководител и соработниците од надворешните стручни служби, родителите спроведуваат активности за развој на социјалните компетенции на детето внатре во семејството, односно, учествуваат во советодавните активности во училиштето.

Во случај на занемарувања и отсуство на грижата од страна на родителите за детето, тогаш од училиштето ќе бидат преземени додатни активности кон Центарот за социјалната работа и на другите надлежни институции, со што ќе се предизвика санкција за родителите во согласност со постојните закони во РМ.

## 9.4. Улогата на другите соработници во спроведувањето на *Советодавната програма*

- Директорот соработува со *Училишниот советодавен тим* со цел охрабрување на подготовката и спроведувањето на *Советодавната програма*.

Овој соработник дава поддршка во изработката на целите и исходите на советодавниот процес, учествува во советодавните активности; доколку е потребно го поддржува и педагогот при воспоставувањето соработка со стручните служби и со институциите надвор од училиштето.

Членовите на училишните тела соработуваат со *Училишниот советодавен тим* со цел помагање во активностите за развој на социјалната вклученост и компетенциите на учениците, нивното водење во активностите на училишните тела, воннаставните активности и цивилната иницијатива на локалната заедница.

Надворешните стручни соработници (социјалните работници, клинички психолози, психијатри, полициски службениции други) ја поддржуваат подготовката и спроведувањето на *Советодавната програма*. Кога е потребно, овие соработници даваат поддршка на *Училишниот советодавен тим* во изработката на целите и исходите на советодавниот процес, односно, учествуваат во советодавните активности.

## 10. Основни стандарди за заштита од насилства во училиштето

Дискриминација на правата на животот и развојот на поединецот преку изложување на насилство од страна на едно лице, група или општествен систем во текот на одреден временски период треба да биде отстрането од образовниот систем. Како институција која треба да осигурува развој на здрави и одговорни поединци, училиштето треба да се соочува и да се спротивстави на сите видови и облици на насилства преку сите програмски подрачја.

- Насилствата од таткото придонесуваат за дисциплинските казни. Од истражувањата што се извршени кај гимназијалците во градот Сивас, Турција е докажано дека, децата што биле изложени на насилство од своите татковци, кај 99% од нив е зголемена можноста да добијат дисциплински казни. Децата што трпат насилство во семејствата, во училиштата стануваат недисциплинирани ученици. Од истражувањата е докажано дека оние ученици што биле казнувани во училиштата биле повеќе казнувани и во своите семејства отколку неказнуваните ученици. Насилството ја зголемува можноста детето да продуцира регресивно однесување. Резултатите од тоа истражување:

Повеќето од учениците не можат да зборуваат за своите проблеми со родителите. Процентот на учениците кои трпеле дисциплински казни (а кои не можеле да зборуваат за своите проблеми со своите родители) е 83%, и кога ќе пораснат имаат конфликти со своите родители и со другите, а оние што трпеле дисциплински казни (а кои зборувале за своите проблеми со своите родители) се 37,8% од дисциплински казнетите ученици.

Од истражувањата е докажано дека татковците на казнуваните деца (35,3%) вршеле физичко насилство на своите сопруги, додека на неказнуваните деца физичкото насилство е само 10%.[174]

## 10.1. Насилството меѓу учениците како пречка за нормалното градење на позитивната дисциплина во училиштата

Насилството меѓу учениците е облик на агресивно однесување на ученикот кон другите лица и ученици, себеси или имотот. Кога двајца со еднакви снаги се тепаат или се повредуваат тоа е насилство, но, од друга страна, пак, не е злоупотреба. Насилството е збир од намерни негативни однесувања кои се долготрајни (2-3 пати месечно и почесто), повеќепати насочено на истиот ученик од страна од еден ученик или група од 2-3 ученика злоупотребуваат еден ученик. Негативните однесувања се намерно нанесување или настојување да се нанесе повреда или непријатност на другото лице.

Дефиницијата за **насилството** според Светската здравствена организација е: секоја намерна употреба на физичка или психолошка сила/моќ.

Може да биде во форма на закана или, пак, да вклучува употреба на сила, насочена кон себе, кон друго лице, или кон некоја група или заедница.

Завршува (или може да заврши) со физичка повреда, со смрт, со психичка штета, со нарушувања во развојот, или со загуба.

Насилствата може да се поделат во неколку видови:

**1. Физичко насилство:** Облици на однесување преку кои на други лица им се нанесува физичка болка или повреда. Може да доведе до полесни и потешки повреди, но и до усмртување на жртвата. Пример: удирање, туркање, нанесување болки, земање лични работи, влечење и др.

**2. Вербално - психичко насилство:** Психичкото насилство претставува насилно однесување при кое се повредуваат чувствата и достоинството на жртвата. На пр.: заканување, навредување и исмевање, изнудување и принудување, замолчување, потценување, задевање, омаловажување, именување со лоши прекари кои на детето не

[174] www.turkegitimsen.org.tr/konsol/upload_doc/anket_oneriler.doc

му се допаѓаат и друго. Последиците од психичкото насилство можат да бидат многу подолготрајни од оние на физичкото: губење самодоверба, повлекување во себе, немање желба за одење на училиште, слаби оценки, главоболки, проблеми со варењето и други здравствени нарушувања.

**3. Изолација – социјално-емоционално насилство**: негативно проценување или притисок на другите да не се дружат со него, озборување, игнорирање, намерно исклучување и неземање во друштво и др.

**4. Малтретирање:** претставува збир од негативни физички или вербални акции кои имаат непријателска намера, предизвикуваат повреда на жртвата, кои се повторуваат и вклучуваат нееднаква моќ меѓу оние што малтретираат и жртвите.

Жртви на малтретирање се најчесто учениците кои според некоја своја особина насилникот ги доживува како послаби од себе:

- помалите ученици;
- ученици со пречки во развојот;
- ученици припадници на етничките малцинства;
- повлечените, срамежливите и сл.

Жртвите реагираат на два начина:

- Пасивно – се повлекуваат во себе и плачат, но не се спротивставуваат;
- Реактивно – повремено избувнуваат во агресија, најчесто кон другите помали деца

**5. Сексуално насилство** - Постојат три типа сексуално насилство кои се разликуваат според интензитетот:

- **Сексуалното вознемирување** – насилникот пред сè го повредува достоинството на жртвата, со најразлични вербални и/или физички постапки. Притоа, не доаѓа до сексуален контакт, односно, контактот се сведува на допирање.
- **Сексуалното злоставување** (силување) – кога децата се искористуваат за сексуално угодување на возрасен или постаро дете, при што детето-жртва е ставено во ситуација да набљудува или да учествува во сексуални активности.
- **Сексуална експлоатација** – децата сексуално се искористуваат за стекнување сексуални задоволства, но и финансиска корист. Овој облик на насилство досега не е познат во училиштен контекст.

**6. Културно насилство:** повреда на национална, религиска и на расна основа.

**7. Економско насилство:** кражба, изнудување пари.

**8. Вандализам:** Вандалско однесување е кога злонамерно се оштетуваат предмети или објекти во туѓа сопственост: кршење прозорци, опрема во тоалетите, столчиња, дупчење гуми на возила, пишување по ѕидови, клупи или друг мебел, внесување вирус во компјутер и др.

**Како да се препознае ученик/чка, жртва на насилство?**

- Физички показатели (модринки, скршеници, изгореници...)
- Однесување (хиперактивност, неможност за концентрација, бегање од часови, намалување на успехот, молчеливост, агресивност)
- Емоционални показатели (депресивност, плашливост, недостаток на спонтаност, намалена самодоверба).

Односот на злосторникот и жртвата постојано е во непропорционална релација на континуум, моќ и беспомошност.[175]/[176]

---

[175] www.unicef.org/.../Studija_za_nasilstvo

[176] [1]Училиште по мерка на детето, експертска група МОН и УНИЦЕФ, 2006.

[2]http://www.unicef.org/protection/index_violence.html

[3] http://www.unicef.org/magic/media/documents/CRC_macedonian_language_version.pdf

[4]Блажева, А. и Чонтева, Ж. (2008). Спречување на насилството кај средношколците во Градот и градење меѓусебна доверба.Алгоритам Центар: Скопје.

[5]Violence against Children, United Nations Secretary-General's Study, www.unviolencestudy.org/

[6] Меѓународна студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата од училишна возраст во Македонија (2009). www.cpca.org.mk

[7] World report on Violence and Health, www.who.int/violence_injury_prevention/violence/world_report/en/index.htm

### 10.2. Како да го спречиме насилството

Насилството може да се спречи со изготвување одделенски правила со услов на систематско реагирање на прекршувањето.

Во одделенските правила секако треба да се вклучат и да се придаде посебен акцент на правилата против насилништво. За да бидат делотворни, неопходно е учениците низ различните вежби, работа во мали групи и дискусии, сами да дојдат до нив. Важно е правилата да произлезат од вредностите и уверувањата на децата и наставниците во училиштето.

Општи правила како природен почеток:

1. Нема да вршиме насилство врз другите ученици;

2. Ќе се трудиме да им помагаме на учениците-жртви на насилство;

3.Ќе се трудиме да ги вклучиме и оние ученици кои обично се изоставени.

- По патот на практиката и многубројните истражувања во училиштата, еден норвешки експерт утврдил дека наставникот е клучната личност во интервенциската програма против насилничкото и другите непожелни однесувања.

- Изградување подобри односи, поврзаност и блискост меѓу учениците во училиштето.

- Да се спроведат континуирани и целни воспитни работилници на одделенскиот час за развивање групни поврзаности, соработка, блискост, како комуникациските и другите животни вештини.

## 10.3. Улогата на наставникот при отстранување на агресивното однесување кај учениците

Наставникот, покрај тоа што е организатор и регулатор на наставниот процес, има и воспитна улога во работата со децата. Неговата основна задача е кај децата да ги развие позитивните облици на однесување и да се бори против негативните, и сето тоа во интерес на детето. За да постигне тоа, тој мора да ги идентификува и факторите што придонесуваат за нарушување во однесувањето, како и оние што позитивно влијаат на учениците.

Во училишната средина може да се забележат различни облици на агресивно однесување: кршење на училишните правила, пцости, малтретирање на соучениците, сексуално вознемирување, кражби, закани, уништување на училишниот инвентар, физички напади, групно агресивно однесување, носење и употреба на оружје и сл.

Агресивното однесување е поврзано со другите облици на однесување како: неоправдано изостанување од часови, училиштен неуспех, проблеми со дисциплината, конфликти со наставниците, со учениците и сл. Затоа наставниците мораат да бидат способни да управуваат со овие несакани форми на однесување, што всушност значи:

- Да ја препознаваат кај детето промената во однесувањето од нормално или типично однесување, во однесување кое не е својствено за детето (зборлесто дете одеднаш станува повлечено);

- Да соберат доволно информации од родителот, старателот;

- Да го пратат кај стручно лице во училиштето или надвор од него доколку е потребно;

- Да го следат однесувањето на детето, и по потреба да дејствуваат како терапевти;

За работата на наставникот во одделението е важно наставникот да има одредени вештини и да има поддршка од стручните соработници или од специјализираните установи како и од колегите. Наставниците мораат да развијат вештини за ефикасна работа, комуникација со децата и решавање на проблемите. Исто така е важно наставникот да поседува знаење за развојот на децата што е вообичаено за одредена возраст, за да може да препознае одредено отстапување.

### 10.3.1. Мерки против агресивните форми на однесување во училницата

**Пофалба**

Пофалбите или пријателскиот однос на наставникот значајно влијаат на однесувањето на учениците. Пофалбата, било да е насочена на учениковото однесување или учење, позитивно влијае на расположението во одделението. Пофалбата има позитивна улога во дисциплинирањето на ученикот, бидејќи со пофалбата полесно може да се исправи непослушното однесување на детето отколку со казнувањето.

**Казна**

Доколку се сака да се промени агресивното однесување на учениците, често не е доволно само наставникот да биде полн со разбирање и да ги фали учениците, понекогаш е неопходно да се користи и казна, но користените казни мора да бидат пропорционални со возраста и полот на ученикот.

Прифатливи се следниве казни: сериозен разговор во четири очи со ученикот, ученикот да помине неколку часа во друго одделение, можеби дури и со помали ученици, ученикот да се испрати на сериозен разговор со директорот, да му се одземат некои привилегии и сл. Исто така, може да се изврши и разговор со неговите родители.

**Одделенски состанок**

Важно е одделението да претставува природна средина во која се расправа за следниве содржини: разгледување и објаснување на класните норми или правила во врска со спречување на агресивноста и избор на казни за агресивните ученици. За да се постигнат трајни резултати, потребно е континуирано следење на состојбата во класот. Содржината и дневниот ред на класниот час зависат од возраста на учениците.

Одделенските состаноци мора да се одржуваат редовно, по можност еднаш дневно и тоа на крајот на работниот ден, за да се разговара за деталите на изминатиот ден и да се планираат активности за наредниот ден. На состанокот може да учествуваат психологот и педагогот на училиштето.

**Кооперативно учење**

Како што кажува самото име, тоа е работа во групи, но посебен вид работа во групи. Учениците што учествуваат во кооперативните групи често се дружељубиви и позитивни во релација со другите. Во кооперативното учење, учениците работат во мали групи, и имаат заедничка задача. Членовите на групата седат заедно во круг, доволно блиску, за да можат меѓусебно да разговараат, а да не им пречат на останатите членови во групата. Наставникот нагласува дека секој ученик мора да се оспособи за да ги презентира резултатите на групата или решението на проблемот, бидејќи наставникот може по случаен избор да назначи ученик кој ќе реферира за резултатите од задачата.

При формирањето на групата за работа, наставникот треба да внимава да не се погодат неколку агресивни деца во истата работна група или да не се најде во иста група агресивниот ученик со „жртвата".

**Заеднички позитивни активности**

Активностите за разонода, исто така можат да влијаат на односите меѓу учениците и да развијат чувство на солидарност. Таквите активности можат да вклучат забави, излети, танцувања и сл.

Целта на овие активности е да бидат вклучени учениците, но наставникот мора да води сметка некој ученик да не стане жртва на нечие агресивно однесување, или да биде исклучен од групата. Во таква ситуација, тоа може да биде исключително болно искуство. Затоа важно е да се осигура дека сите ученици учествуваат во рекреацијата.

**Родителски состаноци**

Проблемите за агресивното однесување и насилство, како и развојот на позитивни одделенски односи, се природни теми за разговор на родителските состаноци. На овие состаноци треба да се избегнува споменување на имињата на агресивните ученици, и разговорот да биде што повеќе опширен.

Учениците исто така можат да бидат присутни на родителските состаноци. Разговорите ќе придонесат повеќе да се заинтересираат родителите за своите деца, а посебно на агресивните. Иако не се препорачува да се споменува името на агресивниот

ученик, сепак наставникот може да поразговара насамо по состанокот со родителот на агресивниот ученик.

Ова мерка се покажува како мошне ефикасна, доколку родителите се спремни за соработка со наставниците, поточно доколку се спремни да прифатат дека можеби нивните деца имаат проблем, и заедно со наставникот да работат на отстранување на несаканото однесување.[177]

Наставниците секојдневно се соочуваат со овој проблем, кој зазема сè поголем замав, и на кој навремено превентивно треба да се дејствува. За да се реши овој проблем, пред сè родителите треба да бидат свесни дека тој постои и навремено да дејствуваат за да се отстрани. Агресивното однесување на која било возраст треба сериозно да се сфати. Тоа не треба да се отфрли како „фаза" или да се занемари како нешто од кое децата ќе се одвикнат. Агресивното однесување кај децата може да започне со често лутење, избувливост, импулсивно однесување, или кога тие почнуваат многу лесно да се нервираат. Родителот и наставникот кога се загрижени за однесувањето на детето треба да побараат помош од стручно лице. Целта на дисциплинирањето на детето е тоа да научи како да се однесува, и не треба да се применува строга или неправедна дисциплина, бидејќи насилството често води кон насилство.

Како родителите, така и наставниците треба да се вклучат во овој процес, да го стимулираат однесувањето на учениците со одредени активности, друштвени игри, повеќе со пофалби, бидејќи пофалбата е една од најприменуваните стратегии за постигнување на позитивната дисциплина кај детето, додека казнувањето, по можност, би требало воопшто да не се применува при дисциплинирањето на детето, затоа што казната не го поучува што треба да направи, туку го поучува што не треба да прави. Исто така, по казнувањето кај детето постои можност повторно да се повторат истите несакани однесувања, додека со пофалувањето детето полесно може да дојде до самодисциплина и до самоконтрола на сопственото однесување. Детето треба да научи да го контролира своето однесување, да научи како да ги искажува лутината и

[177] Uloga nastavnika u suzbijanju agresivnog ponašanja kod učenika.
www.psiholoskosavetovaliste.org/.../agresiv

фрустрацијата на начини кои не се штетни, да биде одговорно за своите постапки, и да ги прифаќа последиците од сопствените однесувања.

## 11. Кратки предлози за воспоставување дисциплина

- Понекогаш малите дисциплински проблеми можат да се претворат во шега. Во забавните состојби добро е наставникот да се смее заедно со одделението. Наставникот не треба да се плаши дека не ќе може да го контролира одделението.

- Доколку мора да го опомене ученикот, тоа да не го прави пред сите.

-Ученик кој е мирен во наставата и ништо не прашува, треба да се поттикне на прашања.

- Дисциплината не е цел во воспитно-образовната работа, дисциплината е средство за да се дојде до целта.

- Наставниците не треба да заборават дека понекогаш поради ставот на некои наставници учениците не ги прифаќаат дисциплинските правила.

- Наставниците треба да се трудат кај учениците сама да се развива навиката за самодисциплина. Лошото однесување пред сè е непочитување кон својата личност.

- Наставникот не треба да заборави дека за да се воспостави дисциплина во одделението, наставникот не мора да биде многу строг.

- Наставникот треба да избегнува да го казнува целото одделение, доколку не го пронајде вистинскиот виновник.

- Полесно е да се спречат дисциплинските проблеми, отколку да се исправат, откако еднаш се случиле.

- Наставникот треба да настојува дисциплинските проблеми сам да ги решава, без да им кажува на други. Доколку наставата не може да ја изведува нормално, треба да ги извести надлежните.

- Пред да интервенира за некој проблем во училницата, наставникот треба претходно добро да размисли дали треба да интервенира, кога и како да интервенира (Ердоган, И. (Erdoğan, İ.) 2001). [178]

**- Почитување на ученикот**

Кога зборува ученикот, наставникот треба да го слуша внимателно.

Наставникот треба да биде отворен и да ја вреднува неговата личност. Наставикот треба да се однесува објективно спрема ученикот.

Наставникот треба да го почитува личниот живот на ученикот.

Наставникот треба да се однесува пријателски, а не да го заплашува.

Понекогаш и посочувањето со прст може да го оддалечи ученикот. Наместо со прст, може да го покаже внатрешниот дел од раката во вид на почитување.

Карактеристичен вид на искажување почит спрема ученикот е наставникот да им се обраќа по имиња на учениците.[179]

[178] Erdoğan, İ. (Ердоган, И.) (2001). Sınıf Yönetimi. Sistem Yayıncılık, İstanbul.

[179] ehmetyildirim.blogcu.com/okulda-disiplin/5092982

## 12. Законски одредби што помагаат за градење позитивна дисциплина во основното образование на Република Македонија

Кога се зборува за законски одредби, можеме да ги наброиме следниве документи во кои се опфатени правата, должностите и обврските на наставниците, вработените, учениците и родителите, кои се и главните чинители во создавањето на позитивната дисциплина во основното образование:

- Концепцијата на основното деветолетно образование во Р М;.

- Статутот на основното образование;

- Кодексот на однесување на наставниците, учениците, вработените и родителите.

- Куќниот ред во нашите училишта задолжително треба да се почитува од страна на наставниците, учениците, вработените и родителите.

### 12.1.Концепција

X. Соработка со родителите

Во развиените земји родителите имаат битна улога за подобрување на работата на училиштето со нивните можности за соработка и со учеството во одлучувањето за животот и активностите на децата во училиштето. За таа цел соработка со родителите започнува во одделението/паралелката на родителските состаноци со наставникот (во нижите одделенија) или со класниот раководител во вишите одделенија. Родителите заедно со наставникот се договараат за проширените активности на децата во училиштето. На пример, како во училиштата во Словенија за активностите на учениците во деновите за спорт, култура, техника и технологија, за наставата во природа, играорните групи и за други планирани активности. На тие средби родителите имаат можности да ги изнесат своите забелешки за евидентираните непријатности или неправилности во врска со одржувањето на наставата, за оценувањето или за други прашања. Во училиштата има одредено денови за разговор со родителите. Кога има потреба родителите можат да дојдат во училиштето да разговараат непосредно со наставникот/учителот за успехот на детето и да направат план како да му помогнат. За постигнување на ова цел наставниците и родителите имаат редовна соработка и таквата

соработка се втемелува во училишната практика. Родителите од иста паралелка т.е. одделение избираат свој претставник во советот на родителите на училиштето. Тие предлагаат кандидати за советот на училиштето којшто е највисок орган на основното училиште. Во училиштата во Словенија во советот на училиштето, којшто има 11 члена, три места им припаѓаат на родителите. Доколку не се постигне разбирање и не се најдат добри решенија со наставникот за тешкотиите на ученикот, тогаш следен соговорник на родителот е класниот раководител на детето. Во случаите кога не може да се најдат решенија за настанатите проблеми, надлежен е директорот. Но, доколку родителите и понатаму сметаат дека училиштето не ги разбира нивните аргументи и дека нивните деца се обесправени, тие може да се обратат и да побараат непосредна помош од училишната инспекција. Во училиштата постојат јасни правила што плаќаат родителите за своите деца; на пример, во училиштата во Словенија родителите ги плаќаат трошоците за ужина и ручек (ако детето се одлучи за нив), отштета за користењето на учебниците (ако се позајмени од училишниот фонд на учебници), најмногу половина од цената на трошоците за продолжениот престој на детето, ако е тоа потребно за децата во петто и во шесто одделение на деветгодишното образование (бидејќи за децата од прво до четврто одделение трошоците за продолжениот престој на учениците во училиштето целосно ги плаќа државата). Родителите плаќаат дел и од трошоците за исхраната и престојот на децата на наставата во природа. Доколку се договорат, родителите во училиштето можат да формираат фонд (и во него да внесуваат редовно договорен износ на средства) за набавка на опрема што е над вообичаениот училиштен стандард. Фондот има управен одбор со претседател и членови од кои најмалку тројца претставници се од училиштето. Работата на фондот ја разгледува советот на родителите и советот на училиштето. Сето тоа помага да се зголемува одговорноста на родителите за животот и работата на учениците во училиштето. На почетокот на учебната година првиот состанок го свикува директорот. Советот на родителите предлага програми кои ги надминуваат стандардите што ги нуди училиштето, дава согласност на предлозите што ги дава директорот за натстандардните услуги, дава мислења за програмата за развој на училиштето, годишниот детален план на училиштето и за извештајот на директорот за работата на училиштето. По потреба овој орган ги разгледува и извештаите за наставата и тешкотиите, жалбите на родителите во врска со работата на училиштето и другите актуелни прашања. Советот на родителите на училиштето избира од сите предложени кандидати тројца членови во советот на училиштето. Советот на училиштето е највисок орган на јавното основно

училиште. Во него има тројца претставници на основачот, пет претставници на вработените во училиштето и тројца претставници на родителите. Тие се избираат со тајно гласање. Советот на училиштето ги има следните надлежности:

- го именува и разрешува директорот;

- ги прифаќа програмите за развој, годишниот развоен план и извештаите за остварувањето на плановите за работа;

- одлучува за можното воведување на програми кои ги надминуваат стандардите што ги нуди училиштето;

- одлучува за жалби во врска со статусот на ученикот;

- одлучува за жалби во врска со правата, обврските и одговорностите на работниците во училиштето;

- одлучува за жалби на родителите во врска со воспитно-образовната работа во училиштето;

Функциите на стручната служба во училиштето:

Училишните педагози и психолози, а во некои училишта и социјалните работници, социјалните педагози и дефектолози имаат мошне јасни надлежности. Тие им ги даваат сите потребни совети на учениците и нивните родители, како и на наставниците и учениците. Со раководството на училиштето соработуваат при планирањето и следењето на воспитно-образовната работа, а учествуваат и во подготвувањето на плановите за работата и развојот на училиштето. За покомпетентно извршување на својата работа тие се поврзуваат и со локалните и централните органи и институции што се надлежни за образованието. На пример, во Република Словенија советодавните служби на училиштето имаат многу значајно влијание во развивањето на деветгодишното основно образование. Овие служби имаат надлежности што се поврзани со запишувањето на децата во училиштето, при одлучувањето на учениците и родителите за изборните предмети. Тие им даваат совети на учениците и родителите и за изборот на програмите за диференцираната настава по нивоа на сложеност/по мајчин јазик, математика, странски јазик од седмо до деветто одделение. Нивната советодавна работа е поврзана и со завршната проверка на знаењата на учениците во деветто одделение, како и при размислувањето на учениците и родителите за запишувањето во

средното училиште. Советодавните служби во училиштето имаат голема улога за развивање на критериумите за откривање на надарените ученици и при планирањето на програмите за работа со нив, како и за програмите за работа со децата со посебни образовни потреби.

Општ впечаток е дека родителите се максимално информирани за животот во училиштето, за постигнувањата на децата и им се нудат разни можности за активно учество во животот и работата на училиштето.

### 12.1.1. Концепција – (Надлежности, права и одговорности)

Новиот концепт налага јакнење на организацијата на училиштето и развивање на практика за негово претставување пред родителите и пошироката јавност.

За таа цел основното училиште издава публикација која е разбирлива за родителите и во неа треба да бидат опишани организацијата на работата на училиштето, карактеристиките на наставниот план и правата и должностите на учениците. Исто така, треба да се објаснат можностите на училиштето за организирање продолжен престој, целодневна настава, за спортските активности и натпреварите на кои можат да учествуваат учениците во повисоките одделенија. Мошне значајни се и податоците за училишната библиотека, советодавната служба на училиштето, директорот и наставниците. Во публикацијата родителите треба да најдат јасни и разбирливи податоци што им нуди училиштето на учениците и што можат да очекуваат од него. Бирото за развој на образованието ќе изготви план за основните информации кои треба да ги содржи публикацијата за претставување на училиштето. Со планот ќе се определат главните делови на публикацијата, а училиштето ќе може да ги внесува и своите специфичности. На тој начин ќе биде можно да се прават споредби меѓу училиштата. Во училиштето се собираат податоци за учениците и за нивните родители, за здравствените карактеристики и специфичностите што се однесува за ученикот. Се прибираат податоци за родителите на ученикот, каде живеат и каде можат да им се доставуваат неопходните извештаи. Нужно е да се воспостави нова педагошка документација во која ќе се евидентираат податоците за успехот и напредувањето на ученикот/ученичката во текот на школувањето, свидетелствата што се издадени и други документи за развојот и постигнувањата во училиштето. Личните податоци за ученикот

/ученичката се однесува и на семејната и на социјалната состојба, постапките за откривање на одредени тешкотии во развојот на ученикот, постапките за стручната помош, стручни мислења од други установи (центри за социјална работа, здравствени установи и сл.). За овие податоци е потребна согласност од родителот и тие се чуваат во училиштето како професионална тајна според Законот за заштита на податоците. Одделенскиот наставник, односно, раководителот на паралелката е лице коешто најдобро го познава животот на децата во своето одделение. Со нив родителите имаат најмногу разговори од прво до петто, односно од шесто до деветто одделение. Раководителот на паралелката, како и одделенскиот наставник ги следи резултатите на учениците во наставата и се грижи за решавање на проблемите што се појавуваат. Нивната главна цел е учениците да бидат безбедни во училиштето. Раководителот на паралелката соработува со училишниот педагог и психолог, како и со директорот на училиштето и родителите, а кога има потреба предлага воспитни мерки. Раководителот на паралелката мора да биде многу одговорен, отворен и непосреден за комуникација, да ја води паралелката и да ја застапува пред другите наставници и пред родителите. Тој треба да умее, колку што е можно, најдобро да ги разбере своите ученици и да им помогне, да умее со нив да разговара на часот со одделенската заедница за нивните проблеми, да ги советува родителите, да ги запознава со проблемите и да ги вклучува во животот и работата на училиштето. Доколку успее да создаде доверба кај своите ученици, тогаш одделенскиот и класниот раководител ќе може успешно да ја води паралелката. Во посебен правилник треба да бидат подробно разработени правата и одговорностите на наставниците и стручните соработници на училиштето.

Правата и должностите на ученикот, училиштето, родителите и општината. За правата и должностите на учениците неопходно е да се издава публикација која ја добива секој ученик, а со тоа и родителите. Оваа публикација ја издава Бирото за развој на образованието со поддршка на Министерството за образование и наука. Во неа се разработуваат, во кратки црти, правата на учениците што се однесуваат на:

- Посетување на наставата и сигурна и здрава училишна средина, поучување на културата, јазикот и други посебности на учениците, еднаквите права на учениците без оглед на половата или етничката припадност, раса, вероисповед, социјална положба на семејството и други околности;

- Зачувување на личните податоци на ученикот, почитување на способностите на ученикот и неговото достоинство, развојните карактеристики, предзнаењата, љубопитноста и другите индивидуални особености;

- Добивање квалитетни информации, правилно и темелно информирање на ученикот за неговата работа и добивање помош и потпора при работата, како и право за соодветно учество на ученикот при оформувањето на дневните активности, учество во активностите во училиштето и во одделни други групи и заеднички акции.

Ученикот во основното училиште има одговорност да ги почитува наставниците, другите работници и учениците во училиштето, да ги исполнува своите училишни обврски, редовно и точно да ја посетува наставата. На учениците и наставниците не смее да им пречи во работата. Секој ученик е одговорен да се грижи за своето здравје и безбедност и да не ги загрозува другите, да ги почитува правилата на куќниот ред, да го чува имотот на училиштето и сопственоста на учениците и работниците во училиштето и надвор од него, да се однесува чесно кон другите и да соработува при уредувањето на училиштето и неговата околина. Ученикот има одговорност редовно да учествува во договорените дежурства во училиштето. Редовно присуствува на наставата, учествува во активностите по задолжителните и изборните предмети и ги почитува правилата за однесување на часовите и во училницата. Учениците учествуваат во донесувањето на овие правила. За секој изостанок се води уредна документација, а родителот е должен да го извести одделенскиот наставник или раководителот на паралелката усно или писмено за причините поради кои детето не било присутно на часовите. Со посебен правилник се уредуваат начините на заштита на правата на ученикот во случаите кога се кршат неговите права, како и облиците на организирана заштита на учениците во училиштето, а особено во прво одделение кога доаѓаат во училиштето пред почетокот на наставата, ако родителите мора да одат порано на работа. Овој облик на заштита може да се организира најмалку за 10 ученика, коишто доаѓаат во училиштето од пооддалечени места.[180]

[180] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (*bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie*)

## 12.2. Статутот на училиштето (Права и обврски на учениците)

Статутот на училиштето кој е донесен од страна на училишниот одбор на училиштето е законски документ на училиштето. Статутот како законски документ произлегува од Законот на основното образование на Р. Македонија. Долу наведените членови од статутот се преземени од делот на Законот за основното образование назначен како **Права и обврски на учениците** кои се наведени во Законот за основното образование под реден број од член 53 до 64.

Евидентно е дека Законот на основното образование и статутот на основното образование ги штити правата и обврските на учениците, со цел тие да не бидат малтретирани, обесправени, понижени и непочитувани. И двата документа во основното образование придонесуваат за развој на позитивната дисциплина. Овие документи се базираат врз правилата за позитивно дисциплинирање на учениците, што е и целта на едно современо училиште и на современото општество.

Следуваат правата и обврските на учениците во основното образование, кои воедно се и патоказ за наставниците во нивната работа со учениците:

Член 28

Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот.

Член 29

(1) Ученикот има право да ја посетува и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира основното училиште.

(2) Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програма како и годишната програма за работа.

Член 30

Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учество во одделни активности во наставата во основното училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.

Член 31

(1) За секое изостанување на ученикот од настава родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.

(2) Ученикот може да отсуствува од настава, ако неговото изостанување родителот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година.

(3) Директорот на училиштето по писмено барање на родителот од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

Член 32

(1) На ученикот кој наполнил 16 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, по барање на родителот или ученикот, а по мислење на училишниот педагог или психолог, ученикот кој наполнил 16 години може да го продолжи образованието до навршување на 17 години.

(3) Ученикот од ставот (2) на овој член го задржува статусот на ученик ако го продолжи школувањето како возрасен ученик, согласно закон.

Член 33

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа треба да се применуваат следниве педагошки мерки:

- укор;
- усна опомена;
- писмена опомена;
- намалување на поведението;
- преместување на ученикот во друга паралелка и
- преместување на ученикот во друго основно училиште.

Член 34

Педагошките мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Член 35

Педагошките мерки се применуваат во следниве случаи:

- нередовно посетување на училиштето;
- нарушување на правилата во однесувањето спрема другите ученици, наставници и возрасни;
- неправилен однос кон училишниот имот;
- попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето.

Член 36

(1) Пред изрекување на педагошка мерка претходи разговор со ученикот и родителот, односно, старателот.

(2) Разговорот може да го води одделенскиот раководител, односно, раководител на паралелка во присуство на предметниот наставник и стручен соработник од педагошко-психолошката служба на училиштето, а по потреба и директорот.

(3) За преземеното дејствие од ставот (2) на овој член се составува записник.

Член 37

(1) При изрекување на педагошка мерка не смее да се навредува личноста на ученикот.

(2) Изречената педагошка мерка треба детално да се образложи со цел истата да биде наполно разбирлива за ученикот спрема кого се применува.

Член 38

Педагошките мерки се применуваат постепено.

Член 39

За изречената педагошка мерка на ученикот се известува родителот, односно, старателот.

Член 40

(1) Против одлуката со која е изречена педагошка мерка од член 33 алинеите 3 до 6 од овој статут, ученикот може да поднесе приговор во рок од седум дена од денот на приемот на одлуката.

(2) Приговорот се поднесува до училишниот одбор.

(3) Училишниот одбор постапувајќи по приговорот изречената педагошка мерка може да ја потврди, измени или укине.

(4) Одлуката по приговорот е конечна.

Член 41

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација.

Член 42

(1) Педагошките мерки од член 33 алинеите 1 до 4 од овој статут важат до крајот на учебната година во која се изречени.

(2) Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка намалување на поведение се повлекува.

Член 43

(1) Ако има оправдани причини што се поврзани со однесувањето на ученикот во општинското основно училиште, училиштето може да го префрли ученикот во друго општинско основно училиште доколку има согласност од училиштето кое треба да го прифати ученикот.

(2) За причините за префрлување на ученикот во друго општинско основно училиште одлучува комисија формирана од директорот на училиштето, составена од одделенскиот раководител или раководителот на паралелка, два наставника и

психологот или педагогот во училиштето и претседателот на советот на родителите.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член соработува со родителот на ученикот.

(4) Ако училиштето не може да обезбеди преминување на ученикот во друго училиште за тоа одлучува комисија формирана од градоначалникот на општината.

Член 44

(1) Ученикот има право на бесплатен превоз, ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското училиште.

(2) Учениците со посебни образовни потреби имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење од општинското основно училиште.

Член 45

(1) Општинското основно училиште во договор со родителите може за сите ученици да организира најмалку еден оброк во текот на престојот во училиштето.

(2) Трошоците за оброк ги плаќа родителот.

Член 46

(1) Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања општинското основно училиште ги пофалува односно наградува.

(2) На учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во наставните и вонаставните активности, општинското основно училиште, на предлог на

наставничкиот совет, им издава посебни дипломи и пофалници.[181]

## 12.3. Кодекси

### 12.3.1. Кодекс за учениците

- Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава;
- Ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот;
- Ученикот е должен да се грижи за хигиената во училиштето и блиската околина;
- Во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- Во училиштето учениците треба да доаѓаат уредни.
- На часовите ученикот треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- Да се труди да ги извршува училишните обврски;
- Да придонесе за одржување на работната атмосфера;
- Ученикот е должен редовно да носи училиштен прибор, учебници и тетратки;
- Да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците;
- Да помага на помалку успешните ученици;
- Ученикот не смее самоволно и без вистинска причина да го напушти часот;
- Ученици треба да избегнуваат недолично однесување;
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на часовите;
- Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- На часовите не е дозволено да се цвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата;
- Учениците го отпоздравуваат наставникот кога ќе влезе во училница;
- За време на часот не е дозволено излегување во тоалет;
- Престојувај во училишниот двор за време на големиот одмор;
- Не викај по ходниците, не трчај, придржувај се кон правилата на однесување;

[181] Статутот на општинското основно училиште „БлажеКонески " – Прилеп
oublazekoneski.edu.mk/.../statut-na-uciliste...

- Не приговарај на опомените на дежурните наставници и ученици;
- Ако во дворот видиш отпад фрли го во корпа за отпадоци;
- Штом го слушнеш ѕвончето веднаш влези во училницата;
- Не ги навредувај и не се однесувај насилно кон помалите и послабите ученици;
- Пристојно и трпеливо чекај пред училница пред започнувањето на часот;
- Ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- Дежурството го изведуваат тројца ученици, на двата влеза по еден и еден во третиот ходник;
- Дежурниот ученик од средниот ходник за време на големиот одмор дежура пред наставничката канцеларија и не дозволува во неа да влегуваат ученици и родители, туку самиот ги повикува наставниците;
- Останатите дежурни за време на големиот одмор се на своите работни места;
- Дежурниот ученик се оддалечува од работните места само ако добијат задача од наставник, стручната служба или директорот;
- Дежурниот ученик не смее да собира други ученици на местата за дежурање, ниту пак самите дежурни да се групираат заради дружење;
- Дежурниот ученик мора да отиде на час доколку прави писмена работа, тест или треба да одговара по некој предмет, но претходно да се јави кај обезбедувањето;
- Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, дежурниот ученик мора веднаш да информира кој било вработен во училиштето што му е најблиску или обезбедувањето;
- Дежурниот ученик повремено да се движи низ ходниците и да врши проверка;
- Да го следи и евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето;
- Да ги евидентира учениците кои постојано се движат низ училиштето за време на часовите;
- Да се грижи за редот и дисциплината за време на часовите и одморите;
- Дежурниот ученик ги отклучува и заклучува вратите и не прави отстапки за никого, а во тоа му помага обезбедувањето;
- Дежурството на учениците започнува во 8,00 часот, а завршува во 13,30 часот;
- Кога наставникот зборува не го прекинувај;
- Обраќај им се со ВИЕ на возрасните;
- Користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;

- Поздравувај со добро утро, добар ден и до видување;
- Не користи вулгарни зборови кога комуницираш;
- Почитувај ги правилата кои сте ги договориле со наставникот;
- Не носи предмети со кои би можел да ги повредиш други ученици;
- Покажи толеранција кон соучениците во комуникацијата;
- Искажи го секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- Биди самокритичен, па потоа критикувај;
- Чувај ги своите предмети и не посегнувај по туѓите;
- Не ги потценувај способностите на своите соученици;
- Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
- Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот;
- Почитувај ги различните од тебе;
- Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови;
- Ако не се однесуваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој ќе го промени тоа и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО;
- Учтивоста е особина која ја краси твојата личност, затоа однесувај се учтиво во секоја ситуација;
- Со своето примерно однесување ќе покажеш почит и кон своите родители;
- Биди искрен со своите родители, дури и да згрешиш, тие ќе имаат разбирање за твоите постапки;
- Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето;
- Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот.[182]

[182] Кодекс на однесување ОУ „Димитар Македонски" - Скопје (oudimitarmakedonski.edu.mk/mk/?page.)

### 12.3.2. Кодекс на родителите

- Почитувајте го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;
- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека.[183]

### 12.3.3. Кодекс на наставниците

- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот треба да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставикот секогаш и секаде треба да внимава на својот говор; тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;
- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи;

[183] Кодекс на однесување ОУ „Димитар Македонски" - Скопје (oudimitarmakedonski.edu.mk/mk/?page.)

- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени.[184]

### 12.3.4. Кодекс на другите вработени во училиштето

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
- Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во согласност со потребите на наставата;

[184] Кодекс на однесување ОУ „Димитар Македонски" - Скопје (oudimitarmakedonski.edu.mk/mk/?page.)

- Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот за наставниците;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- При работата вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во каков било вид конфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
- Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во случаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
- Вработениот со својот /лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето.[185]

Горе наведените кодекси како законодавни документи на секое училиште информираат дека секој кодекс во голема мера придонесува и помага во градењето на позитивната дисциплина во основното образование. Сите точки во кодексите бараат исполнувања од страна на наставниците, учениците, родителите, раководниот орган. Законските акти на основното образование кои се конструирани во училиштата придонесуваат во создавањето на позитивната дисциплина во основните училишта.

[185] Кодекс на однесување ОУ „Димитар Македонски" - Скопје (oudimitarmakedonski.edu.mk/mk/?page.)

## 12.4. Куќен ред

- Службениот влез се користи само за влез на наставници, родители и странки;
- Главната врата од дворот на училиштето ја користат учениците и таа ќе биде отворена за време на одморите, заклучена за време на часовите;
- Наставничката канцеларија ја користат само наставниците, а не и родители и ученици;
- Учениците од целодневна настава го користат влезот од кај мензата;
- За време на големиот одмор училниците и кабинетите треба да бидат заклучени;
- Одговорни за училишниот инвентар се дежурните ученици, одделенските заедници и одделенските и предметните наставници;
- Одговорни за фискултурната сала, соблекувалните и просторот пред салата се дежурните ученици и наставниците по физичко и здравствено образование;
- Влегувањето и излегувањето од училниците – кабинетите се врши во присуство на наставник;
- Движи се во ходниците без трчање, скокање и туркање;
- Пред училниците да не се седи на подот, тоа дава лоша слика;
- Учениците треба своите лични работи да ги оставаат во училница или да ги носат со себе и тие се одговорни за нив;
- Секоја намерно направена штета се наплатува;
- Строго е забрането чкртање по ѕидовите, во кој било дел на училиштето;
- Никој од субјектите во училиштето не смее да го уништува имотот во училиштето, да внесува лица од надвор без причина и да внесува супстанции (дрога, алкохол, запаливи средства и други предмети) со кои би го загрозил здравјето и безбедноста на учениците и вработените;
- Забрането е пушење во училиштето и училишниот двор;
- Дежурните наставници редовно да го извршуваат дежурството во ходниците, според распоредот даден од стручната служба и директорот;
- За време на часовите во ходниците дежураат тројца ученици, на местата определени за тоа, како и лицата од обезбедувањето;
- За замена на часови, наставникот треба навреме да го извести директорот;
- Секој вработен е должен за своето отсуство да го извести директорот;
- Промена на дневниот распоред на часови поради отсуство на наставник, прави стручната служба;

- Претседателот на паралелката е должен да се информира кај стручната служба за замена на часот;
- Родителите ќе се примаат само во одредени термини кај одделенските и предметните наставници, а кај стручната служба според условите и потребите;
- Не е дозволено наставниците да излегуваат од час и да разговараат со родителите;
- Наставниците треба да ги известат учениците за термините за одржување на додатна и дополнителна настава и за слободни ученички активности;
- Вработените, учениците и родителите треба во училиштето да доаѓаат пристојно облечени.[186]

Придобивките од одржувањето и развивањето на позитивната дисциплина во училиштата со поставените правила на однесување на сите вработени и на учениците во училиштето, со поставениот ред во училишните простории и нивното одржување и искористување од страна на сите вработени и ученици придонесуваат за подобар воспитно-образовен процес.

[186] Кућен ред: ОУ „Димитар Македонски" – Скопје. (oudimitarmakedonski.edu.mk/mk/?page.)

## 13. Релевантни истражувања

Проблематиката за дисциплината во училиштата е еден од најистражуваните проблеми во последните децении, бидејќи без воспоставена позитивна дисциплина во воспитно-образовниот процес во училиштето не може да се замисли ефикасна настава, ефективно училиште и успешно општество.

Што, всушност, значи дисциплината?

Одговор на поставеното прашање од добиените резултати во своите истражувања имаат дадено истражувачите Спајиќ, Вркаш, Кукоч, Башиќ, (2001: 109).[187] кој гласи:

Поимот дисциплина е збир од правила и прописи кои осигуруваат функционирање на некоја установа, организација, група или поединец во согласност со поставените цели и задачи. Позитивната дисциплина во одделението е ред, кој во училницата се воведува како мерка за делотворно поучување и учење. Педагошки е оправдано да се зборува за дисциплината во смисла на самоконтрола на ученикот, што е претпоставка за заедничката работа во одделението, групата или парот.

- Истражувањето на Коунин (1970)[188] е насочено кон дефинирање на стратегиите кои се применуваат во ефективно и во неефективно раководени одделенија. Ова истражување е извршено со помош на набљудување во 80 одделенија во основното образование. Во ова истражување тој доаѓа до овие резултати и ги дефинира како: а) одделенија на ефективните раководители – одделенија во добар ред, б) одделенија со проблематични однесувања на учениците – времето предвидено за настава се троши на воведување дисциплина в) одделенија со неефективно раководење – без ред. Меѓутоа, нема значителна разлика во применетите методи за менувањето на проблематичноста на учениците меѓу ефективно раководени и неефективно раководени одделенија. Аналогно на ова, ефективните раководители се поспособни за примена на превентивните методи. Ефективниот раководител дејствува, пред да се случи проблемот, со што спречува да се манифестираат непојавените проблеми во одделението (Akt: Cotton, 1990: 145).[189]

[187] www.ffpu.hr/fileadmin/.../Disciplina_01.pp

[188] Kounin, J. S. (Коунин, J. C.)(1970). Discipline and Group Management in Classroom, New York: Holt, Rinehart and Winston.

[189] İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri s. 55.

- Истражувањето кое е извршено од страна на Аксој (Aksoy (1999))[190] се занимава со: - какви проблеми се случуваат во основното образование?, причините за нивното појавување и начините за надминување на тие проблеми. Истражувањето го започнал во Анкара, но го продолжил во САД на истата тема. Добиените резултати од истражувањето укажуваат за најчесто случуваните/појавените пет одделенски дисциплински проблеми и тоа: недозволено зборување во училницата, неизвршување на зададените задачи, карање, претерано спречувачко зборување и неслушање на наставникот во училницата. Според мислењата на наставниците за причините на непримерните однесувања, главни се следниве причини: семејни проблеми, незаинтересираноста на родителите за образованието на своите деца, неконзистентното и негативното однесување на родителите спрема своите деца, влијанијата на ТВ и други медиуми со насилнички содржини и преголемиот број ученици во одделението/ училницата. Наставниците на поставените неформални прашања освен овие ги набројуваат и следниве причини за ученичките проблематичности: образовната политика, наставниците што се вработени како наставници, но го немаат дооформено наставничкото образование, товарот на големиот број часови, попречувањето на часовите од страна на родителите и системот на образованието кој се потпира повеќе на вербалното учење на запомнувањето и други причини.

- Според истражувањата на Веислев (Weislev) и Пенг (Peng) (1988)[191] во САД ги испитале ученичките однесувања од аголот на примената на некои променливости. Од истражувањето на несаканите однесувања се гледа дека насилното однесување на учениците повеќе е застапено во етнички карактеристичните училишта; пак можноста за појавувањето на насилното однесувања и зависноста од опојните средства повеќе се застапени во тие училишта во кои има поголем број ученици и училишта кои се лоцирани во градските општини. Успехот во училницата значително опаѓа поради слабата меѓусебна врска на наставниците со учениците и неподготвеното доаѓање во училницата; исто така, успехот бил послаб во поголемите училишта и во тие училишта каде што владеела негативна училишна атмосфера.

[190] Aksoy, N. (Аксој, Н.) (1999). Classroom management and student discipline in elementary schools of Ankara (Turkey), EdD, University of Cincinnati, Publication No: AAT 9960863, http:// wwwlim.umi.com/dissertations/fullcit/9960863

[191] İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri s. 56.

- Според истражувањата на Кескин (Keskin (2002)),[192] на тема „Дисциплинските методи што ги применуваат наставниците во надминувањето на ученичките проблематичности" евидентирано е: наставниците применувале вербални предупредувања за исправување на погрешните однесувања на учениците. Најчесто применуваните приоди на наставниците биле: усно предупредување, разговор со ученикот по часот, средба со семејството на ученикот и разговор со ученикот за време на часот. Најретко применуваните приоди на наставниците биле: физичко казнување, давање несакани задолженија на ученикот, средба со училишното раководство и одземање на саканото нешто од ученикот. Истражувањето дошло до резултати дека наставниците претпочитаат физичко казнување на учениците, што во ниту еден случај не е дозволиво ниту оправдано.

Дисциплината како поим различно се дефинира. Според истражувањата на Волфганг (Wolfgang), 1999:5);[193] дисциплината претставува збир од правила и постапки кои се однапред создадени во училиштето од страна на наставниците и вработените со цел коригирање на негативните однесувања на учениците;

Според истражувањата на Бурден (Burden)), 1999: 5)[194] дисциплината е метод за повторно враќање на прекршениот ред и мир во училиштето за обезбедување безбедна работа, тоа е реакција кон ученикот-проблем;

Во статијата „Позитивната улога на родителите трае и во наредните генерации", објавена во *Твое бебе во вторник. (08/10/2010-20:41)* група автори во своите истражувања дошле до следниве резултати:

Позитивниот тип родителство како топлина, надгледувањето на активностите на децата, вклученоста во нивниот живот и конзистентноста во дисциплината имаат позитивно влијание, не само врз децата, туку и врз тоа како тие подоцна, како возрасни ќе ги одгледуваат сопствените деца.

Во една студија биле анализирани податоци од надгледувањето на 206 момчиња кои биле сметани како ризични за младешки деликвенти. Момчињата кои тогаш биле во основно училиште и нивните родители биле интервјуирани и надгледувани. Тоа им

---

[192] İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri s. 64.

[193] İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri.

[194] İlköğretim I. kademede görevli sınıf öğretmenlerinin sınıf disiplinine ilişkin görüşleri

дало информации на авторите на студијата за начинот на кој биле одгледувани момчињата.

Почнувајќи од 1984 година момчињата се среќавале со истражувачите секоја година, од нивната 9-та, па сè до 33-тата година. Кога момчињата станале возрасни и основале свои семејства и нивните партнерки и деца се вклучиле во студијата. Тоа им дало увид на научниците за тоа како влијае искуството од детството врз начинот на кој се однесуваат луѓето како родители.

Често пати се мисли дека луѓето ги учат методите на своите родители. Всушност, поголемиот дел од студијата покажува дека има многу слаба директна врска меѓу она што го искусува човек како дете и она што го прави како родител.

Наместо тоа, студијата покажува дека „негативното“ родителство исполнето со непријателство и недостаток на вклученост води во „негативно“ родителство во следната генерација, не преку набљудување, туку преку дозволување проблематичното однесување да се преземе уште во младоста. На пример, ако се обидувате да го контролирате вашето дете преку гнев и закани, тоа ќе научи така да се однесува со своите врсници, а подоцна и со своите деца. Ако не го поучувате вашето дете, други отстрана ќе ја преземат вашата улога и ќе го научат за светот. А во тие лекции веројатно ќе има работи што не се компатибилни со позитивното родителство.

Децата што искусиле високо ниво на негативно родителство имаат поголема веројатност да покажат асоцијално и деликвентно однесување како млади, а подоцна тоа однесување често преминува во неконзистентно и неефикасно родителство, што (ќе) резултира со идни наследници со негативно однесување.

И досега беше познато дека негативните шаблони можат да бидат многу силни. Студијата покажа дека децата што имале родители што го надгледувале нивното однесување биле конзистентни во правилата, биле топли и полни со љубов, имале поголеми изгледи да формираат блиски односи со своите врсници, да бидат активни на училиште и да имаат поголемо самопочитување.

Значи, доброто родителство нема да обезбеди само заштита од негативно влијание туку ќе му помогне на детето да воспостави позитивни врски со другите за време на младоста, а тоа подоцна ќе влијае врз тоа како ќе се однесува со својот партнер и со своето дете. Односно, позитивното родителство ќе се пренесе и во наредните генерации.

Студијата отвори нови видици околу преземањето мерки за превенција. Се покажа дека промените во пристапот на родителите спрема децата ќе има влијание дури и врз нивните внуци.[195]

Како што се истакнува од горенаведеното, се гледа дека позитивната дисциплина во основното образование е доста проучувана тема, бидејќи како што се истакнува и од истражувачите на оваа тема – без позитивна дисциплина не е можно успешно да се реализираат предвидените содржини во основното образование. Дисциплината игра голема улога во успешноста на воспитно-образовната работа и во градењето на позитивните црти на личноста кај ученикот, а воедно, овозможува градење на здрави темели на идното современо општество во целина. Општеството од образованието очекува здрави, флексибилни и позитивно дисциплинирани генерации кои ќе можат да се соочат со сите предизвици на современиот општествен живот, додека образованието од општеството очекува создавање најоптимални услови за успешна реализација на зацртаните цели и задачи.

[195] „Твое бебе" во вторник, 08/10/2010 - 20:41 ; ( tvoebebe.com/node?page=24

## 14. Заклучни согледувања за теоретскиот дел од трудот

Од горедефинираните основни поими на трудот се заклучува дека:

- Воспитното дејствување во меѓучовечките односи и успехот во наставата не може да се одвива доколку во тој однос нема интеракција која најчесто се воспоставува со комуникација меѓу носечките субјекти во процесот. Секако, успешноста на интеракциската комуникација, а воедно и успехот во воспитно-образовната работа во голема мера зависи од воспоставените односи меѓу наставникот и ученикот, од нивната меѓусебна доверба и почитување, и од воспоставената позитивна атмосфера, дисциплина меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес.

- Дисциплината во својата суштина претставува спречување на појави на проблематично однесување, а воедно е и систем од постапки со кои се придонесува да се подобри однесувањето кое треба да биде насочено кон остварување на поставените цели преку осмислување на активности и креирање на наставни ситуации во кои може да се препознае посветеноста на учениците. Дисциплината е **воспитание на однесувањето со означените правила** или **правилник** за правилно однесување и развивање на веќе стекнатите норми на однесување на поединецот. Дисциплината како поим може да се сфати како превенција на погрешното однесување и подобрување на однесувањето. Дисциплината претставува поставување одредени правила и нивна успешна примена, каде што во ниту еден случај не е дозволиво понижување или омаловажување на одредена индивидуа. Накратко, поимот дисциплина во македонскиот јазик ги има следниве значења: 'поредок', 'ред', но и 'стега'. Дисциплината во буквална смисла значи 'поучување'.

**Стратегија** доаѓа од зборот *Strategos* буквално значи *водење на армијата.*[196] Подоцна го загубил своето изворно значење и се користи како поим за опишување на активностите насочени кон постигнување на одредена цел врз основа на однапред осмислено планирање. Стратегијата како поим значи 'упатување', 'насочување', 'испраќање', 'водење' или 'носење'.

Техниката на дисциплината ги дефинира средствата, методите, начините и правилата со кои ќе се реализира планираната дисциплина кај учениците, со цел посакуваните визии и мислења да се конкретизираат и да бидат применливи за учениците и за нивните подучувачи, кои секојдневно се среќаваат со различни

[196] hr.wikipedia.org/wiki/Strategija

проблеми во односите со децата. Накратко, можеме да кажеме дека стратегиите се теоретски објаснувања како можеме да градиме позитивна дисциплина, додека, техниките се: со што можеме практично да влијаеме за позитивното менување на однесувањето на децата.

Позитивна дисциплина е отстранување на негативното однесување на детето, без примена на физичко и вербално понижување; тоа значи дека детето со љубов, интерес, самоактивност и мотивација ги прифаќа сугестиите на наставникот, а не од страв, за да се поттикне за понатамошно коригирање на сопственото погрешно однесување.

Со помош на долгогодишно проучување на фазите на морално и етичко резонирање на ученици од САД, Тајван, Мексико, Турција и Јукатан, Лоренс Колберг дошол до еден многу важен податок во своето истражување дека сите ученици без разлика на нивната култура, раса или пол поминуваат низ одредени фази на дисциплина. Иако напредувањето од фаза до фаза е со слична содржина, тоа варира од ученик до ученик, тие фази се распоредени по следниов ред: проблематично однесување, себично однесување, интерперсонална дисциплина и самодисциплина.

Според дадениот поим од страна на Нелсон, Лот и Глен, позитивна дисциплина е метода која му помага на детето да може да изврши самоконтрола над сопственото однесување и техника на раководење, која му помага при решавањето на сопствените проблеми. Позитивната дисциплина се состои од неколку важни сегменти. Таа им нуди на децата избори при учењето, ги оспособува да применуваат логички и природни резултати, да ги акумулираат сите потребни способности кои се применуваат при решавањето на животните проблеми. И сфаќањето на последиците им обезбедува на децата да можат да ги предвидуваат работите.

Наставниците треба да се активни контролори на состојбите во училницата за да можат благовремено да ги откријат и да ги превенираат за непојавените проблеми. Позитивната дисциплина може да се создаде само со позитивни стратегии, техники и правила кои се темелат на: љубов, партнерство, заемно почитување, конзистентност и отвореност во меѓусебните комуникациски врски, разбирање на проблематичното однесување на ученикот, обезбедување на доброто чувство кај децата за самите себеси, обезбедување доверлива средина за учениците, поставување граници на детските однесувања, претходно контролирање на настаните, оспособување на децата за решавање проблеми, отсуство на претерано интервенирање на секое однесување на

детето, кога има потреба за некој проблем да се побара помош од стручно лице, негување трпеливост кон детето и кон себеси станува збор за методи кои придонесуваат за зацврстување на самоконтролата и меѓусебна доверба меѓу наставникот/родителот и ученикот/детето.

Целите на дисциплината во основното образование и општо во животот на ученикот е тој да стекне самодоверба и самоиницијатива за да може самостојно да ги применува повеќето позитивни правила од секојдневниот живот, без да има мешање однадвор. Една од главните цели на дисциплината во училиштето е да обезбеди непречено и нормално одвивање на образовниот процес, позитивно да се воспитува ученикот, и ученикот да се оспособи да се бори против штетните фактори што негативно влијаат на наставата и на неговото однесување. Училишната дисциплина има две главни цели:

1. Создавање услови на безбедноста на учениците и на другите вработени.

2. Воспоставување на поволна средина за поучување.

Дилемата на родителите, како треба да се однесуваат кон недисциплинираното дете претствува значаен сегмент на родителството. Една од теориите укажува на потребата возрасниот (родител, наставник) да се навлезе во светот на детето, во начините на неговото размислување, начини на дејствување, расудување и сл. Чувствата и интересите на детето треба добро да се познаваат, доколку се тежнее да му се даде соодветна помош. Од нашиот капацитет за разбирање и прифаќање на детето зависи колку ќе можеме да му помогнеме да се развие, односно, колку сме во можност да се поставиме на местото на детето, проблемот да го гледаме од неговиот агол, толку ќе бидеме и способни позитивно да го дисциплинираме детето. За да му се помогне на детето да усвојува одредени норми и правила на однесување за неговиот иден развој, потребно е наставникот и родителот да бидат истрајни, воздржани, подготвени да повторуваат инструкции и да го насочуваат однесувањето на детето, давајќи му голема љубов, нежност и внимание. Мошне битно за тој процес е детето/ученикот да ги разбере мотивите на возрасните, на тој начин нема да се противи на советите и настојувањата за промена во неговото однесување.

Постојат три вида негативна дисциплина што се применува од страна на родителите спрема своите деца:

1. Физичка интервенција, која понекогаш преминува во насилство;

**2.** Вербално насилство и навреди;

**3.** Отсуство на љубов.

Воспитанието започнува со запознавањето и со сакањето на детето. Не е можно да се постигне успех во образованието, доколку недостасува дисциплина. Дисциплината е неодвоив дел на воспитанието и на образованието. Според тоа колку добро ќе биде воспоставена дисциплина во практиката, толку ќе има позитивно влијание врз воспитанието и образованието на ученикот. Дисциплината во образованието значи начин на приоѓање на возрасните кон учениците со цел да ги научат на одредени правила на однесување во животот. Задачата на наставникот во воспитно-образовната работа не е да ја намали или да ја угасне живата сила кај децата, туку, да ја дисциплинира таа жива сила во позитивна насока. Во решавањето на дисциплинските проблеми главно се применуваат два метода: „гаснење“ и „притискање“, а употребените средства се награда и казна.

Една од задачите на училиштето е ученикот да стекне сестран развиток, односно, да се подготви за активен, целесообразен општествен живот исполнет со прифатливи вредности. Речиси сите автори се согласуваат дека добриот начин на поучување од страна на наставникот е основа за воспоставување дисциплина на часот.

Според истражувањата на Бујуккарагоз и Чиви (1994) во училиштата постојат три вида имплементација на дисциплината:

А – Позитивна или создавачка дисциплина;

Б – Спречувачка дисциплина;

В – Корективна дисциплина.

Да се биде дисциплиниран е всушност разбирање и прифаќање на некоја состојба, способност да се одлучи според ситуацијата, без помош од возрасните. Тоа значи дека станува збор за долготраен и постапен процес кој постојано се гради и е условен од возраста на ученикот. Наставникот кој има проблем или е запознат со проблемот на некој ученик може да реагира на следниве начини: доколку сака да не се интензивира (зголеми) проблемот тоа може да го постигне со претворување на проблемот во шега, или доколку проблемот е подолготраен, да организира средба со ученикот, со родителот, со директорот и со училишната педагошка служба.

Како фактори што помагаат за создавање на позитивна дисциплина во училиштето, според Кучукахмет Л. се наведуват следниве фактори: добра воспитно-образовна програма, добар систем за водење/менаџирање, активна родителско-училишна соработка и активната употреба на училишната зграда.

Квалитетот на образовното дејствување во голема мера зависи од квалитетот на раководењето во училницата. За да се реализира успешно раководење во едно одделение, тоа во голема мера зависи од способноста на наставникот за раководење на одделението. Факторите што влијаат врз раководењето на одделението се: личните својства и особини на наставникот, применетите стратегии, методите и техниките во наставата, приспособеноста на наставата кон социјалната околина, блиската соработка на училиштето и семејството, физичките услови на училницата, карактеристиките и потребите на учениците, составот на училиштето, прифатените правила од страна на училиштето, како и создадената пријатна атмосфера во училницата (професионални обележја на личноста на наставникот).

Наставните активности не може успешно да се реализираат ако наставникот нема авторитет кој се забележува во управувањето и насочувањето на ученичките активности. Наставникот има авторитет да го организира учењето на учениците, а не да се претставува како извор на моќност. Наставникот има најголемо влијание врз учениците ако манифестира невидлива моќ преку своето професионално однесување, компетентност и споделена одговорност со секој ученик.

И најкомпетентните наставници во одделенијата се сретнуваат со различни проблеми. Како најважни причини што придонесуваат ученикот да се однесува проблематично се следниве: здодевност на ученикот во наставата, долготраен умствен напор, неможност на ученикот да изврши некое задолжение, немање другари во училиштето, ниска училишна самосвест, емоционални проблеми на ученикот, негативен однос и недостаток на негативни последици. Во училиштата постојат два вида фактори кои придонесуваат за создавање на недисциплината кај учениците и тоа:

- Надворешни фактори – (училиштето, околината и семејството).

- Внатрешни фактори – (наставникот, учениците и од физичката средина на училницата).

Ученичкото неконтролирано останување во училницата има големо влијание врз појавата на недисциплинирано однесување на детето. Ученичката недисциплина потекнува или од наставникот, или од неговата неспособност да ја контролира работата. Како стратегии и техники за спречување на појавата на недисциплинираното однесување се: редовно следење на учениците, мотивација на учениците, познавање на интересите на учениците и поставување на училнички правила.

Дејв Фоли[197] предлага неколку практични совети за наставниците, кои може да им помогнат во справувањето со дисциплинските проблеми во училницата или да ги спречат истите да настанат. Тој истакнува: *Бидете главни на вашиот час, фокусирајте се на немирните ученици, дозволете им на учениците да изберат каде ќе седат, мотивирајте ги да се потрудат околу извршувањето на задачите, гледајте ги вашите ученици, воспоставете последици за несоодветно однесување, дајте директни инструкции на вашите ученици, набљудувајте ги учениците, бидете модел на ученикот, дајте невербални сигнали на недисциплинирани ученици, вршете контрола на опкружувањето, вршете низок профил на интервенции, бидете наметливи во дисциплинирањето, дајте им наметнати јас-пораки, дајте им хуманистичка јас-порака, однесувајте се со позитивна дисциплина.*

Управување со одделението значи организирање на изворите на знаења, ефективно средување на средината за учење, следење на ученичкото напредување, способност за предвидување на проблеми што може да се појават, односно, животот во одделението да се управува како добро организиран оркестар.

Наставниците можат да применат одредени мерки против проблематичните однесувања на учениците како што се: игнорирање – да се прави како да не видел, предупредување, невербално предупредување, вербално предупредување, прекинување на часот – потсетување на правилата, физичка интервенција, правење промени во часот, давање одговорност, разговор со ученикот, соработка со училишното раководство и со семејството и применување на училишните дисциплински правила. Овие микростратегиски зафати учениците треба да ги препознаваат, да ги воочат и да ги

---

[197] www.nea.org/tools/51721.htm - ; *NEA* - 6 Classroom Management Tips Every Teacher Can Use.

анализираат сопствените постапки во насока на корекција на неприфатливото лично однесување.

Детето не треба да има страв да ни соопшти некоја своја потреба и кога посакува нешто треба внимателно да се ислуша и внимателно да му се објасни во случај да не може да се исполни желбата. Животот и неговите правила не треба да му бидат сервирани на детето како рецепт.

За да се создаде успешна дисциплина во одделението се применуваат следниве два метода:

а. Превентивни методи за дисциплинските проблеми – За успешно решавање на проблемот од голема важност се следниве мерки кои ги преземаат наставниците пред да се појават проблематични однесувања: (Планско работење за време на часот, течна и континуирана активност, конзистентност, доследно однесување со правилата, наставникова контрола, значењето на зборувањето на наставникот, контролирање на ученичките задачи, употребата на училишната табла, дефинирање на училнички правила и ставот на наставникот пред одделението играат голема улога во превенирањето на дисциплинските проблеми во училницата).

б. Интервентни методи за дисциплинските проблеми – Интервенцијата на наставниците кон проблематичните однесувања на учениците се краткотрајнии невербални интервенции, кои дури и не може да се забележат од страна на некој неопитен набљудувач. За појавените дисциплински проблеми наставникот ги применува следниве интервентни методи – стратегии и техники: (игнорирање: да се прави како да не го видел, физичка блискост, контакт со очите и примена на невербални предупредувачи, повторно насочување, заповедни искази и примена на предупредувања, оставање на ученикот сам или менување на неговото место, давање време за тишина, применување на заповедта „откажи се!", индивидуален разговор со ученикот, давање кратка пауза, идентификација и решавање на проблемот, блиско следење. Казна и награда може да се применат како интервентни методи, стратегии и техники за решавање на дисциплинските проблеми).

Еден од најефективните методи во поучувањето на правилното однесување кај детето е методот на позитивното наградување. Меѓутоа, овој метод, за жал, е најмалку применуван. Доколку казната и наградата се применуваат во воспитна смисла, тогаш

постојат низа услови што треба да се исполнат за да бидат ефективни. Во педагошката теорија и практика казната е неприфатлив пристап кон учениците со проблематично однесување, истовремено и наградата, наградувањето поретко дава ефекти особено во учењето. Во процесот на подобрување на дисциплината наградувањето може да има поголеми ефекти доколку сите ученици се добро упатени и запознаени со мотивите и причините за наградувањето. Казната и наградувањето претставуваат техники/методи на надворешна мотивација. Суштината на вистинското воспитание во личноста на ученикот е да се изградат механизми на внатрешна мотивација која се потпира на разбирање на проблемот и поттикнување на волјата, желбата за (не)соодветното однесување. Користењето на овие две техники е условено од поставеноста на наставникот кон секој ученик и кон сите ученици во одделението. Сè зависи од тоа каков однос има воспоставено наставникот со ученикот. Добриот и пријателски однос на наставникот создава услови за позитивно делување.

Воспитението, образованието и дисциплината се меѓусебно тесно поврзани поими. Доколку еден од овие три поима не е застапен, тогаш изостанува целината, а со неа крајниот резултат – здраво развиена личност која поседува јасни и прифатливи вредности и модели на однесување. Откако се применети другите методи против недисциплината и тие не покажале успех, тогаш како последен начин за промена на однесувањето може да се примени казна која мора да биде нормирана во соодветни акти и документи во училиштето.

Реституцијата е постапка за поправање и надминување на последиците од направената грешка или штета.

При раководењето на одделението наставниците најпрвин треба да ги знаат и да ги разбираат потребите на своите ученици и однесувањата на учениците во врска со тие потреби. Наставникот, за да биде ефективен лидер во одделението, мора да поседува позитивно социјално однесување и способности за физичко и просторното средување на средината за учење и да биде ефективен во комуникацијата за да ги мотивира учениците за наставата. Ефективното искористување на времето има голема улога во одделенското раководење. Училишната средина има директно влијание врз ученичкото однесување. Очекувањата на наставниците од своите ученици, исто така, имаат силно влијание врз учењето и врз однесувањето на учениците.

Во воспитно-образовната практика постојат три стила наставно раководење и тоа:

А) - демократски стил на водење на наставата; - (Сите одлуки што се од суштинско значење за наставата и за работата на учениците во неа наставникот ги донесува во договор со учениците).

Б) - автократски стил на водење на наставата – (Наставникот со автократско однесување е центар на сите активности во наставниот процес).

В) - либерален стил на водење на наставата – (Тоа е стил во кој наставникот речиси и не е наставник, бидејќи има сосема пасивна улога).

Поставените правила во училницата се неодвоив дел на училишното раководење кој обезбедува да се воспостави ред и да се зголеми времето за поучување. Како во секоја организација, така и во образовните организации мора да постојат правила на однесувања. Тие правила се задолжителни за сите без исклучок и сите треба да ги почитуваат. За зголемувањето на важноста на поставените правила од големо значење е правилата да им се претходно кажани на учениците и да се земат предвид нивните согледувања и предлози на тие поставени правила. Правилата дефинираат кои однесувања се прифатливи, а кои не се прифатливи од страна на наставникот.

Може да се зборува за неколку видови модели за воспоставување на дисциплината. Меѓутоа, не е можно да се зборува за некој чист модел со кој би се спречиле дисциплинските проблеми во секакви услови и средини. Секој наставник, потпирајќи се на овие модели може да го најде својот модел на дисциплинирањето.

Како во секоја сфера, така и во сферата на дисциплинските сфаќања има постојани промени и развиток. Од ова менување и развивање на сфаќањата за дисциплината денес можеме да зборуваме за својствата на традиционалното сфаќање и за модерното (современото) сфаќање.

За намалување на дисциплинските проблеми и за создавање на поволна и поттикнувачка атмосфера за учење и соработка во одделението има доста прости и едноставни методи. Според тоа, добро оспособениот наставник треба да се раководи според следниве десет правила: (Од учениците наставникот треба да го очекува најдоброто, наставникот треба да биде искрен и отворен, награда – да! Казна – не!, ако се казнува ученикот, казната треба да биде соодветна на вината, ако се казнува

ученикот треба да му се одземат правата, игнорирање на проблематичното однесување, конзистентноста е најдобра политика, секој ученик треба да се познава добро, применување на училишната задача како награда, приод на учениците со љубов и почитување).

Еден од позитивните фактори со цел да се подигне успешноста на училиштето кој придонесува за изградување позитивна дисциплина во нашите училишта е постоењето на советодавни тимови со програми што функционираат во училштата. Целта на овие тимови е да помагаат во разрешувањето на постојните проблеми во училиштето во остварувањето на зацртаните цели.

Како институција која треба да осигурува развој на здрави и одговорни поединци, училиштето треба да се соочува и спротивстави на сите видови и облици на насилства преку сите програмски подрачја. Насилството е збир од намерни негативни однесувања кои се долготрајни (2-3 пати месечно и почесто), повеќепати насочено спрема ист ученик од страна на еден ученик или група 2-3 ученика.

Кога се зборува за законски одредби, можеме да ги наброиме следниве документи во кои се опфатени правата, должностите и обврските на наставниците, вработените, учениците и родителите, кои се и главните чинители во создавањето на позитивната дисциплина во основното образование: Концепцијата на основното деветгодишно образование на РМ, статутот на основното образование, кодексот на однесување на наставниците, учениците, вработените и родителите, куќниот ред во нашите училишта задолжително треба да се почитува од страна на наставниците, учениците, вработените и родителите.

Компетентното поучување од страна на наставникот придонесува детето да се мотивира на часот и така да се оддалечи од проблематичното однесување и да се насочи со заинтересираност да ги исполнува и да биде повеќе во интеракциска комуникација со наставникот и со другите ученици кои се вклучени во наставниот процес. Накратко, доколку сакаме позитивно да ги дисциплинираме нашите деца или ученици, тогаш сите активности на возрасните треба да се насочени кон задоволување на потребите на децата во прифаќањето на позитивните насочувања од возрасните. Децата во животот на родителите/наставниците да претставуваат централни субјекти а сите субјекти и услови со љубов и почитување да потекнуваат од нивните поединечни и колективни потреби.

# II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.Формулација на проблемот на истражувањето

Проблем на овој истражувачки труд е дали усвојувањето и применувањето на различните стратегии и техники во основното образование доведуваат до позитивна дисциплина и до успех во надминување на дисциплинските проблеми во нашите училишта.

Целта на овој истражувачки труд е пред сè да даде придонес во подобрување на можностите за ефективност и ефикасност во работењето на училиштата. Зборот ДИСЦИПЛИНА доаѓа од францускиот збор (discipline) што во превод значи 'стегнат поредок'.[198] Коренот на зборот дисциплина потекнува од латинскиот јазик, од зборовите: „discere" во превод значи 'укажување', „disciple" значи 'некого да следиш', 'одење по нечија трага', „discipulus" значи 'учење'. Накратко, поимот дисциплина во македонскиот јазик значи: 'поредок', 'ред', 'стега'.[199]

Според традиционалните ставови, воопшто, работните организации конкретно училиштата, се обоени во негативна конотација и со став дека тие ја попречуваат нормалната работа и има видливи знаци дека нешто негативно се случува во организацијата на училиштето, дека нешто не е во ред. Според ова размислување, ако не се посвети внимание и на најмалата причина на проблемот, тој може да се трансформира во поголем и поинтензивен, па така, се поддржува мислењето дека причините што можат да предизвикаат некој проблем за да не се постигне некоја цел, треба да бидат засечени во коренот, уште на самиот почеток на нивното појавување.

Причини за појавување на проблеми секогаш има многу, како во секојдневните функционирања во работните организации, така и во образовните организации и во одделенијата. Од теоретско искуство добиено од литературата, кога има премногу причини за предизвикување проблеми, тогаш тие имаат моќ да ја оневозможат реализацијата и да го спречат спроведувањето на стратегиите и постигнувањето на организациските цели. Кога нема добра комуникација или комуникацијата е

[198] public.cumhuriyet.edu.tr/etoprakci/turkishweb/webpup/disiplin.pdf

[199] Bu makale "İlköğretmen Dergisi ISSN: 1307-1238 Sayı: 23, Kasım 2008, ss.21-25" de yayınlanmıştır

редуцирана и еднонасочна без правилен проток на потребните информации, сето тоа доведува до дополнителни организациски недоразбирања.

Високиот степен на застапени и неконтролирани проблеми може да доведе до хаотично, нарушено и некооперативно однесување во образовните организации, кои се предмет на ова истражување, и да доведе до различни организациски деформации, залудни и непотребни исцрпувања и осиромашување на човековите енергетски потенцијали. Ова е еден од можните начини да се зголеми бројот на незаинтересирани и немотивирани ученици и наставници, а успехот во училиштето од ден на ден да постанува сѐ помал, бидејќи човечката енергија, наместо да биде насочена кон воспитно-образовни цели, се насочува кон различни спречувачки, конструктивни или деструктивни стратегии и техники за решавање на бројните проблеми во училиштето.

Со училишните проблеми и преку нивното правилно разбирање и соочување со нив, наставниците, учениците, родителите и педагошко-психолошките служби заедно со другите вработени во училиштето, би требало да пронајдат конструктивни пристапи, функционални приоди и можни патишта, стратегии и техники кои водат кон соодветно надминување на образовните проблеми, правилно исполнување на работните должности и кон остварување на планираните воспитно-образовни цели и визии. Токму во тоа и се состои влијанието на наставниците – да се дојде до посакуваните позитивни резултати во градењето на позитивната дисциплина во основното образование, преку непосредна внатрешна интеграција на чинителите вклучени во настојувањата за надминување на воспитно-образовните проблеми и со меѓусебната добра комуникација.

Во исто време, на овој начин може да се согледаат способностите, одговорностите и комплексноста во работењето на наставниците, нивните наставнички вештини и мудрости, кои преку широк спектар активности имаат можности контролирано да влијаат на постојните проблеми прифаќајќи ги и помошта на учениците, родителите, педагошко-психолошката служба и на другите за правилно да ја насочуваат и да ја водат во училиштето, да се гради позитивна дисциплина, образовна организација и образовен процес кој води кон ефективност и ефикасност преку остварување на зацртаните цели и визии.

## 1.1 Дефинирање на основните поими на предметот на истражување

Предметот на истражувањето ги опфаќа стратегиите и техниките за градење позитивна дисциплина во основното образование.

Произлезен е и определен во согласност со предложениот наслов на овој труд „Стратегии и техники за градење позитивна дисциплина во основното образование" со што се овозможува создавање услови за подобар квалитет во воспитно-образовниот процес, кои, пак, ќе овозможат соочување со сегашните и идните проблематични ситуации во училишните организации (елаборирање на улогата и влијанието на наставниците, учениците, родителите и на другите во соочување со дисциплинските проблеми).

Целите на дисциплината во основното образование и општо во животот на ученикот (детето) е тој да се доведе до таа самодоверба, самоиницијатива и самоконтрола за самостојно да применува некои позитивни правила од секојдневниот живот.

Предметот на истражување е временски ограничен, а може да се истражува во исто време на различни места и во различни услови, а според просторно-временската димензија е трансверзално истражување.

Предмет на интерес и истражување ќе бидат училиштата и наставниците кои успешно ги надминуваат постојните дисциплински проблеми во основното образование.

Предмет на интерес ќе бидат постојните состојби во училиштата во поглед на дисциплинските проблеми, но и партиципативниот и перцептивниот момент – како испитаниците гледаат на причинско-последичните односи за јавување, манифестирање, функционирање, опстојување и надминување на воспитно-образовните дисциплински проблеми.

За разбирање на овој аспект од воспитанието е потребно да се објаснат поимите: **стратегии, техники** и **позитивна дициплина**.

Стратегиите на дисциплината се исполнување и поддршка на општествената грижа за дисциплината, обезбедување услови во кои луѓето можат да бидат дисциплинирани и да прават основа за донесување одлука во акциите за унапредување на дисциплината.

Стратегиите идентификуваат приоритетни подрачја каде што унапредувањето на дисциплината е можна; ги појаснува целите, ги дефинира основните активности и одговорности на сите релевантни партнери во областа на дисциплината.

Наставниците, родителите и другите учесници кои се заинтересирани за градење позитивна дисциплина во образованието и ги разбираат дисциплинските проблеми, се соочуваат со нив и управуваат, истовремено учат како да се изградат заемно корисни меѓусебни односи и ефикасно да ги решаваат проблемите, бидејќи заедничка цел е токму преку заеднички активности да ги подобрат односите во рамките на образовната организација, трансформирајќи ја интеракцијата во партнерство.

Техника на дисциплината значи: како и на кој начин и со кои средства може да се изградат позитивните дисциплински навики кај факторите што имаат влијание во изградувањето позитивна дисциплина во училиштето.

Во пошироката смисла, поимот позитивна дисциплина значи збир од правила и прописи кои осигуруваат функционирање на некоја установа, организација, група или поединец во согласност со поставените цели и задачи (Спајиќ, Вркаш, Кукоч, Башиќ, 2001: 109).[200]

Позитивната дисцинлина во одделението е ред, кој во училницата се воведува како мерка за делотворно поучување и учење. Педагошки е оправдано да се зборува за дисциплината во смисла на самоконтрола на ученикот, што е претпоставка за заедничката работа во одделението, групата или парот (Спајиќ, Вркаш, Кукоч, Башиќ, 2001: 109).[201]

Можеби клучот за соочување е во пронаоѓање начини, стратегии и техники со кои ќе се одржат дисциплинските проблеми во најоптимално ниво, да се пронајдат конструктивни начини за да се минимизираат негативните и да се максимизираат позитивните аспекти на постојните дисциплински проблеми, а претпоставка е дека сето тоа ќе доведе до максимизирање во извршувањето на воспитно-образовната работа и градење позитивна дисциплина во основното образование.

---

[200] www.ffpu.hr/fileadmin/.../Disciplina_01.pp

[201] www.ffpu.hr/fileadmin/.../Disciplina_01.pp

## 2. Цел на истражувањето

Целта на истражувањето е насочена кон испитувањето на стратегиите и техниките за изградување позитивна дисциплина во основното образование. Целта на овој истражувачки труд е пред сè да даде придонес за подобрување на можностите за успешно градење позитивна дисциплина, ефективност и ефикасност во воспитно-образовната работа со учениците.

Целта на истражувањето ќе биде операционализирана од следните аспекти:

- Дефинирање и давање приказ на дисциплината, училишна дисциплина и како се гради позитивна дисциплина во основното образование.

- Издвојување и анализирање на функциите, задачите и одговорностите на наставниците во училиштето, учениците, родителите, педагошко-психолошката служба и другите вработени во училиштето кои се и главните креатори за изградување позитивна клима во основното образование, а воедно и за решавање на дисциплинските проблеми.

- Истражувањето ќе биде насочено кон испитување на различните начини, стратегии и техники за надминување на воспитно-образовните проблеми преку примена на училишните човечки ресурси.

## 3. Научна, општествена и практична цел на трудот

**Научната цел** на овој труд е да се проучат стратегиите и техниките за градење на позитивната дисциплина во основното образование, да се изврши идентификација и дескрипција на манифестираните форми на дисциплината во училиштата, со цел добиените резултати од истражувањето да дадат свој придонес во науката. Посебен осврт ќе биде ставен на улогата на креаторите во градењето на позитивната дисциплина во основното образование. Со примена на научните методи и постапки во истражувањето, ќе се задоволат некои научни цели со интенција добиените резултати да се објективизираат и генерализираат во образовната практика.

Имено, една од тие цели ќе биде и да се анализираат состојбите со градењето позитивната дисциплина во основното образование од ниво на сите учесници на тој процес; да се утврди кога, како и зошто се пројавуваат одредени проблематични однесувања кај учениците; кои знаења, вештини, стратегии и техники за справување со нив ги поседуваат и што им недостасува околу тоа (која е нивната потреба), како и да се предложат одредени активности во врска со нивното понатамошно стручно усовршување, кое ќе корелира со моменталните потреби за надминување на дисциплинските проблеми во училишната средина.

**Општествената цел** на трудот е да се сумираат, анализираат, експлицираат, синтетизираат, оценуваат и вреднуваат размислувањата и ставовите за дисциплинските проблеми во наставно-образовниот процес од кои ќе произлезат и насоки за преземање соодветни мерки за нивно надминување. Поширок општествен аспект е стимулација во извесна смисла, како и ориентација за идните истражувања од областа на дисциплината во основното образование и за функционално справување со дисциплинските проблеми.

**Практичната цел** на трудот треба да произлезе од посакуваните состојби и дефинирање на наредните задачи и активности што се налагаат од реализацијата на општествените и научните цели. Трудот ќе ја добие својата вредност и тежина преку сумирање, анализирање и интерпретирање на резултатите од практичните истражувања добиени од истражувањата во основните училишта (градски и рурални) што се наоѓаат во општините Центар Жупа и Дебар.

Една од практичните цели на овој труд ќе биде: во решавањето на дисциплинските проблеми во училиштата да им се помогне на наставниците и на другите учесници навремено да ги идентификуваат и да ги дијагностицираат актуелните дисциплински проблеми, како и да се претпазат од негативните ефекти што произлегуваат од тие проблеми.

## 4. Задачи на истражувањето

4.1. Да се утврди степенот на свесност на истражуваните субјекти за присутноста на актуелните дисциплински проблеми, мотивите и начините на соочување со нив од страна на креаторите на позитивната дисциплина во основните училишта и во семејствата.

4.2. Да се испитаат ставовите на наставниците, на родителите и на учениците за информираноста во врска со дисциплината и да се согледа **оспособеноста на наставниците, родителите и учениците за благовремено откривање на дисциплинските однесувања**, како и откривање на факторите што влијаат за нивната појава во основното образование;

4.3. Да се испитаат оспособеноста на испитаниците за спречување и целосно надминување на актуелните дисциплински проблеми; кои превентивни стратегии и техники ги применуваат за да се справат со непрфатливите однесувања за да се создаде позитивна дисциплина во основното образование;

4.4. Да се испита оспособеноста на наставниците во применувањето на различните интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на негативните дисциплински однесувања во училиштето;

4.5. Да се испита оспособеноста на учениците за применување на различните интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на негативните дисциплински однесувања во училиштето;

4.6. Да се испита оспособеноста на родителите за применување на различните интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на дисциплинските проблеми кај своите деца;

4.7. Да се испитаат ставовите на наставниците, учениците и родителите за нивната меѓусебна соработка и соработката со стручните служби во училиштата од областа на дисциплината со цел да се надминат актуелните дисциплински проблеми кои можат да бидат услов за создавање на позитивна дисциплина во основното образование;

4.8. Да се провери колку законските одредби помагаат за градење на позитивната дисциплина во основното образование во РМ. Тоа се: концепцијата, статутот, кодексот и куќниот ред во нашите училишта.

4.9. Да се изврши анализа на педагошката документација на основните училишта од аспект на градењето на позитивна дисциплина во основното образование.

## 5. Генерална (општа) хипотеза

Во основното образование во Република Македонија се применуваат различни стратегии и техники кои во голема мера придонесуваат за градење на позитивна дисциплина во училиштата.

### 5. 1. Посебни хипотези:

5.1.1. Проблемите со дисциплината се разликуваат според мотивите и причините на настанувањето во училиштата од рурална и од градска средина.

5.1.2. Испитаниците се доволно информирани за дисциплинските проблеми и се оспособени за благовремено откривање на несоодветните однесувања и за факторите што влијаат за нивната појава во основното образование и во семејството.

5.1.3. Испитаниците успешно се справуваат со актуелните дисциплински проблеми со помош на примена на превентивни стратегии и техники.

5.1.4. Наставниците се компетентни за применување на различни интервентни стратегии и техники за справување со дисциплинските проблеми во и надвор од училиштето.

5.1.5. Учениците **сметаат** дека се оспособени за применување на различни интервентни стратегии и техники за спречување и отстранување на негативните дисциплински однесувања во и надвор од училиштето.

5.1.6. Родителите се компетентни за примена на различни интервентни стратегии и техники со цел да се справуваат со проблематичните однесувања на своите деца.

5.1.7. Наставниците, учениците и родителите имаат добра меѓусебна соработка во и надвор од училиштето, што во голема мера придонесува за создавање на позитивна дисциплина во основното образование.

5.1.8. Законските одредби на основното деветгодишно образование (концепцијата, статутот, кодексот и куќниот ред) во потполност придонесуваат за изградување на позитивна дисциплина во училиштата.

5.1.9. Педагошките документи во училиштата се во функција на изградување позитивна дисциплина во училиштето.

## 6. Варијабли на истражувањето

6.1. **Независни варијабли** на истражувањето:

6.1.1. Средината во која се наоѓа училиштето (централно или подрачно училиште, градско или рурално) и карактеристиките во однос на: бројноста на учениците во паралелките, социјалниот состав, и просторните услови и средината за учење.

6.1.2. Применетите стратегии и техники за дисциплинирање на учениците.

6.1.3. Законските одредби на основното деветгодишно образование.

6.1.4. Педагошките документи во училиштата.

6.1.5. Облиците на меѓусебната соработка.

6.2. **Зависна варијабла** се ставовите на испитаниците во однос на:

6.2.1. Стратегиите и техниките за градење позитивна дисциплина во училиштата.

Некои од наведените зависни варијабли не се проучувани директно туку посредно преку ставовите на наставниците, учениците, родителите и од испитаните законски и педагошки документи.

## 7. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Истражувањето е експлоративно (истражувачко) и има цел да го опише присуството на истражуваните дисциплински проблеми во дадени ситуации: меѓу наставниците и учениците, меѓу самите ученици, меѓу наставниците, како и меѓу наставниците и родителите и – проверка дали има поврзаност со други појави (опишува што е присутно и утврдува поврзаност). Истражувањето во исто време е и експланаторно (откривачко), бидејќи ги утврдува факторите што влијаат врз појавата на дисциплинските проблеми, со објаснување зошто се поврзани нештата и зошто се појавуваат. Истражувањето е повеќе квалитативно, бидејќи до заклучоците се дојде откако се анализира содржината на изворните искази на испитаниците кои се и непосредни учесници во дисциплинските проблеми (наставници, родители, ученици и други вработени) во училиштето. Истражувањето има и квантитативен дел, во кој до заклучоци се дојде откако се спроведе статистичка анализа на добиените нумерички податоци.

Во истражувањето се применети следниве методи:

При изработката на овој научноистражувачки труд, за реализација на целите и проверка на хипотезите, користен е **аналитичко-синтетичкиот метод** со варијанти:

**Аналитичко-компаративен метод** – метод на компарација на три популациски категории (наставници, родители и ученици), со проценување на објективноста на нивните ставови и искази;

**Аналитичко-дескриптивен (опишувачки) метод** – со истражувањето се побарани и одговори кои не се внесени како претпоставки во хипотетската рамка. Опфатени се постапки на опишување, со кои се идентификуваат и се класификуваат појавите што се проучуваат. Изведени се генерализации за проучуваните појави преку изнаоѓање битни заеднички карактеристики со истородни и сродни појави. Дескрипцијата е прв чекор во процесот на доаѓање до научно сознание, бидејќи појавите прво мора да се опишат за да може да се предвидат и да се разберат податоците што ќе се добијат. Споредувани се, вреднувани и интерпретирани, за да резултираат во соодветни описи на проучуваната појава.

**Аналитичко-експликативна (објаснувачка) варијанта** – со овој метод се објаснуваат причините и последиците и нивната меѓусебна поврзаност при појавата на несоодветните однесувања кај децата. Се објаснува како се доаѓа до недисциплинските

однесувања со поврзување на одделните причини за појава на дисциплинските проблеми кај децата, или се објаснува како се доаѓа до позитивното однесување со примена и поврзување на различни стратегии и техники за култивирање на однесувањето на децата.

**Метод на индукција** – применет е за систематизирање на користената литература од различни извори и автори што се поврзани со истражуваниот предмет на трудот. Посебно внимание е посветено на систематизација на информациите, податоците, приодите и истражувањата на темата за стратегиите и техниките за градење позитивна дисциплина во основното образование.

**Метод на дедукција** – применет е при извлекување заклучоци, компарации на одредени теоретски истражувања и толкување на резултатите добиени од направените истражувања за наставниците, родителите и учениците во функција на надминување на дисциплинските проблеми и за градење позитивна дисциплина во основното образование.

**Метод на споредбена анализа** – применет е со цел да се споредат резултатите добиени од веќе направени истражувања.

**Метод на збирна анализа** – користен е со цел да се добие збирен заклучок на ниво на целокупното изложување и презентирање на материјата од областа на позитивната дисциплина во основното образование.

Бидејќи станува збор за истражување со квантитативен и квалитативен карактер, при прибирањето на податоците се применувани следните техники:

1. Анкетирање;
2. Интервјуирање;
3. Набљудување;
4. Анализа на содржина.

За добивање на релевантни податоци се користени следните инструменти:

1. Прашалници (кестионери) во вид на скала за ставовите на: наставници, родители и ученици;

2. Систематско набљудување на однесувањата на севкупниот живот во училиштата од областа на дисциплината е извршено со помош на инструментите: Фландерсов протокол, записник, забелешки и различни протоколи; Со помош на **Фландерсовиот**

**протокол** наменет за работата на наставниците со учениците, со систематското директно набљудување, добиваме податоци за интеракцијата / комуникацијата на наставниците со учениците во наставниот процес и за нивните меѓусебни односи и почитувања од областа за дисциплината.

3. Анализа на содржината на документите за наставниците и за учениците.

Преку техниката на анкетирање наменета за наставниците, родителите и учениците добиваме податоци за мислењата на испитаниците во однос на стратегиите и техниките за градење на позитивна дисциплина во нашите училишта. Прашалниците содржуваат некои заеднички прашања.

Како инструмент на истражувањето анкетниот лист (скалер) опфаќа комбинација на прашања од отворен, затворен и комбиниран тип, прашања со алтернација и селекција. Анкетирањето беше анонимно, со цел да се добијат што поискрени, пообјективни одговори од страна на испитуваните субјекти.

При креирањето на прашалниците за истражувачкиот труд се водеше сметка за начинот на формулирање на прашањата. Интенцијата беше секое прашање да е само за себе индикатор-проценувач на одредена состојба поврзана со дисциплинските проблеми во училиштата и индикатор за потврдување или отфрлување на некоја од поставените хипотези. Во понатамошното моделирање на трудот и при неговото анализирање на добиените сознанија, прашањата-индикатори на хипотезите, заради подобра прегледност и јасност, се класификувани според редни броеви.

Од прашалникот во вид на **скала за наставниците, родителите и учениците** добиваме податоци за нивните ставови за постојните проблеми, за нивната информираност за проблемите и за причините за нивното настанување и за нивните компетенции за применување на различни стратегии и техники за справување со дисциплинските проблеми и за градење позитивна дисциплина во училиштето.

**Прашалниците** - скалерите за сите три групи содржат по 122 прашања, кои се групирани во осум групи со неизменичен ред на прашања кои, во зависност од тоа за кого се наменети, се менуваат; соодветно менлив е и редоследот на прашањата.

Првата група **прашања за наставниците** опфаќа 4 прашања што се однесуваат на општите податоци на испитаниците;

Втората група опфаќа 26 прашања кои се однесуваат за испитување на присутните актуелни дисциплински проблеми кои негативно влијаат врз создавањето на позитивната дисциплина во основното образование;

Третата група опфаќа 30 прашања кои се однесуваат за испитување на информираноста на испитаникот за дисциплината и **оспособеноста на испитаникот за благовремено откривање на дисциплинските однесувања** и кои се **причините** за нивната појава во основното образование;

Четвртата група опфаќа 28 прашања кои се однесуваат за испитување на начинот/начините на спречување и целосно надминување на дисциплинските проблеми; кои превентивни стратегии и техники се применуваат за справување со недисциплински однесувања и за создавање позитивна дисциплина во основното образование;

Петтата група опфаќаат 5 прашањата кои се однесуваат на меѓусебната соработка на родителите и наставниците од областа за воспоставување на позитивна дисциплина во училиштето;

Шестата група опфаќа 3 прашањата кои се однесуваат на меѓусебната соработка на наставниците за спречување и отстранување на негативните дисциплински однесувања во училиштето;

Седмата група опфаќа 24 прашањата кои се однесуваат на меѓусебната соработка на наставниците и учениците и на родителите со децата за спречување и за отстранување на негативните дисциплински однесувања во училиштето;

Осмата група опфаќа 2 прашањата од аспект на наставниците и родителите и тие се однесуваат за испитување на законските одредби што помагаат за градење на позитивна дисциплина во основното образование.

Како што ни се образложени прашањата и тврдењата за наставниците, така се претставени и редот и бројот на прашањата во анкетните листови за родителите и за учениците.

Техниката на интервјуирање има карактер на нестандардизирано интервју и главно е применето при истражувањето на ставовите на учениците за позитивната дисциплина и за интервјуирање на другите учесници во одредени ситуации кога постои некој сомнеж

за градење позитивна дисциплина во училиштата и кога се смета дека за добиените податоци од прашалниците има потреба од дополнително појаснување. Поради обемноста на проблемот на истражување, трудот има интегрален пристап со комбинирање на квалитативни и квантитативни методолошки пристапи и методи. Прашалниците се формулирани со соодветни, јасно дефинирани, комплетни и единствени прашања и формулирани тврдења и ставови, со можност за отворен одговор на лични индивидуални размислувања и затворени одговори со заокружување. Истражувањето има научен пристап со тоа што е насочено кон проучување на конкретен проблем – стратегиите и техниките за градење позитивна дисциплина во основното образование, а при тоа опсервираните истовремени јавувања на проблемите се формулирани прво во вид на претпоставки (хипотези), со кои потоа систематски и емпириски се проверува вистинитоста на нивната поврзаност. Притоа, со проверката задолжително се опфатени сите можни ситуации на истовремено јавување на проблемите, земајќи ги предвид и оние наоди што не одат во прилог на појдовните претпоставки. За да може да се утврди што навистина се случува во определена ситуација за која постои истражувачки интерес, неопходно беше потребно анкетираните субјекти да бидат објективни во информирањето. Меѓутоа, многу често се соочуваме со пристрасност и со неможност да се остане имун на влијанието на личните ставови и интереси при опсервациите, личните очекувања, а тоа би можело да придонесе да се внесе субјективност во информирањето за истражуваните појави. Фактот дека опсервациите се заситени со можности за субјективни пристрасности и индивидуални впечатоци објаснува зошто постои можност да се добијат различни описи на ист настан и појава од страна на исти или различни фокус-групи испитаници кои во исто време на исто место имаат контакт со проблемот на истражување. Поради овие констатации, во научниот пристап на трудот е издвоено информирањето за она што е опсервирано од заклучоците што се изведени врз основа на направените опсервации. Тоа ќе придонесе за поголема објективност на изведените заклучоци, затоа што ќе овозможи опсервациите да се интерпретираат од сите можни аспекти за да се дојде до најсоодветниот заклучок. Научното истражување е систематско спроведено според однапред определени постапки, што ги земаше предвид сите услови во кои се одвиваше истражуваната појава. Истражувањето е критичко затоа што не се дозволи да се изведуваат произволни заклучоци што не се поткрепени со доказен материјал, со инсистирање на проверка на сите можни факти и објаснувања пред да се изведат конечни заклучоци за нивната веродостојност. Но, големиот број прибрани факти не е

само по себе доволно за да се даде одговор на многуте прашања и претпоставки во врска со појавите што се предмет на проучување. За да се постигне тоа, фактите беа интегрирани и резимирани на начин кој обезбеди објаснување на актуализираните појави. За таа цел се искористени постојните теории, кои служат за да бидат објаснети фактите до кои се дојде со примена на научни методи.

Разбирањето е најзначајната цел на ова научно истражување, а тоа беше постигнато тогаш кога се открија причините за појавувањето на дисциплинските проблеми и кога се открија најсоодветните стратегии и техники за спречување и суспендирање на пројавените дисциплински проблеми.

## 8. Популација и примерок

Примерокот на субјекти го сочинуваат сите вработени наставници, учениците и родителите во основните училишта на општините Центар Жупа и Дебар.

Примерокот за анкетирање и интервјуирање е стратификуван.

Примерокот за набљудување и анализа на содржината е достапен на увид.

За реализирање на ова истражување се применувани седум примерока и тоа:

а) Примерок што се однесува на наставниците;

б) Примерок што се однесува на одделенијата;

в) Примерок што се однесува на училиштата;

г) Примерок што се однесува на родителите;

д) Примерок што се однесува на учениците;

ѓ) Примерок што се однесува на активностите;

е) Примерок што се однесува на законските одредби и на педагошката документација.

а) Во примерокот што се однесува на наставниците се издвоени 2 суппримерока:

Одделенски наставници;

Предметни наставници.

б) Во примерокот што се однесува на одделенијата се издвоени 2 суппримерока:

Одделенска настава;

Предметна настава.

в) Во примерокот што се однесува на училиштата се издвоени 4 суппримерока:

Централни училишта;

Подрачни училишта;

Градски училишта;

Селски (рурални) училишта.

г) Во примерокот што се однесува на родителите се издвоени 6 суппримерока:

Родители од градска животна средина;

Родители од селска животна средина;

Родители без образование;

Родители со различен степен на образование;

Вработени родители;

Невработени родители.

д) Во примерокот што се однесува на учениците се издвоени 4 суппримерока:

Ученици од градска животна средина;

Ученици од селска животна средина;

Ученици од одделенска настава;

Ученици од предметна настава.

ѓ) Примерокот што се однесува на активностите содржи:

- Меѓусебната соработка и активност на наставниците, родителите и учениците за градење на позитивна дисциплина во училиштето.

- Со ова истражување за анкетирање се опфатени сите вработени наставници од петте централни и нивните подрачни училишта, од трите циклуси на деветлетката, што значи дека се опфатени вкупно 140 наставници, од кои 69 одделенски наставници и 71 предметен наставник.

- За анкетирање се опфатени 100 ученици од петте основни училишта и тоа само од предметна настава.

- За анкетирање се опфатени 100 родители од петте основни училишта.

Со ова истражување за интервјуирање се опфатени ученици од петте централни и нивните подрачни училишта, од трите циклуси на деветлетката; опфатени се вкупно 100 ученици, од кои 50 од одделенска настава и 50 од предметна настава. Прашалниците за интервју се реализирани по устен пат.

За набљудување во ова истражување се опфатени пет одделенија од одделенска настава и пет одделенија од предметна настава, вкупно 10 одделенија.

Пред да се формира примерокот, прво направен е попис на сите единици од основниот збир, бидејќи е конечен, потоа на секоја единица е одреден реден број, која е избрана по случаен избор.

При формирањето на примерокот е определена стапка на изборот и интервал на изборот за испитаници.

Примерокот за набљудување е: една паралелка од централно и една од подрачните училишта, вкупно две паралелки во едното училиште. Во нашиот примерок се опфатени пет училишта; според тоа и набљудувањето е реализирано во десет одделенија кои се неизменично распоредени одделенија од одделенска и од предметна настава и одделенија во централното училиште и одделенија во подрачните училишта.

Секој примерок од горенаведените примероци е систематски набљудуван по еден работен ден, што значи дека примероците се набљудувани од страна на истражувачот во текот на десет работни дена.

## 9. Организацијата и текот на истражувањето

Откако добивме согласност од петте директори и од нивните вработени наставници во општините Центар Жупа и Дебар дека можеме слободно да го извршиме истражувањето на наставниците и учениците на предвидената тема која гласи „Стратегии и техники за градење позитивна дисциплина во основното образование", истражувањето веднаш започна.

Трудот има научноистражувачки карактер и во согласност со тоа, покрај анализата на анкетите, скалата, законските одредби во врска со дисциплината во основното образование и педагошката документација во училиштата, се користеше и компаративен метод и научно-дескриптивен метод во одредени специфични ситуации во кои има појава на превенирање и надминување на дисциплинските проблеми и тој метод е искористен за објективен опис. За поставените цели на трудот, предвидените методи на работа и предвидените техники и методи на истражување и анализа претходеше долготрајна теоретска подготовка, при која се аналитички консултирани многубројни стручни материјали кои го елаборираат значењето и влијанието на одделни образовни ситуации на попречување на образовната реализација и слободниот развој на личноста на детето и соочувањето со нив, потоа материјали и документи кои се однесуваат на превенирање од дисциплински проблеми, различни научни погледи, стручни анализи за улогата на дисциплинските проблеми што се јавуваат во образованието објавени во книги, брошури, докторски дисертации, статии, интернет информации, масмедиумски информации итн.

Во овие општини функционираат пет ЦОО училишта и тоа:

Првото: ЦООУ „Мустафа Кемал Ататурк" со седиште во Центар Жупа.

Второто: ЦООУ „Нецати Зекерија" – со седиште во с. Коџаџик.

Третото: ЦООУ „Саит Најдени" со седиште во Дебар.

Четвртото: ЦООУ „Братство и единство - Пенестија" со седиште во Дебар.

Петтото: ЦООУ „Ристе Ристевски" со седиште во с. Косоврасти.

Во ЦООУ „Мустафа Кемал Ататурк" наставата се изведува на три јазика и тоа: на турски, на македонски и на албански јазик, додека во ЦООУ „Нецати Зекерија"

наставата се изведува само на турски јазик, во ЦООУ „Саит Најдени" наставата се изведува само на албански јазик, во ЦООУ „Братство и единство - Пенестија" наставата се изведува на македонски и на албански и во ЦООУ „Ристе Ристевски" наставата се изведува само на македонски јазик.

Од овие пет ЦООУ опфатени се вкупно 140 наставници, 100 ученици и 100 родители за анкетирање и во 10 одделенија е следена со посредство на фландерсов протокол, забелешки за соработката на наставниците, учениците и родителите во врска со градењето на позитивна дисциплина во основните училишта.

Испитаниците за истражувањето се писмено известени со нагласена согласност од директорите на училиштата. Анкетирањето е анонимно, така што прашањата од анкетниот лист се пополнети за 20-25 мин. и се вратени на истражувачот.

Истражувањето е реализирано во текот на целата учебна 2012/ 13 година и тоа во три етапи:

**Прва етапа**

- Прв чекор пред започнувањето на практичниот дел од истражувањето е обезбедувањето пристап на теренот. За таа цел се побара согласност од директорите на училиштата;

- Информирање на училиштата за истражувањето и за неговиот тек;
- Барање информации од училиштата за истражувачките примероци;
- Техничка подготовка на истражувачките инструменти;
- Анализа на добиените податоци;
- Интервенција во инструментите.

**Втора етапа**

- Печатење на инструментите;
- Информирање на училиштата;
- Доставување на анкетните прашалници до училиштата;

- Спроведување на анкетирањето, следење и интервјуирање во училиштата со помош на погореспоменатите инструменти за воспитното подрачје од областа на дисциплината во училиштето.

**Трета етапа**

Прибирање и класификување на инструментите;

Обработка на добиените податоци (квалитативна и квантитативна);

Табеларно и графичко претставување на резултатите;

Статистичка обработка на резултатите;

Заклучни сознанија.

Истражувањето е реализирано по следниов редослед:

Во првата етапа се подготвени и доставени анкетните листови за испитаниците. За да се задоволи техничката страна на истражувањето, направени се 340 анкетни листови и скали за процена. Предвиденото време за пополнување на анкетните прашања и на скалата за процена за испитаниците беше од 20 до 25 минути.

Во втората етапа е извршено истражувањето во училиштата и тоа секое одделение се следеше и се набљудуваше во текот на еден наставен ден. Меѓусебната соработка и активностите на наставниците, родителите и учениците за градење на позитивната дисциплина во училиштето се следеше со посредство на фландерсов протокол и со други белешки од типот на хронолошки протокол. Ова истражување во училиштата траеше точно 15 наставни дена, бидејќи активностите во наставата се следеше вкупно во 10 одделенија по еден наставен ден и 5 дена беа анкетирани наставниците, родителите и учениците во петте централни училишта.

Во третата етапа се застапени обработката и анализата на податоците. Од анкетирањето, интервјуирањето и од следењето на меѓусебната соработка и активностите на наставниците, родителите и учениците за градење позитивна дисциплина во училиштето добиени се различни резултати, кои исто така се и квантитативно обработени. Обработката на податоците е извршена во неколку фази и тоа:

- Подготовка на податоците за обработка;
- Статистичка анализа на податоците (претставување на фреквенциите во проценти – дистрибуции на проценти).

Добиените одговори дадоа сознанија за релациите што постојат меѓу разбирање и надминување на дисциплинските проблеми и подготвеноста и влијанието на учесниците во тој правец. Во ова е содржана целта на истражувањето – како, колку и со што влијаат чинителите во соочувањето и во градењето позитивна дисциплина во училиштата со цел тие да се надминат и како се рефлектира тоа на ефикасноста и ефективноста во училишната организациска средина. По примената на комплетниот инструментариум и избраните примероци на образовните организации пристапено е кон дескрипција на постојната реална слика за актуализираната проблематика во нашиот образовен систем, потоа на статистичка обработка на податоците, компаративна процена, анализирање и процена на добиените знаења – интерпретација, како и табеларно и графичко претставување со заклучоци и дискусија за нив.

## 10. Очекувани резултати од истражувањето

По завршувањето на истражувањето ќе се добијат следниве резултати:

- Ќе биде добиена слика за важноста на примената на различните стратегии и техники за градењето на позитвната дисциплина во училиштето;

- Ќе биде докажана важноста на поседување стручни знаења, вештини и важноста на нивната професионална примена во основното образование;

- Ќе се докаже дека успехот во надминување на дисциплинските проблеми, зависи од усвоените и применети стручни знаења, од стратегиите и техниките во училишниот живот и надвор;

- Ќе биде утврдено дека ефективното откривање, спречување и заедничкото решавање на дисциплинските проблеми создава услови за градење позитивна дисциплина во училиштето;

- Ќе биде предложен модел на стратегии, техники, стручни знаења и вештини наменети за сите учесници (наставници, родители и ученици) во основното образование, за координирање и надминување на дисциплинските проблеми во основното образование;

- Ќе биде докажано дека кога наставниците имаат усвоено знаења и вештини за дисциплинските проблеми и кога ги применуваат, тоа доведува до стручно надминување на дисциплинските проблеми во основното образование;

- Ќе се добие слика за училиштата и нивните најзастапени внатрешни дисциплински проблеми;

- Ќе се добие слика на наставничките и родителските слабости при справувањето со дисциплинските проблеми на своите деца/ученици.

- Ќе се докаже какви доминантни стратегии и техники користат наставниците и родителите за надминување на дисциплинските проблеми и за создавање позитивна дисциплина во основното образование;

- Ќе се докаже дека кога во образовните организации се воспоставени хармонизирани и партнерски односи меѓу наставниците, родителите, учениците и другите вработени во училиштето тогаш со сигурност можеме да веруваме дека дисциплинските проблеми значително ќе се намалат, а условите за градење позитивна дисциплина во училиштето ќе се зголемат;

- Ќе се докаже дека кога наставниците во училиштата успешно се соочуваат и ги надминуваат дисциплинските проблеми, тоа доведува до создавање позитивна дисциплина во училиштето.

- Ќе се докаже дека демократскиот стил на водење на наставата од страна на наставникот создава најоптимални услови за развојот на позитивна дисциплина во основното образование.

# III ЗАВРШЕН ОСВРТ

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите од емпириското истражување

Актуализираниот истражувачки потфат оформува научноистражувачки труд, кој се создава со цел да се сублимираат истражувачките сознанија, ставови и искуства во контекст на проблемот за градење позитивна дисциплина со помош на различни стратегии и техники во основното образование. Се утврдија постојните, конкретни дисциплински состојби во основните училишта во општините Центар Жупа и Дебар и за начините на нивното надминување на постојните и соочувањето со можните идни дисциплински проблеми и проблемски предизвици, за кои постои можност да се случуваат во училиштата. Се доби слика како трите целни групи (наставници, родители и ученици) на опфатената дисциплинска мостра ги перципираат и ги интерпретираат постојните појави на дисциплинските проблеми од свој (субјективен) аспект на гледање, а потоа како сублимат на севкупно добиените податоци од целокупната вклучена мостра во истражувањето, направена е анализа и интерпретација на добиените статистички резултати (објективен аспект). Се направи интерпретација на претпоставките и тврдењата од хипотетската рамка кои се потврдени (целосно или делумно), а некои од нив се отфрлени. Се направи компарација на теоретските сознанија со сознанијата добиени од истражувањето во практика, земајќи ги предвид клучните детерминанти – дисциплински проблеми, комуникација, несогласувања, отпор кон промени, мотивација, училишна клима, координација, правила на работење и кодекси на однесување и нивна формализација.

Понудени се модели на можни решенија и можности за соочување, управување и надминување на појавените дисциплински проблеми и нивно трансформирање во контролирана позитивна дисциплина.

За верификација на хипотезите се употребуваат резултатите од инструментите: анкетни листови во вид на скала од ставовите на главните субјективни фактори што влијаат за успешното градење на позитивната дисциплина во основното образование; тоа се наставниците, родителите и учениците. Од непосредното следење на наставата со помош на фландерсовиот протокол за интеракцијата и комуникацијата и за меѓусебната соработка наставник-ученик, од нестандардизирано интервјуирање и од употребените други неформални протоколи за следење на дисциплината во основното образование.

Во анкетниот лист **бр.1 за наставниците** првата група **прашања** опфаќа 4 прашања кои се однесуваат на општите податоци на испитаните наставници и тоа е прикажано во **табелата бр.1.1**:

**Табела бр.1.1 за наставниците**

| **Општи прашања за испитаните наставници од анкетата бр.1** | | **Н. ЗЕКЕРИЈА** | | **М. КЕМАЛ** | | **ПЕНЕСТИЈА** | | **С. НАЈДЕНИ** | | **Р. РИСТЕСКИ** | | **ВКУПНО** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| 1 | Град | 0 | 0 | 0 | 0 | 40 | 100 | 30 | 100 | 0 | 0 | 70 | **50** |
| 2 | Село | 20 | 100 | 25 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 | 100 | 70 | **50** |
| 3 | Централно | 10 | 50 | 18 | 72 | 40 | 100 | 30 | 100 | 17 | 68 | 115 | **82,14** |
| 4 | Подрачно | 10 | 50 | 7 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 32 | 25 | **17,86** |
| 5 | Машки | 20 | 100 | 18 | 72 | 11 | 27,5 | 11 | 6,67 | 16 | 64 | 76 | **54,29** |
| 6 | Женски | 0 | 0 | 7 | 28 | 29 | 72,5 | 19 | 3,33 | 9 | 36 | 64 | **45,71** |
| 7 | Одделенски | 11 | 55 | 10 | 40 | 24 | 60 | 13 | 3,33 | 11 | 44 | 69 | **49,29** |
| 8 | Предметен | 9 | 45 | 15 | 60 | 16 | 40 | 17 | 6,67 | 14 | 56 | 71 | **50,71** |
| 9 | Средно обр. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 10 | Вишо обр. | 4 | 20 | 7 | 28 | 18 | 45 | 3 | 0 | 9 | 36 | 41 | **29,29** |
| 11 | Високо обр. | 16 | 80 | 18 | 72 | 22 | 55 | 27 | 0 | 16 | 64 | 99 | **70,71** |
| 12 | Друго обр. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 13 | Стаж до 5 г. | 4 | 20 | 4 | 16 | 2 | 5 | 5 | 6,67 | 5 | 20 | 20 | **14,29** |
| 14 | Стаж до 10 г. | 5 | 25 | 9 | 36 | 9 | 22,5 | 14 | 6,67 | 4 | 16 | 41 | **29,29** |
| 15 | Стаж до 20 г. | 4 | 20 | 5 | 20 | 9 | 22,5 | 8 | 6,67 | 7 | 28 | 33 | **23,57** |
| 16 | Повеќе од 20 г. | 7 | 35 | 7 | 28 | 20 | 50 | 3 | 0 | 9 | 36 | 46 | **32,86** |
| В К У П Н О | | | | | | | | | | | | **140** | |

Од добиените резултати од **табелата бр.1.1** јасно се гледа дека со анкетирањето се опфатени вкупно **140** наставници од кои **70** односно **50%** се наставници со место на живеење од градско подрачје и **70** односно **50%** се од селско подрачје. Во однос на местото на вработеноста на испитаните наставници, **115** односно **82,14%** се вработени во централните училишта, додека **25** односно **17,86%** се вработени во подрачните училишта. Што се однесува на половата структура на испитаните наставници, се гледа дека **76** односно **54,29%** се од машки пол и **64** односно **45,71%** се од женски пол. По функцијата што ги извршуваат испитаните наставници **69** односно **49,29%** се наставници од одделенска настава и **71** односно **50,71%** се наставници од предметна настава.

По однос на завршеното образование од извршеното анкетирање добиени се резултатите дека **41** односно **29,29%** се со више образование додека останатите **99** односно **70,71%** од наставниците се со завршено високо образование. Од добиените резултати очигледно се гледа дека анкетираните наставници претежно се со високо образование, што дава охрабрување и ние како истражувачи да очекуваме повисоки резултати од основното образование во сите сфери, но посебно во однос на развојот на позитивната дисциплина, која е и целта на нашето истражување.

Од анкетирањето се гледа дека мнозинството од наставниците имаат стекнато добро работно искуство и тоа: **20** односно **14,29%** се наставници до **5** години стаж, **41** односно **29,29%** од анкетираните наставници имаат до **10** години работно искуство, **33** односно **23,57%** од анкетираните наставници имаат до **20** години работно искуство и **46** односно **32,86%** од анкетираните наставници имаат повеќе од **20** години работно искуство. Од прикажаните резултати на работните искуства на анкетираните наставници несомнено се очекува и голем придонес за развојот на различни стратегии и техники за развој на позитивна дисциплина во нашето основно образование.

Во анкетниот лист **бр.2 за учениците** и анкетниот лист **бр.3** за **родителите** првата група **прашања** опфаќа 4 прашања кои се однесуваат на општите податоци на испитаните ученици и родители, кои се прикажани во **табелите бр.2.1** и **бр.3.1** и тоа:

**Табела бр.2.1 за учениците:**

| **Општи прашања за испитаните ученици од анкетата бр.2** | | **Н. ЗЕКЕРИЈА** | | **М. КЕМАЛ АТАТУРК** | | **ПЕНЕСТИЈА** | | **С. НАЈДЕНИ** | | **Р. РИСТЕСКИ** | | **В К У П Н О** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f = %** |
| 1 | Град | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 100 | 20 | 100 | 0 | 0 | **40** |
| 2 | Село | 20 | 100 | 20 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 100 | **60** |
| 3 | Централно | 10 | 50 | 15 | 75 | 20 | 100 | 20 | 100 | 13 | 65 | **78** |
| 4 | Подрачно | 10 | 50 | 5 | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 35 | **22** |
| 5 | Машки | 12 | 60 | 13 | 65 | 9 | 45 | 8 | 40 | 14 | 70 | **56** |
| 6 | Женски | 8 | 40 | 7 | 35 | 11 | 55 | 12 | 60 | 6 | 30 | **44** |
| 7 | Живи родители | 19 | 95 | 20 | 100 | 18 | 90 | 20 | 100 | 19 | 95 | **96** |
| 8 | Не се живи | 1 | 5 | 0 | 0 | 2 | 10 | 0 | 0 | 1 | 5 | **4** |
| 9 | Без образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 0 | 0 | 1 | 5 | **2** |
| 10 | Основно обр. | 9 | 45 | 11 | 55 | 7 | 35 | 8 | 40 | 11 | 55 | **46** |
| 11 | Средно образ. | 5 | 25 | 2 | 10 | 6 | 30 | 3 | 15 | 2 | 10 | **18** |
| 12 | Вишо обр. | 2 | 10 | 2 | 10 | 1 | 5 | 2 | 10 | 3 | 15 | **10** |
| 13 | Високо обр. | 4 | 20 | 5 | 25 | 5 | 25 | 7 | 35 | 3 | 15 | **24** |
| 14 | Друго обр. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 15 | Стаж до 5 г. | 6 | 30 | 5 | 25 | 2 | 10 | 4 | 20 | 7 | 35 | **24** |
| 16 | Стаж до 10 г. | 7 | 35 | 10 | 50 | 9 | 45 | 4 | 20 | 5 | 25 | **35** |
| 17 | Стаж до 20 г. | 5 | 25 | 2 | 10 | 6 | 30 | 8 | 40 | 6 | 30 | **27** |
| 18 | Повеќе од 20 г. | 2 | 10 | 3 | 15 | 3 | 15 | 4 | 20 | 2 | 10 | **14** |
| **В К У П Н О** | | | | | | | | | | | | **100** |

**Табела бр.3.1 за родителите**

| Општи прашања за испитаните родители од анкетата бр.3 | | Н. ЗЕКЕРИЈА | | М. КЕМАЛ | | ПЕНЕСТИЈА | | С. НАЈДЕНИ | | Р. РИСТЕСКИ | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f= % |
| 1 | Град | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 100 | 20 | 100 | 0 | 0 | **40** |
| 2 | Село | 20 | 100 | 20 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 100 | **60** |
| 3 | Централно | 12 | 60 | 15 | 75 | 20 | 100 | 20 | 100 | 16 | 80 | **83** |
| 4 | Подрачно | 8 | 40 | 5 | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 20 | **17** |
| 5 | Машки | 18 | 90 | 16 | 80 | 19 | 95 | 20 | 100 | 20 | 100 | **93** |
| 6 | Женски | 2 | 10 | 4 | 20 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | **7** |
| 7 | Вработен | 12 | 60 | 14 | 70 | 15 | 75 | 17 | 85 | 13 | 65 | **71** |
| 8 | Невработен | 8 | 40 | 6 | 30 | 5 | 25 | 3 | 15 | 7 | 35 | **29** |
| 9 | Без образ. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 10 | Основно обр. | 15 | 75 | 14 | 70 | 9 | 45 | 7 | 35 | 11 | 55 | **56** |
| 11 | Средно обр. | 4 | 20 | 3 | 15 | 5 | 25 | 7 | 35 | 5 | 25 | **24** |
| 12 | Вишо обр. | 0 | 0 | 1 | 5 | 3 | 15 | 2 | 10 | 2 | 10 | **8** |
| 13 | Високо обр. | 1 | 5 | 2 | 10 | 3 | 15 | 4 | 20 | 2 | 10 | **12** |
| 12 | Друго обр. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 13 | Стаж до 5 г. | 5 | 25 | 7 | 35 | 6 | 30 | 8 | 40 | 10 | 50 | **36** |
| 14 | Стаж до 10 г. | 11 | 55 | 9 | 45 | 9 | 45 | 6 | 30 | 4 | 20 | **39** |
| 15 | Стаж до 20 г. | 3 | 15 | 4 | 20 | 3 | 15 | 4 | 20 | 3 | 15 | **17** |
| 16 | Повеќе од 20 г. | 1 | 5 | 0 | 0 | 2 | 10 | 2 | 10 | 3 | 15 | **8** |
| **В К У П Н О** | | | | | | | | | | | | **100** |

Од **табелите бр.2.1 и бр.3.1** се гледа дека примерокот на анкетираните ученици и родители се транспарентно опфатени од сите стратуми на општеството и тоа: по место на живеење, по училиштата на учењето на децата, по родова припадност, по образование, по вработеност, по работно искуство и др. Сето тоа потврдува дека примерокот и добиените резултати од истражувањето се репрезентативни и би требало да ја рефлектира вистинската состојба на дисциплината во основните училишта на овие две општини.

Во оваа насока се насочува со интерпретација на резултатите добиени од трите целни групи испитаници како главни субјективни фактори што влијаат за развојот на

позитивната дисциплина во основното образование и тоа наставници, ученици и родители за испитување на соодветноста на ***првата помошна хипотеза*** која гласи:

1. ***Проблемите со дисциплината се разликуваат според мотивите и причините на настанувањето во училиштата од рурална и од градска средина;***

Содржински оваа помошна хипотеза имплицира наставниците, учениците и родителите пред да почнат да се справуваат со дисциплинските проблеми, првин треба да знаат кои однесувања на децата/учениците се проблематични, зошто се случуваат, колку често се случуваат, кога се случуваат и кои се причините за нивното настанување. Без да се познаваат проблематичните однесувања на учениците не е можно успешно справување со нив, а сè додека е така не може да се очекува и успех од таквата работа, бидејќи, како што е познато, во ниедна сфера на општеството без воспоставена дисциплина не е можно да се постигне успех и позитивен развој.

Во овој контекст, со цел да се прифати или отфрли поставената хипотеза, се истакнува аналитички пристап на втората група прашања (вкупно 26) од прашалникот за наставниците, кои се наоѓаат во **табела бр.1.2** и тоа:

| 1.2 Назначете го степенот на Вашето согласување со дадените **проблематични однесувања** што може да се забележат кај Вашите ученици: | многу често се случува | | често се случува | | ретко се случува | | никогаш не се случува | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| 1. Не ги извршува зададените задачи | 16 | 11,43 | 17 | 12,14 | 84 | 60,00 | 23 | 16,43 | 140 |
| 2.Ученикот постојано задоцнува на час | 8 | 5,71 | 13 | 9,29 | 91 | 65,00 | 28 | 20,00 | 140 |
| 3. Недозволено зборува - прави врева на часот | 16 | 11,43 | 20 | 14,29 | 70 | 50,00 | 34 | 24,29 | 140 |
По целосното анализирање на четвртите делови на трите анкети кои се наменети за истражување на ова хипотеза и од добиените квантитативни показатели од сите испитани три групи, од кои **78,68%** од испитаниците потврдуваат дека **потполно и главно се согласуваат** и **21.32%** од испитаниците се изјасниле дека **главно не и воопшто не се согласуваат** со поставените тврдења, тогаш со сигурност може да се заклучи дека третата помошна хипотеза од овој труд целосно се **прифаќа**. Истите резултати се потврдени и во горната статистичка **сумативна табела бр.3** за сите испитани субјекти и во прикажаната **графичка слика бр.3.а**

Со цел да се навлезе во суштината на темата на истражувањето, по определувањето на оспособеноста на испитаниците, колку се во состојба да се справуваат со појавените проблеми кои превентивни стратегии и техники ги применуваат на пројавеното недисциплинско однесување, и колку можат да придонесат за развојот на условите за

градење на позитивната дисциплина во основното образование, следува да се испитува и ***четвртата помошна хипотеза*** која гласи:

> ***4. Наставниците се компетентни за применување на различни интервентни стратегии и техники за справување со дисциплинските проблеми во и надвор од училиштето.***

Содржински, оваа помошна хипотеза имплицира дека наставниците, откако веќе знаат кои превентивни стратегии и техники може да се применува при спречувањето на појавата на дисциплинските проблени, треба да знаат и да умеат какви интервентни стратегии и техники можат да применуваат за отстранување на појавеното недисциплинско однесување со цел да се елиминира проблемот или да се пренасочува во позитивна насока. Накратко, да се провери колку се наставниците во состојба да се справуваат со појавените проблеми и колку можат да придонесат за развојот на условите за градење на позитивната дисциплина во основното образование.

Во овој контекст, со цел да се прифати или отфрли поставената хипотеза, се истакнува аналитички пристап на петтата група прашања (вкупно **34**) од прашалникот за наставниците, кои се наоѓаат во **табела бр.1.5** и тоа:

**Табела бр.1.5 за наставници**

| 1.5 Назначете го степенот на Вашето согласување со дадените различни **интервентни** стратегии и техники за спречување и за надминување на појавените дисциплински проблеми што помагаат за изградување на позитивна дисциплина во училиштето: | потполно се согласувам | | главно се согласувам | | главно не се согласувам | | воопшто не се согласувам | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| 1. Споменувајќи го неговото име, на проблематичниот ученик му го привлекувам вниманието за часот | **76** | **54,29** | **40** | **28,57** | 14 | 10,00 | 10 | 7,14 | 140 |
| 2. Го укорувам, гласно му викам | 14 | 10,00 | 19 | 13,57 | **59** | **42,14** | **48** | **34,29** | 140 |
| 3. Воспоставувам краток контакт со очите | **77** | **55,00** | **35** | **25,00** | 19 | 13,57 | 9 | 6,43 | 140 |
| 4. Се насочувам накај местото на непослушниот | **75** | **53,57** | **37** | **26,43** | 23 | 16,43 | 5 | 3,57 | 140 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ученик | | | | | | | | | |
| 5. Со различни прашања го вклучувам проблематичниот ученик во наставата | **83** | **59,29** | **33** | **23,57** | 9 | 6,43 | 15 | 10,71 | 140 |
| 6. Пред да му изрече педагошка мерка на ученикот, наставникот не треба да има разговор со никого | 17 | 12,14 | 16 | 11,43 | **22** | **15,71** | **85** | **60,71** | 140 |
| 7. Поради еден ученик го казнувам целото одделение | 4 | 2,86 | 18 | 12,86 | **20** | **14,29** | **98** | **70,00** | 140 |
| 8. Му одземам некоја привилегија на проблематичниот ученик | **13** | **9,29** | **74** | **52,86** | 31 | 22,14 | 22 | 15,71 | 140 |
| 9. Го праќам проблематичниот кај педагогот или кај директорот | **35** | **25,00** | **24** | **17,14** | 63 | 45,00 | 18 | 12,86 | 140 |
| 10. Му ја променувам активноста на проблематичниот ученик | **70** | **50,00** | **46** | **32,86** | 17 | 12,14 | 7 | 5,00 | 140 |
| 11. Го принудувам ученикот да стои на една нога | 5 | 3,57 | 25 | 17,86 | **28** | **20,00** | **82** | **58,57** | 140 |
| 12. Не му дозволувам на ученикот да излезе на одмор | 8 | 5,71 | 25 | 17,86 | **67** | **47,86** | **40** | **28,57** | 140 |
| 13. Му давам полесни задачи за да го вкуси успехот | **76** | **54,29** | **38** | **27,14** | 16 | 11,43 | 10 | 7,14 | 140 |
| 14. Наградувајќи за мали позитивни однесувања ги дисциплинирам проблематичните ученици | **77** | **55,00** | **41** | **29,29** | 14 | 10,00 | 8 | 5,71 | 140 |
| 15. Остро гледам кон проблематичниот ученик | **58** | **41,43** | **44** | **31,43** | 25 | 17,86 | 13 | 9,29 | 140 |
| 16. Го понижувам ученикот пред другите ученици со цел да престане со недисциплината | 8 | 5,71 | 18 | 12,86 | **37** | **26,43** | **77** | **55,00** | 140 |
| 17. Давам казна да пишува неколку пати иста содржина | 11 | 7,86 | 22 | 15,71 | **43** | **30,71** | **64** | **45,71** | 140 |
| 18. Со оценка го наградувам и го казнувам ученикот | 7 | 5,00 | 32 | 22,86 | **35** | **25,00** | **66** | **47,14** | 140 |
| 19. Често применувам меѓусебна реституција | **73** | **52,14** | **23** | **16,43** | 26 | 18,57 | 18 | 12,86 | 140 |
| 20. Применување невербална порака не е ефикасна | 9 | 6,43 | 40 | 28,57 | **64** | **45,71** | **27** | **19,29** | 140 |
| 21. На проблематичниот ученик не треба да му се дава никаков избор | 2 | 1,43 | 25 | 17,86 | **33** | **23,57** | **80** | **57,14** | 140 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. Му го менувам местото на проблематичниот ученик | **66** | **47,14** | **35** | **25,00** | 17 | 12.14 | 22 | 15.71 | 140 |
| 23. Никогаш не го казнувам проблематичниот ученик | 7 | 5.00 | 76 | 54.29 | **30** | **21,43** | **27** | **19,29** | 140 |
| 24. Не соработувам со родителите на проблематичните ученици | 12 | 8.57 | 16 | 11.43 | **19** | **13,57** | **93** | **66,43** | 140 |
| 25. Со проблематичниот ученик и со родителот разговарам по завршувањето на часот | **74** | **52,86** | **45** | **32,14** | 4 | 2,86 | 17 | 12.14 | 140 |
| 26. Парично го казнувам ученикот за направена материјална штета | **16** | **11,43** | **78** | **55,71** | 28 | 20.00 | 18 | 12.86 | 140 |
| 27. Применувам различни дисциплински правила | **68** | **48,57** | **43** | **30,71** | 13 | 9,29 | 16 | 11.43 | 140 |
| 28. Физички го казнувам ученикот | 6 | 4.29 | 11 | 7.86 | **22** | **15,71** | **101** | **72,14** | 140 |
| 29. Ученикот го казнувам пред сите присутни | 5 | 3.57 | 23 | 16.43 | **30** | **21,43** | **82** | **58,57** | 140 |
| 30. Го казнувам ученикот така што го седнувам да биде со грбот накај соучениците | **8** | **5,71** | **80** | **57,14** | 27 | 19.29 | 25 | 17.86 | 140 |
| 31. Веднаш разговарам со проблематичниот ученик пред сите | 13 | 9,29 | 25 | 17.86 | **68** | **48,57** | **34** | **24,29** | 140 |
| 32. Усно го предупредувам проблематичниот ученик | **27** | **19,29** | **75** | **53,57** | 22 | 15.71 | 16 | 11.43 | 140 |
| 33. Со гласно карање го насочувам непослушниот ученик | 9 | 6.43 | 27 | 19.29 | **75** | **53,57** | **29** | **20,71** | 140 |
| 34. Го потсетувам на правилото што е поврзано со проблематичното однесување на ученикот | **75** | **53,57** | **41** | **29,29** | 11 | 7,86 | 13 | 9,29 | 140 |
| **Вкупно** фреквенции и проценти | **2080** | **43,70** | **1484** | **31,18** | 797 | 16.74 | 399 | 8.38 | 4760 |
| Вкупно **позитивни** и **негативни** фреквенции и проценти | **3564** | | **74,87** | | 1196 | | 25.13 | | **4760** |

На сите 34 поставени прашања од петтата група прашања од анкетата, сите анкетирани 140 наставници чесно одговориле без да се отстапат од некое прашање.

Според добиените резултати од анкетираните наставници од **табелата бр.1.5** се добиени следниве резултати: наставниците од понудените можни тврдења за

варијантата **потполно се согласувам** во проценти **43,70%** се изјасниле: тоа е знак дека понудените тврдења се во голем процент позитивно прифатени од страна на испитани наставници; за варијантата **главно се согласувам** во проценти **31,18%** се изјасниле; тоа докажува дека и за ова варијанта во голем процент позитивно се изјасниле; за варијантата **главно не се согласувам** во проценти **16,74%** се изјасниле; тоа докажува дека еден дел од наставниците не се добро оспособени за примената на различни интервентни стратегии и техники за спречување и за суспендирање на појавените и на непојавените дисциплински проблеми; за варијантата **воопшто не се согласувам** во проценти **8,38%** се изјасниле, за кое може да се каже дека наставниците се компетентни за применување на различни интервентни стратегии и техники и затоа во сосем мал процент се негативно прифатени овие тврдења од страна на испитаните наставници. Истиот резултат е потврден и во долуприкажаната **графичка слика бр.1.5**




Од добиените статистички резултати од **табелата бр.1.5** се гледа дека наставниците од поставените **34** прашања за испитување на прифатеноста на оваа хипотеза, за сите **34** прашања во голем процент позитивно се изјасниле.

Ако добиените резултати од **табелата бр.1.5** збирно ги анализираме (бидејќи сите прашања се однесува на истата хипотеза), ќе ги добиеме следниве резултати кои во голем процент кореспондираат со поставената хипотеза. Наставниците за сите **34** прашања што се поставени во овој дел од анкетата во фреквенции **3564** односно **74,87%** проценти **позитивно** се изјасниле кон поставената четврта хипотеза, додека **1196** во

фреквенции односно **25,13%** испитани наставници **негативно** се изјасниле. Истиот резултат е потврден и во долуприкажаната **графичка слика бр.1.5а**




Од овие добиени резултати јасно се гледа дека наставниците имаат добра соработка со сите во училиштето и дека се високооспособени да применуваат соодветни интервентни стратегии и техники според соодветните настанати дисциплински проблеми, а тоа се должи пред сè на нивното соодветно образование и на севкупното демократско однесување во општеството.

Откако ги анализиравме сите горенаведени својства на наставниците и од добиените позитивни индикатори од квантитативните анализи на добиените резултати од **табелата бр.1.5** која служеше за разјаснување на четвртата хипотеза која е истакната погоре, во потполност може да се каже дека оваа хипотеза целосно **се прифаќа** од страна на испитаните наставници.

Откако ја анализиравме четвртата хипотеза, следува да се анализира и од аспект на учениците, колку се оспособени истите интервентни стратегии и техники да ги применуваат во соодветни ситуации, која е и ***<u>петтата помошна хипотеза</u>*** на овој труд која гласи:

***5. Учениците сметаат дека се оспособени за применување на различни интервентни стратегии и техники за спречување и отстранување на негативните дисциплински однесувања во и надвор од училиштето.***

Содржински, оваа помошна хипотеза имплицира дека учениците, откако веќе знаат кои превентивни стратегии и техники може да се применува при спречувањето на појавата на дисциплинските проблеми, треба да знаат и да умеат какви интервентни стратегии и техники можат да применуваат за отстранување на појавено недисциплинско однесување со цел да се елиминира проблемот или да се пренасочува во позитивна насока. Накратко, да се провери колку се учениците во состојба да се справуваат со појавените проблеми и колку можат да придонесат за развојот на условите за градење на позитивната дисциплина во основното образование.

Во овој контекст, со цел да се прифати или отфрли поставената хипотеза, се истакнува аналитички пристап на петтата група прашања (вкупно **34**) од прашалникот за учениците, кои се наоѓаат во **табела бр.2.5** и тоа:

**Табела бр.2.5 за учениците**

| 2.5 Назначете го степенот на Вашето согласување со дадените различни **интервентни** стратегии и техники за спречување и за надминување на појавените дисциплински проблеми што помагаат за изградување на позитивна дисциплина во училиштето: | потполно се согласувам | | главно се согласувам | | главно не се согласувам | | воопшто не се согласувам | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f=% |
| 1. Споменувајќи го името на проблематичниот ученик го привлекува неговото внимание за часот | **60** | **60** | **19** | **19** | 14 | 14 | 7 | 7 | 100 |
| 2. Наставникот го укорува, гласно му вика на проблематичниот ученик | 54 | 54 | 21 | 21 | **18** | **18** | **7** | **7** | 100 |
| 3. Наставникот воспоставува краток контакт со очите | **53** | **53** | **20** | **20** | 21 | 21 | 6 | 6 | 100 |
| 4. Се насочува накај местото на непослушниот ученик | **55** | **55** | **26** | **26** | 14 | 14 | 5 | 5 | 100 |
| 5. Со различни прашања го вклучува проблематичниот ученик во наставата | **22** | **22** | **51** | **51** | 15 | 15 | 12 | 12 | 100 |
| 6. Пред да му изрече педагошка мерка на ученикот, наставникот не врши разговор со | 21 | 21 | 4 | 4 | **57** | **57** | **18** | **18** | 100 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ученикот/родителот | | | | | | | | | |
| 7. Поради еден ученик. го казнува целото одделение | 12 | 12 | 11 | 11 | **25** | **25** | **52** | **52** | 100 |
| 8. Му одзема некоја привилегија на проблематичниот ученик | **11** | **11** | **54** | **54** | 13 | 13 | 22 | 22 | 100 |
| 9. Го праќа проблематичниот ученик кај педагог/директорот | **15** | **15** | **15** | **15** | 62 | 62 | 8 | 8 | 100 |
| 10. Му ја променува активноста на проблематичниот ученик | **55** | **55** | **15** | **15** | 17 | 17 | 13 | 13 | 100 |
| 11. Го принудува ученикот да стои на една нога | 8 | 8 | 4 | 4 | **15** | **15** | **73** | **73** | 100 |
| 12. Не му дозволува на ученикот да излезе на одмор | 2 | 2 | 11 | 11 | **61** | **61** | **26** | **26** | 100 |
| 13. Му дава полесни задачи за да го поттикне ученикот | **62** | **62** | **12** | **12** | 8 | 8 | 18 | 18 | 100 |
| 14. Понекогаш го наградува за мало позитивно однесување | **57** | **57** | **14** | **14** | 18 | 18 | 11 | 11 | 100 |
| 15. Остро глeда кон проблематичниот ученик | **17** | **17** | **56** | **56** | 14 | 14 | 13 | 13 | 100 |
| 16. Го понижува ученикот пред другите ученици со цел да престане со недисциплината | 16 | 16 | 12 | 12 | **58** | **58** | **14** | **14** | 100 |
| 17. Дава казна да пишува неколку пати иста содржина | 16 | 16 | 11 | 11 | **10** | **10** | **63** | **63** | 100 |
| 18. Со оценка го наградува и го казнува ученикот | 14 | 14 | 16 | 16 | **56** | **56** | **14** | **14** | 100 |
| 19.Често применува меѓусебно помирување | **15** | **15** | **61** | **61** | 16 | 16 | 8 | 8 | 100 |
| 20. Применува невербални пораки на проблематичните | **9** | **9** | **57** | **57** | 15 | 15 | 19 | 19 | 100 |
| 21. На проблематичниот не му дава никаков избор | 10 | 10 | 17 | 17 | **55** | **55** | **18** | **18** | 100 |
| 22. Му го менува местото на проблематичниот ученик | **62** | **62** | **12** | **12** | 10 | 10 | 16 | 16 | 100 |
| 23. Никогаш не го казнува проблематичниот ученик | 10 | 10 | 10 | 10 | **20** | **20** | **60** | **60** | 100 |
| 24. Наставникот повеќе соработува со родителите на проблематичните ученици | **15** | **15** | **55** | **55** | 16 | 16 | 14 | 14 | 100 |
| 25. Со проблематичниот ученик и со неговиот родител наставникот | 1 7 | 17 | 7 | 7 | **52** | **52** | **24** | **24** | 100 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| разговара пред сите на часот | | | | | | | | | |
| 26. Наставникот парично го казнува ученикот за направена материјална штета | **8** | **8** | **55** | **55** | 13 | 13 | 24 | 24 | 100 |
| 27. Наставникот применува различни дисциплински правила | **47** | **47** | **24** | **24** | 17 | 17 | 12 | 12 | 100 |
| 28. Наставникот физички го казнува ученикот | 10 | 10 | 10 | 10 | **16** | **16** | **64** | **64** | 100 |
| 29. Наставникот пред сите присутни го казнува ученикот | 10 | 10 | 9 | 9 | **61** | **61** | **20** | **20** | 100 |
| 30. Наставникот го казнува ученикот така што го седнува да биде свртен со грбот накај соучениците | **11** | **11** | **8** | **8** | 13 | 13 | 68 | 68 | 100 |
| 31. Веднаш разговара со проблематичниот ученик пред сите | 14 | 14 | 14 | 14 | **52** | **52** | **20** | **20** | 100 |
| 32. Усно го предупредува проблематичниот ученик | **18** | **18** | **55** | **55** | 14 | 14 | 13 | 13 | 100 |
| 33. Се плашам од родителите бидејќи постојано ме тепаат | 5 | 5 | 6 | 6 | **50** | **50** | **39** | **39** | 100 |
| 34. Наставникот го потсетува на правилото што е поврзано со проблематичното однесување на ученикот | **15** | **15** | **58** | **58** | 9 | 9 | 18 | 18 | 100 |
| **Вкупно** фреквенции и проценти | **1119** | **32,91** | **1273** | **37,44** | 482 | 14,18 | 526 | 15,47 | 3400 |
| Вкупно **позитивни** и **негативни** фреквенции и проценти | **2392** | | **70,35** | | 1008 | | 29,65 | | **3400** |

На сите **34** поставени прашања од петтата група прашања од анкетата, сите анкетирани **100** ученици чесно одговориле без да се отстапат од некое прашање.

Според добиените резултати од анкетираните ученици од **табелата бр.2.5** се добиени следниве резултати: учениците од понудените сите можни тврдења за варијантата **потполно се согласувам** во проценти **32,91%** се изјасниле; тоа е знак дека понудените тврдења се во голем процент позитивно прифатени од страна на

испитаните ученици; за варијантата **главно се согласувам** во проценти **37,44%** се изјасниле; тоа докажува дека и за ова варијанта во голем процент позитивно се изјасниле; за варијантата **главно не се согласувам** во проценти **14,18%** се изјасниле; тоа докажува дека еден дел од учениците не се добро оспособени за применување на различните интервентни стратегии и техники за отстранување на појавените дисциплински проблеми; за варијантата **воопшто не се согласувам** во проценти **15,47%** се изјасниле, за кое може да се каже дека учениците се компетентни за применување на интервентни стратегии и техники, бидејќи во сосем мал процент не се прифатени овие тврдења од страна на испитаните ученици. Истиот резултат е потврден и во долуприкажаната **графичка слика бр.2.5**




Од добиените статистички резултати од **табелата бр.2.5** се гледа дека учениците од поставените **34** прашања за испитување на прифатеноста на оваа хипотеза, за сите **34** прашања во голем процент позитивно се изјасниле.

Ако добиените резултати од **табелата бр.2.5** збирно ги анализираме (бидејќи сите прашања се однесува на истата хипотеза), ќе ги добиеме следниве резултати кои во голем процент кореспондираат со поставената хипотеза. Учениците за сите **34** прашања што беа поставени во овој дел од анкетата во фреквенции **2392** односно **70,35%** проценти **позитивно** се изјасниле кон поставената петта хипотеза, додека **1008** во фреквенции односно **29,65%** испитани ученици **негативно** се изјасниле. Истиот резултат е потврден и во долуприкажаната **графичка слика бр.2.5а**




Од овие добиени резултати јасно се гледа дека учениците имаат добра соработка со сите во училиштето и дека се високооспособени да применуваат соодветни интервентни стратегии и техники според соодветните настанати дисциплински проблеми, а тоа се должи пред сѐ на нивното соодветно воспитание од страна на своите родители, наставници и на севкупното демократско однесување во општеството.

Откако ги анализиравме сите горенаведени својства на учениците и од добиените позитивни индикатори од квантитативните анализи на добиените резултати од **табелата бр.2.5** која служи за разјаснување на петтата хипотеза која е истакната погоре, во потполност може да се каже дека оваа хипотеза целосно **се прифаќа** од страна на испитаните ученици.

Откако ја анализиравме петтата хипотеза, следува да се анализира и од аспект на родителите, колку се тие оспособени истите интервентни стратегии и техники да ги применуваат во соодветни ситуации, која е и ***шестата помошна хипотеза*** на овој труд која гласи:

6. ***Родителите се компетентни за примена на различни интервентни стратегии и техники со цел да се справуваат со проблематичните однесувања на своите деца.***

Содржински, оваа помошна хипотеза имплицира дека родителите, откако веќе знаат кои превентивни стратегии и техники може да се применуваат при спречувањето на појавата на дисциплинските проблени, треба да знаат и да умеат какви интервентни

стратегии и техники можат да применуваат за отстранување на појавено недисциплинско однесување со цел да се елиминира проблемот или да се пренасочува во позитивна насока. Со неколку збора, да се провери колку се родителите во состојба да се справуваат со појавените проблеми и колку можат да придонесат за развојот на условите за градење на позитивната дисциплина во основното образование.

Во овој контекст, со цел да се прифати или отфрли поставената хипотеза, се истакнува аналитички пристап на петтата група прашања (вкупно **34**) од прашалникот за родителите кои се наоѓаат во **табела бр.3.5** и тоа:

**Табела бр.3.5 за родителите**

| 3.5 Назначете го степенот на Вашето согласување со дадените различни **интервентни** стратегии и техники за спречување и за надминување на појавените дисциплински проблеми што помагаат за изградување на позитивна дисциплина во училиштето: | потполно се согласувам | | главно се согласувам | | главно не се согласувам | | воопшто не се согласувам | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f=% |
| 1. Спомнувајќи го името на проблематичното дете, му го привлекувам вниманието за соодветното однесување | **47** | **47** | **23** | **23** | 23 | 23 | 7 | 7 | 100 |
| 2. Го укорувам, гласно му викам | 10 | 10 | 16 | 16 | **52** | **52** | **22** | **22** | 100 |
| 3. Воспоставувам краток контакт со очите | **52** | **52** | **18** | **18** | 22 | 22 | 8 | 8 | 100 |
| 4. Се насочувам накај местото на проблематичното дете | **54** | **54** | **14** | **14** | 18 | 18 | 14 | 14 | 100 |
| 5. Со различни прашања го вклучувам проблематичното дете во задачата | **52** | **52** | **33** | **33** | 0 | 0 | 15 | 15 | 100 |
| 6. Пред да му се изрече некоја мерка на детето, родителот не треба да има разговор со детето | 15 | 15 | 20 | 20 | **13** | **13** | **52** | **52** | 100 |
| 7. Поради еден проблем го казнувам целото семејство | 20 | 20 | 0 | 0 | **18** | **18** | **62** | **62** | 100 |
| 8. Му одземам некоја привилегија на | **45** | **45** | **16** | **16** | 23 | 23 | 16 | 16 | 100 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| проблематичното дете | | | | | | | | | |
| 9. Го затворам детето само во некоја празна соба | 18 | 18 | 0 | 0 | **19** | **19** | **63** | **63** | 100 |
| 10. Му ја променувам активноста на проблематичното дете | **42** | **42** | **20** | **20** | 16 | 16 | 22 | 22 | 100 |
| 11. Го принудувам детето да стои на една нога | 0 | 0 | 13 | 13 | **24** | **24** | **63** | **63** | 100 |
| 12. Не му дозволувам на детето да учествува во некоја активност | **11** | **11** | **47** | **47** | 16 | 16 | 26 | 26 | 100 |
| 13.Му давам полесни задачи за да го вкуси успехот | 51 | 51 | 20 | 20 | **16** | **16** | **13** | **13** | 100 |
| 14. Наградувајќи за мали позитивни однесувања го дисциплинирам проблематичното дете | **52** | **52** | **27** | **27** | 11 | 11 | 10 | 10 | 100 |
| 15. Остро гледам кон проблематичното дете | **44** | **44** | **16** | **16** | 18 | 18 | 22 | 22 | 100 |
| 16. Го понижувам детето пред другите присутни со цел да престане со недисциплината | 0 | 0 | 24 | 24 | **13** | **13** | **63** | **63** | 100 |
| 17. Давам казна да пишува неколку пати иста содржина | 12 | 12 | 18 | 18 | **15** | **15** | **55** | **55** | 100 |
| 18. Со пари го наградувам и го казнувам детето | **0** | **0** | **22** | **22** | 46 | 46 | 32 | 32 | 100 |
| 19. Секогаш на детето му дозволувам да се изјасни за проблемот | **56** | **56** | **16** | **16** | 16 | 16 | 12 | 12 | 100 |
| 20. Применување на невербалната порака не е ефикасна | 13 | 13 | 21 | 21 | **16** | **16** | **50** | **50** | 100 |
| 21. На проблематичното дете не треба да му се дава никаков избор | 11 | 11 | 16 | 16 | **19** | **19** | **54** | **54** | 100 |
| 22. Му го менувам местото на проблематичното дете | **16** | **16** | **24** | **24** | 17 | 17 | 43 | 43 | 100 |
| 23. Често го казнувам проблематичното дете | 7 | 7 | 10 | 10 | **33** | **33** | **50** | **50** | 100 |
| 24. Не соработувам со наставникот на моето дете | 7 | 7 | 7 | 7 | **24** | **24** | **62** | **62** | 100 |
| 25. Со проблематичното дете разговарам во посебна соба | **52** | **52** | **29** | **29** | 15 | 15 | 4 | 4 | 100 |
| 26. Психички и емоционално го казнувам детето за направената материјална | 8 | 8 | 12 | 12 | **27** | **27** | **53** | **53** | 100 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| штета | | | | | | | | | |
| 27. Применувам различни дисциплински правила | **19** | **19** | **49** | **49** | 13 | 13 | 19 | 19 | 100 |
| 28. Физички го казнувам детето | 0 | 0 | 13 | 13 | **23** | **23** | **64** | **64** | 100 |
| 29. Детето го казнувам пред сите присутни | 0 | 0 | 15 | 15 | **44** | **44** | **41** | **41** | 100 |
| 30. За добрите однесувања секогаш го пофалувам детето | **51** | **51** | **31** | **31** | 6 | 6 | 12 | 12 | 100 |
| 31. Веднаш разговарам со проблематичното дете пред сите | 17 | 17 | 17 | 17 | **48** | **48** | **18** | **18** | 100 |
| 32. Усно го предупредувам проблематичното дете | **40** | **40** | **44** | **44** | 11 | 11 | 5 | 5 | 100 |
| 33. Со гласно карање го насочувам проблематичното дете | 0 | 0 | 15 | 15 | **28** | **28** | **57** | **57** | 100 |
| 34. Го потсетувам на правилото што е поврзано со проблематичното однесување на детето | **52** | **52** | **30** | **30** | 12 | 12 | 6 | 6 | 100 |
| **Вкупно** фреквенции и проценти | **1527** | **44,91** | **891** | **26,21** | 520 | 15,29 | 462 | 13,59 | 3400 |
| Вкупно **позитивни** и **негативни** фреквенции и проценти | **2418** | | **71,12** | | 982 | | 28,88 | | **3400** |

На сите **34** поставени прашања од петтата група прашања од анкетата, сите анкетирани **100** родители чесно одговориле без да се отстапат од некое прашање.

Според добиените резултати од анкетираните родители од **табелата бр.3.5** се добиени следниве резултати: родителите од понудените сите можни тврдења за варијантата **потполно се согласувам** во проценти **44,91%** се изјасниле; тоа е знак дека понудените тврдења се во голем процент позитивно прифатени од страна на испитаните родители; за варијантата **главно се согласувам** во проценти **26,21%** се изјасниле; тоа докажува дека родителите се добро оспособени за применување на различните стратегии и техники за интервенирање на дисциплинските проблеми; за варијантата **главно не се согласувам** во проценти **15,29%** се изјасниле; тоа докажува дека еден дел од родителите не се добро оспособени за управување со дисциплинските проблеми, за варијантата **воопшто не се согласувам** во проценти **13,59%** се изјасниле, за кое може да се каже дека некои родители не се доволно компетентни за применување

на различните интервентни стратегии и техники. Истиот резултат е потврден и во долуприкажаната **графичка слика бр.3.5**




Од добиените статистички резултати од **табелата бр.3.5** се гледа дека родителите од поставените **34** прашања за испитување на прифатеноста на оваа хипотеза, за сите **34** прашања во голем процент позитивно се изјасниле.

Ако добиените резултати од **табелата бр.3.5** збирно ги анализираме (бидејќи сите прашања се однесува на истата хипотеза), ќе ги добиеме следниве резултати кои во голем процент кореспондираат со поставената хипотеза. Родителите за сите **34** прашања што беа поставени во овој дел од анкетата во фреквенции **2418** односно **71,12%** проценти **позитивно** се изјасниле кон поставената шеста хипотеза, додека **982** во фреквенции односно **28,88%** испитани родители **негативно** се изјасниле. Истиот резултат е потврден и во долуприкажаната **графичка слика бр.3.5а**




Од овие добиени резултати јасно се гледа дека родителите имаат добра соработка со сите во училиштето и надвор од него и дека се високоoспособени да применуваат соодветни интервентни стратегии и техники според соодветни настанати дисциплински проблеми, а тоа се должи пред сè на нивното соодветно воспитание како родители, на нивната општа култура и на севкупното демократско однесување во општеството.

Откако ги анализиравме сите горенаведени својства на родителите од добиените позитивни индикатори од квантитативните анализи на добиените резултати од **табелата бр.3.5** која служеше за разјаснување на шестата хипотеза која е истакната погоре, во потполност може да се каже дека оваа хипотеза целосно **се прифаќа** од страна на испитаните родители.

Откако ја анализиравме шестата хипотеза, следува да се анализира и од аспект на сите испитаници, колку се тие оспособени за водење добра меѓусебна соработка со сите во училишниот живот, која е и ***<u>седмата помошна хипотеза</u>*** на овој труд, која гласи:

7. ***Наставниците, учениците и родителите имаат добра меѓусебна соработка во и надвор од училиштето, што во голема мера придонесува за создавање на позитивна дисциплина во основното образование.***

За целосно расветлување на **седмата хипотеза** од аспект на меѓусебната соработка и доверба меѓу наставникот, ученикот и другите чинители во училишниот живот, за нивната интеракциска комуникација за време на часот со цел да се создаваат услови за развој на позитивната дисциплина во основното образование, следени се точно **10** одделенија од петте централни основни училишта. За да се дојде до саканите факти, часовите се следени **5 дена** во предметна и **5 дена** во одделенска настава и тоа со помош на фландерсов протокол од 20 категории. Добиените резултати се прикажани во **табелата бр.4.**

| Вкупниот резултат како збир на сите набљудувани одделенија од петте ЦООУ што се наоѓаат во Општините Центар Жупа и Дебар | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Н. Зекерија** | **М.К. Ататурк** | **Пенестија** | **Р. Ристевски** | **Сант Најдени** | **%** |
| 1. Предава – објаснува | 9.96 | 10.25 | 10,57 | 12,91 | 11,31 | **11** |
| 2. Ученикот одговара | 12.76 | 11.46 | 10,57 | 9,89 | 10,04 | **10.94** |
| 3. Учениците самостојно работат | 8.69 | 9.06 | 10,73 | 10,58 | 11,90 | **10.19** |
| 4. Дијалог меѓу наставник-ученик | 10.76 | 11.13 | 9,52 | 10,15 | 8,87 | **10.08** |
| 5. На сите ученици подеднакво им поставува прашања | 8.72 | 9.46 | 9,41 | 8,66 | 7,74 | **8.79** |
| 6. Учениците не се внимателни – недисциплинирани се | 8.34 | 4.91 | 9,11 | 7,69 | 10,07 | **8.02** |
| 7. Дава упатства и ги насочува учениците | 7.13 | 8.42 | 6,38 | 8,09 | 7,06 | **7.41** |
| 8. Ги охрабрува и ги пофалува слабите и недисциплинираните | 5.83 | 7.52 | 5,55 | 5,75 | 6,08 | **6.14** |
| 9. Усно ги предупредува недисциплинираните ученици | 5.2 | 3.37 | 5,58 | 4,50 | 5,68 | **4.87** |
| 10. Ги контролира учениците и нивните задачи | 4.73 | 5.75 | 4,57 | 4,19 | 4,05 | **4.65** |
| 11. Партнерски и емпатиски се однесува со учениците | 3.92 | 3.63 | 3.19 | 2,78 | 3,69 | **3.44** |
| 12. Со мимика ги контролира ученичките добри и лоши однесувања | 3.06 | 2.75 | 3,9 | 3,47 | 3,19 | **3.27** |
| 13. Постојано ги мотивира учениците | 3.39 | 3.45 | 2,96 | 3,02 | 2,26 | **3.01** |
| 14. Применува различни методи и наставни средства на часот | 2.52 | 3.08 | 2,83 | 2,66 | 2,49 | **2.71** |
| 15. Ги прифаќа и ги применува идеите на учениците | 2.55 | 2.84 | 2,08 | 2,31 | 2,39 | **2.43** |
| 16. Ја адаптира наставата според | 2.36 | 2.85 | 2,04 | 2,32 | 2,21 | **2.35** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| можностите на учениците | | | | | | |
| 17. Арогантно критизира и понижува, се повикува на својот авторитет | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,53 | **0.53** |
| 18. Ги казнува учениците | 0 | 0 | 0,53 | 0,38 | 0,38 | **0.43** |
| 19. Физички ги казнува учениците | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 20. Ги наградува учениците | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно фреквенции** | 99.96 | 99.97 | 99,89 | 99,88 | 99,98 | 99.93 |

Како што е истакнато од табелата на набљудуваните часови, се гледа дека наставниците најголемиот процент од времето во наставниот процес, и тоа **11%** поминале со **предавање.** Од овој индикатор се гледа дека наставниците се мошне активни во своите предавања со цел целосно да им го пренесат планираното градиво на учениците.

Како што се гледа од табелата на набљудуваните часови, наставниците голем процент од времето од наставниот процес и тоа **10.94%** поминале со **одговарањето на самите ученици**. Тоа е знак дека учениците се во добра интеракциска комуникација со наставниците и дека се слободни при изразувањето.

Како трето по изминато време во проценти од набљудуваните часови е **ученичката самостојна работа на часот** и тоа **10,19%** проценти од учениците поминале на овие активности. Ако се гледа на поминатиот процент од времето, со сигурност може да се каже дека учениците повеќе се насочени на учење со откривање, на самостојно истражување на учениците, за кои знаења може да се каже дека се поприменливи и потрајни во нивниот секојдневен живот.

Како четврти показател за позитивната насоченост на набљудуваните часови е времето што го имаат поминато и тоа **10,08%** на **дијалог меѓу наставникот и ученикот**. И ова меѓусебна активност на наставниците и учениците индицира на тоа дека наставникот ги почитува своите ученици и партнерски се однесува со нив.

Петтото место по изминато време, а тоа е **8.79%** во проценти, им припаѓа на наставниците во **подеднаквото поставување прашања на сите ученици**. Од овој индикатор се гледа дека наставниците не прават разлика по никаква основа во часот, дека со сите ученици го држат истото растојание секаде и во часот и подеднакво ги активираат сите ученици.

Шестото место по изминато време **8.02%** во проценти им припаѓа на **ученичкото невнимание и недисциплинираноста**. Од овој факт се гледа дека колку и да се компетентни наставниците во текот на часот, сепак некои ученици успеваат да бидат невнимателни и недисциплински да се однесуваат и да го нарушуваат текот на часот.

Седмото место по изминато време од часот зазема **упатствата и насочувањето на учениците од страна на наставникот** кое во проценти изнесува **7,41%.** Од наведениов процент се гледа дека наставникот демократски се однесува во текот на часот и дека ги насочува и ги упатува кон позитивна насока своите ученици. Накратко, им помага во совладувањето на новите содржини, знаења и вештини.

Од набљудуваните часови очигледно е дека наставниците многу често ги **охрабруваат и ги пофалуваат послабите и недисциплинарините ученици** со цел да се оддалечат од тие недисциплински однесувања и позитивно да се дисциплинираат. Времето опфатено со овие активности на наставниците изнесува **6,14%** од времето на наставниот процес.

Наставниците, поради честите прекршоци и невнимание на часот од страна на недисциплинираните ученици, беа принудени **усно да ги предупредат недисциплинираните ученици,** кои **4,87%** од времето поминува со овие смирувачки и насочувачки активности од страна на наставниците.

Наставниците од набљудуваните часови **4,65%** од времето имаат поминато со **контролирање на учениците и нивните задачи**. Ова е еден добар показател дека наставниците редовно ги држат под контрола и дека редовно ги контролираат училишните и домашните задачи, така што може да се каже дека контролата е камен-темелник за превенирање на непојавен проблем и за откривање на факторите што се причини за појавата на одделни проблеми.

**Партнерското и емпатиското однесување на наставниците** спрема своите ученици создава услови за благовремено откривање на причините за недисциплинското однесување и за брзо и безболно елиминирање на појавените проблеми. Ако гледаме на процентот на изминатото време на наставниците со овие активности, ќе забележиме дека **3,44%** од наставното време наставниците се зафатиле со овие активности, а тоа е

еден добар показател дека наставниците се трудат за создавање добра атмосфера во одделението за градење на услови за позитивна дисциплина во училиштето.

Наставниците, за да не го нарушуваат текот на наставниот процес често **ученичките добри и лоши однесувања со мимика ги контролираа**, која во проценти изнесува **3,27%** од наставното време. Тоа е знак дека наставниците се добро упатени во користењето на мимиките во часот со цел да можат да бидат незабележливи за другите ученици во контролирањето на одделни проблематични ученици.

Едно од добрите својства на компетентниот наставник е неговото **постојано мотивирање на учениците** за наставата која во нашето истражување изнесува **3,01%** од наставното време. За да биде часот успешен, од наставникот се бара редовно да ги мотивира учениците за часот. Колку повеќе се мотивирани учениците на часот, толку и успешноста на часот ќе биде поголема и обратно.

Од набљудуваните часови **2,71%** од времето наставниците имаат поминато во **применувањето на различните методи и наставни средства**. Со сигурност може да се каже дека наставниците работеа многу љубезно со цел само да ги мотивираат и да ги заинтересираат учениците за односниот час, со која активност часот би дал и поголема ефективност.

Во текот на наставниот час наставниците демократски се однесуваа, со почитување на сите ученици, што се гледа од **прифаќањето и применувањето на идеите на учениците** на часот, кое изнесува **2,43%** од целосното време на часот. Ова својство на наставниците докажува дека се демократски ориентирани во текот на часот и дека владее меѓусебна доверба и почитување меѓу наставниците и учениците.

При реализирањето на целите од часот, наставниците постојано се трудеа наставата да ја **адаптираат според можностите на учениците**, која **2,35%** од наставниот час беше поминато со овие активности на наставникот. Со задоволство можеме да истакнеме дека наставниците со овие својства се во голема мера компетентни за успешно реализирање на наставата.

Одреден број наставници, а тоа е **0,53%** проценти од наставното време имаа поминато со **арогантно критизирање и понижување** на своите недисциплинирани ученици. Ова е еден добар знак дека одредени наставници во некои ситуации не можат да се справуваат со појавените проблеми и беа принудени вака да постапат, за кое

постапување велиме дека не се соодветствува со барањата на условите за создавање на позитивна дисциплина во основното образование.

По применувањето на сите превентивни мерки понекогаш проблемот сè уште постоеше и заради тоа наставниците во ретки случаи, и тоа во **0,43%** проценти од наставното време, беа принудени со помош на некои начини да **ги казнуваат** своите ученици, мислејќи дека така ќе се елиминира проблемот. Но, за жал, и со казнувањето проблемите не беа целосно елиминирани; недисциплинираните ученици пак по извесно време ги покажуваа истите проблематични однесувања.

Од набљудувањето што е направено со помош на фландерсовиот протокол можеме да кажеме дека од дваесетте категории само за овие две катагории и тоа: **физички ги казнуваат учениците** и за тоа дека **ги наградуваат учениците**, немаше никакви активности во набљудуваните десет дена настава. Физичкото казнување не би требало да има место во една современа настава бидејќи тоа и со закон е забрането во нашето образование. Наградувањето, пак, би требало да зазема место во една современа настава. Сепак, во нашиот случај, за жал, и оваа активност не беше застапена, така што можеме да кажеме дека е своевидна слабост од наставниците, бидејќи наместо казнување на своите недисциплинирани ученици тие истите ученици можеа да ги наградуваат за некои мали успеси и така да ги дисциплинираат.

Резултатите од сите горедобиени категории од фландерсовиот протокол посочуваат дека во нашето основно образование преовладува демократскиот стил на водењето на наставата и со сигурност можеме да констатираме дека во нашите основни училишта постои многу голема меѓусебна комуникација, почитување, соработка меѓу наставникот и ученикот и меѓу сите засегнати индивидуи во образованието. Поради сето ова, ние како истражувачи можеме да кажеме дека поставената седма хипотеза од аспект на тоа дека постои **добра соработка меѓу наставникот и ученикот и меѓу сите заинтересирани** за воспитанието на детето во потполност **се прифаќа**.

Со цел да се навлезе во суштината на темата на истражувањето, по определувањето на оспособеноста на наставниците, учениците и родителите за добра меѓусебна соработка и за оспособеноста на сите за справувањето со дисциплинските проблеми и со нивните способности за создавање на поволни услови за градење на позитивната дисциплина во нашето основно образование следува да се испитува и ***осмата помошна хипотеза*** која гласи:

***8. Законските одредби на основното деветгодишно образование (концепцијата, статутот, кодексот и куќниот ред) во потполност придонесуваат за градење на позитивна дисциплина во училиштата.***

Содржински, оваа помошна хипотеза имплицира дека по заложбата на сите гореиспитани субјекти (наставници, ученици и родители) за создавање на услови за градење позитивна дисциплина во нашите училишта, следува да се испитаат и да се анализираат постојните законски одредби, колку и тие придонесуваат во нашето основно образование да се развива позитивна дисциплина. Накратко, да се проверат законските одредби (концепцијата, статутот, кодексот и куќниот ред), колку се тие во функција да им помагаат на влијателните фактори во училиштата да се справуваат со појавените проблеми и колку можат да придонесат за развојот на условите за градење на позитивната дисциплина во основното образование.

Во овој контекст, со цел да се прифати или отфрли поставената хипотеза, се истакнува аналитички пристап на седмата група прашања кои изнесуваат вкупно 2 прашања од прашалниците кои се наоѓаат на 14. и 25. место во анкетите бр.1.3, бр.2.3 и бр.3.3. Резултатите од овие прашања се прикажани во **сумативните табели бр.4 и 5.**

**Сумативна табела бр.4 за сите анкетирани субјекти** за даденото мислење на поставеното 14. прашање од сите анкети што се наоѓаше во третиот дел кое гласеше: **Концептот и Законот за основното образование не влијаат на дисциплината**, се добиени следниве резултати:

| 4. Резултати добиени од испитувањето на сите субјекти за поставеното 14. прашање од анкетите за сите три групи испитаници која се наоѓа во третата група прашања од анкетите бр.1.3, бр.2.3 и бр.3.3 која гласи: **Концептот и Законот за основното образование не влијаат на дисциплината** | потполно се согласувам | | главно се согласувам | | главно не се согласувам | | воопшто не се согласувам | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| **1. Наставници од табела бр. 1.3** | 11 | 7,86 | 21 | 15,00 | **28** | **20,00** | **80** | **57,14** | 140 |
| **2. Ученици од табела бр. 2.3** | 17 | 17 | 6 | 6 | **17** | **17** | **60** | **60** | 100 |
| **3. Родители од табела бр. 3.3** | 19 | 19 | 14 | 14 | **20** | **20** | **47** | **47** | 100 |
| **Вкупно:** | 47 | 13,82 | 41 | 12,06 | **65** | **19,12** | **187** | **55** | **340** |

Според добиените резултати од анкетираните испитаници од **табелата бр.4** се добиени следниве резултати: сите испитани субјекти за понуденото тврдење во варијантата **потполно се согласувам** во проценти **13,82%** се изјасниле; тоа е знак дека понуденото тврдење е во мал процент позитивно прифатен од страна на испитаниците; за варијантата **главно се согласувам** во проценти **12,06%** се изјасниле; тоа докажува дека испитаниците не се добро оспособени за разликување на улогата на различните законски одредби кои позитивно влијаат врз создавањето на позитивната дисциплина во основното образование; за варијантата **главно не се согласувам** во проценти **19,22%** се изјасниле; тоа докажува дека еден дел од испитаниците се добро оспособени и запознаени со различните законски одредби; за варијантата **воопшто не се согласувам** во проценти **55%** се изјасниле, за кое може да се каже дека големиот дел од испитаните субјекти добро ги познаваат улогата на законските одредби и затоа во голем процент негативно се изјасниле за поставеното тврдење чиј одговор е добродојден за изградбата на позитивната дисциплина во нашите училишта. Истиот резултат е потврден и во долуприкажаната **графичка слика бр.4**




Од добиените статистички резултати од **табелата бр.4а** се гледа дека сите испитани субјекти на поставеното прашање од областа на **законските одредби** за испитување на прифатеноста на оваа хипотеза, во голем процент позитивно се изјасниле.

| **4.а** Резултати добиени од испитувањето на сите субјекти за поставеното 14. прашање од анкетите за сите три групи испитаници која се наоѓа во третата група прашања од анкетите бр.1.3, бр.2.3 и бр.3.3 која гласи: **Концептот и Законот за основното образование не влијаат на дисциплината** | потполно и главно се согласувам | | главно не и воопшто не се согласувам | | вкупн о |
|---|---|---|---|---|---|
| | f. | % | f. | % | f. |
| 1. Наставници од табела бр. 1.3 | 32 | 22,86 | **108** | **77,14** | 140 |
| 2. Ученици од табела бр. 2.3 | 23 | 23 | **77** | **77** | 100 |
| 3. Родители од табела бр. 3.3 | 33 | 33 | **67** | **67** | 100 |
| Вкупно: | 88 | 25.88 | **252** | **74.12** | **340** |

Ако добиените резултати од **табелата бр.4а** збирно ги анализираме (бидејќи истото прашање се однесува за сите субјекти), ќе ги добиеме следниве резултати кои во голем процент кореспондираат со поставената хипотеза. Сите анкетирани субјекти за

**14.** поставено прашање, кое гласи: **Концептот и Законот за основното образование не влијаат на дисциплината, 88** во фреквенции, односно **25,88%** се изјасниле дека **потполно и главно се согласуваат** со ова тврдење, додека **252** во фреквенции, односно **74,12%** од испитаните субјекти негативно одговориле со **главно не и воопшто не се согласуваат** со поставеното тврдење. Надоврзувајќи се на овие резултати, со сигурност може да се каже дека испитаните субјекти позитивно се изјасниле на ова тврдење, бидејќи и тие мислат дека во голема мера законските одредби помагаат за развој на позитивната дисциплина во основното образование. Истиот резултат е прикажан и во долуприкажаната **графичка слика бр.4.а**




По завршувањето на анализата на првото тврдење во врска со осмата хипотеза, следува да се анализира и второто тврдење за истата хипотеза, која гласи: **Кодексот и куќниот ред во училиштето имаат негативно влијание врз дисциплината** која е прикажана на **сумативната табела бр.5** за сите анкетирани субјекти:

| **5.** Резултати добиени од испитувањето на сите субјекти за поставеното 25. прашање од анкетите за сите три групи испитаници која се наоѓа во третата група прашања од анкетите бр.1.3. бр.2.3 и бр.3.3 која гласи: **Кодексот и куќниот ред во училиштето имаат негативно влијание врз дисциплината** | потполно се согласувам | | главно се согласувам | | главно не се согласувам | | воопшто не се согласувам | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f |
| **1. Наставници од табела бр. 1.3** | 11 | 7,86 | 21 | 15,00 | **28** | **20,00** | **80** | **57,14** | 140 |
| **2. Ученици од табела бр. 2.3** | 8 | 8 | 7 | 7 | **9** | **9** | **76** | **76** | 100 |
| **3. Родители од табела бр. 3.3** | 18 | 18 | 15 | 15 | **15** | **15** | **52** | **52** | 100 |
| **Вкупно:** | 37 | 10,88 | 43 | 12,65 | **52** | **15,29** | **208** | **61,18** | **340** |

Според добиените резултати од анкетираните испитаници од **табелата бр.5** се добиени следниве резултати: сите испитани субјекти за понуденото тврдење во варијантата **потполно се согласувам** во проценти **10,88%** се изјасниле; тоа е знак дека понуденото тврдење е во мал процент позитивно прифатен од страна на испитаниците; за варијантата **главно се согласувам** во проценти **12,65%** се изјасниле; тоа докажува дека испитаниците не се добро оспособени за разликување на улогата на различните законски одредби кои позитивно влијаат врз создавањето на позитивната дисциплина во основното образование; за варијантата **главно не се согласувам** во проценти **15,29%** се изјасниле; тоа докажува дека еден дел од испитаниците се добро оспособени и запознаени со различните законски одредби; за варијантата **воопшто не се согласувам** во проценти **61,18%** се изјасниле, за кое може да се каже дека најголемиот дел од испитаните субјекти добро ги познаваат улогата на законските одредби и затоа во голем процент негативно се изјасниле за поставеното тврдење чиј одговор е добродојден за изградбата на позитивната дисциплина во нашите училишта. Истиот резултат е потврден и во долуприкажаната **графичка слика бр.5**




Од добиените статистички резултати од **табелата бр.5.а** се гледа дека сите испитани субјекти на поставеното прашање од областа на **законските одредби** за испитување на прифатеноста на ова хипотеза, во голем процент позитивно се изјасниле.

| **5.а** Резултати добиени од испитувањето на сите субјекти за поставеното 25. прашање од анкетите за сите три групи испитаници која се наоѓа во третата група прашања од анкетите бр.1.3, бр.2.3 и бр.3.3 која гласи: **Кодексот и куќниот ред во училиштето имаат негативно влијание врз дисциплината** | потполно и главно се согласувам | | главно не и воопшто не се согласувам | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | f. | % | f. | % | f. |
| **1. Наставници од табела бр. 1.3** | 32 | 22,86 | **108** | **77,14** | 140 |
| **2. Ученици од табела бр. 2.3** | 15 | 15 | **85** | **85** | 100 |
| **3. Родители од табела бр. 3.3** | 33 | 33 | **67** | **67** | 100 |
| **Вкупно:** | 80 | 23.53 | **260** | **76,47** | **340** |

Ако добиените резултати од **табелата бр.5а** збирно ги анализираме (бидејќи истото прашање се однесува за сите субјекти), ќе ги добиеме следниве резултати кои во голем процент кореспондираат со поставената хипотеза. Сите анкетирани субјекти за **25.** поставено прашање, кое гласи: **Кодексот и куќниот ред во училиштето имаат негативно влијание врз дисциплината, 80** во фреквенции, односно **23,53%** се изјасниле дека **потполно и главно се согласуваат** со ова тврдење, додека **260** во фреквенции, односно **76,47%** од испитаните субјекти негативно одговориле со **главно**

**не и воопшто не се согласуваат** со поставеното тврдење. Надоврзувајќи се на овие резултати, со сигурност може да се каже дека испитаните субјекти позитивно се изјасниле на ова тврдење, бидејќи и тие мислат дека во голема мера законските одредби помагаат за развојот на позитивната дисциплина во основното образование. Истиот резултат е прикажан и во долуприкажаната **графичка слика бр.5.а**




Од овие добиени резултати јасно се гледа дека сите анкетирани субјекти имаат позитивно мислење дека законските одредби во основното образование и придонесуваат за создавање услови за градење на позитивна дисциплина во основното образование. Надоврзувајќи се на добиените резултати од анкетите и од личното убедување што го стекнавме во текот на истражувањето на овие документи (Закон за основното образование, кодексот на основното деветгодишно образование, статутите и куќниот ред во училиштата) со сигурност можеме да кажеме дека осмата хипотеза во целост **се прифаќа.**

Со цел да се доврши суштината на темата на истражувањето, по анализирањето на сите претходни хипотези кои беа претпоставени од страна на истражувачот, дека се битни фактори за испитување на оваа тема, а тоа е: **стратегии и техники за градење на позитивна дисциплина во основното образование** следува да се испитува и ***деветтата помошна хипотеза*** која гласи:

### 9. *Педагошките документи во училиштата се во функција на градењето на позитивната дисциплина во училиштето.*

Содржински, оваа помошна хипотеза имплицира дека по заложбата на сите гореиспитани субјекти (наставници, ученици и родители) и законските одредби за создавање услови за градење на позитивна дисциплина во нашите училишта, следува да се испитаат и да се анализираат постојните педагошки документи (главна книга на учениците, дневник на паралелката, евидентните листови за успехот и поведението на учениците и портфолиото на учениците, свидителствата и др.) во училиштата, да се провери колку и тие придонесуваат во нашето основно образование да се развива позитивна дисциплина. Со неколку збора, да се провери колку можат педагошките документи да им помагаат на влијателните фактори во училиштата да се справуваат со појавените проблеми и колку можат да придонесат за развој на условите за градење на позитивната дисциплина во основното образование.

Во овој контекст, со цел да се прифати или отфрли поставената хипотеза, се истакнува оцената и видувањата на истражувачот од сопствените истражувања на овие педагошки документи.

По макотрпното истражување и анализата на наведените документи, можеме навистина да констатираме дека овие документи во голема мера придонесуваат за развојот на позитивната дисциплина во нашите основни училишта.

Како што е познато, главната книга за учениците во училиштето е главен педагошки документ. Во неа се наведени сите битни и карактеристични податоци за секој запишан ученик во училиштето, и тоа: името, татково име и презимето на ученикот; ден, месец, година и место на раѓањето, националната припадност, државјанството; годината на првото запишување во тоа училиште; одделението во кое се наоѓа во последната година; оценките за успехот и поведението на ученикот за последното завршено одделение; преведници на учениците; нострифицирани свидетелства за завршени одделенија во странство на учениците; забелешки за пофалби, награди и дисциплински казни; и други помалу важни податоци кои имаат улога на траен педагошки документ. Доколку би дошле до некое недоразбирање за некој ученик од областа на образованието, тогаш за односниот ученик сите потребни факти можеме да ги најдеме во главната книга на училиштето.

Кога се зборува за одделенскиот дневник како педагошки документ, тогаш истите податоци што беа наведени кај главната книга се наведени и во одделенскиот дневник, но овде има и други податоци како што се: програмата за работа на одделението, евиденција за оценувањето на учениците, евиденција на часовите од редовната настава според план, евиденција за редовноста на учениците во наставата, евиденција за дисциплината на учениците во наставата, евиденција за слободните активности на учениците, евиденција за додатна и дополнителна настава, евиденција на вонннаставните активности на учениците, здравствената евиденција за учениците, евиденцијата за меѓусебната соработка на наставниците со родителите и со општествената средина на училиштето, евиденција за наставничките и одделенските колегиуми и други податоци.

Кога се зборува за ученичкото портфолио како педагошки документ, тогаш со сигурност можеме да кажеме дека портфолиото на ученикот е огледало на ученикот и од аспект на знаењата, вештините, навиките, но и за неговото целосно однесување и поведение во училишниот живот. Во портфолиото наведени се и сите негови творби, слики, задачи, писмени работи, тестови на знаења и др. Освен овие податоци, стојат и наставниковите забелешки за ученикот за некое добро направено однесување или за некое лошо однесување. Потоа има разни сугестии за ученикот од страна на наставникот, биографијата за учениковиот психо-физички развој во училиштето и други забелешки од обласста на дисциплината.

Од сите горенаведени педагошки документи и од другите неспоменати документи, согледуваме дека во голема мера тие придонесуваат за развојот на позитивната дисциплина во основното образование. Секој педагошки документ придонесува ученикот непречено да се развива во границите на сопствените можности; мислам дека сите наведени педагошки документи придонесуваат ученикот слободно да се развива и да се изразува, да може да го следи сопственото напредување со текот на времето, да може сопствените знаења и вештини да ги споредува со своите понапредни знаења и вештини и со своите соученици, да може да врши самоевалуација и самооценување без да се повикува на некого отстрана. Накратко, овие документи се конзистентни за секој ученик и се применуваат со цел да се води грижа за секој ученик без разлика на неговата припадност според некоја карактеристика; со неколку збора, овие документи стојат на располагање на учениците со цел да им се обезбеди транспарантен и безбеден психо-физички развој. Поради сите понапред набројани функции на овие педагошки

документи, можеме да кажеме дека тие во голема мера придонесуваат да се развива позитивната дисциплина во основното образование и поради тоа **деветтата помошна хипотеза** во целост **се прифаќа.**

Врз основа на прифатеноста на сите горенаведени помошни хипотези можеме да кажеме дека **се прифаќа** и се потврдува генералната хипотеза која гласи: ***Во основното образование во Република Македонија се применуваат различни стратегии и техники кои во голема мера придонесуваат за градење на позитивна дисциплина во училиштата.***

## 2. Дискусија

Истражувањето е започнато и чекор по чекор е дореализирано во границите на можните услови со цел да ја поддржи идејата и намерата да им се помогне на наставниците во создавањето на позитивна дисциплина и во совладувањето на настанатите проблематични однесувања на учениците во основното образование. Да им се помогне на наставниците како професионалци и образовно-воспитни фактори, да станат свесни и да прифатат дека постојат проблематични однесувања насекаде околу нив, но дека постојат и конструктивни и креативни начини, стратегии и техники за нивно надминување.

Истражувачкиот труд и сознанијата до кои се дојде во него, ќе биде наменет за сите наставници во основното образование, за родителите, за учениците и за другите вработени во основното образование и на сите што сакаат да ги поддржат децата и нивното правилно воспитување и образување, бидејќи факт е дека самото постоење и присуство на дисциплинските проблеми влијае врз успехот на учениците, а се одразува и врз успешноста на целото општество. Вообичаено е училиштата да се доживуваат како двигатели на општествената промена и да се бара од нив да поставуваат повисоки стандарди и идеали од тие што владеат во заедницата во која функционираат. Следејќи го овој факт, за да се изгради позитивна дисциплина во училиштата, пожелно е училиштата да користат пристапи насочени кон наоѓање на конструктивни решенија во сите сфери каде што е потребно, а посебно во сферата на дисциплинските проблеми. Во истражувачкиот труд се понудени можни решенија, насоки за надминување на дисциплинските проблеми, креативни пристапи и идеи, а избор на училиштата – како

соработници на ова истражување, е да прифатат таков пристап кон надминување на дисциплинските проблеми, каков што е најсоодветен на нивниот начин на функционирање и на нивниот капацитет за спроведување решенија и стратегии. Понудени се споделувања и компарирања на туѓи практики, искуствени нешта што ги потврдуваат студиите на одредени случаи, како и известувања од лични искуства и од други научни објективни истражувања.

Факт е дека никаде во светот не постои инстант решение за надминување на дисциплинските проблеми. Искуствата покажуваат дека за ефикасно намалување на дисциплинските проблеми, од суштинско значење е да се осмисли сеопфатен училиштен пристап, базиран врз заеднички верувања и принципи, да се направи ревизија за степенот на организираноста на училиштата, степенот на соживотот во него и за степенот на постојните дисциплински проблеми. Современите училишта се грижат за наставниците, за родителите и за учениците, меѓу кои треба да има партнерски однос, заемно почитување и меѓусебно разбирање во надминувањето и спречувањето на дисциплинските проблеми и во создавањето на пријатна атмосфера за градење на позитивна дисциплина во основното образование.

### 3. Заклучни согледувања и дискусија

Вообичаено, вработените во образовните организации се секојдневно насочени и оптоварени со професионалните цели, со реализирање на своите планирани работни задачи, насочени и свртени и кон себе, кон своите лични проблеми, професионални, семејни итн. Дисциплинските проблеми како препреки, кочници и отпори, се дел од нив, тие ги чувствуваат секојдневно, живеат со нив, но не сите и не секогаш успешно се справуваат со нив. Чест е случајот на постоење слаба мотивираност за промена во ставовите и стратегиите на лично и професионално ниво и слаба мотивираност за доаѓање до и постигнување на личните визии – а тоа се одразува и на дисциплинските визии. Често се забележува постоење слаба движечка сила, недоволно мотивирачка за работење на подобрување на меѓучовечките односи во една работна училишна организација и нефлексибилност (ригидност), проследена со чувство на меѓусебна недоверба. Често сме сведоци на меѓусебна затвореност и страв од погрешно меѓусебно разбирање и создавање непријателства.

Мислам и стојам зад тоа тврдење дека за конструктивно надминување на постојните дисциплински проблеми, потребна е пред сè (покрај знаењата), желба за тоа и почитување на туѓата личност, почитување на туѓите потреби, толеранција, флексибилност, чувство дека создадените дисциплински проблеми се заеднички проблем на наставникот, родителот, ученикот и на сите вработени во училиштето. Потребна е добра правилна комуникација, соработливост и партнерско однесување, самосвест, зрелост, меѓусебна доверба, желба да се побара решението или алтернативните можности, а секако и правилно согледување на потребите (интересите) што се кријат зад „сакањата" во еден дисциплински проблем.

Како што знаеме од секојдневната практика, во ниедна сфера во општеството без воспоставена дисциплина не е можно да се постигне успех. Аналогно, ова важи и во сферата на основното образование. Поради тоа, ова истражување беше насочено токму кон стратегиите и техниките за градење на позитивната дисциплина во основното образование за кое се мисли дека е еден од најосновните влијателни фактори за да се постигне успех во основното образование.

Една од првите задачи на истражувањето е „да се утврди степенот на свесност на истражуваните субјекти за присутноста на актуелните дисциплински проблеми, мотивите и начините за соочување со нив од страна на креаторите на позитивната дисциплина во основните училишта и во семејствата".

Наставниците, учениците и родителите пред да почнат да се справуваат со дисциплинските проблеми првин треба да знаат кои однесувања на децата/учениците претставуваат проблематични однесувања, зошто се случува, колку често се случува, кога се случува и кои се причините за нивното настанување.

Во текот на реализирањето на ова истражување користени се анкетни листови за наставниците, учениците и родителите, во некои специфични состојби е користено интервјуто, како и непосредно набљудување на одржаните часови, каде што имавме директен увид врз наставниковата и учениковата интеракциска комуникација и соработка за време на одржаниот час.

Одговорот на првата поставена задача е добиен откако ја анализиравме втората група тврдења од анкетните листови од сите анкетирани субјекти. Од добиените резултати се гледа дека од предвидените 26 можни недисциплински однесувања во

нашите училишта и семејства што можат да се појават кај нашите деца/ученици, голем дел од дисциплинските проблеми не се прифатени од страна на испитаните субјекти како актуелни, постојни проблеми.

По целосното анализирање на вторите делови од трите анкети што беа наменети за истражување на ова хипотеза и од добиените квантитативни показатели, во кои **17,86%** од испитаниците потврдуваат дека **многу често** и **често се случуваат** овие проблеми, а **82,14%** од испитаниците се изјасниле дека **ретко** и **никогаш не се случува** овие дисциплински проблеми, со сигурност можеме да заклучиме дека во нашите училишта постојат дисциплински проблеми кои се разликуваат според мотивите и причините на настанувањето во руралните и во градските училишта, но со помош на различни стратегии и техники тие се лесно решливи од страна на надлежните во училиштата (наставници, ученици, родители и од психолошко-педагошките служби).

Поставената втора задача од трудот е „да се испитаат ставовите на наставниците, родителите и на учениците за информираноста за дисциплината и **оспособеноста на наставниците, родителите и учениците за благовремено откривање на дисциплинските однесувања** и откривање на факторите што влијаат за нивната појава во основното образование“.

Одговорот на втората поставена задача е добиен откако беше анализирана третата група тврдења од анкетните листови од сите анкетирани субјекти. За да се испита тоа, поставени им се точно 30 тврдења подеднакво на сите испитаници, и од анализирањето на добиените факти се добиени следниве резултати:

По целосното анализирање на третите делови од трите анкети што се наменети за истражување на ова хипотеза и од добиените квантитативни показатели: **71,35%** од испитаниците потврдуваат дека **потполно и главно се согласуваат** и **28.65%** од испитаниците се изјасниле дека **главно не и воопшто не се согласуваат** со поставените тврдења. Од ова со сигурност може да се заклучи дека наставниците, родителите и учениците се доволно информирани и оспособени за благовремено откривање на недисциплинските однесувања и за откривање на бројните фактори што влијаат за нивното појавување во основното образование и во семејството.

Третата задача од трудот е следново: „да се испитаат оспособеноста на испитаниците за спречувањето и целосно надминување на актуелните дисциплински проблеми, кои

превентивни стратегии и техники ги применуваат за да се справат со недисциплинските однесувања и да се создава позитивна дисциплина во основното образование".

Одговорот на третата поставена задача е добиен откако беа анализирани четвртата група тврдења од анкетните листови од сите анкетирани субјекти. За да се испита ова, на сите испитаници им беа поставени точно по 28 тврдења подеднакво, и од анализирањето на добиените факти се добиени следниве резултати:

По целосното анализирање на четвртите делови од трите анкети што се наменети за истражување на ова задача и од добиените квантитативни показатели: **78,68%** од испитаниците потврдуваат дека **потполно и главно се согласуваат** и **21.32%** од испитаниците се изјасниле дека **главно не и воопшто не се согласуваат** со поставените тврдења; од ова со сигурност може да се заклучи дека во нашите училишта постојат актуелни дисциплински проблеми, со нив надлежните, конкретно наставниците, успешно се справуваат со помош на различните современи стратегии и техники за спречување и целосно надминување на актуелните дисциплински проблеми, а воедно со нив можат да создадат поволна атмосфера за изградување позитивна дисциплина во основното образование.

Поставената четврта задача од трудот е „да се испита оспособеноста на наставниците во применувањето на различни интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на негативните дисциплински однесувања во училиштето".

Одговорот на четвртата поставена задача е добиен откако беа анализирани петтата група тврдења од анкетниот лист за наставниците. За да се испита ова задача беа поставени точно 34 тврдења подеднакво за сите испитаници, и од анализирањето на добиените факти се добиени следниве резултати:

Ако добиените резултати од **табелата бр.1.5** збирно се анализираат (бидејќи сите прашања се однесува на истата задача), ќе се добијат следниве резултати кои во голем процент кореспондираат со поставената задача. Наставниците за сите **34** прашања што се поставени во овој дел од анкетата во фреквенции **3564** односно **74,87%** проценти **позитивно** се изјасниле за поставената четврта хипотеза, додека **1196** во фреквенции односно **25,13%** испитани наставници **негативно** се изјасниле. Од добиените резултати може да се каже дека наставниците имаат соодветни знаења, вештини, способности во применувањето на различни интервентни стратегии и

техники, кои може да им помогнат на наставниците да се справуваат со проблематичните однесувања на учениците и за отстранување на негативните дисциплински однесувања и за создавање услови за позитивна дисциплина во училиштето.

Поставената петта задача од трудот е „да се испита оспособеноста на учениците за применување на различните интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на негативните дисциплински однесувања во училиштето".

Одговорот на петтата поставена задача е добиен откако се анализира петтата група тврдења од анкетниот лист за учениците. За да се испита ова задача, беа поставени точно 34 тврдења подеднакво за сите испитаници, и од анализирањето на добиените факти се добиени следниве резултати:

Ако добиените резултати од **табелата бр.2.5** збирно се анализираат (бидејќи сите прашања се однесува на истата задача), ќе се добијат следниве резултати кои во голем процент кореспондираат со поставената задача. Учениците за сите **34** прашања што се поставени во овој дел од анкетата во фреквенции **2392** односно **70,35%** проценти **позитивно** се изјасниле за поставената петта хипотеза, додека **1008** во фреквенции односно **29,65%** испитани ученици **негативно** се изјасниле. Од добиените резултати може да се констатира дека учениците имаат соодветни знаења, вештини, способности во применувањето на различни интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на негативните дисциплински однесувања и за создавање услови за позитивна дисциплина во училиштето.

Поставената шеста задача од трудот е „да се испита оспособеноста на родителите за применување на различните интервентни стратегии и техники за спречување и за отстранување на дисциплинските проблеми кај своите деца".

Одговорот на шестата поставена задача е добиен откако е анализирана петтата група тврдења од анкетниот лист за родителите. Со цел да се испита ова задача, беа поставени точно 34 тврдења подеднакво за сите испитаници, и од анализирањето на добиените факти се добиени следниве резултати:

Добиените резултати од **табелата бр.3.5** се збирно анализирани (бидејќи сите прашања се однесуваа на истата задача). Добиените резултати во голем процент кореспондираат со поставената задача. Родителите за сите **34** прашања што се

поставени во овој дел од анкетата во фреквенции **2418** односно **71,12%** проценти **позитивно** се изјасниле за поставената шеста задача, додека **982** во фреквенции односно **28,88%** испитани родители **негативно** се изјасниле. Според тоа, од добиените резултати можеме да заклучиме дека родителите имаат соодветни знаења, вештини, способности во применувањето на различните интервентни стратегии и техники кои може да им помогнат на родителите да се справуваат со проблематичните однесувања на нивните деца и за отстранување на негативните дисциплински однесувања во училиштето и семејството и за создавање услови за позитивна дисциплина во училиштето.

За целосно расветлување на **седмата** задача од аспект на меѓусебната соработка и доверба меѓу наставникот и ученикот и за нивната интеракциска комуникација за време на часот со цел да се создаваат услови за развојот на позитивната дисциплина во основното образование, беа следени точно **10** одделенија од петте централни основни училишта. За да се дојде до саканите факти, часовите се следени **5** дена во предметна и **5** дена во одделенска настава и тоа со помош на фландерсов протокол од 20 категории.

Резултатите од сите погоредобиени категории од фландерсовиот протокол посочуваат дека во нашето основно образование преовладува **демократскиот стил на водењето на наставата** и со сигурност може да се заклучи дека во нашите основни училишта постои многу голема меѓусебна комуникација, почитување, соработка меѓу наставникот и ученикот, како и меѓу сите вклучени индивидуи во образованието.

За целосно расветлување на поставениот проблем на трудот беше поставена и осмата задача од трудот која гласи: „да се испита колку законските одредби помагаат за градење на позитивна дисциплина во основното образование во РМ. – Тоа се: концепцијата, статутот, кодексот и куќниот ред во нашите училишта".

Одговорот на осмата поставена задача е добиен по анализата на постојните законски одредби (концепцијата, статутот, кодексот и куќниот ред) во основното образование.

Ако добиените резултати од **табелата бр. 4** и **5** збирно се анализираат (бидејќи истите прашање се однесува за сите субјекти), ќе се добијат следниве резултати кои во голем процент кореспондираат со поставената хипотеза.

Сите анкетирани субјекти за **14.** поставено прашање, кое гласи: **Концептот и Законот за основното образование не влијаат на дисциплината, 88** во фреквенции

односно **25,88%** се изјасниле дека **потполно и главно се согласуваат** со ова тврдење, додека **252** во фреквенции, односно **74,12%** од испитаните субјекти негативно одговориле со **главно не и воопшто не се согласуваат** со поставеното тврдење. Тоа ни засведочува дека концептот и Законот за основното образование имаат големо влијание врз создавањето на позитивната дисциплина во основното образование.

Ако преминеме да направиме интерпретација на второто тврдење од осмата задача, ќе видиме дека сите анкетирани субјекти за **25.** поставено прашање, кое гласи: **Кодексот и куќниот ред во училиштето имаат негативно влијание врз дисциплината, 71** во фреквенции, односно **20,88%** се изјасниле дека **потполно и главно се согласуваат** со ова тврдење, додека **269** во фреквенции, односно **79,12%** од испитаните субјекти негативно одговориле со **главно не и воопшто не се согласуваат** со поставеното тврдење.

Надоврзувајќи се на овие резултати, со сигурност можеме да кажеме дека испитаните субјекти позитивно се изјасниле за ова тврдење и дека законските одредби на основното деветгодишно образование (концепцијата, статутот, кодексот и куќниот ред) во потполност придонесуваат за градење позитивна дисциплина во нашето основно образование.

За да се дооформи истражувањето на поставениот проблем на трудот, поставена е и деветтата задача од трудот, која гласи: „да се изврши анализа на педагошката документација на основните училишта од аспект на градењето на позитивната дисциплина во основното образование".

Одговорот на деветтата поставена задача беше добиен по анализата на постојните педагошки документи во основното образование и тоа (главната книга на учениците, дневникот на паралелката, евидентните листови за успехот и поведението на учениците и портфолиото на учениците, свидителствата и др.).

По анализирањето на сите горенабројани педагошки документи што се наоѓаат во основното образование, можеме да кажеме дека сите овие документи во голема мера придонесуваат да има дисциплина и да создаваат подобри услови за градење на позитивната дисциплина во основното образование.

По анализата сите горедобиени резултати на сите поставени задачи во овој труд, преовладува убедувањето дека сите резултати се добиени во полза на создавање и

градење на подобри услови за позитивна дисциплина во нашите основни училишта. Според тоа, врз основа на прифатеноста на сите горенаведени задачи можеме за целиот труд, генерално да кажеме дека: ***во основното образование во Република Македонија се применуваат различни стратегии и техники кои во голема мера придонесуваат за градење на позитивна дисциплина во училиштата.***

### 4. Предлози и препораки за понатамошно истражување на проблемот

Предлозите и препораките за понатамошно истражување на проблемот за градење позитивна дисциплина во основното образование, произлегуваат од текот и по реализирањето на емпирискиот дел од истражувањето; во зависност од потврдувањето или отфрлувањето на поставените хипотези од конструираната хипотетска рамка. Факт е дека проблемот на ова истражување е многу интересен феномен, досега ретко истражуван како интегративен процес на проблематичните однесувања и на пречките со кои се соочуваат сите учесници во воспитно-образовните процеси.

Концепциски и методолошки, истражувањето е насочено кон остварување на научен придонес во теоретска и апликативна смисла, во развој на научната мисла и знаења за успешно справување со различните дисциплински проблеми со примена на различни современи стратегии и техники за градење на позитивна дисциплина во основното образование. Резултатите од научното истражување ќе може да најдат своја широка примена во понатамошни истражувања од областа на изградувањето на позитивната дисциплина во училиштата.

По целосното истражување на темата, од добиените резултати во овој труд и од личното искуство на истражувачот, се доаѓа до следниве препораки кои се важни за идните истражувања од ова тема, за идните и за постојните наставни кадри и за родителите, кои би требало да се имаат предвид при секојдневната работа:

- Наставниците и родителите треба да се оспособени да ги разликуваат проблематичните и непроблематичните однесувања на учениците/децата, не треба да се забранува секое однесување на детето.
- Наставниците и родителите да се оспособаат да ги откријаат причините на појавата на недисциплинските однесувања на децата, и да се оспособат благовремено да ги отстранат со соодветни мерки.

- Да се преземаат превентивни мерки пред да се појават дисциплинските проблеми.
- Наставникот навреме да влегува и да излегува од часовите; со таквото однесување тој станува модел за ученикот.
- Наставниците за време на часот плански треба да работат: да им овозможат на сите ученици да се вклучат во наставата; тогаш постои можност да не се појави дисциплински проблеми во одделението или да се намалат постојните дисциплински проблеми.
- Да се има предвид бројот на учениците во одделението, бидејќи таа карактеристика има големо влијание врз дисциплината во училницата.
- Наставникот пред сè треба да ги познава своите ученици и според нивните можности да му се дава на секој еден ученик одредена одговорност во одделението и тоа да се претвори во навика.
- Покрај образованието на учениците, во одделението треба да им се дава и соодветно воспитание, да им се влијае на учениците да создадат меѓусебна комуникација и интеракција, заемно почитување и помагање, пријателство, меѓусебна љубов, меѓусебна доверба и други карактеристики.
- Наставниците и раководството на училиштето почесто да одржуваат состаноци за меѓусебна размена на искуствата во решавањето, намалувањето и благовременото откривање на дисциплинските проблеми и тие искуства да им се даваат на новите вработени наставници и да им помагаат во секоја област вклучувајќи ја и дисциплината.
- Во инстутуциите каде што се едуцираат наставниците повеќе да им се дава можност да идните наставници да се едуцираат за дисциплината во училиштето, тогаш, веројатно и идните наставници ќе можат подобро да се снаоѓаат во проблемските состојби во своите одделенија.
- Во училиштата да има соработка со надлежните и со воспитно-образовните факултети; да се организираат семинари за родителите, кои ќе бидат насочени за воспитување на родителите за создавање на дисциплината и за знаења од областа на психологијата на децата.
- Да се организираат воспитни курсеви на наставниците за оспособување за поуспешно применување на јазикот на телото и за поуспешно јазично изразување, правилна дикција, држењето на телото, за гестовите и мимиките, без да се омаловажат чувствата на учениците, да им се даваат објаснувања без

укорување или гласно да им се вика на учениците, за воспоставување на емпатија и др.

- Наставниците демократски да се ориентирани во воспитно-образовниот процес; да се добро подготвени за настава, добро оспособени за водење на одделението, конзистентни, емпатиски, партнерски, љубезни, насмеани, флексибилни и со прифатлива доза на хумор да се однесуваат спрема учениците.
- Наставниците и родителите, за да ги намалат проблематичните однесувања на учениците/децата, понекогаш, ако е можно, може да се прават како да не ги виделе учениците/децата при појава на некои проблематични однесувања; потребен е поттик и да се искористи секоја можност да се пофали доброто однесување.
- Наставникот да нема присилувачки карактер во комуникацијата при решавањето на проблематичните однесувања на ученикот и без да се загрозат учениците да се воспостават здрави врски и демократска атмосфера во училницата.
- При поставувањето на училишните правила учениците да бидат поактивно вклучени во нивното донесување. Донесените правила да имаат врска и со правилата од другите училишта; тоа е да е во корелација.
- Многу од позитивните однесувања учениците добиваат со имитирање на своите наставници и родители; затоа наставниците и родителите треба да бидат примерни во своето однесување и да бидат позитивни модели за своите ученици/деца.
- Секое училиште треба да има создадена своја дисциплинска политика со заедничкото мислење на наставниците, родителите и учениците; исто така, оваа политика да е напишана и дадена на секој нејзин заинтересиран член.
- Штом ќе се откријат причините за непослушното однесување на ученикот ефективно ќе биде доколку се применува методата на наградување во училницата, меѓутоа при наградувањето наставникот треба да биде конзистентен.
- Наградувањето, наспроти казнувањето, треба многу повеќе да се применува. Применувајќи било наградување или казнување треба да се внимава на соодветна и одмерена примена според однесувањето на ученикот; несодветната примена на овие техники дури има и спротивно влијание врз ученикот.
- Казната задолжително треба да е насочена на однесувањето на ученикот, а не на личноста на ученикот.

- При казнувањето не треба да се применува никаква сила, а физичкото казнување **никогаш** не треба да се применува.
- Наградата и казната веднаш треба по доброто или лошото однесување да му се дава на ученикот; доколку се наградува или се казнува подоцна, тогаш овие техники ја губат својата улога.
- Во одделението не треба да се употребуваат зборови кои ги понижуваат или ги исмејуваат учениците, бидејќи ваквото изразување на наставникот придонесува учениците да се оддалечат од училиштето, од часовите или од наставникот.
- Подобро е и поголемо влијание има врз промената на непослушното однесување на учениците доколку во училницата се наградуваат добрите однесувања на учениците отколку да се казнуваат лошите однесувања на учениците.
- Казнувајќи го ученикот треба да му се каже зошто се казнува детето за да знае зошто е казнет, да не мисли дека го казнуваат за нешто сосема друго.
- Наставникот, доколку сам не може да го реши проблемот во одделението, би требало да има соработка со учениците, со родителите и со психопедагошката служба во училиштето.
- Кога е нервозен, наставникот не треба веднаш да ја применува методата на казнувањето, бидејќи може да го казни ученикот потешко од потребното.
- Наставниковиот поглед кон непослушниот ученик е проста техника, меѓутоа е многу влијателна. Доколку наставникот добро ја применува ова техника, тогаш многу од другите техники за казнување не ќе мора да ги примени.
- Менувањето на местото на проблематичниот ученик во училницата има добро влијание врз создавањето на дисциплината, меѓутоа не треба да се исфрлува ученикот од училницата.
- На ученикот за своите однесувања не треба да му се упатуваат закани со оценката, затоа што со оценка се вреднуваат стекнатите знаења и вештини, а не однесувањето на ученикот.
- Заедничкото споделување на непослушното однесување на ученикот со наставникот и родителот има позитивно влијание врз непослушниот ученик.
- Една од највлијателните техники на наградувањето е покажување љубов спрема ученикот; тоа има дури поголемо влијание од материјалното наградување и треба почесто да се применува во основното образование.

- На ученикот може да му се даваат социјализирачки награди, како што е аплаудирање од одделението за некое добро однесување или назначување претседател на одделението за неколку дена на некој непослушен ученик.
- Давање награда од страна на директорот на некој ученик што има постигнато некој добар успех пред сите ученици на училиштето има позитивно влијание и врз наградуваниот ученик како поттик, но и врз другите ученици од училиштето.
- Од страна на наставникот треба да се почитува мислата на проблематичниот ученик и на другите и да се сакаат учениците, бидејќи почитуваниот и саканиот ученик полесно може сам да ја исправи својата грешка.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Ağaoğlu. E. (2002). Sınıf yönetimiyle ilgili genel olgular. Sınıf Yönetimi, (Ed: Zeki Kaya) Ankara: Pegem A Yayıncılık.

2. Адамческа , С. ( 1996 ), Активна Настава , Скопје: Легис.

3. Aydın, İ. P. (1997), Okul Aile Katılımı, Yaşadıkça Eğitim, 53, 4-7.

4. Aydın, Ahmet. (1998.), Sınıf Yönetimi, Anı yayınları, Ankara.

5. Aydın, A. (2000). Sınıf Yönetimi, İstanbul: Alfa Yayınları.

6. Ayhan, A. (1998), Sınıf Yönetimi, Anı Yay., Ankara

7. (Aksoy, N. (1999). Classroom management and student discipline in elementary schools of Ankara (Turkey), EdD, University of Cincinnati, Publication No: AAT 9960863, http:// wwwlim.umi.com/dissertations/fullcit/9960863.)

8. Aksoy, N. (2000). Sınıf Disiplin Sorunlarını Azaltmada İzlenebilecek Temel

Yaklaşımlar. Eğitim Araştırmaları Dergisi. s: 5-9.

9.«Akcioni plan za djecu Bosne i Hercegovine 2002. – 2010. godine», Ministarstvo za ljudska prava i izbjeglice, 2002.

10. Alvin N. Eden , M. D. ( October 9 , 2007 ), - Positive Parenting.

11. Alıcıgüzel, İ. (1999), Çağdaş Okulda Eğitim ve Öğretim , Sistem Yay., İstanbul.

12. Ангеловска – Галевска , Н.( 1998 ), Квалитативни Истражувања во Воспитанието и Образованието, Киро Дандаро - Битола

13. Ancak, T. (1997), "Nasıl bir Disiplin?". Yaşadıkça Eğitim. 52, Mayıs-Haziran

14. Arslan, Ü. ve Nural, E. (2004), Okul Öncesi Eğitiminde Okul-Aile İşbirliğinin Önemi, Milli Eğitim, 162, 99-108.

15. Honig, A.S. Wittmer, D.S. (1991),"Socialization and discipline for infants and young childen." Early Child Development and Care, 66, , стр..65-73.

16. Aslan, F. G. (1994), İlkokul Öğrencilerinin Başarı ve Başarısızlıklarında Aile Faktörü, (Yayınlanmamış Yüksek Lisans Tezi). Ankara: Hacettepe Üniversitesi SBE.

17. Ataman, A., (2000). "Sınıf içinde Karşılaşılan Davranış Problemleri ve Önlemler",

Sınıf Yönetimi, (Ed. Küçükahmet, L.) Nobel Yay., Ankara.)

18. Ataman, A.(2003). "Sınıfta iletişimde karşılaşılan davranış problemleri". Türk

Eğitim Bilimleri Dergisi. 3.

19. Baloğlu, N. (2001). Etkili Sınıf Yönetimi. Ankara: Baran Ofset.

20. Başar, H. (1999). *Sınıf Yönetimi.* İstanbul: Milli Eğitim Bakanlığı Yayınları. No: 3390.

21. Başar, H. (2001). Sınıf yönetimi. Ankara: Pegem A Yayınları.

22. Başar, H. (2003). Sınıf Yönetimi. Ankara: Anı Yayınları.

23. Başaran, İbrahim Ethem. (1982.), Temel Öğretim ve Yönetimi, Ankara Üniversitesi Eğitim Fakültesi Yayını, Ankara,

24. Başaran, İbrahim Ethem. (2000). Eğitim Yönetimi-Nitelikli Okul. Dördüncü Basım. Ankara: Feryal Matbaası.

25. Bilgin, M. (1990), Ankara Merkez İlçelerindeki Ortaokullarda Okul ve Aile İşbirliği ve Sorunları, (Yayınlanmamış Doktora Lisans Tezi). Ankara: Ankara Ünv. SBE.

26. Блажева, А. и Чонтева, Ж. (2008). Спречување на насилството кај средношколците во градот и градење меѓусебна доверба, Алгоритам Центар: Скопје

27. Blum ,S.B.( 1970 ) , Taksonomija ili klasifikacija obrazovnih i odgojnih ciljeva (pr) ,Beograd.

28. Bognar , L. – Matijević , M. ( 1993 ) , Didaktika , Zagreb Skolska knjiga.

29. Bognar, L. -Matijević, M. (2002), Didaktika, Zagreb: Skolska knjiga.

30. Bottomore, T.B. (1969), Sociology A Guide To Problems and Literature, Eighty İmp., England,.

31. Bratanić, M. (1993), Mikropedagogija, Zagreb: Skolska knjiga.

32. Bruner, Dz. (1988), Proces obrazovanja, Zbornik 4: Psihologija u nastavi,Beograd: Savez društava psihologa S.R.Srbije.

33. Bruner , Dz. (1972), Tok kognitivnog razvoja, Psihologija1-2.Beograd: Savez društava psihologa S.R.Srbije

34. Burden, P. R. (1995). Classroom Management and Discipline: Methods to Facilitate Cooperation and Instruction , Longman Publishers, USA. ;

35. Валш , Б. К.(1995) „„Чекор по чекор Програма за децата и семејствата , Македонија: ИнститутОтворено општество

36. Weber, Max ( 1986 ), Sosyoloji Yazilari , Hüriyet Vakfı Yayınları, İstanbul

37. Vigotski,L.S. (1977),Mišljenje i govor, Beograd: Nolit.

38. Violence against Children, United Nations Secretary-General's Study, www.unviolencestudy.org/

39. Wolfgang, C. H. & GLICKMAN, C. D.(1995). Solving Discipline Problems: Strategies for Classroom Teachers, 3rd ed. Boston: Allyn & Bacon.)

40. *World report on Violence and Health.*

41. Вујаклија, Милан, (1980), „Лексикон страних речи и израза" Просвета, Београд

42. Gašić-Pavišić (1988), Kažnjavanje i dete. Beograd: Prosveta;

43. Гашић-Павишић, С. (2005), Модели разредне дисциплине,Београд: Институт за педагошка истраживања;

44. Glasser, W. (1969) Schools without failure. New York: Harper & Row, 236 p., $4.95.

45. Gordon, T. (1974) Etkili Öğretmenlik Eğitimi.(Çev. Emel Aksoy) İstanbul: Sistem Yayıncılık.

46. Гордон, Т. (2001).Како бити успешан наставник.Београд: Креативни центар.

47. Gordon, T.. (2001) , Sınıf Yönetimi. Sistem Yayıncılık, İstanbul.-

48. Дамјаноски, А. (1993), Индивидуализација на наставата, Скопје: Просветно дело.

49. Дамовска, Л. (2001), Компатабилностана предучилишното со основното воспитание и образование, Скопје: Круг.

50. Dewey, J. (1996), Demokrasi ve Eğitim, (çev. Tahsin Yılmaz), Ege Üni. Yay., İzmir.

51. Dobson, James C. (1996). *The New Dare to Discipline*.

52. Dodson Fitzhugh, (1998) , Sevgiyle Disiplin, Kaya Matbaacılık, İstanbul

53. Dotran, R. (1962) ,Individualizovana nastava, Sarajevo: Veselin Masleša.

54. Eaton, M. (1997 ) "Positive discipline:fostering the self-esteem of young children", Young Children, 52,6,September, s.44.

55. «Evropska konvencija o zaštiti ljudskih prava i osnovnih sloboda»

56. Edwards, C. H.(1993). Classroom Discipline and Management , New York: Macmillan.

57. Erdoğan, İ. (2001). Sınıf Yönetimi. Sistem Yayıncılık, İstanbul

58. Erwin, J. (2003): Giving Students What They Need. Educational Leadership. Sep 2003, Vol. 61 Issue 1, p19-23, from EBSCO online detabase Educatin Research Complete.http://search.ebscohost.com/login.aspx?direct=true&db=e0h&AN=11861306&lang=hr&site=ehost-live

59. Enciklopedijski rječnik pedagogije,(1963),Zagreb: Matica Hrvatske.

60.Жекова, С. (1995) ,Измерениыа на учителскиыа професионализам, Софиыа: Педагогика, бр.3.

61. Жлебник, Л(1967), За племенитије међуљудске односе, Суботица: Минерва.

62. Закон за основното образование, (јули 2002 ), Сл. Весник на Р.М. бр. 52.

63. Zarevski, P. (1998): Pobijedite sramežljivost, a djecu cijepite protiv nje. Jastrebarsko. Naklada Slap.

64. Ilgar, L. (2000) Eğitim Yönetimi. İstanbul: Beta Basım Yayım.

65. Inicijalni izvještaj o nasilju nad djecom u Bosni i Hercegovini, Vijece za djecu Bosne i Hercegovine, 2006

66. Јаворник, М. -Шебарт, М. ( 1991), Оулогиучитеља в педагошкем процесу, Љубљана: Содобна педагошка, бр. 1-2.

67. James, M. and Jongevard D. ( 1971). Bom to Win , Reading , Addison – Wesley , Mass

68. Yeşil, Rüştü (2002), Okul ve Ailede İnsan Hakları ve Demokrasi Eğitimi,

69. Canter, L. & Canter, M. ( 1992) Assertive Discipline: Positive Discipline for Today`s Classroms Santa Monica: Lee Canter Associates

70. Kaya, Zeki. (2002), Sınıf Yönetimi, Pagem yayınları, Ankara,

71. Kafadar, Osman (1997), Türk Eğitim Düşüncesinde Batılılaşma, Feryal Matb, İstanbul.

72. Kahn, Ellie (1990), 20 Ways To Make Your Kid Feel Great. Parents.Vol: 65, No:6, 94-80, 194-195.

73. C.S. Miller. "Building self-control. Discipline dor young children." Young Children. November, 1984. s.15.

74. Child with a High EQ, (çev. U. Kartal), İstanbul.

75. Kıncal, Remzi Y. (2002), Vatandaşlık Bilgisi, Mikro Yay., Ankara.

76. Klafki, V i dr. (1992), Didaktičke teorije, Zagreb: Educa.

77. Кларин, М.В. (1995), Педагошката теорија во наставниот процес, Скопје: Педагошки завод на Македонија.

78. Komenski, J. A. (1967), Velika didaktika, Beograd: Zavod za udbenike.

79. Kounin, J. S. (1970). Discipline and Group Management in Classroom , New York: Holt, Rinehart and Winston.

80. «Konvencija o pravima djece» (1989) , UN, New York,.

81. «Konvencija protiv diskriminacije u obrazovanju», UNESCO, 1960.

82. Cruickshank, D. L., Bainer, D. L. & Metcalf, K. K (1995), The Act of Teaching. New York: McGraw-Hill Inc.

83. Cruickshank, D. L., Bainer, D. L. & Metcalf, K. K. (1999), The Act of Teaching (2nd Edition). Boston: McGraw-Hill.

84. Küçükahmet, L. (1998). Etkili Öğretmenlik Eğitimi. Sistem Yayıncılık, İstanbul.-

85. Küçükahmet, L. (1998). Öğretim İlke ve Yöntemleri. İstanbul: Alkım Yayınları.

86. Küçükahmet, Leyla. (2000), Sınıf Yönetiminde Yeni Yaklaşımlar, Nobel yayınları, Ankara.

87. Малиќ, Ј. (1971), Разредник у основној школи,Загреб: Школска књига.

88. Малиќ, Ј. и Мужиќ, В. (1981), Педагодија , Школска књига , Загреб.

